# КОИНЕ (Т.Н. СТАРО-ГРЧКИ) ПРОИЗЛЕГОЛ ОД СТАРОЕГИПЕТСКИ



Д-р Ристо Ивановски

# КОИНЕ (Т.Н. СТАРО-ГРЧКИ) ПРОИЗЛЕГОЛ ОД СТАРОЕГИПЕТСКИ

Published by:

Risto Stefov
Publications
Toronto, Canada

Copyright © 2025 by Risto Ivanovski

rstefov@hotmail.com

e-book edition

***
December 10, 2025
***

Коине (тн. старо-грчки) произлегол од староегипетски / Ристо Ивановски. – Битола. Потеклото на македонскиот јазик коине (тн. старо-грчки).

# СОДРЖИНА

КВАРТЕР ..... 5
ПРЕСЕЛУВАЊЕ ОД ЛЕВАНТОТ КОН СЕВЕРОТ ..... 10
ЛЕВАНТСКИ ЦИВИЛИЗАЦИИ ..... 17
ЦИВИЛИЗАЦИИ НА ИСТОЧНОТО СРЕДОЗЕМИЕ ..... 43
НАСЛЕДНИЦИ НА ИСТОЧНОТО СРЕДОЗЕМИЕ ..... 143
ЧОВЕЧКИ РАСИ ..... 208
ЈАЗИЦИ НА РАСИТЕ ..... 218
СУМЕРИТЕ И ЕГИПЈАНИТЕ БИЛЕ БЕЛЦИ, А АКАДЦИТЕ ЦРНЦИ ..... 225
ДВОРАСНИ ЈАЗИЦИ НА БЕЛЦИ И ЦРНЦИ ..... 240
ДВОРАСНОСТ И ДВОРАСНИ ЈАЗИЦИ ..... 250
ЦРНА АТИНА ..... 261
БАБИЛОН=БАБИЛ=БАБ ИЛ-ИЛ ВРНЕ/ГРМЕ; БАБА ПЛАНИНА, БАБУНА ..... 281
ПОСТАНУВАЊЕ НА АЗБУКАТА ..... 287
СЛОВАТА (БУКВИТЕ) ..... 295
СЛОВЕНИ СПОРЕД СЛОВО- БОЖЈО СЛОВО ..... 302
НА БАЛКАНОТ И МАЛА АЗИЈА ЖИВЕЕЛ ЕДЕН ТЕ ИСТ НАРОД ..... 308
СТАРОЕВРОПСКИ ЈАЗИК И ПИСМО НА ЕТРУРЦИТЕ ..... 312
ТН. ХОМЕРОВ ЈАЗИК БИЛ САМО СКЛАВИНСКИ = ТН. СЛОВЕНСКИ ..... 328
ВАРВАРСКИ=ПЕЛАЗГИСКИ=ТН. СЛОВЕНСКИ ЈАЗИК ..... 337
КОИНЕ НЕ ПОСТОЕЛ ЗА ВРЕМЕ НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ ..... 353
КОИНЕ (ТН. СТАРО-ГРЧКИ) ХЕЛЕНСКИ ЈАЗИК ОД АЛЕКСАНДРИЈА ..... 372
КОИНЕ АЛЕКСАНДРИЈСКИ ЈАЗИК- ВО АТИНА СЛУЖБЕН ЈОНСКИОТ ..... 378
КОИНЕ (ТН.СТАРО-ГРЧКИ) ПРОИЗЛЕГОЛ ОД СТАРОЕГИПЕТСКИ ..... 392
РИМЈАНИТЕ КАКО ХЕЛЕНИТЕ И МАКЕДОНЦИТЕ БИЛЕ ПЕЛАЗГИ ..... 407

КОПТСКИ ЈАЗИК БИЛ ПЕЛАЗГИСКИ=ТН.СЛОВЕНСКИ ЈАЗИК ........ 418
ЦРКОВНИОТ ЈАЗИК НАСЛЕДСТВО НА КОИНЕ........ 423
ЛИТЕРАТУРА........ 428

**КВАРТЕР**

Во Ларуса [1] се наведува: „Квартарна глацијација. Во текот на квартерот глацијацијата повеќе пати се ширела од северот на Европа и планинските венци Алпите. За време на максималното распространување на северните глечери ја покривале цела Ирска и достигнувала до Лондонскиот базен устието на Рајна, подножјето на Средните германски планини, Киевскиот базен (сев. 50 с. ш.) и средниот Дон; тие така го покривале и северниот Сибир, не преминувајќи во јужниот правец 600 паралела. Од високите планински венци Алпите повеќе ледници со огромни димензии се движеле спрема запад до Лион, на север до баварскиот сектор на Дунав, на југ до средниот тек на Диранс и јужните брегови на денешните италијански езера во подножејето на Алпите. Другите планински венци имале локални глечери, кои не се движеле далеку, од разлогот на недоволна висина (Вогези) или количина на врнежи (тоа е случај со високите азиски планини).

Ледниците ги глачеле и превдлабиле долините (‘Горски очи’, одн. ‘Алпски очи’- малите алпски езера, потоа фјордовите во Норвешка) и штитовите или таблите (езерски базени во Финска), правејќи ги потполно неплодни, оти со своето механичко дејствување го однеле растреситото дно и ги оголи стените. Морените, составени од песак, шлунак и глина- се неплодни и сиромашни. Тие содржат само поголеми количини тресет, кој постанал во блатното земјиште (северна Германија) после повлекувањето на глечерите. Меѓутоа ледниците биле од посредна корист поради создавање преломи, односно отсеци на падините со водопади, кои претставуваат знатно хидроелектрични потенцијал (Скадинавија) и поради лесот, наталожен испред заглечерените

[1] Opšta enciklopedija LAROUSSE, Paris 1967- za Jugoslavija Vuk Karadžić, Belgrad, 1973,том 3, стр. 55.

зони земјиште и составен од ситна прашина, навејана со ветрови од алувијалните акумулации на муљ на ледничките потоци.

Стопувањето на ледниците најпосле произвело подигнување на морското нивоа и на тој начин го одредил денешниот изглед и основната карактеристика на морскиот брег, создавајќи Калески мореус, потопувајќи ги пораните долини и образувајќи овде ријаси (Бретања во Франција, Галиција во Шпанија), а во Јадранското море архипелаг (долж далматинскиот брег).

Во седиментните базени на равниот брег на динските кордони (те. Песочни дини) го опкружуваат блатното проморско земјиште, пресечено со неколку естуари или независни (малку бреговити) ретки делти, кои се сменуваат од стрмите високи бреговни отсеци (клифови) од чврсти стени. Едино Балтичкото море било знатно смалено, оти издигнувањето на зоните на ослободените тежини на ледот било позначајно отколку подигнувањето на морското нивоа.

Климатски карактеристики. По својата географска положба во поглед на географската ширина од 350 и 800 северна ширина (од Крит до Нова земја), Европа е поврзана со три големи климатски зони: суптропска, умерена и артичка (поларна).

Нејзиното пространство преку 180 степени географска должина проузрокува климатски спротивности измеѓу нејзината океанска страна и континенталниот дел“.

Од југ кон север се поместувал сувиот појас. Исто така и ДНК оддалеченост.

„Топографијата на земјиштето допринесува на понатамошна поделба на споменатите големи климатски зони на помали климатски области или региони, при што значајна улога имаат распоредот на копното и морето, надморската висина, изложеност на земјиштето на разните климатски, односно временски влијанија; потоа препреките создадени на планинските венци и масиви. Спрема тоа, во Европа постои голема разновидност во климати, те

овде е потребно да се изврши анализа на главните климатски типови.

Атмосферска циркулација. Голем дел на Европа е изложен на општата циркулација на воздухот од запад кон исток- што е типично за средните географски ширини- со чести циклонски пореметувања, кои донесуваат дожд во сите годишни доби, посвежи лета, а блага клима в зима.

Меѓутоа, покрај вакви општи циркулации на воздушните маси, постојат и други области со висок воздушен притисок на северозапад и југоисток, откаде настанува движење на воздушните маси, кои го менуваат првобитниот правец на циркулацијата на воздухот, па дури можат потполно да ги прекинат промените на општата циркулација на воздухот од запад кон исток.

Артичкиот морски воздух зимата се спушта во правец на југ и нему му се придружува антгициклон, кој се создава след ниските температури во Сибирот.

Преку Европа тогаш дуваат суви и ледени ветрови од север и североисток (‘северец’). Летото, артичкиот воздух се искачува кон север, а сибирскиот антициклон е заменет со ниски воздушни притисоци, кои го олеснуваат длабокиот продор на океанските воздушни струи и дождот спрема внатрешноста на континентот.

Суптропски антициклон од Азорските острова се спушта зимата во правец од југот, односно југозапад, додека ниските воздушни притисоци (барометарска депресија) преовладува на Средоземно Море, со што снажно ги провлекува циклонските непогоди од запад и обилните количини на врнежи. Спротивно на тоа, суптропскиот антициклон летото го зафаќа целиот Средоземен Базен и во него се одржува топлота и суша.

Температури. Температурите играат мошне значајна улога во диференцијацијата на климата во средните географски ширини.

Зимата температурата се смалува од запад кон исток, како последица на оддалеченост од морето до источниот Сибир, а целата океанска страна на Европа има ублажена клима дури и далеку спрема север.

Летото температурата расте од северозапад кон југоисток, израззувајќи ја воедно разликата во географската ширина, брзо континтално загревање на воздухот и продор на топли воздушни маси. Годишната амплитуда и термичкиот режим се изразени во спротивности, нарочито помеѓу океанските области, кои се одликуваат со мали амплитуди и благи варијации, и на континталните области со снажни временски и климатски контрасти, на основ на кои се издвојуваат само две годишни доби: топло лето и ладни зими. Под влијание на релјефот посебно се истакнуваат пределите на планинската клима, каде значајна улога има не само надморската висина, туку и морфолошките облици на теренот, а нарочито изложеноста на планинските страни на атмосферските појави, дури и на релативно умерени висини.

Врнежи. Атмосферските талози или врнежи се под влијание на помали комплесни природни услови.

Годишните количини на врнежи се чини да се разликуваат на атланската страна на Европа и западните планини свртени спрема ветровите од запад, кои примаат до 2000 мм годишно, од најголемиот дел на Европа, западно од линијата која ја спојува делтата на Дунав од Подмосковскиот Базен и од најсеверниот крај на Ботнијскиот Залив, на чиј простор годишните количини на врнежи изнесува повеќе од 500 мм. На крајот, во Европа се издвојуваат и три типа сушни зони:

1) обласста мошне оддалечена од океанот, ама кои ипак примаат 250- 500 мм врнежи;

2) суптропска депресија, заштитена со планини од влажните ветришта (југоисточен дел на Пиринејскиот, односно Иберискиот Полуостров, централна Азија или Советска Средна Азија; и

3) област на ободот на Артичкиот Океан, премногу ладно, тука да би можеле да биде испарувањето во поголем износ.

Сезонски режими на врнежите стојат во спротивност со знатно поедноставен режим на океанскиот сектор на Европа, повлажен во текот на сите четири годишни доба, со максимално релативно изразен за време на еквинокција (рамнодневница), додека континталната и медитеранската област имаат помалку влага, со концетрација на врнежи за време на летото во првите, а за време на ладната сезона во другите области, ама секогаш со малку дождовни денови.

Климатски подрачја. Подрачјата со посебни специфични карактеристики на климата зафаќаат мошне мали површини:

1. високи планини, ладни и под снег;

2. артички обод на СССР, ладен и сув;

3. советска средна Азија, полупустинскиот карактер. Меѓутоа во целина, во Европа се издвојуваат три главни климатски подрачја:

- Океанска Европа, стално влажна, со слаба термичка амплитуда, измеѓу блага зима и свежи лета, при што оваа карактеристика се смалува во правец на внатрешноста.

- Континентална Европа, поголемо пространство, со поголеми термички спротивности, со осредна влажност, ама со предност во поглед на летниот распоред на дожд и топлота.

- Медитеранска Европа, климатски поразновидна, со повеќе сончени дена, топлина и суша за време на летото, и благи зими во поглед на температурата, ама мошне дождовито“.

Бидејќи од југ кон север се поместувал сувиот појас, преселбите биле само од потоплиот посув појас кон север поладен и повлажен појас. Следи да постои само ДНК- географска оддалеченост од југ кон север, никако и никогаш обратно.

Па за време на леденото доба белата раса била повлечена во Левантот.

## ПРЕСЕЛУВАЊЕ ОД ЛЕВАНТОТ КОН СЕВЕРОТ

Т.Ф.Гаскел, [2] на стр. 10, пиши: „Распоредот на вода на Земјата се менува со текот на целиот геолошки период. Денес 70,8% површина на нашета планета ја покриваат морињa, чија просечна длабина се движи од 3-4 км, а целокупната водена површина изнесува 361.045.106 км2...“.

Стр. 14: „Од време на време во текот на ледените доби низ цела геолошка повест на Земјата знатна количина на водата заробува лед. Денес, живееме во умирачкото време на стисокот на леденото доба кое го достигнало својот четврт врв пред некои 10.000 години, а започнало између некои 500.000- 1.000.000 години порано. Околу 1/10 вкупна површина на копното денес е замрзнато“

За наведеното време на леденото доба белата раса била повлечена на југот.

Во Ларуса [3] се говори за Рана антика, а под првиот поднаслов Домен на историјата и метод на историјата, следи „Тековина на палеолитско доба (доба со грубо обработен камен кој трае до околу 8000 години). Обично се смета дека човештвото го почнува својот век со појавата на орудието. Има 1800000 години откако живите

[2] T.F.Gaskell, Mora, karte i ljudi, Mladost, Zagreb, 1969.
[3] Opšta enciklopedija LAROUSSE, Paris 1967-za Jugoslavija Vuk Karadžić,Belgrad,1973, том 3, стр. 224.

суштества во источна Африка употребувале оштрица на белутки, кои свесно и намерно се разбивале да би направиле оштрица...Од почетокот на квартерот- пред некои два милиони години- Земјата поминала низ ледени периоди од кои останале појачани траги на таложења, и кои ги прати, изнад 35. упоредник, голем пад на темература. А биле и меѓуледени периоди, знатно посуви и местимични потопли...“.

Значи, се говори 35- паралела. А таа 35-та паралела е само јужно од Крит.

Крит имал најстари и најсовршени градби итн. Па Крит бил дел на Левантот.

Хорст Клин [4] пиши за Левантот: „Бреговни области на Мала Азија, Сирија и Египет...За средноземноморските земји источно од Италија вклучувајќи ја и Грција...“.

Левант-в=леант;Левант-н=леват; Левант-т=леван=леан=лиен со морска вода.

Х.Џ.Велс [5] пиши: „Спрема геолозите, најрани од тие еолити доаѓале од плиоценот- то ест, пред првото глечерско доба. Можат да се најдат уште и низ целиот прв интерглациски период. Ние, пак, не знаеме било за коски, било за икакви други остатоци во Европа или Америка тобож човечки битија од пред пола милион години, што би можело да создаваат и да го употребуваат тоа орудие...“.

„Како што веќе рековме, уште не знаеме за оној предел во кој претците на мрките неолитќани, почнувајќи од палеолитскиот степен, стварале свој културен развиток. Постој веројатност дека негде во југозападна Азија или во каков крај кој е покриен со

[4] Horst Klen, Der große Duden, VEB Bibliograpühische Institut, Leipzig, 1971, стр. 273.
[5] Herbert George Wells, Историју света, 1929, Народно дело, Белград, стр. 29.

Средоземно Море или Индискиот Океан (а додека неандерталците со оној свој тежок живот уште живееле во студената клима на глациона Европа) претците на белите луѓе ги усовршувале своите груби вештини од позниот палеолитски период... [6]

Сите тие рани оддели на човечката историја имаат тек да се откријат. Материјалот за нив веројатно ќе се најде во Мала Азија, Персија, Арабија, Индија или во северна Африка, а можда лежи и под водите на Средоземно Море и Црвеното Море или Индискиот Океан. Пред дванаесет илјади години или тука некаде отприлика (уште сме и премногу малку во состојба да би можеле да се послужиме ма со што друго до најгрубото одредување на времето) се растуриле неолитќаните по својата Европа, по северна Африка и Азија. Тоа биле на оној ист степен на образованост на кој и полинезиски островјани во минатиот век, а во тоа доба тие претставувале најнапредни племиња на светот“.

Бидејќи „се растуриле неолитќаните по својата Европа, по северна Африка и Азија“, се потврдува, нивното преселбите биле од Левантот- не ...Северна Африка...

„До сега говоревме сѐ за една историја без настани, за историја на векови, историја на раздобја и степени на развиток. Ама, пред што би завршиле со тој дел на човечката повест мораме да се обрнеме на нешто што е веројатно настан од првобитна, а веројатно првенствено од трагична важност за човештвото кое се најдувало во текот на својот развиток. Тоа е пробивање на Атлантикот во големата долина и постанувањето на денешното Средоземно Море. [7]

Читателот не треба да заборави...Сосем е сигурно дека Средоземно Море на крајот на последното ледено или глационалното доба претставувало две-три затворени котлини со ништо не поврзани

[6] Исто, стр. 46.
[7] Исто, стр. 50.

или можда поврзани само со каква бујна река која од нив ја одведувале прекумерната вода. Во источната котлина се најдувала слатка вода. Во неа се вливале Нил, Јадранската река, реката на Црвеното Море и можда една река што слегувала између планините кои сега се Грчки Архипелаг, која доаѓала од едно многу поголемо море во централна Азија што тогаш таму постоело. А исто така е извесно дека во тоа доба неоликаните лутале по тој сега изгубен средоземен рај“.

„Во последените четири глави го зацртавме создавањето на просветените држави од примитивна неолитска земјоделска работа. Тоа почнало можда пред 15.000 години, и тоа некаде околу источното Средоземно Море. Во почетокот постоеле повеќе како една хортикултура отколку агрикултура. Пред плугот обработувањето се вршело со мотика, и земјоделската работа во прв мах служела повеќе како додаток на ловот и грижење околу овците, козите и говедата, од што најпрво семејното племе и доаѓало воглавно до своите потреби“. [8]

Врската била со источното Средоземје каде бил почетокот по леденото доба. Оттаму преселбите биле кон север,и затоа постои ДНК-оддалеченост само на север.

Во Ларуса [9] се наведува: „Климатски карактеристики. По својата географска положба во поглед на географската ширина од 35° и 80° северна ширина (од Крит до Нова земја), Европа е поврзана со три големи климатски зони: суптропска, умерена и артичка (поларна). Нејзиното пространство преку 180 степени географска должина проузрокува климатски спротивности између нејзината океанска страна и континенталниот дел“.

---

[8] Исто, стр. 112.

[9] Opšta enciklopedija LAROUSSE, Paris 1967-za Jugoslavija Vuk Karadžić,Belgrad,1973, том 3, стр. 55.

Од југ кон север се поместувал сувиот појас. Исто така и ДНК оддалеченост.

Следи Македонците биле ДНК блиски на Критјаните, но не на Подунавците и Заткарпатците. Според ДНК, Македонците биле само источно Средоземноморци.

Значи, преселбите биле само од југ кон север, никако обратно-север кон југ.

„Овде треба да се утврди сликата на периодот и локацијата на населувањето на народите во Европа почнувајќи од преисториски миграции; потоа да се прикажат главните етапи на заземањето на земјиштето, те. суштински искрчување на шумите: најпосле да се покуша поделбата на главните типови на хуманизираните пејсажи во време кога, после престанокот на големите инвазии, односно селидбите на народите, почнала да се родува оригинална европска цивилизација и да се оцртува политичката поделба на Европа. [10]

Миграција. Палеолит.- Пред последната голема глацијација, ловците на крупен дивеч доаѓале во помали групи од Азија или Африка и ги заземале степите на јужна Европа. Номадите, групирани во кланови од по неколку десеттина луѓе, логорувале на терасите на големите долини или на некои платоа. Конечно повлекувањето на глечерите влијаело на движењето на крупниот довеч и ловците во север ните степски краишта. След промената во климата се појавиле шуми во големите делови на Европа.

Од неолитско земјоделство до Римското Царство. • Три главни зони во Европа прогресивно се населени и почнале да се развиваат: 1. Средоземен Базен и атланското приморје, почнувајќи од Грчкиот (односно Балканскиот) [11] , Апенинскиот и Иберискиот (Пиринејскиот) Полуостров; 2. Понтските (Црноморските) и

[10] Стр. 57.
[11] Историски имало само Македонија, македонска династија и Македонски Полуостров, а без грчко.

дунавските степи, планинските венци на Алпите и нивниот северен обод; 3) Северноевропската рамница, Парискиот Базен и југоисточниот дел на Британските Острови“. (Преселбите биле постепено од југ кон север, никако обратно: север-југ, Р.И.)

Се потврдува, најпрво бил населен само југот на Европа, а северот подоцна.

Досега нема ниеден доказ/наод за преселби на Белци од северот кон југот.

Следи имало само ДНК генетско- географска оддалеченост од југ кон север.

„• Три изастопни стадиуми на стопанството можат да се разликуваат: 1. подвижно земјоделство за време на неолитскиот период, кој се праместува од еден крај во друг кога земјата се испости, и тоа на земјиште кое е добиено со шумски и тревни пожари, со примена на мотичко обделување на земјата, нарочито раширена во Дунавскиот Безен; 2. перманентно или стална земјоделство, со работа со помош на сточната запрега, почнувајќи од бронзеното, односно, железното доба. Тоа е значајната цивилизација на езерските селски населби (швајцарски палафитски населби- на соеници или колци; терамарските населби во лапоровита глина, во северна Италија), во која биле застапени: ткаечка работливост и преработка на метали, изработка на керамика; робна размена (килибар, калај и др.) со далечните земји, воглавно поморски или континентални трговини; развиток на сјајната градска цивилизација, која е од Месопотамија и Египет нарочито преминала на Крит, во Грција и Италија“

Следи постои ДНК оддалеченост само од југ кон север. Ова било повод, Македонците ДНК да им се блиски на Критјаните, но никако на Дунавците или уште подалеку на Заткарпатците. Со истражувањата на Арнаиз- Велена (Шпанија) и др., Македонците се со слични генетски фреквенции со жителите на медитеранските

острови Крит, Корзика, Сицилија и Сардинија. Според направениот дендограм, Македонците му припаѓаат на постариот медитерански субстрат како и Иберците, вклучително и Баските, Северноафриканците, Италијаните, Французите...

Херодот (5 век п.н.е.) наведува, Траките живееле северно од реката Дунав, Заткарпатите...Тој никаде не сретнал било какви Словени.Истото го потврдил и Царот Адријан (2 век н.е.), во Мемоарите на Царот Адријан. Тој престојувал северно од реката Дунав, на просторите кои би требале да бидат словенски, а тој таму такво нешто не видел. Следи од 5 в.п.н.е. до 2 в.н.е. немало било какви Словени. Бидејќи се говори, Русите биле Словени,а тие живеат Заткарпати,откаде потекнале Русите ?

Според киевскиот свештеник Нестор (11-12 век), Русите потекнале од Илирик, кој бил на Балканот. Сето руско предание било поврзано само со реката Дунав, но не руските простори. Се поставува прашање, откаде потекнале тн.Словени ? За сите народи, Руси, Украинци, Романци, Унгарци, Чеси, Словаци, Пољаци...Балканци, Словените потекнале од Заткарпати. Со тоа што Заткарпати има четири географски страни, исток, југ, запад и север, за да нема никаков спор меѓусебно сите нека си фрлат ждрепка- на кого таа ќе му падне, со среќа само за нив тоа да важи.

Се кажа, Русите потекнале од Заткарпатите, каде биле населени Траките (Херодот). Следи Нестор бил во право- Заткарпатите биле руски, со руско потекло од Балканот, од Илирик. Со традиции само јужно од Дунав, од Балканот. Па за врската на Русите со Македонија говори Еремиј Русо. Според него, Русите или Московитите се со истиот јазик како и античките Македонци. Ова го пиши Мавро Орбини (1601 година), кој за тоа наведува автори, кои до денес се непознати итн.

Од изложеното произлегува дека Русите потекнале од Балканот. Следи преселбите биле од југ кон север- никако обратно. Токму и затоа постои ДНК оддалеченост само од југ кон север. Ова било

повод, Македонците ДНК да им се блиски на Критјаните, но никако на Дунавците или уште подалеку на Заткарпатците.

Во прилог се наведува, дали имало преселби на Заддунавци и Заткарпатци јужно од реката Дунав- на Балканот ? За вакви преселби на посебни народи Словени нема ниту еден материјален доказ/наод.Пак, тн.словенски јазик бил тн.Хомеров.

## ЛЕВАНТСКИ ЦИВИЛИЗАЦИИ

### Цивилизацијата на каменото и бакарното доба

*„Села и градови на Месопотамија до падот на Акадското Царство (VII- III милениум)* [12]

Селани (пред 3600). Дождовното доба, кое во овие географски ширини се поклопува со последниот период на леденото доба, направило земјиштето околу Тигар и Еуфрат постане за човекот непристапна барушина. Брдските жители (на Курдистан, Загрос) го пронајдуваат земјоделството (локалитетот околу Шанидар во Курдистан, 8600; селото Јармо, 6500), керамиката и обработката на бакарот. Климата, која постепено постанува сè посува, им ги отвара овие долини на првите населеници. [13] Тука настануваат разлики између поедини области. Брежулците на северозапад (идна Асирија) доста се ладни и влажни во нив да би можело стално да се бави со стајско сточарство и одгледување на земјоделски видови кои ја сакаат сушата (денес таму паѓа 300-600 мм атмосферски талог годишно). На југоисток (историски земји на Акадците и Сумерите), поради жешкото сонце и сушата тлото мора да се наводнува (денес тука е 100 мм атмосферски талог), што ја олеснува рамницата и близината на двете реки. Останатиот дел на

---

[12] Opšta enciklopedija LAROUSSE,Paris 1967-za Jugoslavija Vuk Karadžić,Belgrad,1973,том 3, стр. 227.

[13] Откаде дошле првите жители ? Од Левантот- таму белата раса живеела за време на леденото доба.

Месопотамија (Субар на север и Амур на запад), е издигната зоната, образдена со длабоки долини, изгледа дека ја засушила постепено.Обработката на земјата малку-помалку ја заменало номадското сточарство, а земјоделството се задржало само уште во големите долини каде е можно наводнувањето.

Во северна Месопотамија прилично добро може да се види редоследот на цивилизацијата (Хасун, VII милениум; Самара VII-VI милениум; Тел Халаф VI- V милениум), кои меѓусебно се разликуваат по карактеристичните украси на убавата грнчарија, на која наидуваме во Курдистан и северна Сирија. Напротив, уште секогаш не се знае сосем точно потеклото на населениците кои ги основаат првите населби во баруштните на југоисток (Ериду, 5500. г.). На овие населеници, издвоени на брежулците во низината, како едини материјал им служи трската и глината, од кои прават керамика, куќи и лаѓи. Северот, кој има подобра врска со планината, прв користи бакар и камени печати. Вместо храмови од непечена цигла (черпиќ), која се најдува во Ериду, овде се камени толоси, во Арпачија и Гаври.

А наводнувањето кое им овозможува богата жетва на урми, сезам, пченица и јачмен, се издигнува на југоисток на прво место, создавајќи вишок на земјоделските производи, што ја оживува трговијата со останатите делови на Блискиот Исток. Цивилизацијата Ел-Обеид (4200- 3600), која се најдува и во базенот на Суза, се шири по Месопотамија од долниот кон горниот тек на нејзините реки.

Градови и храмови (3600- 3000). Вистинската промена настанува со цивилизацијата Урук (3600- 3400), кога во низината се појавува голема архитектура и скулптура на лончарско витло, валкасти печат и писмо. Овој нагол напредок обично се припишува на наездата на Сумерите, кои, изгледа, се творци на месопотамското писмо.Бидејќи после тој период повеќе не се приметуваат големи промени, се претпоставува дека Сумерите овде се населиле после

своите соседи од историската епоха, месопотамските Семити и Еламити од Суза и од југозападен Иран. Овие неизвесности се узрок што таа основна цивилизација се назива ‘месопотамска’ или ‘сумерска’. Таа се појавува во периодот на Урук и периодот на Џемдет Назра (3400- 300), кој се продолжува на претходниот без големи промени.

Населението, кое стално се зголемува, се збијува во градчињата изнад чии скромни куќи се издигаат големни грамови. Во секој град ѕидот опасува еден или повеќе храмови. Еден се задоволува само со мал темелен ѕид кој ги штити од поплавите, а другиот, подигнат на возвишицата, претпоставуваат прототипови на зигуратите, оние таинствени градевини за кои не се знае дали во почетокот служеле како уточиште во она време на големи суровости, или како опсерваторија, или ‘планина’ која Сумерите би требало да ја потсетува на нивниот роден, или точка на која се сретнува небото и земјата и каде боговите слегуваат. Светилиштата од тоа доба, чии богови не ги знаеме, имаат столбови од цигли или дрво, украсени со фрески и нарочито мозаици, кои претставуваат врвови на глинените купи обоени и забиени во ѕидовите. Урук, кој некое време бил метропола на низината, подигнува многу храмови, кои когакога достигаат големи димензии (80 x 50 м). Божјата куќа почнува до добива статуета на молители тие да продоложат да ги молат угледните луѓе. Женските глави од Урук претставуваат прво ремек дело на овие скулптури.

Не напуштајќи ги опишаните призори, во глиптиката се обработуваат фанстатични животни, што ќе се продолжи дури и во европската хералдика.

Употребата на валкастиот печат, со кој секој угледен граѓанин можел да се овековечи, се проширила всушност од економски разлози. Втисокот на каква мала сцена вгравиран на ваљакот се става на глинениот чеп на сад за течност да би се загарантирала

неговата неповредливост,а подоцна составувајќи на договор го ставале на договор, од страната.

Ама на пронајдувањето на писмото допринесува на потребата и значењето на пресметувањето. Први сведоштва за тоа ни пружаат листите на намирници кои управниците на Урук ги примиле и делеле. Тие писари, кои се служат со мошне голем број знаци(идеограми)[2000 во Урук],пишат со зарежана трска по свежата глина,која потоа ги печат или сушат на сонце да би се одржале. Не е тешко да се погоди дека со економскиот живот на градот во тоа доба управувал храм (управа на боженските добра). Управниците на градот изведувале на работа во поле или во работилници мнозина жители во корист на богот кој се грижи за нивниот опстанок.

Период на првите династии (околу 3000- 2300). Техниката напредува мошне споро, ама општествениот живот постанува сѐ посложен. При прилика на ископувањата наидуваме на палати. Околу 2600. се појавуваат кратки посвети напишани на сумерски јазик, во име на поедини владетели- управувачи на градот, кои својата

власт ја добиваат од месното боженство и својот сизерен, кралот, кој, тргнувајќи од својот град, ја наметнува власта на еден дел на Месопотамија. И поново археологијата ја открила историјата на династиите кои биле познати само од разните списоци со легендарно потекло, составени тек во II милениум. Тоа се: првата династија од Ур, од која останал еден храм во Ел-Обеид, потоа династијата Мари,чија палата 1964. ја открил Андре Паро (A. Parrot). Ама повеќето пронајдени згради останале анонимни.Такви се: храмовите во Дијали и Нипур, богати со статуети на молители, а потоа светилишта на спратови во Киш, кои се први вистински зигурети. Разликата измеѓу семитските градови и градовите на Сумерите (земјата на устието на двете реки) подобро се запазуваат на скулптурите отколку на записите, кои често се пишани на два

јазика. Попозната, вообичаена тежина, на сумерските дела се спротиставува когакога, во Марија на Дијали, пореалистички и поведор стил во кого има вистински портрети. Чуената ‘кралска гробница’ од Ур, чии ризници на златарски работи се единствени на Исток, нарочито се загонетни поради мноштво на жртвувани слуги при прилика на сохранување на личностите кои изгледа никогаш не владееле. Само локалитетот Тело, во кое е најдено 30 000 плочки и цела гомила уметнички предмети (стели јастребови), ни овозможува да ја следиме историјата на кнезовите и свештенството на еден сумерски град (Лагаш) во текот на три стотини години.(Т + Ур = Тур: Та + Ур = Таур- Таурус [говедо]; Таур-т=аур [пондила], Р.И.)

Изгледа дека непресталните војни се главна одлика на овој период на првите династии. Војсководителот на кола со четири тркала, која ја влечеле хемионите (животни слични на магарето), одел испред фалангата копјаници и лесната пешадија, наоружена со копја и секири, и ги плачкал соседните градови. Понекогаш тој се дрзне да го нападне и својот сизерен, на кому му завидел на положбата. Тие борби не го попречувале економскиот развиток на низината, чии земјоделски вишоци ја поттикнувале големата трговија. Месопотамските трговци носат во оддалечените краишта житарици, масло, урми, печати, накити и оружје произведени во земјата.

Тие одат во Дилмун (денешни острова на Бахреин), ги складираат иранските, арапските и индуските производи, по бакарот, лазуритот и слоновачата.

Акадско Царство (2300- 2160). Патот за создавање на Акадското Царство го припремил Сумерецот Лугалзагиси, кралот на Урук (2325- 2300), кој својата власт ја наметнал од Средоземјето до Персискиот Залив. Оваа власт ја оборил Семитот Саргон, кого го познаваме само по легендарните приказни од II милениум. Уште не е пронајдена неговата престолнина Акад (близу Киш?), чие име

од сега го означува северниот дел на низината (за разлика од Сумерите која е појужно). Саргон, кој го освоил Елам и продрел во Сирија и Анадолија, на своите наследници им го оставил царството уздрамано со побуни, ама во кое централизацијата веќе отпочнала. Неговиот внук Нарам- Син со чудни титули го изразува зголемениот углед на монархијата: крал на четири области (на Месопотамија), крал на цел свет, бог на Акад.

Во долината Месопотамија, семитскиот елемент, стално ојачува со племиња кои надоаѓаат од пустињата, избива, и без расен антагонизам, на прво место. Усвојувајќи ја сумерската култура, Семитите од градовите ја исполуваат својата национална самосвест. Свештениците во Акадското Царство го усвојува сумерскиот јазик, ама административен јазик на царството е акадски. Тоа е еден семитски диалект длабоко прожет со мноштво сумерски зборови. При пишење со акадскиот јазик, писарите се користеле со писмото кое го пронашле Сумерите. Неговите знаци сега се мошне далеку од примитивното сликовно писмо, и од сега навистина го заслужува името клинесто (направено од клинови). Уметноста се обновува. Уметниците употребуваат два нови материјали: тврд камен и бронза. Со еднодставност и елеганција се одликуваат стелите на акадската династија; (Нарам- Синови, најдени во Суза), печати (Шар-кали-шари) и ликовите (главите од Нинива).

Потчинетите соседни народи малку-помалку ја освојуваат акадската цивилизација, нејзините уметнички облици, клинастото писмо и, когакога, во пишаните текстови, на сумерски и акадски јазик. Тек тогаш почнуваат да се појавуваат народите на северна Месопотамија. Хуритите доаѓаат од планините на Курдистан и пополека продираат кон Месопотамија и северна Сирија, а Асирците, Семити, обожувачи на богот Асур, доаѓаат од степите Џабал-Синџар, западно од Тигар и на неговиот десен брег основаат свое кралство.

На плодните полиња и богатите градови на Месопотамија им било судено во текот на историјата да претставуваат искушение за соседните народи кај кои сиромаштвото го подржувал војничкот дух. Лулубите и Гутите, пастирски народи од Загрос, со своите напади ја уништиле акадската династија (околу 2160), чија престолнина изчезнува од историјата, а превласта преминува на Гутите. Меѓутоа, месопотамската цивилизација која ја создале Сумерите и Семитите, како и настојувањето за обединување на големата низина, ќе го наджливее Саргонското царство“.

*Иран и Индија до крајот на III милениум*

„Ирански села. Градот Суза. Иран, во чии планински венци долго се задржала јака влажност, бил колевка на земјоделството која од VII до VI милениум се појавува во увалите крај Касписките области уз брегот на езерото кој тогаш се најдувал во влегнувањата (Теп, Сијалк, Бакун, Рај),во долината Загрос (Теп Сараб). Примероци на керамика и бакарно орудие во Иран се по потекло мошне сродни на месопотамските, каде можда дошле од Исток. Ама след брзото пресушување на иранските езера земјоделството се ограничило на поедини издвоени точки. Населението на Иран останало во стадиум на селанство и наскоро престанало да се користи со голема трговија која, доаѓајќи од Индија и Месопотамија, ги преминува планините веќе во III милениум.

Од ова општо опаѓање на Иран, изузеток чини плодниот базен Сузијана, широко отворен спрема земјите измеѓу двете реки. Големиот еламитски град Суза, кој настанал под влијание на трговијата и наводнувањето, претставувало спој измеѓу градската сумерска цивилизација и планинските краишта на Елам, под чија заштита бил градот, кој во добата на Ел-Обеид (4000) произведувал најубави грнчарии, го усвоил протоеламитското писмо кое е слично на сумерското, ама кое не го надминува степенот на сликовното писмо и кое после акадското освојување му го отстапува местото на клинастото писмо (2250).

Цивилизација на Инд. Издвоена со високо планини и уште секогаш со пустиот Индија е во закаснување спрема Блискиот исток. Селата, кои во источниот Афганистан и Белуџистан настануваат во допир со Иран, се со подоцнежно потекло (IV милениум) и останува во бакарно доба бар 3000 години, а појавата на големата цивилизација во длината на Инд околу 2400. помалку е загонетно. Бавејќи се со земјоделство (јачмен,пшеница, ориз и памук) и занаетчиството за кое се користи бронзата, два голема града (наоѓалишта кај Хареп и Мохенџо-Дара) со својот план во облик на шаховски табли и систем на канализација и исушување сведочат за грижата за урбанизмот кој е единствен во тоа доба. За употребата на писмото сведочат камените печати и бакарните плочки, ама до денес тоа писмо уште не го одгонетнавме. Од друга страна, како што нема никакви остатоци на дворци и храмови, не се знае ништо за нивната политичка организација ниту за религијата. Археологијата ипак укажала на врска со оддалечени земји. Харепените (претставници на хиндуската цивилизација) пловат до Дилмун и ја основаат луки и земјоделски колонии од една и друга страна на устието на Инд.

Богатството на големите долини довело до создавање на оригинална цивилизација, ама изгледа дека Харпените брзо престанале да напредуваат, до што несумливо дошло след опаѓање на трговијата на големо, чиј копнен пат постанал тежок со исушување на Иран“.

Белците од Источносредоземје дошле во Индија, Кина, Јапонија, Америка...

„*Сириjска цивилизација до доаѓање на западните Семити(VIII-III милениум)*

Између Средоземно Море и сириско- арапската пустиња, од Таурус до Синај, се пружа сириски предел составен од планински ланци, тесни долини и повеќето мали прибрежни рамници. Планините богати со шума снабдуваат со вода за наводнување

некои подрачја недалеку од морето. Неплодното земјиште нешто поисточно краишта му се наметнува на населението пастирски живот. Географската распарченост оневозможува создавање на голема држава во пределот кој инаку го присакуваат соседите. Преку Сирија, богата со шума, руди и земјоделско производство, водат сите трговски патишта од Блискиот Исток до Средоземјето и обратно.

При крајот на праисторискиот период културата нарочито брзо се развива. Групата на ловци подигаат села (Ејнан, на север на Палестина) и утврдување (Јерихон) пред што го прифатиле земјоделскиот начин на живот и производство на керамика (VIII-VII милениум). Округлите камени градби, гробови со цисти (мртовечки ковчег направен од дебели плочки) покриени со хумка, наводувале понекогаш на помисла дека мегалитизмот е сириско потекло. Странското влијание се изразува со прифаќање на разни стилови керамика и употреба на печати од Месопотамија (VIIV милениум). Плодната размена се врши измеѓу Палестина и Египет, кој уште е распарчен.

Ама недостаток на рамница и низ рушилачки наезди, го спутуваат развојот на сиријската култура. Од Анадолија, а нарочито од пустињата, доаѓаат слабо разиени племиња. Во недостаток на пишани документи, својот јазик го наметнале на Сирија. Ама прва семитска група, за која сигурно знаеме, тоа се Западните Семити, нешто пред 2000. години. Што се однесува III милениум, археологијата открила голем број утврдени, без сумливост, престолници на мали кралства кои живееле стално бранејќи се од соседите или од големите држави од Исток. Фараонскиот Египет имал протекторат над Палестина и на сиријското приморје, ама во неговите текстови се споменува само луката Кепен (грчки Библос), каде неговата флота доаѓала по дрво и руди. Напротив, на месопотамските суверени (Лугалзагисиј од Урук или Саргон од Акад), кои сакаат да ги контролираат патиштата за шумовитите

планини и Анадолија, им се припишува рушењето на градовите околу 2300. година. Богата и

слаба, Сирија е привлечен плен за првите големи освојувачи во историјата“.

*Прва афричка цивилизација. Старо египетско царство (VII-III милениум)*

„Афрички неолит. Делот на Африка во кого (на север и исток) се вршени ископувања покажуваат истоветна култура сè до крајот на палеолитското доба (кога поради обилие на воден талог нестануваат пустињите од тој континент), што може да се објасни со неисцепканиот релјев: секаде е исто орудие, исти слики кои ги правеле ловците на стените на своите заклони. Изгледа дека глачењето на каменот, керамиката и сточарството претходело на вистинското земјоделство на сталните населеници. Непотполните ископувања откриле истакнати центри од почетокот на неолитот во Кенија, Уганда, Нубија, Киренајка и Сахара (тасили Ајера, Тенере).

Група Африканци, без сумливост појачана со доселеници од Палестина, почнува да се утврдува во долината Нил (5000). Пресушувањето на Сахара, која сè побрзо после 3000. години,ги растерало нејзините земјоделци кои се раселуваат спрема север и југ, без сумливост се по цела Африка. Ама веќе во тој момент плодниот муљ кој го таложи Нил му даво првенство на Египет.

Почетоци на египетската цивилизација. ‘Египетската раса’ настанала со мешање на мошне разнородното население кое ја населило таа земја, ама неговата култура била под влијание на афричката природа чија фауна и флора дала нарочит печат на уметноста и религијата на Египет. Додека год по поблиските пространства можело да се лови дивеч, мошне споро се напредувало. Потоа населението се намножило, а сувото тло се проширило, па се користат даровите на Нил. Реката во своето

годишно нарастување на водата (од јуни до септември) покрива еден дел на долината донесувајќи вода и муљ што ја обновува плодноста на тло. Луѓето најпрво ги раскрчиле честарите и ги исушиле барите кои ги оставал Нил повлекувајќи се постепено во своето редовно корито. Потоа превзеле да се прошири зоната покриена со плодна земја. Затоа тие подигаат брани кои ја задржуваат водата и копаат канали кои ќе ја спроведуваат што е можно подалеку. На овие работи, кои захтеваат озбилна општествена организација, египетскиот народ добива богато земјиште, ама тесно: само 23 000 км2 за Горен Египет (тесна долина између првиот слап и Фајум) и Долен Египет (Делта). (Делта=дел та; простата=проста та: в-н-т, Р.И.)

Во IV милениум се родува една општа цивилизација која настанува благодарејќи на односите воспоставени со речна пловидба између поедини села а се обавува со папирусни чамци.Се појавува бакарно орудие.Занаетчиите произведуваат убави вазни од тврд камен, а вајарите предмети за потребите на култот (статуети од слоновача и палети од шкрилци). Поновна правична поделба на водата и земјата захтева селата да се групираат под заедничка власт. Се создаваат мали кралства чии боженства уште и во историското доба господарат со номи (административи единици). Потоа се групираат во две супарнички држави, Север и Југ. Можда почетокот на новиот египетски прогрес е предизвикан со доаѓањето на Азијатите, кои од Месопотамија (3300) донеле нови уметнички облици. Тогаш Египќаните ги пронашле хиероглифите (вид писмо кое секогаш ќе го задржи изгледот на точниот цртеж и кој подоцна ќе се користи за натписи вклесани во камен). Малку подоцна, напредокот на тоа писмо ни ја открива победата на Југот. Кралот ‘Скорпион’ и Нармер, владетели на Хиераконополис (град на бог-сокол Хорус), ги победиле луѓето од Делтата и Азијатите. Од тогаш владетелот на Египет е крал на обете кралства. Го викале хорус (‘оној од палатата’). Овој дуализам и ова единство, сè до крајот на египеската монархија, ќе бидат изразени со обредот

крунисување и со кралска капа која ја обединува белата круна на Горен Египет и црвената круна на Долен Египет.

Извори и поделба на историјата на фараонскиот Египет. За периодот почнувајќи од обединувањето на земјата (3100), египтолозите располагаат се непотполни списоци на кралевите, како и аналите кои говорат за власта на поедини од нив. Потоа, се користат надгробни натписи на фараони и високи личности.Од II милениум, за војните ни раскажуваат победничките стели и записи во светилиштата. За цивилизацијата на сите епохи не обавестуваат храмовите и гробовите- изгледа, тоа се едини споменици кои го надживеале своето доба. Модерните историчари се служат со поделба на династијата на триесет една (од кои 26 пред персиското освојување 525). Неа ја извел Египќанинот Манетон, кој во III век пред н.е. напишал историја на својата земја. Историчарите ги групираат во царства (сјајни епохи) и во премински период (во кој документите се ретки след анархија).

Кралеви на Тинис (Тиса) (I и II династија, 3100-2700). Спрема Манетон, хорусите владееле во Тис, во Горен Египет (не се знае точно каде се најдувал Тис).

Можда тие имале седиште и во Беловиот ѕид (иден Мемфис), откаде можеле да ја надгледат Делтата, оти се познати две нивни некрополи, во Абид (југ) и во Сакари (север).

Во евој период, во кого збивањата доволно не ни се познати, се образувале оние со интелектуални и технички вредности кои фараонскиот Египет ги користел во текот на својата историја. Математичките формули, веќе прилично точно ($\pi = 3{,}1605$), настанале од потребата на катастарот и архитектурата. Свештениците сѐ почесто вршат астрономски посматрања на небото да би знаеле во кој правец да ги свртат споменициите и да би ги утврдиле среќните денови и часови. Ним треба да им благодариме за двата календари кои биле во употреба во Египет: еден Месечев (на база Месечевата мена) за одредување на

празникот, а другиот, званичен, Сонцев, со 365 дена во годината, за чиј почеток, околу 2780. пред н.е. е земен 19, јули.

Тоа е денот на истовремено подигнување на Сонцето и Сиријус, што во географски ширини Мемфис обично се поклопува со општото надоаѓање на водата. На потре бите на администрацијата се објаснува со пронајдување (за време на I династија) едно курзивно писмо викано хиератичко, како и материјал на кој ќе пишат, лист на папирус (направено од срчике на истото име).

Свештениците ги изградуваат своите теолошки системи. Едни своите месни богови ги изедначуваат со космичките богови, чиј култ е важен чинител во единството на Египет. Другите поставуваат еден бог создавач над сите останати богови:

Пта (бог во човечки облик во Мемфис), Тот (Месец, Ибис или мајмун во Хермополис), Атум-Ра (Сонце од Хелиополис). Овој последниот бог, наскоро постанува најглавен, па ипак не ја достигнува популарноста на Озирис, бог на вегетацијата, кој секоја година умира и повово се родува.Во времето кога Озирис владеел со Египет, неговиот брат Сет, завидувајќи му на власта, го убива и телото му го исекува на парчиња. Озиросовата вдовица Изида повово ги составува деловите на неговото тело и на лешот му вдахна живот. Неговиот син Хорус, уште пред што дошол на татковиот престол, го победил Сет и протерал од Египет. Озирис пак, всокрснувајќи, владее над (воскрснатите) мртви, на запад (таму каде Сонцето умира). Од оваа утешна легенда се родила мислата дека телото треба да се чува од распаѓање како би му се обезбедил загробен живот. Затоа се јавува обичај лешот да се покрие со натрон (на триум-карбонат), или поврзе со пантлики натопени со смола. Подоцна од лешот се вади мозокот и утробата и ги ставале во вазна (канопе) уз саргофагот. Египќаните не запазиле противречност во своето верување во задгробен живот. По нив идеата на западното Озирово царство не ја исклучува

идејата на живот на небо (во вид ѕвезда) или под земја (во човечки облик, што захтевало редовно принесување на жрви во храната).

Овие верувања и престиж на монархијата преовладувале во тинитската уметност. Гробот е обично споменик во облик на клупа, тв. мастаба. Се прави со нагомилување камења кои ги држат ѕидовите од шупли цигли. Испод него е подрумот во кого се најдува мртовецот, богато снабден со подвижен имот. Се зачувале само камените вази и накит.Уз таа градевина, оивичена со ниска ограда, се најдува и стели со име на покојникот, кои понатаму служат и како жртвеник. Гробовите на владетелите се разликуваат од гробовите на високите чиновници само по големина (до 85 м должина во Нагади), клетки во кои се најдуваат телата на жртвуваните послуги. Стелата на Кралот-Змија веќе покажува совршенство во шематизацијата карактеристична за египетската уметност.

Тинитските кралеви се прикажани како синови и видливи облици на боженства со разни имиња, па како такви се обдарени со магиска моќ да обезбедуваат плодност на на полињата. Целиот Египет е во служба на тоа живо боженство: селаните, занаетчиите, свештениците, книжевниците. Владетелот, едини сопственик на земјиштето, им отстапува на храмовите и нивните свештеници земја од која живеат боговите. Во останатото, кралската администрација ги снабдува земјоделците со семе за сетва, ја насобира во складиште зрнестата храна, маслото и виното за потоа би го делела на населението. На ист надзор се подвргнуваат сточарите, кои биле многу сè до II милениум, како и занаетчиите, кои со своите работи ги полнат кралските магацини. Дворската администрација испраќала едрењаци до сириската лука Библос, верен сојузник на Египет, по стока од дрво, а во Пунт (една земја на југ на Црвеното Море) по темјан. Да би се дошло до благото, освен по пат на трговија, се превземале оружени походи во соседните сиромашки земји (на Либијците и Кушитите во Нубија), заради плачкање добиток и робови, а ги експлотирале и синајските

рудници и каменоломите (малахит и бакар), како и арапската пустиња (тврд камен и злато).Најпосле, да би се обезбедиле рудни жици на злато од Киш (Нубија), хорусите со оружени сили ја освоиле долината Нил сè до третиот катаракт.

Старо царство (2700- 2185). Сè подолги и подлоги списоци на споменици една сложена архитектура, големи вајарски дела и фрески, сведочат за напредокот на посттинската епоха. Власта Џосер (околу 2680), на вториот крал од третата династија, претставува премино доба во кого се напушта Тис заради Мемфис. Неговиот министер, учениот Имхотеп, изградил во Сакари величенствена кралска гробница од камен, како долго би траела. Ограден со долг 1600 м се опашани со трем во кој се појавува првата египетска колонада, цел збир погребни светилишта каде големите Џесероци статуи треба да обезбедат посмртно постоење на овој владетел, и една ‘степенаста пирамида’ (висока 60 м) направена со слагање на мастаби една на друга. Тие се издигнуваат над кралската гробница и со својот облик претставуваат скали на кои умреле кралот качувајќи се на небо.(Сакара=скара=сахара=сагара, Р.И)

Снефру (околу 2600), основач на IV династија, дал да му изградат три пирамиди од која првата со наклон (во Дашур), достигнува висина од 104 метра. По овој нов облик во текот на целиот милениум ќе се познаваат гробниците на владетелите и нивните сродници. Во време на старото царство големата владетелска пирамида е опкружена со помали пирамниди во кои почиваат неговите блиски роднини и со мастаби на неговите дворјани. Овој последниот тип зграда постанал камен масив во кого се најдува капела и еден сердаб (дел со статуи кои го претставуваат покојникот). Со магиска улога на ‘камените слики’ се објаснува појавата на вајарството во кое се разликуваат две настојувања: спрема величествените фараони (Џосер, Кефрен) стојат реалистички портрети (Шеик ел-Белед), ама сите имаат ведро лице на човек кој постигнал бесмртност. Со појавата на уметноста се

користат, се разбира, и боговите, ама од нивните храмови не останало ништо

• Со религиозната ревност на Египќаните, кои сите ја очекувале од фараонот што со смртта постанува нов бог на небото, можат да се објаснат неспоредиви димензии на Кепсовата и Кефреновата (2550) градевина: пирамидата (146 и 143 м), Сфинга, погребна барка итн. Подоцна доаѓа до извесна еволуцуја во религиозниот менталитет што се исполува со стапување на престолот на V династија (околу 2480). Имено, свештенството на Хелиополис избива на прво место, па се гледа како боговите (иземено Озирис и Пта) се соединуваат со богот Ра како би ја зачувале превласта на неговото име. Кралевите градат храмови на богот на Сонцето (како оној во Абузир). Тоа е тераса на која се најдува барка од цигли (нужна за секојдевен пат на Сонцето) и еден масивен обелиск, симбол на ѕвезда. При крајот на владата на оваа династија се појавува на ѕидовите кралски гробници ‘текстови на пирамидата’ кои се синтеза на погребни обичаји вршени во чест на богот од Хелиополис. Во приватните гробници и кралски храмови сè повеќе се фрески и обоени барелјеви. Овие дела на магијско значење претставуваат живописни слики од секојдневниот живот, а нарочито погребни и религиозни ритуал. Во исто доба се шири обичајот покрај покојникот да се поставаат статуети на неговите слуги.

Оваа снажна уметничка активност, во добата на III династија, е резултат на демографскиот и економскиот полет на Египет, како и сè поголема управна власт.

Веќе Снефру морал да создаде положба тати (поглавар) и да ја појача власта н номарх (управител на нома). Наскоро сите владетели роднини и високи чиновници постанале аристократија, која добива право на наследство на положбата и земјата која кралот имј ја поклонил. Кралевиот углед е нешто смален со тоа што овие големци стекнале право едино хорус. При крајот на

владеењето на VI династија племството нома ја користи староста на Пепиј II (кој владеел 94 години!) и ја присвојува власта, додека Кушитите подигнуваат буна, а Азијатите ја плачкаат Делтата.

Прв период на меѓувласт (2185- 2040). Една побуна ја ојачала владеечката класа. Право на погребен ритуал го присвоиле сите оние кои себе можеле да си дозволат толкав издаток. Египет се распарчил во кнежевини кои се борат за превласт и чии управувачи понекогаш ја земаат кралската титула (VII, VIII, IX и X династија). Потоа XI династија повово ја обединува земјата (2040).

След несреќа која ја донел периодот на анархија наскоро се зажалило за мемфиската монархија. Египќаните, строго конзервативци, од сега стално ќе се сеќаваат на старото царство, неговите верски обреди и правила на неговата уметност".

Се наведува сè по ред за да се потврди, Белците имале едно те исто потекло.

*„Села и тврдини во Анадолија, на Кипар и на брегот на Егејско Море (VIIIIIмилениум)*

Анадолија, богата со руди. Ова масивно полуострово има голема надморска висина и сложен релјев со голем број заострени улегнувања. Во неговите котлини полни со езера и неговите долини знатно повлажни отколку што се денес, рано преминале на еволуција која води кон неолит. Керамиката (VIII милениум) и бакарните украси (VII милениум) когакога му претходат на земјоделието. Ама од 6500 слојот VI во Чатал-Хијуг веќе покажува едно градче а во едно од неговите шест светилишта има и камени статуи. Анадолците од неолитското и халколитското доба знаеле за светите предмети и технички достигнувања, кои на Запад ќе бидат широко разгранети под името: 'рогови на посветувања', двојна секира, мермерни идоли со геометриски облици,толоси за групно сохранување, мегарон (правоагола дворана испред која е трем со колонади и во кој се најдува огниште). Ама, веројатно поради

засушување, Анадолија не го надминала стадиумот на села и нејзините жители постанувaат номади. Час наездите ја разорувале месната цивилизација, час Анадолците со преселувањето ја носеле својата култура во Киликија, на Кипар, на островите на Егејското Море и на Балканскиот Полуостров. Во III милениум се подигнува сѐ повеќе тврдини чии господари ја контролираат трговијата између Месопотамија и Египет и за чие значење ни сведочи убавината и количината на откриениот накит и предмети за ритуал. Во Аласи, Хорозтепен,Махматлару се пронајдени владетелски гробови, а во Троја II (друга населба на место кое го носи тоа легендарно име), Полиохни и Бејсесултану наидуваме на ризници закопани во време на овие наезди кои стално ја заплускуваат Анадолија. Од друга страна, пак, од текстовите пишани со клинасто писмо дознаваме дека во III милениум месопотамските трговци доаѓале по метали во ‘сребрената земја’ (Хати), во базенот на реката Халис, и дека акадските кралеви (околу 2300- 2200) интервенирале како би ги заштитиле од домашните владетели.

Кипар, острово на бакарот. [14] Ова острово го населиле Анадолци и Сиријци кои ги привлекувале неговата земја и шуми. Од 5700. година во наоѓалиштето Хирохитија постоело село со округли камени куќи. Ама после тој технички напредок е мошне спор. Изгледа дека бакарната руда на ова острово е пронајдено средината на III милениум, во време на новиот прилив на Анадолците.

Пристаништа на егејскиот брег. Од почетокот на неолитот колона трговци преминуваат од Азија во Европа преку Крит, преку Килкадските Острова, Босфорот и Дарданелите, Сиријците, а нарочито Анадолците, пловат на запад покрај брегот на Средоземно Море. Така на егејските острова и хеленскиот полуостров се создава егејска култура, сродна на малоазиската.

[14] Кипар=ки ар; Купар=куп ар: кип=куп од бакар; ар=ар- Купар=купр + ум = купрум (бакар).

Крит, единствен во Егејско Море по своите шуми и плодното земјиште, ги привлекува источњаците, на кои радо им се припишуваат разни технички пронајдоци: земјоделство (во VII милениум). Тек во старито минојско доба (викано по Минос, легендарниот критски крал), се создава оригинална цивилизација на ова острово. Во старото минојско доба I-II (2600-2200), големото семејство, кое се бави со поморска трговија, подигнува толоси и вистински елегантни предмети (печени керамики, вазни од жиличесто ишарен камен, печати од стеатити или слоновача)".

Островот Крит бил дел на Левантот, како и сите околни левантски простори.

„Иако територијално скучени, мали Кикладските острова се значајни по својата положба во Егејско Море и со рудното благо: мрамор, злато, сребро, бакар, опсидијан од Мелос (од кој се најдобри алатките од неолитското доба). Археологијата, која едвај го открила неолитот во овој архипелаг, можело, напротив, за кикладската цивилизација (III милениум) да се рече: островјаните во овие егејски пристаништа продавале вазни, мраморни идоли со геометриски облици и драгоцен опсидијан.

Хеленско полуострово.[15] Овде земјоделскиот живот настанува мошне рано (VII милениум), во условите знатно другчие отколку што се денешните. Во она доба, сите планини, кои захтеваат поголем дел земјиште, биле шумовити. Долините и увалите се под бари или езера. Од Македонија до Пелопонез скоро секаде се појавуваат села чии градители се служат прво се со облепен плетар, а потоа со набој и цигли, а темелите се од крт камен. Извесни стилови на керамика, камени печати, мегарон говорат за трговски врски со Азија, ако не и од наезди. Можда е прашање на некоја миграција од Анадолија, која довела до културен развој на стара Елада (2500- 2000). Се шири употребата на бакарот, се

---

[15] Балканот не бил хеленски, туку македонски- Македонски Полуостров до 1808 година пред Цојне.

подигнуваат градови, па дури и палати (Лерна во Агролида). Се установуваат ризници.

Археологијата, која тек открила временска предност на цивилизацијата на Анадолија и егејските подрачја, уште секогаш мора да се врши истражување како точно би го одредила уделот на Блискиот Исток во постанок на тие култури.

*Мезолит и распространување на неолитот на запад (IX- III милениум)*

Рибари и ловци. На почетокот на меѓуледената доба (IX милениум), северниот елен се повлекува на север. Ограничени на ситен дивеч, жителите на Европа го прифаќаат лакот и производи на една микролитичка алатка слична на стрела.

Благата и влажна клима го погодува ширењето на сѐ погусти шуми (борови, елки и најпосле дабови) кои го попречуваат движењето. Собирачкото стопанство тогаш постанува еден извор на храна. Нарочито влијание привлекува еволуцијата на народот Маглемоза (Данска), кој од Англија до Урал напредува спрема север, во баровита зона од која нестануваат глечеритеи настанало Северно и Балтичко Море. Тој народ извонредно се прилагодува на северната средина со пронајдување или усовршување на лакот, харпунот, јадицата и мрежата, санката со кучиња, пироги издлабени во стебло и чамци од кора на дрво или разапнатата кожа, како и алати за дрвосечење. До одлучувачки напредок кај нив дошло заблагодарувајќи на доприносот на источните народи“.

Европа не била населена. Европјаните се населиле со балкански животни (говедо, коњ, овца, коза, свиња...). Ништо немало европско што не било балканскомалоазиско. Тн.словенски чамец од трупец бил со потекло од Егејот, со свој Балкан.

„Крчители. Копнени пат. Од Македонија или Анадолија мали групи селани допираат до унгарската црница (настаната со распаѓање на степската трева). На север на Балканско Полуострово

тие ги создаваат старчевачката цивилизација (5400- 4200) која заради малите кипови и печени од глина како и прва подунавска цивилизација (V- IV милениум), од кои потекнуваат познатиот украсен мотив со меандри со спирали, и чие влијание се чуствува дури и во украинските степи и Италија.

Малите групи 'подунавци' се бават со подвижно земјоделство. Тие слегуваат од средноевропските низини и стигнуваат до Германија, Холандија и северн Франција пред 4000 година.

Во допир со нив ловците го прифаќаат земјоделскиот начин на живот. Тоа се цивилизацијата на Ресените (северно од Алпите 3300-2200) и нордиската цивилизација (јужно од Скадинавија и северна Германија 3300- 1800)".

Бидејќи за нив нема развојна етапа до постигнатиот степен, нивното потекло било од Егејот.Следи во Егејот такви градежи...има постари со своја развојна етапа.

„Средоземна бреговна пловидба. Неа ја започнале луѓето кои биле принудени непрестално да трагаат нова земја, па во својата пустоловина ги вовлекувале и домородците. Прва група морепловци која, веројатно, тргнала од северна Сирија (VI милениум) го запознаваат со земјоделство грчкото, италското, магребското и француското приморје, и пред 4000. година допираат до Керсија (пештера во Рикадур). Следна селидба викана 'шасеска' (од 'полињата' Шасеа, Соан-е-Лоар) донесува од исток поразвиена култура (IV-III милениум). Таа селидба довела до создавање населби на западните брегови на Средоземно Море, а влијаела и на прилично посусталата цивилизација на западниот неолит (северна Шпанија, западна Франција, Британските острови). Во парискиот базен селата, настанала во неолитот под влијание на струења од Средоземјето и Дунавот, доаѓа во допир со Кампињаните, ловците од давнина од Маглемоза, кои се усовршуваат во вадење и обработување на кремен".

Први населници низ ненаселена Европа било по потрага на рудно богатство, посебно калајот- тој до 10% со бакарот се правело бронза. Ова било поради тоа што чистиот бакарен оксид недостасувал, и се јавил слој на бакарен сулфат, кој бил кршлив. Секаде, каде што имало рудно богатство, прво се вадела рудата и се носела да се топи во Источното Средоземие.А подоцна се топело во близина на рудниците.

„Металургија и трговија (III милениум). Од допир со Егејците се родува во централна Европа друга подунавска цивилизација (II), која ги искористува наоѓалиштата на бакар на тоа подрачие и своите металуршки производи ги разменуваат за килибар од брегот на Балтикот. Со поморските патишта трговците малку- помалку пренесуваат килибар, тврди камења (липарит од еолските острови) а нарочито метали (злато, бакар, калај) кои тогаш во Европа има во многу помали наоѓалишта, од кои ќе се снабдеваат мошне напредната и мошне активна металургија на Исток.

Мегатилизам. Некои веруваат дека морнарите сами, без посредници, долж брегот, оделе по бакар во Шпанија, или по амброт во Данска. Денес на ‘мисионерите’ од Исток им се припишува ширењето на мегалитите кои во Европа се најдуваат покрај брегот, а настанале између 3400. и 1400. години. Ама датумите на сириjските мегалоти, за кои се мисли дека служеле како вистински модели, недавно се исправени (почеток на II милениум, а не VI или VII). Изгледа дека е попаметно да се разликуваат мегалитските покраини и да се говори за конвергенции (феномен спрема кој народите без меѓусебни односи доаѓаат до ист културен стадиум, до исти верувања и уметнички облици). Во останатото, сите се сложуваат кога е збор за признавање на автохтониот карактер на првите монументални гробници од неолитот. Мртовците се ставани испод дрвените градежи, или во камена циста која ги прекривала поединечно или заеднички тумулите (гробови од Сен-Мишел до Карнак, IV милениум; Лонг Бароус во Англија, III милениум).

Првите долмени се појавуваат во Бретања (острово Карн, 3300) и во јужна Шпанија (3100), потоа во Холандија (2600), и во северна Германија (2400) и на Британските острови (2200). Покрај овој тип, во средоземните области се подигнува камени храмови (Малта, 2700), толоси (Полатлија, Анадолија, III милениум;

Крит, III милениум; Лос Миларес покраина Алмерија, 2400).

Европа во неолитското доба и понатаму заостанува зад Истокот во поглед на техниката. Истокот неа ја научил во техниката. Ама било потребно да дојде до создавање на значајни општествени и верски организации како жителите на малите европски села би можеле да изградат гробови и долмени“.

Ненаселена Европа била населена само од најстарото Источно Средоземје.

*„Степи и шуми на Евроазија пред II милениум*

‘Земја на трева’. Во меѓуледеното доба,степата, кои се протегале од долниот тек на Дунав до Манџурија, долго била богата со риба и дивеч. Палеолитот тука трае сѐ додека ‘Подунавците’, Анадолците и Иранците не ги населиле степските жители на земјоделие, керамика и металургија. Овие тоа го пренесуваат понатаму на жителите на северните шуми, од кои природно се прилично оддалечени. Денешната руска рамница напредувала побрзо заблагодарувајќи на умерената континентална клима. Подунавците го донеле земјоделието во областите богати со црница.

Земјоделството 4200. година се појавува на северот Романија, потоа се шири до Днјепар. Тоа е подрачје на триполската цивилизација, која ја прифаќа ралицата и бакарното орудие и ја пренесува керамиката на соседните народи, на ловците и рибарите. После 2500-та година жителите на понтските степи околу Црно Море почнуваат да се бават со земјоделство и во неа се појавуваат

кургани(тумулоси) кои се издигаат изнад гробовите на поглаварите чии скелети се премачкани со глина.

Во западниот Сибир и Туркестан, каде климата е поoштра, напредокот не е така изразит. Само во минусинскиот базен (цивилизацијата од Афанасијева, 3000- 1600) се шири сточарството и металургијата на бакар".

Па „степските жители" биле се потекло од југот- сѐ што не се повлекло, сѐ замрзнало.И „степските жители" оттаму не потекнале- таму нема непрекинат живот.

Бидејќи крвната група А била создадена поради маласипаница, настаната од чумата на говедо, одгледувано во Левантот многу пред 15000 г.п.н.е.-таму се одгледувале житарици и мешункасти растенија-, Белците имале само Левантско потекло.

„Раскрсница Балкајско Езеро. Во оваа котлина опашана со шуми населението и понатаму се бави со риболов. Ама заблагодарувајќи на многубројните врски, овде камените алатки и керамиката, донесени од запад, се пренесува на народите во сибирските шуми и степи од Тарим до Манџурија.

Жолта земја: Кинески неолит. Зад монголските и манџурските прерии се најдува северно Кина. Таа од нив се разликува по климата (познатно потопла и повлажна отколку денес) и по тло, жолта земја или лесу, кој ветерот го нанел на зарамнината и речните тераси, и кој Жолтата река го разнела по големата рамница. Појавата на неолитот во северна Кина може сосем добро да се објасни со самите природни услови поповолни за земјоделство, и без претпоставка дека техничките пронајдоци ваму стигнале со посредство на тогаш уште заостанатиите степски народи.

Доволно било да се исушат баруштините и раскрчат честарите кои го покривале тлото и земјата морала да се награди со труд. Прво познато земјоделство се појавува во Јанг-шао (во Хо-нан).

Керамиката на таа цивилизација се најдува во кинескиот Туркестан во Шан-тонг, во мали привремени села. Потоа културата од Лонгшан (во Шан-тонг) се шири по целата голама рамница создавајќи мошне големи села оградена со дебели земјини насипи. Се познати нивните украси од жаде (со магиско значење) и коски за гатање (се ставаат во оган како спрема пуцкетањето нивно би се открила иднината). Така, додека степата била под влијание на големите жижи на цивилизацијата, северна Кина, мада со извесни закаснувања, сама ги открива техничките достигнувања на неолитското доба“.

Белците стигнале во Кина и Јапонија со крвна група А, а во Јапонија е 38% до каде стигнале Белците има градежи (пирамиди…), писмо-до островото Окинава.

*„Пацифик и Америка: голема селидба до крајот на III милениум*

Од јужна Кина до Тасманија: Во југоисточна Азија след влажната тропска клима и обилието на дивеч палеолитот долго се задржал. Ловците скитачи продолжиле да се селат на југ или на островата. До австралискиот континент (кој бил населен веќе во XV милениум) доспеал мошне мал број да би можеле да ја совладат отпорот од непријателско расположената природа и да напредуваат во една повеќето сушна сушна средина.

Ловци и рибари на североисточна Азија. Јапонското острово Хондо, со умерена клима, ја развива пред II милениум неолитската култура која спрема својата керамика е викана јомон. Ама на сибирското приморје со знатно посурова клима луѓето се бават со риболов и собирање на полжави па така и да продолжат да се селат спрема американскиот континент.

Раздвојување на американската цивилизација. Гонејќи го стадото на бизони и мамути преку Беринговиот мореуз, кој се појавил во тоа доба, сибирските ловци во Америка стигнале мошне рано.Први неоспорни траги на луѓе (југозапад на САД) достигаат во XIII

милениум. Околу VII милениум човекот веќе стигнал на крајниот југ на континентот (пештера во Патагонија).

Во меѓуледениот период (од VIII милениум) климата постанува посува те во многу области дивечот се проредува. Извесни групи на луѓе стигнуваат на север, каде после стопување на контненталниот лед настанале тундри. Другите се одлучуваат на берба на диви треви. Од VII милениум цивилизацијата Кочиз (Аризона) знае за толчник и аван за дробење на зрнастото. Во таква средина човекот пополека се приближува на земјоделскиот живот. Во областа Техуакана (Мексико, државата Пуебло), се одгледуваат тикви, овошје и грав (6700),а во V милениум почнува да се наводнува тлото, одбирање и одгледување на пченка. Подоцна (2800) е пронајдена керамика. Пченката, основа на сите претколумбиски цивилизации, позната на крајот на V милениум во Ново Мексико и во Темолипас (североисточен Мексико). На брегот на Перу рибарите и собирачите на полжави исто така поради сушата биле принудени да ја наводнуваат земјата, а потоа да одгледуваат растенија чии плодови и зрна ги јаделе. Спрема нашето сегашно знаење, најстара земјоделска група (3800) била на устието на реката Чилка (60 км јужно од Лима). Тие веќе тогаш самите ја пронашле керамиката. По угледот на нив, малите заедници на приморјето почнале да користат вода од потоците за одгледување на грав, тикви, бундеви и памук, од чии влакна изработувале мрежи и ткаенини. На крајот на III милениум овие огромни простори околу Пацификот и американскиот континент уште секогаш мошне ретко се населени, што го кочи техничкиот напредок на населението“.

Монголските Индијанци имале блиска ДНК на Кореа и Тајван, а мумиите на Белци крвната група А. За крвната група А да се појави било неопходно говедото, сродно на бизонот. Секаде каде што има крвната група А, таму стигнале Белците. А и во Америка со градежи (пирамиди...), хиероглифи, пелазгиско (тн.грчко) писмо...

# ЦИВИЛИЗАЦИИ НА ИСТОЧНОТО СРЕДОЗЕМИЕ

## Бронзено доба (2300- 1200)

*„Почеток на сеопштата селидба (крајот на III милениум)*

Овие селидби ни се добро познати само на Исток каде пишаните споменици не обавестуваат за тоа кои биле освојувачи. На други места тоа се безимени варвари за кои останало траги само во наслагите на пепелта со што се завршува дотичниот културен слој.

Луѓето од пустињите. Тие доаѓаат од областите на Арапското Полуострово, повремено погодени со страшната суша, од кои овие пастири бегаат. На крајот на III милениум западните Семити (или Аморејци) ја освојуваат Сирија, на која го наметнуваат својот јазик, и Месопотамија, каде основаат ново кралство. После тој жесток потрес настанува споро продирање на нови пастири, кои, кога год можат, постануваат плачкаши.

Луѓе од степите и шумите. Бидејќи тек недавно доспеале до стадиумот на земјоделски начин на живот, тие луѓе уште секогаш не се врзани за тлото, кое брзо се исцрпува. Тие радо ја напуштаат својата земја и, бидејќи се на ист степен како и нивните соседи, селидбата расте како грутка снег. Често на ‘индоевропските’ народи им се припишува одлучувачка улога во освојувањата кои ги извеле народите од северот. Нивните јазици, кои несомнено се сродни, се појавуваат на широките простори на Европа и Азија во текот на периодот на освојувањата, то ест II и I милениум. Се дошло до заклучокот дека народите кои се раселиле на сите четири страни на светот. Таа појава, без сумливост, не е така едноставна па ни нејзиниот историски развој не е утаначен.

Народот кој во црноморските степи ги градел тумулусите, се дигнувал во војни походи кои го пустошат Балканот на крајот на III милениум. Неговите луѓе, или бар нивните технички производи (керамика со втисната узица, секира за борба) допираат тогаш до

Рајна и Данска. Секако постои некоја врска меѓу тие безимени групи и Индоевропјани (Грци и Ливијци), кои, поминувајќи западно од Црно Море, ја заземаат западна Анадолија и хеленското полуострово. Хетите, исто така со индоевропски јазик, кои продреле во источна Анадолија околу 2000. година веројатно дошле од Истокот. Може да биде дека притисокот на степските народи предизвикал селидба на соседните планинци меѓу 2160. и 2070. година. Хуритите, излегувајќи од Кудистан, го породолжуваат своето продирање и на почетокот на II милениум стигаат во Елам, Киликија и во северна Сирија, каде луѓето се запознале со своите боженства (Тешуб, бог на олујата; Хепет, божица на Сонцето).

Освојачите од крајот на III милениум ја пустошат Европа и егејскиот свет, ама на густо населениот Исток воглавно морале да се задоволат со наметнување на владетелските групички.

*Египет и Африка во доба на средното царство (2040- 1778)*

После анархијата настанатала пропаст на старото царство, Ментухотеп I (XI династија), кралот на тебанската номи, повово го обединува Египет, заведува ред и ја подигнува благосостојбата. Мада новата цивилизација ја породолжува цивилизацијата на старото царство, новите фараони, со потекло од Теба, покажуваат војнички дух до тогаш непознат на брегот на Нил.

Монархија и египетско општество. Воспоставување на монархија. Потребно е извесно време да би се воспоставила кралската власт. Власта на номарките, кои  на крајот на старото царство постанале независни, за време на Ментухотеп I била сосем ограничена,потоа поново воспоставена за време на Аменхемат I (Аменемес I, 1991-1962), основачи на XII династија, и од тогаш малку-помалку постанува наследна. Сега ојачала, монархијата мора да води сметка за јавното мнение. Владетелот, кој треба да дели правда и казнува, ја ограниизира својата пропаганда користејќи го развојот на литературата до што дошло во матниот период на меѓувластието.

Кралската поука на синот, Сатирата за занаетите, која ја редиговал некој писар поносен на своето звање, Авантура Синухеа, делата се прожети со длабока љубов спрема законите. Како и за време на старото царство монархијата покушува да влијае на верата и со неа се користи. Антеф (XI династија) го поставил над својата земја Озирис (со потекло од Делта) во Абид, кој постанува центар на еден култ чие значење стално расте. Амон од Карнак, боженство на тебанската нома со овнови рогови или перја во косата, се спојува со Ра, со богот Сонце од Хелиопилис и ќе остане во текот на целиот милениум господар на Египет.

Техниката и уметноста не пружаат така многу новини. Металургијата на бронза се шири во долината на Нил мошне споро. Заблагодарувајќи на големите работи, малку- помалку се шири културата во Фајум, омилена резиденција на кралевите на XII династија. Хорусите подигнуваат пирамиди од одломци и варовни тесаници. Масивниот камен изгледа дека е резервиран за подигање на храмови, кои денес всушност повеќе не постојат. Уметноста на средното царство нарочито е позната по сјајниот накит на принцезите и по кралските статуи кои владетелите ги идеализираат или,пак, по извонредните нивни потрети (Сенусрет [Сесострис] III, Аменхемат III). Големците од Горен Египет градат хипогеи (гробови издлабени во стени, се состојат од еден ходник и едно окно кое води во гробницата). На крајот на старото царство се појавуваат новини: саргофаг од дрво со текстови наменети на Озирис, дрвени статуи кои претставуваат слуги, маски на лицето на мумијата и нарочито скараби- печат-амајлија кои ќе имаат вонреден успех, и се употртебуваат во многу земји на Истокот.

Војни и освојувања. Да би ги предупредиле упадите на номадите и редовно да би ги искористувале каменоломите и рудниците во пустињите, кралевите на средното царство заводуваат стална војска за која не знаеле нивните претходници. Таа потоа ќе послужи за освојување на кралството Куша, кое настанало во Нубија. После одлучната победа на Сенусрет III (1878-1843),

каравани магариња кои доаѓаат од рудниците и пловидбите уживаат потполна сигурност која ја обезбедуваат четиринаесет тврдини (како што тие во Бухен и Моргис, недавно се откопани).

Напротив, политиката на тебанските владетели спрема Азија мошне малку е позната.Една војна на тлото на Азија, за која постојат докази, ја водел Сенусрет III кога ги гонел номадите и ги освоил богатите полиња на Сирија. Ама предметите на египетската уметност, која ја заветовале чиновниците или Хорусовите вазали во Угарит, Библос, Катни и Мегидон, покажуваат дека политичкото влијание на Египет се ширело.

Други период на меѓувластие (1778-1557). Оваа епоха, мошне слабо позната, почнува со XIII династија (тебанска) која мошне брзо мора да ја напушти Нубија и да ја дели својата власт со XIV династија (од Ксоис во западната Делта). Хиксите (‘страни кнежеви’), Сиријци, го основаат кралството Аварис (XV и XVI династија), во источната Делта, и околу 1670. го завршуваат освојувањето на долината Нил. Во преданието на Египќаните тие ќе останат мрски господари.(Авар=а вар-варвар,Р.И) На средното царство давало снага само енергијата на неговите кралеви. Неговиот трагичен крај ја разоткрива пасивноста на народите и себичноста на високите чиновници, кои не се придржувале на моралните поуки на званичната литература“.

Бидејќи коњот во Сирија бил бригиски, Хиксите биле Бриги со свои говеда, кои ги влечат погребалните коли на фараоните, но не египетски со рогови напред.

*„Обединување на Месопотамија од III династија од Ур до I династија од Вавилон*

Крајот Гута. Кралство на Ур (2065- 1956). Варварите Гути, кои дошле од Заргос и ја наметнале својата власт на Месопотамија, ги протерал Сумерецот Етухегал, крал на Урук (2070). Нешто подоцна превласта ја добива Ур за време на III месна династија.

Основач на таа династија е Ур-Нам, чија држава наскоро се проширува до Елам и северна Сирија. Во градовите се подигнуваат величествени споменици во кои техничкото совршенство на Акадците ќе се спои со традиционалното надахнување на Сумерците. Бирократијата на дворот (организиран по угледот на храм) ги надгледува грижливо и светилиштата, и старешините и заповедниците,кои зависат од Ур. Воспоставената безбедност допринесува на економскиот развој, со кој управува храмот на богот Нан (или Син, бог Месец, заштитник на престолницата). Господари на светото богатство, владетелите на градот, подигнуваат светилиште во Сумер и ја разубавуваат својата престолнина. Во Ур тие во чест на богот Нан подигнуваат еден свет град кој опфаќа зигурат (чија основа 75 x 40 м а висина до 19 м), храмови, палати, споменик во кого кралевите изградиле одаја за својот иден живот. Кнежеството Лагаш, со кое управува Гудеј (околу 2015- 1990), еден од најмоќните урски вазали, исто така е уметнички центар. Намесникот, чии натписи изразуваат побожност, подигнува петнаесет светилишта, полни со убави статуи кои стално би требало да се молат за животот на Гудеј. (Вар + вар = варвар, Р.И.)

Третата урска династија, која против номадите плачкаши водела многу превентивни походи,пропаднала под udари на сојузот на Семитите и Еламитите (1956). Епоха Изин-Ларс. Борба за превласт (XX-VII век). Во градовите на Месопотамија се појавуваат династии кои повеќето водат потекло од еден западен Семит.

Сите тие, а нарочито династијата од Изина и Ларса, настојувала да го наследи урското кралство, кое само што нестанало. Западните Семити, неписмени војници, аскоро го освојуваат акадскиот јазик, кој постанува званичен. Сумерската ренесанса под III урска династија ја зафатила само малкубројната интелигенција. Сумерскиот народ, кој веќе почнал да изчезнува преплавен со сталеn прилив на Семитите, најпосле се стопил со нив. Ама сумерскиот јазик ипак сѐ тоа ќе го надживее, оти тек со помош на

него постанува пристапна и разбирлива цела ризница на обреди, митови и технички достигнувања“.

Сумерскиот бил јазик на Белци, а семитскиот на Црнци. Следи прифаќање на акадски јазик, а Акадците биле Црнци, со прилив на Црнци, до дворасни јазици.

„Непресталните борби за превласт во Месопотамија не го спречиле интелектуалниот и техничкиот напредок. Со дешифровањето на безбројните сумерски таблици од Нипур, што одело споро поради тешкотијата во толкувањето, се добиени текстови разни видови (епови, митови, химни, книги на мудрости, спискови, поучни расправи). Во тие текстови од периодот на Изин-Ларс, Сумер ја открива својата чудесна поетска машта. Преку епот, а нарочито митовите, ја запознаваме сумерската религија. Магиската моќ на зборови, боговите кои од луѓето се разликуваат само со бесмртност, космогонијата која покажува дека боговите се создавачи на материјата, а нарочито проблемот на несовладивата смрт и злото кои го напаѓаат праведникот, тоа се елементи на сумерската религија. Последна тема го инспирирала големиот еп за Гилгамеш. Тој davoručки крал, чија снага им пркоси на луѓето и боговите, останува запрепастена со смртта на својот пријател Енкиду. Тој ја довикува душата на својот другар кој му го опишува пеколот како одаја полна со прашина и темнина (разбирлива е реткоста на надгробните споменици во Месопотамија). Гилгамеш оди на крајот на светот да го најде Зиусурд, кој го преживеал потопот и кого боговите го направиле бесмртни. Месопотамскиот Ное му ја покажува на јунакот билката која дава бесмртност, ама змијата му ја украде на Гилгамеш; човекот може да биде среќен само на Земјата.

Науката. Во ова доба науката исто така напредува. Акадските таблици најдени во кралството Ешун покажува дека Семитите, како ученици на Сумерите, имале несумливо повеќе научен дух отколку што обично им се припишува на жителите на стариот

Исток. Писарите XVIII век пред н.е. се користи со Евклидовата пустоловина и Питагорината теорема и умеат да ги израчунаат страните на правоаголникот ако им е позната неговата површина и дијагоналата. Напредокот во Месопотамија во геометријата и астрономијата (Зодијак; делба на денот на часови, минути и секунди; поделба на кругот на 360 степени) се објаснува со пронаоѓање на прецизни вредности на броевите, до кои дошле Сумерите.

Стопански развиток. Тој развиток е дело на трговци, кои постанале капиталистички (тамкарум) кога се ослободиле од туторството на храмовите. Занаетчиите пронајдуваат стакло и калап што им овозможува големо производство на глинени фигурички. Сумерските градови сносат тешки последици на опаѓање на трговијата во Персискиот Залив и загадување на земјиштето на сол до што дошло след наводнување. Централното и северното кралство, каде коњот почнува да се користи, конечно ќе почне да се бават со коњарство“.

Коњот бил балкански- тој било познат во леденото доба во Средноморието.

„Асур и Мари. Асур,град на Асирците, основан во III милениум, излегува од темнина со натпис на намесникот Пузур-Асур (околу 1835), современик на првата колонија на асирските трговци во Анадолија. Асирија постанува моќна во добата на Шамши-Адад I (1775-1721),чии дела постанале познати од документите на архивата Мари (на Еуфрат). Шамши Абад I, западен Семит, го освоил асирското кралство,а потоа го искористил убиството на кралот на градот Мари како би го дочепкал и него. Ама после неговата смрт, градот Мари му се враќа на својата династија.

Вавилон ја потчинува Асирија, и асирските трговци изчезнуваат од Анадолија.

Мари, кој го контролираат трговскиот пат за Еуфрат, постанува мошне рано град од големо значење. Бидејќи во XXIV век после страшниот пожар, е обновен, со него владеат западните Семити, кои најпосле ја присвоиле кралската титула (1775). Нивни наследник Зимри-Лим (1720- 1688) го презема градот после асирската окупација. За богатството и активноста на последниот крал на градот Мари наидуваме на објаснувањето во значењата архива (повеќе од 20000 таблици) и неговите градевини. Целиот Исток се дивел на палатите украсени со дивни фрески од кои некои ја преживеале конечната катастрофа, кога вавилонските трупи (1688) го зазеле и запалиле Мари.

Дело на Хамурабиј Вавилонски (1723-1680). Вавилон, основан во акадското доба, излегува од темнината кога Саму-Абум, западен Семит, зел и во него кралска титула (1825). Кога на престолот дошол Хамураби, оваа династија уште не остварила никакви поголеми освојувања. Оставајќи ја месопотамската држава да се исцрпува со своите замрсени војни, овој владетел, после неколку одлучни битки, ја наметнува својата власт на сите градови на големата рамница. Добар администратор, тој успева да ги стопи градовите на Сумер и Акад во една обединета држава, Вавилонија. Од тогаш неговата престолнина, нејзиниот диалект (вавилонски јазик, како локален облик на акадскиот јазик), неговите богови Мардук и Иштар- божица на плодноста и војната, немаат такмац. Ама, повеќе од овие дела на големиот крал,

потомството ќе го памти неговиот законик (кој всушност е збирка пресуди). Чуениот текст, напишан со јасен јазик ги надминува сумерските закони со висина на гледање на работите. Кралот, одговорен за редот, не може повеќе да се задоволи со бараната глоба од кривецот или со надохнада на штетата. Тој применува на нив страшна казна на талион (систем ‘око за око, заб за заб’)“.

Акадски јазик на Акадците- тие биле Црнци. Сумерите и Египтјаните Белци „Како административно и економско средиште

на државата, Вавилон поста нува град на научници, па со само тоа и интелектуална престолнина на Блискиот Исток сè до појавата на грчката наука. Вавилонците препишуваат на својот јазик дела на нипурската школа и прилагодувајќи ги семитските чуства. Така, во Песмата за создавањето, која е читана за Мардуковите празници, богот на престолнината го зазема местото на својот татко Енкиј оти ги ослободил останатите боженства и го уредил небото и земјата. Продолжувајќи го делото на Сумерите, вавилонската школа насобира запазени знаци одредени за гатање: положба на ѕвездите, изгледот на изнутрицата на жртвуваните животни, одненадежни настани на сите видови. Многубројните болештини, поради нездравото земјиште на кого живееле, наведуваат научниците од Вавилон да побарат од една страна, врачбината и чистењето на ‘кадрите’ да ги истераат демоните, узрочниците на болестите, а од друга страна, да применуваат одговорувачки медицински мерки.

Мада ова доба оставило многу таблици, нивната уметност ни е позната само преку стелите (како што е стелата на законикот), кој со својата совршеност ладност се враќаат акадските традиции.

Крај на I вавилонска династија. После Хамурабијевата смрт кралството мора да ја издржи навалата на соседните номади (Каситите од Загрос и Семитите од Сириско-арапската пустиња), а приморските земји (на устието на реката) се одвоиле.

После упадот на Хетитиот Маршил I, кој го срушил последниот претставник на династијата (1526), варварите се шират по Вавилонија.

Месопотамците, интелигентни, активни и лакоми за пари, со обединувањето со Сумерите и Акадците постигнале висок степен на цивилизација; ипак, останале на милост и немилост на своите изгладнети соседи.

*Анадолија во првата пловина на II милениум*

Настанување на Лувијската и Хетитската држава. На крајот на III милениум наездите ја опустошиле Мала Азија, па следниот период е познат само по малиот број на наоди.

Во ова доба напознато место е Бејчесултан, престолница на Арзава, држава на Лувијците (индоевропски освојувачи) кои се споменуваат во хетитските архиви.

Во V слој (1900- 1750) е откриена една палата значајна по уредите за згревање со топол воздух и по ѕидните украси.

Во Килтеп се откопани два мошне богати наоѓалишта: градот Канеж и испоставата на асирските и западно-семитските трговци.Тука се најдени бронзени предмети, убава керамика, печати со сложен стил, а нарочито на десетина илјади чуени кападокиски плочки (базен Халиса). Писателите на овие текстови, месопотамски трговци од XIX и XVIII век, увезувале од Месопотамија ткаенини и калај, а испраќале во својата земја од Анадолија злато, сребро, бакар и олово. Во градовите на Кападокија тие воспоставувале врска со домородците (Хатиените) и освојувачите Индоевропјани.

Индоевропјаните подоцна ќе се стопат со Хатиените чие и име ќе го земе (да би ги разликувале, ние им даваме на новите придојденци и жители на анадолското царство во II милениум името Хетити). Најугледно место во Анадолија припаѓа на династијата од Хатуша (денешен Богазкоја), старо Хетитско Царство (1650- 1450).

Оваа династија доаѓа во судир со соседните кнежества и со Хуритите кои продираат на запад. Муршил I, кралот од Хатуша, го освојува кралството Алепо и оди да го плачка Вавилон (1526). Ама после погубувањето на тој освојувач настанале династички борби кои го упропастиле царството.

Под индоевропските освојувачи Анадолија не оди понатаму од осредно нивоа на општественото уредување, како што тоа ни го

покажува чинителот дека го напуштиле писмото кога си отишле месопотамските трговци (околу 1650).

*Сирија, Кипар и Егејската област: цивилизацијата на големите трговии во првата половина на II милениум*

Сообраќајот е значаен само во источното Средоземје каде бродовите ги поврзуваат егејскиот, сиријскиот и егејскиот брег на кого пристигаат караваните од внатрешноста.

Сиријска раскрсница. Од навала на западните Семити до египетското освојување (XXII-XV век). Наездата од западните Семити заправо ја обновила владеачката класа. Областа стално расцепкана на мали независни градови кои непрестално ги утврдуваат неопходните ѕидини. Палатите се помногубројни, ама пишаните споменици ретки. Политичката расцепканост го погодува империјализмот на големите соседни држави. Сирија прво е под протекторатот на III урска династија (XXI век) што се чуствува и во Катни која подигнува храм на сумерската божица Нинегал, а после тоа е под власта на средното египетско царство чиј стил влијае на уметниците во Библос. Во XVII век господарите на големите сириски градови (Алепо, Катне, Хазор) основаат вистинско кралство потчинувајќи ги под себе соседните градови, додека на југ се појавува војна снага Хикси (околу 1730- 1550) кои ќе завладеат со Египет.

Сиријските градови ги усвојуваат и сите иностранни новини а нивните занаетчии добро се познати по своето мајсторство во техниката и металургијата. Ама нешто оригинално може да се најде кај слабо развиените народи кои во тоа доба подигнуваат сè повеќе долмени во краиштата кои се граничат со пустината.

Развој на градовите на Кипар. Во градовите се појавува големо богатство со нагомилано со трговијата. Преку луката Алашија (денес Енкоми) се испраќа керамика и дрво од островото, а нарочито бакарни шипки,радо барани на целиот Исток.

Кипарските вази ја изразуваат уметничката синтеза на страните влијанија.

Критските палати (стара миноска III и средна миноска култура, 2200- 1580).

Првите чекори и откритија во егејскиот свет донесуваат само претпоставки, недешифровани писма, текстови кои обесхрабруваат, наоѓалиште на богатства на кои не може да им се одреди староста, цела една археолошка целина за која човек залудно бара начин како да се вклопи во големиот сплет легенди на Грција од I милениум пред н.е.(Манес=Монес=Минес+ки=Мине[в]ски македонски презимиња, Р.И.)

Околу 2200. година критската цивилизација доживува нагол успон заблагодарувајќи на влијанието, ако не и доселувањето на Анадолци. На богатите полиња во средина на островите се развиваат градови, бронзената металургија се шири, критските морнари продаваат печати, накит, ‘керамика од Камареса’- во Арголида, на Кипар, во Сирија, каде овие сјајни производи мошне се ценети. Околу 2000. Се појавуваат палати во Кносос, Фаистос и Малиј. Секаква палата се состои од едно средишно двориште свртено во правец север- југ околу кое се редат групи на поедини згради изградени без обѕир на симетрија, освен на западната страна, каде над една еспланда се истакнува монументална фасада. Портиците и кипарските столбови, чија основа е тенка од врвот, оставајќи впечаток со леснотија. Археолозите препознаваат капели, дворани за прием, приватни одаји, работилници,дуќани и архиви.

Овие двете последни категории, со своите огромни крчази и глинени таблици сушени на сонце, не оставаат место на никаква сумливост. Писмото најпрво е употребувано на печатите (хиероглифи А и Б), потоа на плочките на инвентарите (хиероглиф

Б; линарно А), ама ни еден од овие графички системи уште не е разјаснет. [16]

Треба значи да се испитаат уметничките достигнувања да би сознале нешто за општественото и религиското уредување. До угледувањето на големите кралства дошло во оваа физичка и духовна средина која во многу се разликува од Истокот.

Крит нема поединечни монументални гробови, а кралот нигде не претставен поголем од останатите луѓе. Изгледа дека палатите им припаѓаат на боженствата кои во нив се е сместено своето свештенство, обавезно да го врши култот и да води месна економија. Религијата е исто така мошне оригинална: нема храмови, туку постојат само скромни капели, олтарти под отворено небо, крипти и свети пештери. Нема идоли. Божицата-мајка за чие постоење сведочат печатите воопшто не паѓаат в очи.

Наидуваме само на предмети кои припаѓаат на боженство или на обредни предмети: на столбовите, двојни секири, штитовите со осум аглови на ‘рогови’. Во извесни обреди битна улога имаат жените, и тоа им дава изузетна слобода.

Околу 1700. населените места се порушени (веројатно од земјотрес), ама палатите се поправуваат и украсуваат доста брзо (средната миноска доба III, 1700- 1580). Се усовршува општиот план, удобноста и хигиенските уреди. Ѕидовите почнуваат да се украсуваат со мали фрески. Ископините од крајот на овој период не запознаваат со аристократски куќи соградени околу палатите во Кносос, со резиденции управувачи сместени сред полето, со градови чии куќи збиени долж на улиците на падините. Критските поморци, кои морале да го напуштат источниот пазар, оти постанало плен на наезди, ги продаваат своите производи по сите градови на егејската област“.

[16] Сѐ од тн.словенски автори е одгонетнато, како и јазикот на Етрурците-Европјаните не прифаќаат.

Крит бил дел на Левантот, кој бил потопен со морска вода сосе населби итн.

„Приморски тврдини (Троја и Киклади), Градчина на Хеленското Полуострово (XXII-XVI век). Селидбите се завршени. Крајот околу Босфорот и Дарданелите поново постанува важен. Троја VI [17] (1900-1300) е голем утврден град, населен со занаетчии и поморци. Напротив Кикладите, лишени со земјоделски извори, повеќе не напредуваат туку подигнуваат тврдини кои сведочат за новата опасност.

Килкадската уметност паѓа во засенок пред уметноста на Минојците. Најпосле хеленското полуострово ни се чини како да е потполно лишено од оригиналната култура. Наглиот развој на керамиката не наведува на мисла дека околу 2000. Година се случило некоја инвазија (Грци ? Лувијци ?). Во секој случај цивилизацијата е во повлекување, сè додека поново не ги воспоставиле односите со Крит, кои биле прекинати између 2000. и 1600. година.

Сред еден војнички свет- егејските варвари,големите освојувачи на Истокот.

Сирија и Крит се истакнуваат со доприносите на трговијата и минорните уметности, ама сириjските тврдини претставуваат чуден контраст на палатите на Минојците кои се без икаква одбрана.

*Нов притисок на народите од северод (XVIII- XV век)*

Движењата во овој период кои потекнуваат од степите а кои ги предизвикале Индоевропјаните подобро ни се познати отколку претходните наезди.

---

[17] Шести град подигнат на местото Троја.

Селидби во областите без писмо. Харапи и Мохенџо-Даро се напуштени околу 1700. После краткиот период на опаѓање, индиската цивилизација умира не доживувајќи еволуција. Ваков крај треба повеќе да му се припише на брзото засушување на климата и катастрофалните поплави, што настапило след брзото крчење на шумите во долините на горен Инд, отколку на каква наезда. Харапените, веројатно, брзо ќе ги утврдат своите пословници во Гуџерат, кои сè до 1000. ќе чуват елементи на големата цивилизација. Наскоро долината Инд ја освоиле народите со мошне низок културен степен.

Ништо не не овластува во овие придојденци да ги препознаеме Аријевците (Индоевропјани кои во I милениум пред н.е. ќе го населуваат Иран и Индија). Тие како што изгледа уште секогаш се близу до Месопотамија, во која во тоа доба донекаде продреле".

Бидејќи во Индија живееле две раси, темната и белата, биолошки не било можно од исти простори да потекнат двете раси. Следи белата раса се преселила од Запад кон Исток, а темната раса од Индија кон Запад. Да не се изуми, индискиот бивол [18] до новата ера доспеал до Месопотамија.Па немало никакви Индоевропјани.

„Наезда на Исток. Аристократски групи, од кои некои говореле со индоевропски јазик, образувале војничка каста која доведува талкачи од Блискиот Исток и подјаремени народи. На тој начин се објаснува на краткотрајната појава на групата Хикси и јачењето на старите народи како што се Хуритите и Каситите".

Следи белата раса од Запад се селела кон Истокот, а темната со обратен тек.

„Превласт на Хикситe во Египет (1720-1557). Овие варвари освојувачи, кои го основале првото кралство во Аварис (1720), го

[18] Како што биволот бил монголско-индиско-црнечки, Монголите, Индијците и Црнците имале заедничко потекло од пред да постојат контненти: јужна Африка била споена со Индија- иста основа.

искористиле слабеењето на египетската монархија (втор период на меѓувластие) и ја освоиле целата долина на Нил (околу 1670).

Ние ги познаваме мошне малку, оти нивната превласт Египќаните ја сметаат како национална срамота, па затоа, после претерувањето на тие странци, избегнуваат за нив да говорат. Знаеме само толку дека Манетон нивниот успех го објаснува со војна организација и дека ги оптужува поради варварство и скврнавење на светињите. Скарабеји на Хиксите, кои во тоа време се најдуваат во Египет и Сирија, содржат кралски имиња страни на египетскиот јазик и повеќето семитски.

Хиксите значи биле мешовито население кое, организирано во војни кланови, тргнало од Сирија и го освоило Египет, што претпоставувало противудар со војни потфати на фараоните на средното царство. (Варвар=вар + вар; вер-вер[ица], Р.И.)

Окупаторите, кои во долината Нил ја воведе употребата на коњот и војните коли, ја усвоиле делумно египетската култура. Нивните кралеви сега поставуваат домашни принцови на чело на поедини номи од југот; господарите на Теба водат национални војни против Азијатите. После победата на фараонот Ахмес, кој го зазел Аварис (1557) и ги протерал Хиксите во Палестина, овие победени изчезнуваат од историјата“.

Па бидејќи Хиксите во Сирија биле странци, тие вовеле свој балкански коњ.

„Доаѓање на Каситите во Месопотамија. Овие варвари од Загрос долго покушувале да го заземат Вавилон. Тие ја искористиле анархијата настанатата поради упадот на Хетитите во престолнината и изчезнувањето на I вавилонска династија (1526). Нивните кралеви го освојуваат Сумер и Акад, Асур и Елам и приморските земји и основаат вавилонско кралство, Кардунијаш, кое ќе трае до 1154.

Каситите, кои ги почитувале ариските богови, сигурно ги организирал некој индоевропски клан. Овие сточари кои во долината Месопотамија ја вовеле употребата на војните коли со коњска запрега живеат во војнички заедници на големите имоти кои ги обработувале домородците. Неписмени, тие ја повериле администрацијата на својата држава на писарите со семитско потекло".

Бидејќи говедото било балканско, тие биле Балканци- касити од коњски кас. „Хуритски народ- кралство Митани. Оваа стара народна група и понатаму продира низ Месопотамија и Сирија во текот на II милениум има главна улога во мешањето на цивилизациите. Тие се прошируваат по целиот исток со употреба на коњот и војничката кола, клинестото писмо и сумерско- акадски текстови по Сирија и Анадолија. Од друга страна, хуритската култура, во строг смисол на зборот нивна, скоро ни е потполно непозната".

Се потврдува, во Сирија се пишело заеднички „сумерско-акадски текстови".

„Околу средината на II милениум хуритскиот народ го организирала и оснажила една индоевропска група која ја распознаваме по имињата на нејзините поглавици, и која основа голема држава- Митани. Таа управува со една федерација на хуритските кнежества од Загрос до Синај.

*Судир на освојувачите на Блискиот Исток, крај на Хиксите. Доаѓање на народот од морето (1557- 1200)*

Египет и митаните, надмоќни сили (XVI-XV век). Египет. • Фараоните на XVIII династија (1557- 1316) и новото царство (1557- 1085). Тоа е најсајниот период во историјата на Египет. Тебанскиот фараон кој ја ослободил земјата и на ѕидовите на храмовите прикажал обединување на својата мајка со Амон Ра, е семоќен монарх. Тој е во состојба да го искористи војничкиот дух кој кај

неговите поданици се развилво текот на страшната борба против Хиксите и да стекне колонијално царство во Нубија и Сирија. Ама монархијата од сега ќе мора да води сметка за двете нови сили- свештенството на богот Амон и војската- кои подеднакво ја делат власта и војната добивка.

Наградени се и боговите,на кои им се припишува победата над окупаторите.

Први владетели на XVIII династија се посветиле на подигнување нови храмови и обновување на старите кои ги опустошиле Хиксите. Амон, богот на Теба, завичај и престолнина на династијата, а од доба на средното царство и главниот бог на Египет, добива голем број земји и робови. Поглавицата на неговото свештенство, прв пророк, игра политичка улога, оти тој управува со интервенцијата на богот, чија статуа, движена со свештенички раце, дава пророштва, и дури го назначува новиот фараон. Оваа последна функција е од огромно значење кога настане криза околу наследството на престолот. Наследеникот на престолот мора да припаѓа на семејството на фараонот по татко и по мајка. А ако нема законски наследник, тогаш, изгледа, доаѓат на престолот незаконити синови (Тутмозис [Тутмес] I 1514- 1505; Тутмес II 1505- 1503), потоа една жена, Хатшепсут (1503- 1482), која го склонува од власта својот маж, младиот Тутмес III. Кралицата, која била нарочито заинтересирана за изградување на религиозни објекти (капели и обелисци во Карнак, храмгробница во Деир-ел-Бахари), пуштила да ја води нејзиниот тати. Кралската власт ја воспоставил Тутмес III (1482-1449), кој морал да чека Хатшепсут да умре, како би ја презел власта.

• Голема египетска војска и освојувањата. На чело на војската стоело војното племство, чиј секој член имал посебна област на работа. Војникот кој сега бил уважуван и високо ценет ќе има и корист од тој систем. Војната команда располагала со најразлични

трупи: племенска коњица со коли, со египетска пешадија, помошна пешадија од Нубија и Сирија, со флота и единица за истоварување.

Златото од Нубија било неопходно за египетската монархија, па фараоните на XVIII династија своите војни операции ги усмерила во тој правец. Кралството Куш, кое во периодот на другото меѓувластие е претворено во Бухен, е разорено, а освојувањето го завршил Тутмес I (1513), кој во Кенис- Кургу (између четвртата и петтата катарка) подигнал една стела. Огромната нубиска долина се развива по углед на Египет. Околу тврдините никнуваат мали градови кои фараоните ги украсуваат со величествени храмови. Синовите на локалните старешини, талци во Теба, се воспитуваат во почитување спрема Египет и неговите кралеви, а тоа почитување тие го пренесуваат на своите поданици.

Во страв од египетската флота, критските и кикладските поморци со поклони купуваат од фараоните правото да тргуваат по Египет. Од почетокот на XVIII династија егејската ваза и накит стигнуваат во долината Нил, каде сликарството по гробниците, покрај својата моќна традиција, се инспирира со критски стил.

После раселувањето на Хиксите, фараонот во Сирија има пред себе само рушевини на градовите и остаток на номадските племиња, ама нивниот отпор ќе ја подржува државата на Митаните која тогаш настанала на крајот на окуката на Еуфрат. Заблагодарувајќи на победата со своите претходници, Тутмес I може да подигне стела на брегот на големата река, ама Хатшепсут ќе ја евакуира целата освоена зона во Сирија. Напротив, енергичниот Тутмес III између 1481. и 1462. Извојува шестнаесетта победа во битката во Азија. Победувајќи ги домашните кнезови, тој ја поттискува големата војска на Митанија (1471) и го преминува Еуфрат, чиј источен брег го упостошил. Потоа фараонот воспоставува протекторат во Сирија. Месните мали владетели и сенати, плаќаат данок, ја зачувуваат својата власт под надѕор на египетските гарнизони кои окупирале мал број стратегиски важни точки.

Спокојството на покраините е обезбедено со мир склучен под Тутмес IV (околу 1420). Државата на Митаните, која ја задржала само областа близу на Еуфрат, ја препушта на Египет остатокот на Сирија.

Никогаш Египет не бил толку отворен на страно влијание. Сиријскиот трговци донесуваат на брегот на Нил вино, масло, вази и дрво од своите земји. Египќаните освојуваат понекогаш сиријско божество и сириjски технички производи (песочен сат шадуф) додека сиријското знаетчиство шири на останатиот дел на Исток декоративни теми од стариот Египет.

Митаните и месопотамска држава во XV век. • Оваа држава, противник на фараоните, ни денес не ни е доволно позната, бидејќи не е пронајдена нејзината престолнина која мора да се најдувала негде во близина на Хабур. Ние само наслутуваме преку текстовите и предметите кои потекнуваат од вазалните и соседните градови (Нузи, Асур, Алалах). Државата на Митаните настанала на крајот на XVI век, како доста лабава федерација која пред египетската офанзива се простирала од Загрос до Палестина. Нејзиното население, во кое доминирала хуритската аристократија, било мошне измешано. Имињата на кралевите и понекогаш на боговите покажуваат дека превласт имало едно аријевско племе. Митанската култура, која била мошне сложена, уште секогаш ни е позната само по кралскиот печат, по архивите на акадските трговци од Нузија и по керамиката од истиот град.

• Остатокот на Месопотамија трпи поради полетот на државата на Митаните. Малата државица на богот Асур се отргнала испред превласта на Каситите тек толку да би се потчинила на превласт на Хуритите. Протераните од горна Месопотамија, каситските кралеви од Вавилонија ги умножуваат своите населби покрај Елам.Користејќи се со трговијата на големо, успеале да изградат кралски град (Мур -де-Куригалзу) и споменик на кој се доаѓа до изразување на техниката на барелјев во моделована цигла.

Триумф на Египет и религијата на Атон (до 1353). Ригорозна уметност и пракса. Наметите им овозможувале на кралевите да подигнат многу храмови, да ги наполнат со свои статуи и да ги покријат натписите во своја слава. Нарочито ни се познати градежите од Нубија и тебанските номи кои не требало да се поправат.

Нил ја дели престолнината на град на живите и град на мртвите. Источно од реката во градот на живите се издигаат куќи и палати од лесен материјал и храмови од камен. Нивниот план од оваа епоха, како што се храмовите во Карнак и Луксор, ќе служат од сега за узор. Една авенија оивичена со сфинги води до масивните врати испред кои се обелисците и столбовите за знамиња.Зад тоа е двориште со портик во кого се одржуваат процесии. Во останатите простори можат да одат само посветените. Тие простории се: дворана со столбови во која богот го изрекува своето пророштво, трем и лаѓа (наос) во чии соби се најдува благото и идолите на боговите.

Западно од Нил е земјата на мртвите. На неа се некрополите и погребните храмови.

Малку подалеку, во јарузите на Долината на кралевите, се најдуваат скриени гробови на кралевите кои ги напуштиле пирамидите одредени само за нарочито истакнати и кои ги прифатиле подземните гробници. Мумиите насекаде добиваат магиска заштита, погребна книга, збирка на слики која треба да го води покојникот на оној свет.

Иако архитектурата во својата големина останува трезвена, другите облици на уметноста покажуваат дека од крајот на XV век, заблагодарувајќи на азиското влијание, се променил вкусот. Сликарството стои под минојското влијание, како тогаш е пронајдено стаклената маса, како накит се произведуваат вистински ремекдела.

Превласт на Исток. Надмоќноста на Египет се гледа во плочките од Тел-ел- Амарна (напуштена египетска престолнина) која ни пружа еден дел преписка измеѓу сиријскиот вазал, азиските кралеви и фараонот Аменофис III (1408- 1372) и неговиот син Аменофис IV (1371- 1353). Господарот на Египет, кој во својот харем доведувал ќерки на странитe кралеви а одбил ним да им даде за жена една египетска принцеза, лесно ги совладува овие Азијати кои од него просат малку нубијско злато. Ама мирот, обезбеден во Сирија со договор со државата на Митаните, почнува да слаби со опаѓање на таа држава која ја загрозуваат Хетитите и нејзините побунети вазали (Асирци).

Атонов пророк. Званичниот бог Амон во текот на XV век оди во прилог на народната побожност која во него гледа заштитник на секој човек. Изгледало дека ништо не може да го заустави воздигнувањето на неговиот првосвештеник кој, користејќи се со немарноста на Аменофис III, става рака на најважните работи на управната власт. Стапувањето на престол на младиот Аменофис IV дворот одлучилда реагира, па нарочито чест му се укажува на култот на Сонцето во вид на Атон, на Сончевиот котур, чии зраци завршуваат со раце. Тој е бог кој чини добро и е пристапен на сите народи. Кралот, кој е на чело на тоа движење, ја напушта Теба (1366) да би преминал во нов град, Хоризонт Атон (заправо Тел-ел-Амарна), и го менува своето име Аменофис(‘Амон е задоволен’) во Ахенатон (‘Слава на Атон’). [19]

Амоновите поседи се придодадени на дворот. Поради отпорот на тебанските свештеници фараонот наредил името на тебанскиот бог да се избрише од записите и да се обавестат неговите храмови. Ама Ахенатон е повеќе фанатик отколку политичар. Тој е пророк кој мисли за своја должност светот да го запознае за доброчинството на врховниот бог. Под неговото влијание

[19] Ехнатон, бог на сончевиот диск Атон. Ехнатон=Егнатон=е гнат он-гнат=гонат=гонади-гонет.

египетската култура претрпела коренита промена. По угледот на химната која кралот ја составувал, писарите го заменуваат египетскиот книжевен јазик со говорниот јазик. Атонската уметност, чиј полет бил краткотраен, полн со сензибилност и реализам. Ел-Амарна ни оставила извонредни ѕидни декорации, гибливи портрети на кралот и кралицата Нефетити, каде уметникот ги искористил дури и нивните физички недостатоци.

Овој потполн прекин со традицијата ја налутила странката на противниците странците, која во сè тоа гледала само дело на едно семејство во која азијската крв е помешана со фараонот. Под влијанието на генерал Хоремхеб, наследник на Ахенатон Туанкамон (нарочито познат по тоа што археолозите го пронашле неговиот погребен инвентар скоро негибнат), го напуштил култот и градот на Атон. Хоремхеб најпосле го освоил престолот (1342) и себе се прогласил Амонов одмазник.

Атоновиот град е оплачкан, имињата на Атон и Ахенатон се избришени. Ама новиот фараон добро се чува да не ја врати политичката власт на првосвештеникот.

Супарништво меѓу Хетитите и фараоните (XIV-XIII век). Издигнување на Хатиј. Старото Хетитско Царство пропаднало во анархија. Дуадалиј (Тутхалиј) II, основач на новото царство (околу 1440), и неговите наследници, кои исто така се

слабо познати, не престануваат да војуваат против државата на Митаните. Обавестувањата, кои ни ги пружа архивата од престолнината Хатуша, постанува обилна кога се говори Шупилулијуми I (1382-1341), кој Хатија ќе ја претвори во главна снага на Азија. Бидејќи ја утврдил својата власт над анадолските кралства, овој хетитски освојувач ѝ ја одзема на државата на Митаните северна Сирија, малку-помалку ја зафаќа и сиријската област на фараонот кој на тоа слабо реагира. Неговиот син Муршил II (1340) води со Асирија долга борба околу протекторатот над остатоците на митанската конфедерација.

Хетитска цивилизација. Оваа цивилизација, настанала со мешавина на хатската, индоевропската и хуритската култура, и по угледот на големите источни држави, уште секогаш ни е позната само по документите на еден едини град, па архивите и библиотеките на палатите од Хатуша. Отсуство на единство, кое е карактеристично за ова царство, се исполило и во употреба на разни јазици пишени со клинесто писмо. Најчесто се служи со акадски јазик и нешит, индоевропски дијалект, кој е званичен јазик на царството. Има исто така и обредни текстови пишани на сумерски, хуритски,или анадолски и индоевропски дијалекти на кои свештенството вршело култ на боговите на спомenатите народи. Од друга страна, Хетитте за натписите на спомениците и печатите се служат со хиероглифи викани ‘хетитски’ (кои, изгледа, се транскрипција на лувијскиот-индоевропски јазик од јужна Анадолија). Писарите од Хатуша насобирале месопотамски и хуритски митови, составуваат кралски летописи и прибираат ‘договори’ (повелја кои Големиот Крал со своите вазали ги потпишувал уз заклетва на заинтерсираните страни). Ваквите односи на основ на договор биле основа на Хетитското Царство кое во овој дел на Анадолија, со така сложен релјев, немало време да се премине од стадиумот на федерација во стадиум на единствена (унитарна) држава.По угледот на фараоните, хетитскиот крал од XIV век се назива ‘Моје Сонце’ и постанува ‘бог’ после смртта, ама неговата власт никогаш не ги преминува рамките на власта на поглавица на една војничка аристократија и големиот свештеник чија должност е да врши обреди“.

Само Акадците биле Црнци.Според авторите, тие биле „црноглави странци“.

„Федералистичката структура на царството довело до огромен број на богови. Ама ликовите на ‘илјада богови од Хатија’ кои ни се познати само по обредните престолници, скоро потполно му измакнуваат на нашето сознание. Политичката улога на многубројното свештенство не ги преминува рамките на локалното

значење. Текстовите споменуваат три градови со кои управувал првосвештеник.

Освен свештенството во општеството постои уште: благородници кои одат во бој на коли, пратени со трупи со кои се обврзани да го снабдуваат кралот, војниците кои добиваат имоти за својата служба, и селаните кои се врзани за земјата која ја обработуваат. Збирката на законите покажува дека менталитетот е поархаичен отколку оној во Хамурабијев закон.Повеќето престапи се обештетуваат во добиток.

Хетитското Царство имало монопол на црната металургија. Железото од Кизунатна (Анти-Таурус), кој тогаш уште се произведува во мали количини, е барано на целиот Исток. Каменот како друго рудно богатство допринесува на оригиналност на хетитската уметност. Градовите се значајни заштитени со системи утврдувања, чија основа е од камен а завршетокот од цигла. Вајарите ги украсуваат градските врати со лавови и сфинги, а ортостатите (камените плочи кои ја покриваат основата на ѕидовите) со барелјев. Изузетно во представите на Тешуб од Хатуша (хуритски бог на бурата), вајарите покажуваат извесна несмпретност, која се губи на големите релјефи на стените (боженска придружба на Јазиликај), во светилиштето под отворено небо.

Египет се спротиставува на Хатија (XIII век). Хоремхеба, последниот крал од XVIII династија, го наследил Рамзес I (1311-1310), основач на XIX династија, со потекло од Сетовиот град Танис (стариот Аварис). Рамзес I и неговиот син Сети I (1310-1292) спровеле живот између Теба, каде почнуваат за Амон да градат голема дворана со столбови во Карнак, и Танаис, откаде можеле да ги нагледуваат и заустават Либанците, Сиријците и Хетите.

• Рамзес II (1292- 1226), син на Сетиј I, е најпознат фараон по градителска ревност. Бидејќи повово ја освоил Палестина, тој се

судрува со војската на хетитскиот владетел Мовуталиј (1310-1286), и битката кај Кадех (1288) сигурно не претставувала онаков успех како што ја опеале египетските писатели. Не можејќи да ја измени рамнотежата, Рамзес II и Хетитот Хатушил III склопиле 1277. договор по кој Палестина и сиријскиот брег му се препуштаат на Египет. Долгиот период на мир, кој после тоа настанал,на фараонот му овозможил да се посвети на изградбата.

Рамзес II, кој многу полагал на својот углед, умеел скоро во секој град да подигне некој споменик во чест на нивните богови. Ама, исчезнале величенствените убавини на Пер-Рамзес ('Дом Рамзесов', ново име за Танис), и од таа власт ни останало само спомениците од тебанските номи и од Нубија: храм во Луксор, дворана со столбови во Карнак, Рамесеум (кралев храм-гробница), подземен храм во Импсамбул. Овие градежи, подигнати на брза рака, не се убави. Архитектот повеќе полагал на големината отколку на хармонијата, а пренатрупаната декорација е лоша копија на ремек- делата од добата на XVIII династија.

• Наследникот на Рамзес II. Менептах (1225-1217) мора да одбива напади на разните народи од морето (селидба од север),кој ги задржал во Либија и Палестина.

Таа династија бедно завршила. Еден Сириец, постанувајќи фараон, покушал на земјата да му наметне страни култови. Народното востание на власт го довел Сетнахта (1200), основач на оваа XX династија, која ќе мора да издржи друг налет од морето. [20]

Хати, Месопотамија и Елам пред големата наезда. Хетитско Царство. Ова царство, чие значење зависело само од личноста на владетелот, брзо престанало да напредува. Муватали во војните со Асирија, Египет и анадолските варвари доживувал само порази или полууспеси. Хатушил III (1279- 1256), узурпатор, морал да

[20] Народи од море никогаш немало, туку поимите биле само поморски наредби во ...Далмација...

води разумна политика (договор со Рамзес II). Под хетитската држава под ударите на народите од море ни е познат само од египетските споменувања. Ама тоа паѓање може доволно да го објасни само недостатокот на кохезијата на царството. Меѓутоа, најчуден чинител е дека таа цивилизација живеела во ‘новохетитските’ кралства (између Таурус и Еуфрат) сè до VIII век.

Подобро сме обавестени за вавилонската цивилизација за која располагаме со многубројни документи веќе од XIV век.Званичната уметност на каситските кралеви, кои владеат со рамницата на Месопотамија, нарочито се огледа во спомениците викани кудуру. Овие стели, украсени со симболи на боговите кои повикуваат на помош, прикажуваат дека кралот на храмот, или на каков каситски благородник, му давал област ослободена од порез. Во Нипур и Вавилон писарите ја завршуваат обработката на сумеро- акадските класики, продолжуваат да присобираат предскажувања, и од крајот на XV водат хроники на кралствата.

Каситите, чија војна снага опаѓа, треба да издржи тешки борби против Асирија и Елам. Тие ја губат својата превласт после две узастопни плачкаши упади.

Еден извел Асирецот Асурдан I, а другиот Еламичанецот Шутрукнахунте I, кој ги однел од Вавилонија чуените споменици (стелата на Нарам-Син, Хамурабиевиот законик, кудуру), така што археолозите ги пронашле дури во Суза. Тоа е крајот на каситската династија (1154), чии народи Семитите ги истерале од Вавилонија.

Елам. Ослободен и поново обединат околу 1300, Елам два века живеел во благосостојба. Писарите од Суза, напуштајќи го акадскиот јазик, пишат со еламитски јазик со ново писмо кое е посебен слоговен облик на клинестото писмо. Кралевите подигнуваат многу велеубави градевини. Унташ- Гал (околу 1240) изнад својот кралски град (сега Чога Занбил) оставил Зигурат кој се зачувал подобро од сите други. После падот на каситската династија (1154), еламските освојувачи ја наметнуваат превласта

на цела Месопотамија, ама, пред крајот на XII век Елам, жртва на наезда, е распарчен и паѓа во темнина.

Асирија. Таа единa преживеала. Таа сиромашна земја, во која сточарството е на прво, а културата на второ место, мора да биде дека се обогатила во војни кои ги воделе бидејќи се ослободиле од митанското ропство (околу 1375). Кралевите во XVIII век градат величествени престолнини: Шулманашарид I, 1266- 1236) во Кулху, а Тукултининурт I (1216- 1199) во пристаништето кое го носи неговото име.

Уметничките облици се позајмени од Митанците и вавилонските Касити. Книжевниот град, сега веќе значаен, нарочито се испирирани со вавилонските дела.

Втората пловина на II милениум е значајна на Истокот по плачкашките војни на големите држави кои овие ги водат во желба да се обогатат и ја грабнуваат за Сирија и горна Месопотамија. Ама војската, составена од странци- најамници, не биле кадри да им се спротистават на навалувањето на народите од море кои се зауставуваат тек на влезот во делтата на Нил.

*Ширење на писмото и културата на Исток во II милениум*

Клинесто писмо и сумеро- акадската култура. За разлика од египетското културно влијание, ограничено на Нубија и неколку сириjски градови, културата на Месопотамија не престанува да се шири во текот на II милиениум. Клинестото писмо, мошне упростено, кои Хуритите и Еламитите го употребувале веќе во III милениум, го усвојуваат и сириjските градови (од XVIII век), а и Хетитското Царство (XVI век ?). Меѓутоа, не се знае дали неговото ширење во тие земји треба да им се припиши на Хуритите или на западните Семити. Понекогаш клинестото писмо го употребувале да би се пишело на хуритски, хатски или еламитски јазик. Ама воопшто земено, страните писари, поведувајќи се за класичните и научните дела на Вавилонија, го усвојуваат со месопотамското

писмо и акадскиот јазик (за званичните и трговски текстови) и сумерски (за обредните текстови). Така писмата од Тел-ел- Амарна (XIV век) покажуваат дека на врвот на египетската моќ меѓународната коресподенција е водена на акадски јазик“.

Се говори за писмо на белата раса и акадски јазик на Црнци, а другите јазици биле на Белците. Па акадскиот јазик не можел да биде чист јазик на Црнци туку тој содржел зборови и на Белци. Бидејќи во Месопотамија и Египет живееле две раси, белата и црната, акадскиот јазик можел да се употребува дури и во Египет.

„Постанување на азбуката. • Писмата на стариот Исток (клинасти, египетски или хетитски хиероглифи) поради голем број на знаци биле мошне тешки за учење, па со само тоа биле своина на едно незнатно малцинство писмени кои во таа сложеност најдувале дека ќе се одржат на својата висока положба. Тие веќе употребувале, како на пример во Хатуша, клинесто писмо составено готово едино од фонетски (слоговни) знаци. Само структурата на семитските јазици, каде согланиците сами за себе сочинуваат непроменлива рамка на коренот на зборовите, се наметнува упропстување од мошне големо значење. Треба, имено, да се исфрлат самогласките, од слоговното писмо (околу стотина знаци) би се преминало на пишење само согласници (триесет знаци). Да така би се пишело, најпрво се користени страни писма. Потоа, бидејќи тоа се покажало како мошне сложено, тие писма се заменети со линарни знаци.

Без сумливост, било потребно пола милениум исполнет со покушувања вршени во цела Сирија најпосле да би се нашло решение. Најпозната е етапата на угаритската азбука (XV-XIV век) која употребува триесет и еден клинести знак за бележење на угаритските обреди и митови (на западносемитски диалекти). Ама азбуката дефинитивно е создадена тек со пронајдувањето на дваесет и два знака (настанати на почетокот на X век) која обично се назива ‘феничка’, оти во тој народ се зачувала. Бидејќи мошне

рано ја усвоиле Арамејците, Арапите и Грците, таа ќе ја освои цел стар Свет освен областите под кинеско влијание. Во земјите кои ја прифатиле таа овозможува на мнозина граѓани да ја научат оти е упростена.

*Трговски народи: Сирijци, Кипрани, Критјани, Микенци од XVI до XIII век пред н.е.*

Сириjски градови. После пропаста на Хиксите, богатството и стратегиското значење на сириjскиот премин ги привлекол освојувачите: државичките на овие области се под протекторат на Митанија, Египет и Хатија. Сирија и понатаму е центар на трговијата која го развива домашното занаетчиство на кое се гледаат одлики на сите страни влијанија, а нарочито доприносите од Египет и егејските области.

Сириjците умеат да се прилагодат на своите купувачи. Тие најчесто ширaт специјалитети на соседните земји, копирајќи ги на големо египетскиот фајанс и скарабеј, вавилонските печати и микенските вази, усовршувајќи ја техниката на стаклото, смесата за стакло (постаклена керамика) и пурпур. Понекогаш дури нивната техничка вештина и вкусот за страните декоративни теми им овозможува да остварат вистински ремек- дела, како што е столните садови од злато, парадното оружје и предметите од слоновача најдени во Библос, Угарит и Мегидон.

Ама, покрај сложениот карактер на материјалната сириjска цивилизација во II милениум, се наслутува изузетна важност на Семитите, кои најпосле, под сталниот притисок на елементите од пустињата, се измешале и соединиле со Анадолците, Индоевропјаните, Хуритите, Егејците и Египќаните, кои тука дошле и се населиле во сириjските градови. Оваа позадина на семитската култура ни е позната нарочито по наодите од Угарит, меѓународен град во кој се најдени микенски производи од слоновача, кипарски вази, толоси на микенските трговци, еден египетски храм и светилиште на божицата Нисаба (заштитница на

писарите во Сумер). Ама библискиот крал Никимаду (околу 1350), чии плочки докажуваат дека жителите на Угарит употребувале седум јазика, ни пружат чудесни песни напишани на угаритски јазик. Овие текстови, кои во она доба се читани при прилика на верски обреди, зачувале мошне стари облици на семитски митови и стручњаците уште секогаш расправаат за вистинскиот смисол на Еловите доживувања (главниот бог) или Баловите (бог на планините и бурите). На среќа, археологијата и текстовите од I милениум пред н.е. ги употребува тие податоци. Богот се прикажува на какво извишено место (брегче, а потоа вештачко возвишение) на кое се најдува олтар, базен и света шумичка. Тој е претставен со бетилом (воздигнат камен или стела кои се симболи на сојузот) и ашерахом (грубо поткресано дрво). Сиријскиот бог, кој дава живот, божество кое многу захтева. На неговиот захтев се врши свето блудничење на високите места и се жртвува дете да би се откупила останатото семејство. Оваа религија, која многу црпи од истите извори како и месопотамски култови, ама која помалку еволуира, се задржала и во следниот милениум по цела Сирија и знатно влијаела на животот на Евреите“ (Евреи немало до 444 г.п.н.е., види Ездра, Р.И.)

Следи расите со посебни јазици се мешале, и биле создадени мешани јазици.

„Врв и таинствен крај на минојскиот Крит (1580- 1375); почетоци на микенската цивилизација (1580- 1375). И покрај големите земјотреси (1580- 1510?), младото монојско доба I (1580- 1460) е сјајна епоха на големото острово во кое уште се зголемува неговата размена на добра. Критските поморци се појавуваат повеќе отколку икогаш во Сирија и Грција и директно тргуваат со Египет. Палатите се уште поголеми. Онаа во Фестос постанува двапати поголема со подигнување на ‘вила’ во Хагија Тријада. Минојската уметност достигнува врв. Тоа е керамика во цветен или поморски декор, вазни од стеатити од Хагија Тријада и сликан штук (Принц со цветовна крина), и нарочито убава фреска од

Кносос на која се огледува локалната смисла за природа и боја (Сина птица), а исто така почнува да се прикажува и човечка фигура (Носач ритон, 'Парижанка').

Во исто време од Месенија во Тесалија, на приморјето на хеленското полуострово свртено према Крит, се родува нова цивилизација, чие потекло и содржина се спорни. Таа најпосле во XIII век ќе даде документи кои докажуваат дека тука се развил еден индоевропски народ, предокот на Грците од I милениум пред н.е., но не се знае дали тој народ доспеал на хеленското полуострово [21] околу 2000 (со голема навала на северните племиња) или околу 1600. во време кога неговата култура се јавува. Колкав е уделот на странците (Критјаните и Египќаните) во почетоците на таа цивилизација ? Едини споменици на првата фаза (микенско доба I, 1600-1460), а веројатно и втората фаза (микенско доба II, 1460- 1350) се гробовите, воглавно толоси, во кои уз мртовците се најдуваат и нивните драгоцени предмети. Во Микена се откриени (1876, 1952) два круга гробови во стени и означени со стели;

на некои стели се прикажани сцени од лов и војна (прва престава на коњ и кола во егејскиот свет). Мртовците почивале со погребна маска и златен накит, оружје, сечива, со слоновача- цело благо кое го објаснува името дадено на народот и неговата цивилизација. Ни овде стручњаците уште не се сложуваат. По едни, збор е за варвари кои го оплачкале Крит, или кои довеле критски уметници на својот двор, а по други, треба да се разликуваат минојски предмети и домашни дела на една мошне оригинална уметност.

Исто така не се сложуваат мислењата за природата на односите између хеленското полуострово и Крит,каде,изгледа,со позното минојско доба II (1460-1375) се појавува нов дух, кој нарочито го

[21] Следи Хеленско Полуострово не било Балканското. Бидејќи прво племе кое се викало Хелени потекнува од Тесалија, каде е почитивана Хела, Хелените немале врска со Елада-затоа немало Хелени.

претставува Кносос. Уметникот радо прикажува пешадија, коњ и кола- необичаена слика во една до тогаш мирољубива земја. Дали можда Ахајците почнале да се уфрлуваат на Крит без судир со жителите ? Или можда се дочепкале на кралството на Кносос бидејќи претходно ги разориле другите палати ? Исто така, ништо точно не знаеме за природата на катастрофата која ја уништила престолнината на островото околу 1375. пред н.е. Дали тоа бил пожар предизвикан од земјотрес или војна ? Дали тоа бил напад на Микенците или побуна на Минојците ? Ама уште најтешко е несложувањето за датумот со кој се завршува големата минојска цивилизација.Долго се усвојувало Еваносовото мислење. Истражувачот на Кносос, Еванс тврдел дека цивилизацијата не го преживеала пожарот при крајот на позното минојско доба II, дека нејзината флота тогаш изчезнала, бидејќи секаде на исток микенската ваза ја заменува минојската на XIV век. Ама таа теорија наидува на тешкотија. Имено, разните типови на керамика не е можно така лесно да се разликуваат. Во палатите на Кносос се најдуваат таблици чие писмо е линеарно Б транскрипција на еден грчки дијалект (микенски) и кои се потполно слични на таблиците од микенските палати (крај на XIII век). Од недавно професорот Л.Р. Палмер тврди дека Еванс е во заблуда и дека цивилизацијата на Кносос живеала и цветела до позното минојско доба III (1375-1200) создавајќи уметнички дела (‘престона дворана’) која погрешно му се припишува на познатото минојско доба II. (Ваза + н = вазна, Р.И.)

Микенско доба III (1350- 1100): Врв и опаѓање. Ние не ја познаваме првата микенска палата која би можела да потекнува од микенскодо доба II (1460-1350).

Исто така ни се чини дека на крајот на XIV и почетокот на XIII век во градежништвото дошло до одненадеж полет (тврдини, палати, толоси). Између многу властелински места понекогаш јасно се истакнува, како: Јолкос, чиј крал владее со северниот дел на егејската област; Охромен во Беотија, каде е еден толос (Минијева

ризница) висок 13,60 м, а пречник 14,20 м; Теба,каде во палатата е Кадмо, украсена со фрески, без сумливост постоела остава со вавилонски печати, откриени 1964;

Акропол во Атина; Тиринт, чија палата е со дивни фрески заштитени со ‘киклопски’ ѕидови дебели 17 метри; Пилос, чиј крал господари со Јонското Море. Ама брзото обновување на микенските споменици докажуваат дека Микена е во превласт; киклопски ѕидови, Атрејева ризница (толос кој по големина е еднаков на оној на Орхомени), Лавовска врата, палата украсена со фрески. По декорација и удобност кралското престојувалиште секаде личи на критските палати, ама се разликуваат по утврдувањата и планот мегарон. Тврдините ни пружаат повеќе карактеристични предмети отколку градови кои уште не се доволно вкопани. Тоа се: вази, теракоти, слоновачи, печати на кои се обработува минојските теми, ама стилот е потежок и пореалистички. (Јолк-ос било променето во Волос[Велес]=тн.словенски бог, Р.И.)

Во Пилос и во Микена.- за Кносос и да не говориме- се откриени плочки пишани со линеарно Б писмо кое потекнува од добата пред пропаста на овие палати (околу 1200). Збор е за годишни инвентари напишани на плочки на свежа глина која поново требало да се употреби, ама која се зачувала заблагодарувајќи на пожарот во кој се испекле. Дешифровањето на тие плочки ни овозможуваат да ги сфатиме основните црти на општеството и религијата. Иако постоела, како и на истокот, бирократијата која го контролирала порезот и кулукот, ипак овде кралот, изгледа, бил само првак на аристократијата. Микенците кои, како и Критјаните, се задоволувале со дворски капели и олтари под ведро небо, веќе во ова доба обожуваат мнозина богови на класичниот Олимп.

Економијата на хеленското полуостров се засновала истовремено на земјоделството, занаетчиството и трговијата која нивните производи ги разносувала надалеку. Археолошките откритија

малку-помалку на обавестуваат за патувањата на Микенците кои изгледа оделе по примерот на Критјаните и нивните претходници на хеленското полуострово. Поморците од Грција преку Кикладските острови допреле до Мала Азија. По угледот на Минојците тие се населуваат на Хиос, Самос и Милет, тргуваат со Троја VI слој (која ја разорил земјотрес 1300 пред н.е.) и продрел на Црно Море. Разорувањето на Троја VII а (1300- 1260) на Хомер му послужил на Хомер за цел спев.

• На патот за Блискиот Исток Микенците основале трговски фактории на Родос, во Памфилиј и на Кипар. Случајот на Кипар донекаде е изузетен. Подесно за асимилација на страните култури, ова острово, кое ја освоило асирската култура од Угарит и минојското писмо го прилагодило на својот јазик (линеарно кипарско писмо) ги прифаќа и темите на микенската уметност за својата керамика која добро се продава на Исток. Од своја страна Микенците се обврзуваат надалеку да ги распродаваат бакарните шипки од Алашиј. (Угарит=угарит=угар ит: да се угари-т, Р.И.)

• Во Сирија и во Египет, каде Микенците основаат мали колонии, нивната керамика доживува голем успех те настануваат многу имитации. На запад Италија добива производи од Микена и од вистински колонии со потекло од Пелопонез.

Најпосле хеленското полуострово игра значајна улога на крајните точки на патиштата со кои се однесува килибарот и бронза на Блискиот Исток.

Крај на ахаскиот свет. На крајот на XIII век пожарите и убрзаните работи на одбраната се одраз на нови несигурности. Само не се знае точно дали се во прашања граѓански војни, или, што е поверојатно, почеток на селидбата на народите од море. Дали Микенците подлегнале на таа наезда не придружувајќи се на напаѓачите на Египет ? Како во оваа катастрофа е улогата на Дорците, еден огранок на грчките народи, кои во XII век почнуваат да преминуват на Пелопонез и да го освојуваат ? Во сите тие

неизвесности само едно е поуздано: опаѓањето, а потоа изчезнувањето на микенската цивилизација. Сјајните освојувања на крајот на бронзеното доба на источното Средоземје- големата микенска трговија и култура- неа надживеа новата селидба на северните народи. (Пелопонес=пело по нес[+т=нест], Р.И.)

*Евроазиски степи и Европа во доба на првите селидби (2300- 1200)*
Големите степи: цивилизација на бакарното и бронзеното доба. Овој период на историјата на тие области најмалку го познаваме. На крајот на III милениум престанува ширење на бакарот, а селидбата, која започнала од понтските степи, имале изгледа извесни одјеци дури и на Исток. Ама не ни е можно да го утврдиме ни времето кога постанале први центри на културата на бронзеното доба (на север на Кавказ) ни оставата (гробови од Мајкопа и Кубан) кои би сведочеле за врските измеѓу понтската прерија и Блискиот Исток. Изгледа дека Иран, источно од Урал, ја пренел оваа легура и ја предал на цивилизацијата од Анадолија (1700-750), која ја наследила халколитската култура Афанасиева. (Понт - н = пот[онато] во вода, Р.И.)

Културна спротивности во Европа. Врв и крај на мегатилизмот. Правење на долмени, кои поттеткнуваат од IV милениум, се продолжува до XV век. Иако рано престанало во ‘нордиската’ област (северна европска низија, јужна Скадинавија), ипак се развива на Британскиот архипелаг и во внатрешноста на Франција. Во парискста низина се појавуваат нови облици: покриени ходници (продолжени долмени), со издупчени плочи поделени на дворани, вештачки пештери. Сѐ повеќе и повеќе издигнати камења и од понекој вајар направил човечки облик (статуи- менхири на Корзика околу 1500). Голем број луѓе доаѓаат да работат на огромни градежи кои зависат од големите средишта: Морбихан, со правилни редови како во Карнак, кромлех од Ер- Ланика, менхир од Локмариаке, Мен Ер Хроек (23 м висина, 348 тона). Позната е рамницата Салисбери со кромел во Ејвеберij и нарочито во

Стоунхенџ, [22] кој изгледа, претставува точка во која се спојуваат два различни култа. Овие дела религиозна испирација, ако и не сведоштво на потоплна еднаквост (долмените се заеднички гробници), престанаа да се подигаат отприлика 1500, кога општествениот развој ги исфрлува во прв план водачите кои захтеваат посебни тумулоси.

Прилагодување на земјоделството на европоска средина. Обработливата површина сѐ повеќе се шири кон север, нарочито кон Скадинавија, каде големиот глечер веќе се отопил. Просечниот приход се зголемува след употребата на бронзената секира (подесна за раскрчување), постепено заменување на мотиката со ралица, а нарочито појавување на климатскиот оптимум (летата пополека постануваат потопли и посуви) од средината на II милениум. Ама дури ни во тој поовластен период справите за обработката на земјата,тогаш уште мошне примитивни, не подесни

[22] Британска измама на векот: Стоунхенџ е изграден само пред 60 години?! Еден руски портал ја објавил тезата дека мегалитниот споменик Стоунхенџ не е изграден пред 5.000 години, туку градењето започнало пред само 60 години! Ама дали приказната не би останала рекла-кажала, истиот портал fishki.net објавил и 108 фотографии снимени од 1954. до 1958. година, а кои покажуваат како се градел Стоунхенџ! Да, добро сте прочитале, стотина и осум фотографии! А на нив можете да видите како проектот на ‘древната градевина’ се гради со модерни дизалици и кранови уз бројни учесници и надѕорници. Се снимени практично сите фази, од припрема на теренот за градење, додека уште на нему нема ништо, па сѐ до завршувањето на оваа структура наведена ‘мегалитна’ култура. Е, сега, прва реакција на некои читатели ќе биде дека е збор за ‘обновување’, ‘рестурација’, ‘замена’ на древните мегалити и на тоа слично. Ама, во раните фотографии, почнувајќи од првите, можете да заприметите бели кругови од варвник кои укажуваат на локацијата на идните ‘мегалити’. Ова била ‘обемна работа’ за градителите. Не може ‘мегалитот’ да се извади како шаргарепа, не оставајќи трага на тој постапок. Понатаму, ако сликите внимателно ги размотрите, ќе најдете и војна бодликава жица во таа област, и други детали, кои ни говорат дека во тој миг лакацијата на градење на идните ‘киклопски градевини’, ‘древниот друидско-алтанто-асириско- аријевски’ споменик, е заштитен од очите на јавноста. Погледајте ги фотографиите кои ја разоткриваат големата, можда да се рече мегалитска измама“. Следат слики...(„друидско-алтанто-асириско- аријевски“-Белците еден народ, Р.И.)

баш за секое земјиште и за секоја клима во Европа. Народите на западна Европа спонтано преминуваат на економијата заснована на лов и номадско сточарство (култура Сена-Оаза-Марна, околу 2400-1300). Во останатиот дел на Европа еволуцијата е нешто другчие. Баденската култура (близу Виена) која владеела на крајот на III милениум во Подунавјето, примило од истокот ралото, теретната кола, одгледување на коњи и говеда, со што ги запознале и соседните народи. Од друга, пак, страна, изгледа дека жителите на степите, заблагодарувајќи на своето камено оружје во вид на секира, се ширело по цела северна Европа полуномадското сточарство и, со него во нормална врска, војничкиот дух“.

Се наведе: „Обработливата површина сè повеќе се шири кон север, нарочито кон Скадинавија, каде големиот глечер веќе се отопил“.

Па преселбите биле само кон север, никако обратно- таму и денес нема лоза.

Пресебите биле само со говеда, кои биле само балкански-европските диви.

„Металургија и трговија. Еден непознат народ номадски стрелци, кој правел ѕвонилики вази, ја проширил између 2300. и 1800. на Запад употребата на бакарот кој на европскиот југоисток веќе бил познат“.

Следи преселбите биле само од југоисток кон северозапад низ цела Европа.

„• Техниката на бронзата од истокот стигнува на западниот брег на Средоземно Море на почетокот на II милениум. Приморската трговија, која за сметка на источнаците се обавува долж европскиот брег, овозможува искористување на нови рудни богатства (калај од Галиција, злато од Ирска, бакар и калај од Велс и Корнвол) со кој исто така ќе се снабдеваат и локалните центри на металургијата и златарството. Ама главни центри на европската култура на бронзеното доба настанале на почетокот на XIII век

(Тосцег, Унетис, Штраубинг) заблагодарувајќи на успешните истражувања на минералите во Херкинијските масиви на централна Европа.

• Европската металургија уште секогаш работи во корист на малцинството.

Уште секогаш преовладуваа алатки и оружја од кремен, како што се оние правени во областа Гранд-Пресињија (Ендр-е-Лоар). Освен работата на крчење, бронзата е драгоцен материјал, наменет на правење оружја (мечеви, секири за борба), накити (гривни) и предмети за верски обреди (вази). Кујунџиите од централна Европа, кои во техничка вештина и уметничка инспирација се такмичат со кујунџиите од Исток, работат само за поглавиците. Нови богатства кои ги пружа земјоделството, а нарочито занаетчиството и трговијата, го поттикнуваат во овој период развојот на владеачката класа. Оваа надмоќност на своето оружје скапо ја наплатува заштитата која ја наметнала на останатите слоеви на општеството. Ископувањата нарочито ни ги откриваат благата кои ги нагомилале управувачите на централна Европа и Весекс. Тие ги контролирале сувоземните и поморските патишта, со кои во источните држави, со посредство на Егејците, стигнувала бронзата, ирското злато и балтичкиот килибар“.

Се потврдува, сѐ било наследство на Егејците: преселбите, руда, метали итн.

„• Ама делот на населението уште секогаш не е доволно поврзан за земјата која ја обработува. Селидбите настанати во XIII век од исток на запад (цивилизацијата на полиња на урни) [некрополи со погребни вази] и од север на југ (народи од морето), најлесно се објаснува со фазата на повлажна клима при крајот на овој милениум.

Во текот на II милениум Европа, богата со рудници, престанала да зависи од Блискиот исток, ама нејзиното неразвиено земјоделство

спречувало создавање на крупни општествени организации а подоцна го наведува населението на смели потфати“.

Преселбите и сè друго било по патеката Вардар- Морава- Дунав...Рајна...

*„Династијата Шанг (1523- 1028): Кинеско бронзено доба*

Во поедини изузетни области на северна Кина нагло се преоѓа, без надворешни влијанија, од неолитското доба во цивилизацијата карактеристична по потреба на бронза, коњ и кола, по градовите-палатите и писмото. Записите ни овозможуваат сè тоа да му припишеме на династијата Шанг (или Јин),добро позната од кинеското историското предание“.

Кинеско-индиско-црнечки бил биволот, чии влакна не се совпаѓаат со оние на говедото и коњот- монголските Индијанци коњ не познавале сè до XV век, а тој бил познат во Средоземјето во леденото доба. Со преселбите на Белците од Источното Средоземие коњот бил однесен кај Монголите. Дури градежи (пирамиди...)...

„Со ископувањата најпрво се дошло до гробови во кои се најдувале бронзени вази украсени со знаци и коски за гатање (оклоп желка и плешка на говедо кои се ставени на оган да со толкувањето на напрслините кои се појавуваат би се добил одговор на поставеното прашање). Потоа во Хонан се откриени престолници од кои е најпозната Јин (близу Ан-јанга, некогашен Нган-јанг). Град-палатата е соградена на магиски план кој ќе се провлекува низ целата историја на Кина. Тоа е квадрат или правоаголник, заштитен со земјени бедеми, свртени спрема главната страна на светот. Во центарот се најдува кралска резиденција, чиј облик и правец на простирање е ист како и самиот град и кој се состои од згради со земјани ѕидови и кров со тераса на столбови. Централното двориште на палатата во кое се обавуваат обреди од северот е опкружено со дворана за прием, од запад олтар на

Земјата, од исток на храмот кралските предци (каде тие се претставени со својата надгробна плоча). Вон палатата се издига кралски гроб како тумулус кој ја покрива подземната просторија во која почива покојникот, опкружен со бронзени вази и други блага. Остатоци на стотини жртвувани слуги, на кои им се отсечени главите, ги исполнуваат соседните гробови“.

Бидејќи говедото им припаѓало на белата раса,во Кина дошле Белци.Па биле пронајдени мумии на Белци, Кавказки тип, со Тохарски јазик- тој бил тн.словенски.

„Така на богатата монархија неопходно било писмото. Писар на династијата Шанг употребува 3500 идеограми од кои третина се протолкувани заблагодарувајќи на нивната сличност со денешните знаци. На илјада коски со записи ни откриваат-преку прашања на поставените претци и запишани одговори- вражарски знаења и дворски ритуал (аритметиката и астрономијата веќе биле мошне развиени). Да би се обезбедила благосостојба на земјата, кралот принесува жртва на севишниот господ, Земја, на боженствата на главните страни на светот, реките и планините, а нарочито на духовите на кралските претци. Ивонредна гозба и пијанка настанува при прилика на годишните свечености приредувани во чест на тие духови кои престојуваат на небото и го штитат своето потомство.

Дивните уметнички дела од периодот на династијата Шанг- мраморни вази, бронзени вази наменети за употреба на гозбите во чест на предците, бронзено оружје инкрустирано со жаде, малахит или тиркиз- украсено со космички симболи, претстави на чудовишта или стилозовани животни со магијска моќ.

Кралот Шанг, чија област е ограничена на северен Хонон, неговиот двор и неговите вазали, кои меѓу себе го делат остатокот на северна Кина, сочинуваат војничка аристократија која живее од искористување на земјоделците. Ама обработените полиња уште секогаш се само островца на цивилизацијата сред ловечките и

рибарските племиња која цивилизацијата Шанг непрестално ја сузбива и малкупомалку ја придобива за себе.

Спрема традиционалната историја, династијата Шанг, која тони во расипништво, ја оборил принцот Чеу (1028) и ширењето го усмерил кон запад (долина Веј).

Кралството II милениум веќе поседува она што е битно во кинеската цивилизација (обработка, култ на претците, уметнички формули),ама нејзината култура, создадена во едно кратко време, претставува чудна мешавина на развиена техника и варварство.

*Југоисточна Азија, Океанија и Америка во II милениум*

Влијанието на цивилизацијата Шанг не преминува на Пеј-хо или Сина река.

• Југоисточна Азија се задоволува со секира, од вглачен камен за крчење земјиштето и земјоделство засновано на одгледување на ориз, игнами и свињи. Народите кои се селат од тие области се отискуваат сега сè посмело на море. Палоас и Маријанските острови тогаш ги добиваат своите први жители.

• Во Америка изгледа напредува исто така споро. Тек во старото пракласично доба (1500-1100) се јавуваат први села (во земјата на Мајите, на брегот на Мексиканскиот Залив, во котлините на Мексиканската висорамнина). Ама најновите ископувања недавно откриле во Котош (централен Перу) најстари претколомбови храмови (1900. пред н.е.).

• Осем Кина која ја пронашла бронзата, светот околу Пацификот уште секогаш е во неолит и во така примитивна состојба да готово селидбите продолжуваат готово секаде".

Секаде каде што жителите ја имаат крвната група А, која настанала поради маласипаница од чумата на говедото, кое им припаѓало на белата раса со кое се селела, таму стигнале Белци со градежи

(пирамиди...), житарици и мешункасти хранива за вегетеријанската крвна група А итн. Мумиите на белите Индијанци биле со крвната група А. Следи богот на секајцата, грмежот и дождот Перун до Перу, Маите според Маја=Маиа, ќерка на Атлас, со Зевс го дала синот Хермес. И до пченка Зеа маис. Бидејќи крвната група 0 не ја поднесува пченката, создава лектини, што не важи за крвната група А, пченката била поврзана со Источното Средоземие. Па пченката ја споменува Аријан, книга прва, под IV. „...едно големо поле со пченка...

пченката...“. Значи, пченка имало дури за време на Александар Македонски. [23] На ова да се додаде и, првата научна експедиција за проширување на познавање на светот тргнала од Средоземно Море. Веќе околу 1200 г.п.н.е. Феникијците ги преминале Столбовите на Херкулес (Гибралтар), ги достигнале Скили-Островите под англискиот брег и ги откриле Канарските Острови. Викинзите го достигнале Гренланд (околу 900) и дошле во годината 1000 како први на брегот на Северна Америка. С.Антолјак, „Средновековна Македонија“, Мисла, Скопје, 1985, наведува дека за неа „на нашите краишта се знаело уште пред откривање на Америка“...

„Уште во 1974 година ние ја поставивме тезата, врз основа на изворни податоци од 11 и 12 век, за потеклото и ширењето на пченката од Азија преку Сицилија во јужна Италија и во нашите земји, и тоа во прв ред во пределите што ги заплискува Јадранското Море“. Исто така, се прикажани норвешките богови на таписарија.

„Едноокиот Один држи секира, Тор има свој маљ, а Фреј држи клип на пченка. Од црквата во Ского, Шведска, 12 век“. Само пченката не припаѓала на тоа генетскогеографско подрачје, што важи дури и во 20 век кога се создаваат хибриди со кратка

[23] Александар Македонски играл топка- топка играле и Маите.

вегетација кои би успевале на тие простори- таму уште ја нема лозата итн.

Булок со сор. пишат: Прва култивирана пченка за која се знае била пронајдена во една пештера во југозападна САД, а е стара 8000 години. Во книгата на Кавендиш- Линг, во делот за Северна и Јужна Америка, во насловот Северно-американски Индијанци, е поместен под наслов Како настанува пченката: „Житото или пченката било во потполност најважна храна на домородните Северноамериканци, и во многуте земјоделски племиња наоѓаме историја за нејзиниот постанок“...

Бидејќи се говори „во југозападна САД“ каде што стигнала изгубената флота на Александар Македонски, патувајќи по Patifik=пат тифик=тивик=тивок, но не Атлантикот по кој патувале Фениките, пченката била донесена во „во југозападна САД“. Она 8000 г.п.н.е. ништо не значи, затоа што методот С-14 не е поуздан итн.

**Од наезда на народите од море до основање на Персиското Царство: старо железно доба**

*„Народи од морето ширење на црната металургија (XIII- XII век)* Рушилачки наезди. Од свршетокот на III милениум народите се во движење.

тие песни преданија и дури изрази кои навлегуваат во микенската епоха, покушале да направат една историска реституција.

Опишувајќи го материјалниот свет во кого живеат, тие од него изфрлиле сѐ она што мислеле дека за нив претставуваат современи елементи, па систематски внесувале обичаи и предмети кои тогаш веќе биле на пат да изчезнат. Овој интелектуален, да не кажеме историчарски труд, во кој морало да бидат застранувања и погрешки, ни ја прикажува сликата на општеството на херојското доба. Од вредностите на тој труд мислењата уште секогаш се различни.

Основна општествена единица е генос, големо семејство чии членови ги управува старешината на родот и кој го сматраат дека потекнува од истото божество или херојскиот предок. Изнад тие стари групации се поставува градот (грчки полис) кој ги окупува под старателство едно боженство (названо полијадско) извесен број семејства и поедини личности. Со градот-полисот, нпр. на Феничаните, управува совет (була) во кого седат старци и кралеви, старешини на семејствата.

Еден од нив кој е ‘повеќе крал’ отколку останатите прима на себе должност да ги изложува одлуките на советот на собранието (еклкесија или апела) на војниците.

Обратно, кралот на Микена изгледа дека самиот поседувал третина на Пелопонез.

Владетелот е голем поседник кој ја нагледува работата на селаните. Во своите зачаден мегарон приредува големи гозби, на кои отмените гости ги раскажуваат своите војни или поморски доживувања. Ако веќе се патува по море отколку по копно, тоа тогаш западната земја, за која се верува дека е населена со чудовишта, останува непристапна, па трговијата со луксузни

---

Месопотамија, говедо и коњ од Бригија (на исток Пелагонско Езеро со јагула и запад Баба Планина) и Јадрански острови- населени од VI в.н.е.

предмети, донесени од Исток, останале монопол на Феникјците. И покрај развиеното гусарство, извор на богатство нарочито е искористување на селанецот. Во Грција, која останала со добар дел под шуми и која е помалку населена отколку во класичното доба, уште секогаш главна стопанска гранка е сточарството, нарочито одгледување на добиток. Занаетчијата, чија вештини и смисол за естетика мошне се ценети, зависи од наредбата на великаните, ама тој ипак не им е толку потчинет како селанецот.

Хомер, песник великаш, исто така ја опишува средината на образованите слоеви, која ја отфрла мистичната страна на религијата и создава големи богови на Олимп со мешање на безбројни локални ‘демони’. Овие преудесени боженства се прикажуваат како бесмртни великани, полно мани, мошне блиски на луѓето по своите страсти и пијанчење. Митот повеќе не е опис на природни појави, туку повеќе е насмешена или горка студија на човечката психологија. Духот се ограничува тогаш на стална мисла за смртта која нарочито длабоко доаѓа до израз во Илијада. Моралот е уште секогаш само почитување спрема зададената вера и спрема гостинот. Боговите пред сè очекуваат смртните да им принесат жртви со кои се хранат, а религијата се сведува на јавни или семеен култ со принесување на жртви и пијалоци во чест на боговите, кои им даваат кралеви или старешини на семејствата.

Археологијата на ‘со темнина обвиеното доба’. Од тоа доба не се пронајдени ни палати ни ризници. Нашата документација се своди на гробови светилишта. Најраспространет начин на сохранување е спалување. Во гробниците сега се најдуваат железни гробови (оружје, преклади, брошеви). Керамиката, која нарочито била на гробиштата Дипилон (една од атинските капија), ни овозможува да ја утврдиме и хронолијата. Неосетно се преоѓа на стилизација на микенските мотиви да би се завршило со шематски фигури на субмикенскиот период (XI век). Во протогеометрискиот стил (X век) владеат склопови на линии кои настојуваат да ја прекријат цела површина на вазата и чија комбинација се умножуваат (стар

геометриски стил 900- 775). Најпосле во VIII век развиениот геометриски стил дозволува фризови од шематизирани човечки и животински фигури. За ралика од Микенците, кои се задоволуваат со капели, палати или олтари под ведро небо, првите Грци дошле на мисла за свите богови да соградат куќи. Најстари храмови (Термос во Етолија, Артемида Ортиј во Спарта, Хера Акраја близу Коринт, X- IX век) направени од непечени цигли, се состојат од четириаглови соби со скромни димензии, чија кровна градба понекогаш се потпрана на уздолжена колонада со дрвени столбови. Драгоцените предмети во гробовите и заветните светишта (од бронза, слоновача, теракота) се одликуваат со мошне шематизирана пластичност. Под влијание на предметите увезени од Сирија во IX век, Крит наскоро дава пример на новата реалистичка уметност.

• Кипар е единствен случај во хеленската заедница. Микенците, освојувачи или избеглици, кои тука се населиле во XIII- XII век ја одржуваат традицијата. Од друга страна, односите со Истокот и Грција никогаш не престанале. Иако постои геометриски стил, веќе во VIII век под влијание на Истокот настанува керамика со бујни и сложени декорации. Бидејќи бавењето со трговија захтева познавање на писмо, островајаните употребуваат слоговно писмо (изведено од нивното линерано писмо), кое ќе служи за пишење на етео-кипарски (локален јазик) и грчки јазик. Напротив, Хелените им се обраќаат на Фениките, чие писмо го усовршиле. Имено, да би бележиле вокалите кои Семитите ги занемариле, Грците се служат со оние феникиски консонанти кои не се употребувале во нивната фонетика. Подоцна ова прво потполно писмо ќе се прошири на запад.

Грција. Архајско доба (VII- VI век). Прв познат натпис (на вази) потекнува од другата половина на VIII век. Нешто подоцна почнува да се водат списоци на победниците на Олимписките игри и магистрати, што ќе послужи како хронолошка рамка на грчките историчари (Херодот V век и неговите следбеници). Тие за нас се

главен извор, бидејќи од архајската епоха ни останале само делови на песни и незнатен број записи на камен.

Расцепканост и политичка организација. Први пишани текстови ни покажуваат повисока образованост на јазичните групи. Свесни на своето заедничко потекло, Хелените придаваат големо значење на оние минимални јазични разлики уз кои, навистина, секогаш одат и посебните традиции (култ, број и имиња на племиња во кои спаѓаа семејства).

Политичката расцепканост појако е нагласена. Некои покраини (Елида, Акарнија, Етолија) кои се бават едино со земјоделство, долго ќе имаат само села, обединети исклучиво со вршење заеднички обреди. Крајот со темнина обвиеното доба е обележен со чести синекии- здружување на повеќе села во полис. Ама и после периодот на обединување, Грција е уште поделена на голем број градови- полиси, кои заправо се поносат на својата независност и секогаш се спремни да се тепат со соседите поради какви ниви или спорен извор. Околноста Грците слабо да се ширеле во својот етнички простор се објаснува со нивната љубов спрема чисто локалните проблеми, како и љубов спрема еднакоста. Полисот има димензии кои му дозволуваат на граѓанинот кој живее во него лесно да дојде во престолнината.

Убавото време и доколицата која донесува бавење со ‘сувото’ земјоделство поволно влијае на јавната дискусија.Во таквите услови кралската власт малку- помалку го губи својот свет карактер и се развива собраниски режим, во кого речитоста повеќе се цени отколку силата. Од VIII до VII век кралската власт постепено исчезнува насекаде, а нејзината функција е поделена између избраните судии од племенските семејства кои се сматрале да потекнуваат од боговите. Тогаш настанува аристократски облик на власт.

Време на метежи. Голем број грчки државички ја чуствувал оваа револуција предизвикана со полет на големи трговии на крајот на

‘непознатото доба’. Племичот, кој воедно е и великопоседник, настои да произведе што повеќе жито да би го заменил со драгоцени производи од Исток. Појавата на парата (до кое дошло во јонските градови на почетокот на VII век), која наводува на нагомилување на благо, поттикнува кај великашите похлепност за добит. Селанецот кој лесномислено позајмува од својот богат сосед пари, набрзо запаѓа во долг кој не може да го отплати. Тој тогаш постанува наполичар, прогнаник, па дури и се продава во ропство.

Со обновата на трговијата во градот се развива сталежот на занаетчиите. Вазите на керамичарите и изработувачите на бронзени предмети, волнените и ланените ткаенини, оружјето од бронза или железо, се продаваат во варварските земји на север и на запад, како и на Блискиот исток. Од занаетчиството живее мнозинство население во градовите на Јонија, еолскиот Лезбос и во понекои градови-државици на хеленското полуострово, кои се најдуваат покрај главните трговски друмови (на Халкида, Еретрија, Коринт, Мегаре, Атина). Тука се создава трговачка буржуазија, понекогаш исто така богати како и великопоседници.

Ретки се држави (како Атина) во кои племството ја прифаќа промената на аристократскиот облик на власт во тимократија (власта ја задржуваат богаташите). Ама новите богаташи, кои мнозината ги презираат племичите, ги ставаат своите таленти во службата на народот,па по себе ги привлекуваат морнарите и занаетчиите.

Бедниот селски сталеж воопшто неспособен сам себе да се брани, оди тој со тоа движење. Класната борба во VII- VI век довело до сузбивање на великопоседниците секаде каде трговијата и занаетчиството знатно допринеле на афирмацијата на градскиот сталеж. Племичите, кои имале монопол на правосудието, морале најпрво да пристанат да објавуваат закони. Потоа народните водачи захтеваат слободен пристап во магистратурата,

поништување на долгови, делба на земјата. Кога племството се спротиставува да направи ма и најмала отстапок, тоа доведува до појава на тиранин, водач чија власт не почива ни на религијата ни на законитостите. Овие тирани во VII- VI век (Панетилј во Леонтиним, Фаларис во Агригент, Клистен во Сикион, Кипсел во Коринт, Теагем во Мегари, Лигдамид во Наксос) сите се интелигентни и активни луѓе, и нивното дело претставува одлучувачка етапа во општествената еволуција. Тие не го уништиле велепоседничкиот сталеж, ама го уништиле неговиот престиж и ги обориле нивните водачи. Отвориле магистрати на средниот сталеж на имотните занаетчии и трговци, а нивната економска политика решава селски прашања со тоа што обезбедува работа на сите (со изведување на големи градежни работи) кои доаѓаат да живеат во градот. Ама тиранијата, која е дело на јака личност, тешко се ускладува со вистинското наследство. Него доста брзо го заменува олигархијата, власт во рацете на богатото малцинство и умереното племство. Во изузетни случаји (Хиос, Атина) се захтевало постепено зголемување на бројот на оние кои учествуваат во политичкиот живот, и така се преминало на демократија, власт која ја држи заедницата на граѓани.

Оваа политичка еволуција паѓа истовремено со промената во војската преку грчките државички. Нестанала војска со бојни коли. Коњицата, која ја сочинуваат само племиќите (во Грција борецот се опрема со својот трошок), сега помалку се цени од фаланга, збиена и длабока маса хоплити (пешаци со потполна опрема), која се регрутира од малопоседничкиот сталеж. Трговските држави мораат да го заштитат својот поморски сообраќај на војните лаѓи, чиј број веслачи можат да се земат само од редовите на сиромашкото градско население.

Размена од Истокот. Иако овие размени не се вистински узрок на ‘грчкото чудо’, ипак хеленскиот свет многу му должи на

уметничкиот, техничкиот и интелектуалниот план. Ама историјата на тие односи не е доволно позната.

• Влијанието на Египет на грчката култура изгледа ограничен, и ние немаме никаков доказ за присуство на Хелени на брегот на Нил пред почетокот на власта на XXVI династија (663).

• Културен допринос на Сирија, која ја остварила синтезата на културата на Блискиот исток, изгледа, напротив, е битен, ама начинот на кој дошло до односот између грчката и сириjската цивилизација тек треба да се утврди. Вообичаено е старо мислењето која посредничка улога им ја доделува на малоазијските држави-Лидија и Фригија- преку кои води другиот трговски пат од Еуфрат до јонските пристаништа. Ама новите ископувања за тоа не пружиле никакви дефинитивни докази.

Фригијското кралство било со краток век (775- околу 675). Во големите тумулуси на нејзината престолнина Гордион се најдени убави бронзени предмети, на кои се запазува големо влијание на урартската или асирската уметност, и графити пишани со азбука со слична грчката азбука (VIII в.). Фригијската цивилизација надживувајќи го кралството, кое го разориле Кимерците, паѓа сè повеќе и повеќе под грчко влијание, ама кнежевските гробови од VI век уште секогаш се под влијание на хетитската уметност. Во VII век во Анадолија превласта ја презема Лидиското Кралство, кое го основал Гиг (687-652). Ова кралство го надживеал својот основач кој Кимерците ги убиле. Лидијските владетели, големи почитувачи на хеленската култура, биле задоволени тек кога себе си ги потчиниле грчките градови на морскиот брег. Крез (560-546), последниот лидијски крал кој секогаш прашувал за совет грчките пророчишта, говорел грчки, како и елитата на неговите поданици. Во неговото кралство почнало да се пиши со грчка азбука на домашните јазици (лидијски, ликијски и каријски, VI в.). Во Сард, престолнина на Лидија, кралските хумки се подигнуваат над гробовите во кои изгледа е продолжена микенската или

анадолската традиција. Би рекле, значи, анадолските кралеви, и прилично доцна почнале да ги соединуваат локалните традиции со источничките и грчките наноси, на Хелените не им донеле ништо битно.

Современите откритија потврдуваат, напротив, точност во преданието по кое главна улога им припаѓа на Феникијците. Овие на Критјаните им донеле уметнички предмети, кои допринеле на островото да се појави ‘ориентализирачки’ уметнички стил (IX-VIII в.). Од друга страна, кикладските и родоските морнари веќе во IX век се сретнуваат Феникијците на Кипар и на брегот на Сирија, каде основаат трговски населби (Ал Мина, Тел Сукас, VIII в.). Во тие луки Грците ја запознале азбуката (X или IX век) и источначката уметност (сиријско- феникијска, новохетитска, урартска и асирска), чии предмети од бронза, слоновача, како и ткаенина ги купувале.

Грчка колонизација. Мошне често, Грците, вршејќи колонизација, превземаат и ги зголемуваат минојските и микенските населби. Ако датумот кој ни го соопштуваат грчките историчари за колонизацијата и немаат вредност, бар, ние заблагодарувајќи им ним, ги познаваме узроците на тоа движење на експанзија. Од една страна, од VIII век Грците основаат на поморските патишта на својата трговски фактории кои постануваат градови, во колку домородците на тоа не можат да им се спротистават, а од друга страна, општествените кризи во VII и VI век ги принудува селаните, на кои им е одземена земјата, и тие кои во политичките борби се победени во групи да побараат нова домовина. Во обата случаји населениците не бирале ист предел: доброто земјиште, брдчиња кои лесно можат да се утврдат и близу на морскиот брег. Од VIII и VI век Грците основаат на стотина населби на брегот на Средоземно и Црно Море. Ама, бидејќи тие го пренеле преку морето духот на независност на полисите, снагата на секој град останува ограничен и хеленското население не продира во внатрешноста.

• Што се однесува населувањето во близина на источњачките држави, можностите биле ограничени. Бидејќи Асирците ги потиснале до сиријскиот брег, Грци се сместуваат во населбината Наукратис, заблагодарувајќи на разбирањето на фараонот.Ама кога народите со послабо развиената општествена организација уште можеле да склопат добри работи и да заземаат плодни полиња.

• Населување на брегот на Тракија, Босфор и Дарданелите (Халкидик, Тасос, Бизант), колонии кои воглавно се бавеле со рударство и рибарство, Хелените се истоваруваат на брегот на немирното Црно море и бараат жито и риба во кимерскиот Босфор (на излезот од Азовско море), степските пазари. Јонскиот Милет тамо основа многу фактории од кои некои ќе постанат големи градови (Истрос, Олбија, Синоп, втора половина на VII век).

Во втората половина на VII век дорските морнари се истоваруваат на брегот на Либија, каде ја основаат Кирена, која претставува почеток на населување на земјоделското население, на штета на Либијците.

• Од почетокот на VIII век Грците почнале да ги потиснуваат спрема запад посредниците од морскиот пат кој води од истокот кон рудниците на Тоскана, Централен масив и јужна Шпанија. Затоа тие основаат колонии од двете страни на Сицилијанскиот мореуз (Катанија, Наксос, Занкле, ја основаат Еубоја; Сиракуза ја подигнуваат Кориќаните) и во Напуљскиот залив (Еубејска Кума која доминира со Кампанија).

Пелопонеските народи, малку подоцна, ќе се утврдат на италијанскиот брег во близина на земјоузите преку кои водат копнени патишта од Јонско до Тиренско море (Сибарис, Кротон, Тарент). Хеленските населби во Италија, чие земјоделство е мошне напредно, градат најголеми храмови (Селинонт) на ахајскиот грчки свет.

Заблагодарувајќи на трговијата, народите на Италија ја запознале грчката цивилизација, а нарочито Етрурците, кои потоа и сами понатаму се ширеле. • Понатаму спрема запад, Хелените кои околу 700. допреле до брегот на Лионскиот залив, а малку после тоа и до идната Андалузија, мораат да се повлечат пред конкуренцијата на Феникијците. Тука тие ќе имаат само една вистинска колонија, Марсеј, кој околу 600. го основале Фокиѓаните.

Општо хеленско наследство. Без обѕир на разни облици кои добиваат спрема покраините во кои се развиваат, религијата, уметноста и книжевноста на подрачја во кои Грците можат да се чуствуваат единствени, занемарувајќи го локалниот партикуларизам.

Култ. Кога се обраќа на боженствто на градот, или заштитникот генос (Ѕевс е татко во вистински смисол на зборот, повисок отколку останатите; Хестија божица на Огништето; тоа се претци), тогаш обредот, кој го врши висок чиновник или татко на семејството, не менува. Тоа се молитви, либации на олтар, жртвување на домашни животни чие месо ќе биде сосем спалено (холокауст) или поделено на учесниците, бидејќи претходно со оган се уништи делот одвоен за боженството.

Празниците, како спомен на извесни митски настани, се обележуваат со литии, музички такмичења и игри, што е карактерситичен израз на грчката религија.

Најголеми собори (панегирији-панадури) се приредуваат по повод на покраинските или панхеленски празници.Уште во темното обвиено доба Делос, островче посветено на Аполон, прима делегации на Јонците, Ликијците, понекогаш Еолците и Дорците за време на пролетните свечености, кои се пропратени со музички и гимнастички такмичења. Во архајско доба угледот на тие свечености ги надмашиле игрите наменети на сите Грци, како Питијски во Делфи, Истмијски близу Коринт, Немејски на север на Пелопонез и Олимписки. Најпосветени биле овие последните, за

кои се мисли дека за прв пат се изведени 776. пред н.е. (датум кој грчките историчари го користеле за почеток на нивното сметање на времето). Секоја четврта година гласниците одат низ цел хеленски свет да го објавуваат светото примирје по повод на Олимписките игри. Огромната маса свето наваличе на дуќаните пред него што се собере на земјините ѕидови на тркалиштата и хиподромите. Најпрво само се такмичило во трчање (1 стадиј= околу 180 м или 600 стопи): такмичењето набрзо се обогатило со ниви дисциплини: борење, боксовање (борба со кожни нараквици со оловни кврги), фрлање диск и кратко копје, трка со коли, трка на пешаци на два и на десет стадии, панкратиј (мешавина борење со боксување), пентатлон (такмичење во пет атлетски дисциплини). Победниците добиваат венец од маслинови лисја, ама во хеленскиот свет,каде посетување на гимназија на отмена активност е во најстрог смисол на зборот, тие уживаат почест како херои и државата ги издржува целиот живот. (Пент - н = пет, Р.И.)

Повеќе сујеверни отколку побожни, Грците често преземале далечни патувања за совет да би го прашале божеството. Најпознато е пророчиште на Аполон Питијски во Делфи. Ама светилиштето во Епидаур каде болесниците барале оздравување од богот Асклепија било исто така посетено.

Грците не се устручувале дека религијата се става во служба на своите внатрешни размирици. Свештенството на Аполон Делфијски умеело да управува со колонизацијата во VI век, ама не му паѓало на памет да преземат улога на судии, и често се дава да се поткупи. Амфиктионците (пратеници на градовите кои водат работа на заеднички храмови) прават тоа исто. Оние од светилиштето на Деметра во Антели (во Термопилите), да би го задоволиле населението на Тесалија, покренуваат ‘прва светска војна’ (593- 583) против градчето Крисе, оптужено пораду увреди нанесени на свештенството во Делфи.

Ама личната побожност и мистицизмот извира од тајните обреди. Во понекои светилишта, како на пример во светилиштето на Деметра Елеузинска, свештениците за посветените изведуваат претставни (мистерии), кои даваат утешно откровување за загробниот живот, обеќани на сите посматрачи. Поедини секти, од кои уште, најдобро ја познаваме онаа која носела има на легендарниот песник Орфеј, додавале доктрини на бесмртноста на душата уште и строгиот морал. Под нивното влијание во VIII век во Грција се устанувува поимот на моралната лага споен со поимот злочин. (Орфеј=ор феј: ор=оро; феј=пеј- оро се ори и се пеј=пеи, Р.И.)

Уметност. Уметникот најпрво работи за боженството, на кое државата и нејзините жители даваат поклон стан и заветни предмети. Минорната уметност, во служба на приватни лица, обработуваат митолошки теми кои служат како магијски украс на храмот. Ама, грчката уметност, ма колку била религиозна, не е роб на традицијата. Менталитетот на Хелените, формиран во такмичењата да се надминат противниците, и нивната смисол за естетика ја објаснува брзината на еволуцијата која води од геометриски (VIII век) кон архајски (VI век) стил, поминувајќи низ влијание на ориентализирајќи стил (околу 720- 580).

• План на храмот е утврден во VII век. Зградите се прошируваат со употреба на двострук ред на столбови кои го подржуваат кровот. Главната дворана (наос- лаѓа), во која се сместени идолите и заветните дарови, дополнуваат еден трем (пронаос) и една одаја како боженска ризница. Надворешната колонада, која порано се употребувала само за фасада, сега го опкружува целиот храм. Столбот и надградувањето се разликува спрема два стила: дорски, кој настанал во областа Микена и Коринт, и јонски кој е со потекло од Азија. Општата употреба на каменот сведочи за богатството на грчкиот свет. Големите остварувања се постигнати во италските колонии и на брегот на Егејското Море, во трговските градови и центри под управа на тиранините желни на слава. Во Азија се

Херин храм од Самос (најпространу, 112 x 56 м), Аполонов храм во Дидими (близу Милет) и Артемидин во Ефес; на островите и на полуостровото Аполоновите храмови во Делос, Коринт и Делфи, и Херини храмови во Агрос и Олимпија.

Грчкото светилиште е украсено со елементи на обоени теракоти (акротерија, антефикси) и нарочито со рељеви вклесани на јонска фриза (Принија) или во дорски стил, на забат (Хекатомпедон во Атина) и метопам (Артемизон во Микена, ризница Сикионан во Делфи).

• Вајарство во камен, кое прикажува идоли или свети личности сега се родува. Ова малку познато доба оставило само тешки дрвени идоли или тенки фигурине од теракоти. Новина е тоа што критската школа, такавикана ‘дедалска’ (VII век), произведи статуи крути и издолжени,во кои уште се истакнува геометрискиот вкус: божицата од Гортина и од Принија, ‘Дамата од Оксер’. Наследниците на оваа техника, занаетчии од Коринт, Сикион и Аргос остваруваат, на почетокот на VI век, еден малку тежок тип курос (младич), гол, снажен од шематична мускулатура (аргејски близнаци од Делфи). Во исто време почнала и јонската школа, со статуи Бранхид (свештеници од Дидими). Од тие помалку тешки кипови нагло се преминува, со употреба на мермер, на нежната самоска Хера (околу 570). Нејзината виткост и осмев, производ на Јонците, ги пренеле кикладските занаетчии во атинската школа, која почнува да напредува под власта на транинот Пизистрат (после 560).

• Коринтска и сикионска работилница во текот на целиот архајски период се снабдувачи со предмети од слоновача и теракоти, кратери, троношци и бронзени огледала.Старите на овие два града им го припишувале пронајдокот на сликарството, за што етолските метопи (Термон, Калидон) можат да ни пружат извесна претстава. Ама ремек-делата на сликарствата продожиле да живеат само во имитација кои изработувале вази. Керамиката, на чиј пазар од VIII

век преовладуваат производи од Коринт, уште долго (околу 720-500) со своето обилие флорална декорација, фризови на лавови, сфинги и сирени под влијание на ориентализирачката уменост. После 575. атинските вази доживуваат голем успех користејќи нова наклоност спрема митолошките епизоди или сцени од домашниот живот).

Книжевност. Таа уште секогаш е ограничена на поезија. Хомеровото дело, надминувајќи ги сите останати, постанало класично; од него се учи читање, на него се запознава религијата и обичаите. Епскиот извор веќе почнува да се исцрпува, ама уште секогаш се користи хомерскиот јазик (секој книжевен род се одликува малку или повеќе со вештачки јазик) за химните од кои најубавите (на Аполон, Афродита и Деметра) потекнуваат од VII век. Ама во ова доба песните кои се рецитираат имаат помалку успех отколку илирските дела (кои се пеат уз придружба на лира или двојна фрула). Хорската лирика (дитирамб за Дионис, пеан за Аполон) ја разубавува верската светковина. Ама индивудуалната лирика, во која песникот се усудува да го изложи личните чуства, претставуваат вистинска духовна револуција.

Оваа новина, веројатно, потекнува од Архилох од Парос (околу 705- 640), кој ги опејува своите мразења и разочарувања. Неа ја продолжуваат Алкеј и Сапфо (околу 640- 570), песници на оној несложен и сладострасен Лезбос. Најпосле, на крајот на VI век, Тиртеј во Спарта, а Солон во Атина ја ставаат поезијата во служба нс своите граѓански идеали. (Афродита=а фродита=породит а; Абороџин=а породен, Р.И.) Големи грчки градови во архајско доба. Понекои градови, како на пример, јонски градови или Коринт, најповеќе се бават со знаетчиство и трговија. Напротив, Спарта и Атина се поинтересни по својата оригинална политичка еволуција.

Јонија во допир со Азија и Европа. Крајна точка на копнениот пат, кој оди од внатрешна Анадолија, и со делови на морскиот пат кој

води долж азискиот брег и јонските пристаништа, секако веќе во VIII век допринесуваат Фригија и Лидија да се запознат со грчката култура. Ама документите кои ја покажуваат нивната благосостојба и нивната оригиналност потекнува тек од VI век. Јонија тогаш има големи уметници (архитекти, вајари, мајстори во изработака на бронзени предмети).

Ама за европските Грци, меѓутоа, Јонци се пред сè богаташи, чија смисла за луксуз и комфор просто запрепастува.

Дванаесет јонски градови, кои се обединуваат само да би ја организирале заедничката светковина, имаат секој своја особеност. Ефес е град на банкари и бродосопственици. Познат на Анадолците кои доаѓаат да укажуваат боженско почитување на неговата Артемида. Хиос, островo на вино и прва од сите демократии (околу 550). Фокеа, мал рибарски град, создал на запад најоддалечени колонии. Самос тргувал по целото Средоземје, па уште повеќе познат по вештината на своите занаетчии и инжинери. Милет господари со трговијата на Црно Море и со својот сојузник Сибарис учествува во трговијата од Запад, е најактивен, најбогат и најповеќе потресен со класни борби.

Коринт измеѓу две морињa. Коринт, како и јонските градови, космополитски, ама помалку интелектуален. Превземањето на трговијата од запад било извор на богатствата на неговите пристаништа, поврзани, после 680. со диоклос, поплочен пат на кој бродовите со помош на ваљак влечат од едно море во друго. Коринт, кој ја основал Сиракуза (VIII век), покушал да завладее со Коркира (VII век) и го зголемил бројот на своите населби во Аркарнанија и Илирија. Ама неговото занаетчиство е уште поважно од трговијата: бродоградење. Обработка на бронза, ткаеини и нарочито керамика чии производи се продаваат по целото Средоземје.

Спарта пред политичката реакција. Втор голем дорски град, подигнат во Лаконија, била Спарта. Ахајското име за таа држава се

зачувало, есте ‘Лакедемон’. Во Грција нема пославен град. Исто така нема во Грција град чија историја би ни била помалку позната од неговата, која службената пропаганда и дух на моралистите пресудила така да во неа видат примена на своите принципи.

Во Лакедемон, како и во многу грчки градови, владеела војна аристократија.

Тоа е власт на граѓаните кои ги искористуваат селаните (хилоти) населени близу престолнината, а перијеки, жители на градчиња на периферија на државната територија, ги оставаат во положба на средна зависност. Не е сосем сигурно дали оваа хиерархија е резултат на дорски освојувања или го задржува етничкиот критериум наметнат уште во тоа далечно доба. Спарта сочувала двојно кралство. Две семејства, Агиди и Еурипонтиди, давале секоја по еден крал. Владетелите командувале со војската и вршеле жртвопринесување, ама одлуките ги донесувала апела (собрание на граѓани) и нарочито герусија (совет кој го чинат 28 старци и 2 крала).

Археологијата покажува дека тоа е богат крај (долината Еурота е одлична земја), чии жители се бават со занаетчиство (предмети од слоновача и бронза, керамика) и трговија, и стојат под влијание на Исток.

Чуените закони кои Спарта ја претвориле во воен логор, а на нејзините граѓани како едина должност им поставува одбрана на државата, постанале обврзан тек во втората половина на VI век кога нестанале уметничките занаети и кога престанале врските со инострансто. Ама овде треба да се испита и хипотезите кои оваа политичка реакција ја поврзуваат за далечната минатост. Херодот спартанските закони му ги припишува на реформаторот викан Ликург, кој можда живеел во VIII век, ама кој исто така можда бил и месно божество. Од друга пак страна, мотивот на реакција можело да биде, изгледа, желба државата да се заштити од внатрешноста опасност. Ама, дали секаде се во прашање хилотите,

чија судбина не морала да биде така тешка, бидејќи секој граѓанин во војната имал придружба од седум (?) хилоти ? Или се во прашање Месенци, кои се покорени после огорчените борби (не се знае ни датумот ниту траењата на тие војни) ?

Атина, развој во правец на демократија. Историјата на државата на Атињаните, во архајско доба, за разлика од историјата на Лакедемоните, прилично ни е позната. Атинскиот устав од Аристотел (IV век п.н.е.), и покрај своите анахронизми, содржи суштина на политички настани од средината на VII век.

Во тоа доба веќе нестанало кралството. Со градот управуваат големи чиновници избрани на година дена (архонти), ама важна одлука донесува була, совет сочинет од стари чиновници, кои бираат кандидати за архонтат. Општеството е поделено од четири класи спрема имотот (граѓаните се разврстени спрема приходите), од кои прва група има монопол на магистратура.

Племичите великопоседници (еупатриди), грамзиви и сурови, кои ги гулеле селаните, се сукобувале во градот, веќе многубројни, занаетчии и трговци. Општесвената криза води политичка еволуција. Законодавецот Дракон, кој е ставен во должност (621) да објави закони, немилосрдно казнува престапи. Годината 592. архонт Солон, кој е ставен на должност да ги реши непресталните сукоби, изведува цел низ реформи: го укинува ропството за долг, ги поништува долговите, го снижува цензот и- спрема Аристотел- дури ја дозволува можноста други и трети да бидат бирани за архонти. Останатите реформи веројатно се од подоцнежно доба. Аристократската була, чија надлежност е ограничена на посебни случаји на судења кои таа ги вршела на Ареопагот, ја отстапува малку- помалку власта на новата була од четири стотини членови, одредени спрема племињата, кои бираат десет архонати по еден од секое племе. Народниот суд хелијеја (‘кој заседува на сонце’) е установен да би примал жалби на одлуки на магистрати, кои

постепено на хелилеји ќе му го препушти делењето на правдата. (Хелил=Илил=ил ил, „Ил врне- ил грме“, Р.И.)

Со овој компромис Атињаните долго не се задоволиле. Тие почнуваат да се препират околу учеството во магистратурите и околу земјишните прашања. Овие борби довеле до утврдување на тиранијата Пизистрат (561- 510), која ќе воспостави општествен напредок помогнувајќи го економскиот развој.

Грчки народ, настанал во една инвазија, создал без икаква помош од страна на една длабока оригинална цивилизација. Неговото општествено уредување предизвикала селидба на еден дел на народот кој надалеку ќе ја прошири хеленската култура. Ама во VI век градовите- држави на морскиот брег веќе скоро постигнале политичка рамнотежа. Занаетчијата и трговецот сега уживаат доволно слобода Грција, таа мала планинска земја, да би загосподарила со стопанството на Средоземјето. Па ипак, плодна тековина на хеленството: храм, вајарство, лирска поезија, политичка дискусија, можат подобро да се објаснат со оштроумен и слободен грчки дух отколку со нагомилување на богаството“.

Без хеленско, чиј поим Хелен произлегол од Тесалија, сосед на Македонија:

Роберт Гревс, [31] под 38. Деукалионов потоп, пиши: „ 9. Деукалионов син Хелен му го дал името на целокупниот хеленски род (види 43, б); името му кажува дека бил кралски пратеник кај месечевата свештеница Хела или Хелена, или Селена, божица Месец, а според Паусаниј (III, 20, 6), прво племе кое се викало Хелени потекнува од Тесалија, каде е почитувана божицата Хела (види 70, 8)“.

Името Хелени било од Тесалија. Па Еладците не можеле да бидат Хелени. Следи сè што било во Елада, сè било наследство од

---

[31] Robert Graves, Grčki mitovi, Prva knjiga, Neolit • Beograd, 1974.

*Источното Средоземје. „Напредок на западот, полет на Италија (XII- VI век)*

Крајот на XIII век претставува застој само за Италија и југоисточна Европа, кои се опустошени од наездите на народите д север. Во останатото, уште веќе секогаш трае бронзеното доба со своите ремек-дела во изработка на оружје. Железото ќе влезе во употреба тек на VIII век во централна Европа, а во V век во Голема Британија и Скадинавија, областите кои, изгледа, се во опаѓање поради повлажната клима.

Селидби. Селидбите постанале полесни, оти почнало да се употребува коњот, па тие личат на војни походи.

Културата, која според гробовите сме ги нарекле 'полиња на урни' (лоцирани најпрво во Унгарија), се шири по цела Европа, ама изгледа дека едини тогашни движења на населението се усмерени спрема Франција и Шпанија (IX- VIII век), спрема Голема Британија (VII век).

Прва цивилизација на железното доба е халштатска (по една некропола во Австрија). Таа потекнува од подрачјето северно од источните Алпи (VIII век). Во таа цивилизација владееле војна аристократија. Развивајќи ја металургијата на железото, под своја власт ја држеле областа на денешна Франција, Полска и Југославија, каде се најдуваат и нејзини тумулоси".

Бидејќи говедото, коњот итн. имале балканско потекло со кои се вршеле преселбите, Европјаните имале балканско потекло. А од друга страна што крвната група А настанала од маласипаница која произлегла од чумата на говедо, кое го немало вон Балканот, Европјаните би ја имале само првобитната крвна група 0. Па токму тие како и монголските Индијанци од маласипаницата би изумреле 95%.

Преселбите биле по Вардар- Морава- Дунав- Рајна...,каде што било потопло.

Домашно говедо во Европа е само бригиско=фригиско, од кое произлегло фризиско. Симбол на Викинзите било бригиско со мали рогови надглава наносени.

„Феникијци и Грци во Средоземјето. Овие два народи супарници подеднакво покушуваат од еден крај на друг да ги поминат поморските патишта кои водат во рударските области (Тоскана, Централниот масив, Андалузија). Спрема преданијата изгледа дека Феникијците основале свои колонии уште на почетокот на XII век ама спрема сегашната состојба, нивниот приоритет пред Грците со ништо не е докажан“.

Павел Тулајев, [32] на стр. 7, пиши: „Грчката книжевна традиција, која достига до самиот Хомер и Хесиод (VIII в. с.е.) зачувала многу податоци за Енетите (Enetoi) чиј назив се врзува за легендарниот Енеј, херојот на Тројанската војна. Најпотполни податоци за тој херој најдуваме во Илијада, каде се говори дека ‘предводник на Тројанците бил Енеј, потомок на древниот царски род Дардан’. Енеј бил најмил син на Афродита, ќерка Зевсова, која го зачнала со херојот Анхиз, на ‘шумовитата висини на планината Ида, богата со пространи котлини, недалеку од Троја...Родословната порака чврсто се поврзувала за Енеј и така добила литерарен полет во стваралаштвото на римскиот песник Вергилиј (70-19 г. с.е.)... (В + енет, Р.И.)

Постоењето на античкото племе, Венети, го потврдуваат и историчарите и географите на тоа време. Едно од првите сведоштва најдуваме кај Херодот (V в. с. е.) во седмата книга на повеќетомната ‘Историја’. Тој го споменува лучкиот град Енеја, [33] во Македонија, а во првата книга ги опушува обичаите на

[32] Павел Тулајев, Венети, Пешић и синови, Београд, 2004.
[33] Според Стефан Византиски, „Ракалос(Ράκηλος) е град во Македонија. Ракалос се наоѓал северозападно од Енеја, денес е предградие на Солун“.(В + Енети = Венети, Р.И.)

продавање невеста што бил вообичаен меѓу илирските Енети. [34] Тие биле познати по својата убавина уште во времето на Елена Тројанска".

Венети биле Фениките со тн.Олиписки богови, со свој пастув како Посејдон.

„Главните точки се заземени во VIII век: Грците ги основаат Сиракуза, Занкле, Кума, и тиренските области се зауставуваат тек пред полетот на Етрурците (околу 700). Феникијците во Магреб (сев. Африка) основаат вистински град, Картагина [35] (околу 725, а не 814/13), и трговски фактории на патот до Херкуловите столбови: Малта, Утика, Нора (Сардинија), Мотија (Сицилија), најпосле Гадир (денешен Кадиз) во Таршиш (држава Тартесоса), на југ на Шпанија. Во VII век Хелените ги завршуваат своите истражувања на западното Средоземје и ја освојуваат трговијата по Јадранското море (килибар), што им овозможува допир со жителите на северна Италија и средна Европа. Со опаѓањето на Тир, кој (во VII век) го плачкаат Асирците, а (во VI век) го опседнуваат Вавилонците, се овозможила превласта на Картагина над феникиските испостави на Запад, оти само таа била едина способна да ги брани од Грците. Во VI век Семитите преминуваат на Атлански Океан да би дошле до корнавалскиот калај и суданското злато. Уз помош на Етрурците Семитите ги принудиле Грците да се повлечат во западното Средоземје и да се задоволат со Марсеј (на раскрсница на патиштата преку францускиот земјоуз, долината Рона и Ауде). Сообраќајот во Средоземјето го држат во свои раце три народи:Грци, Феникијци и Етрурци, ама грчката цивилизација најповеќе се шири. Затоа ископините на

---

[34] Херодот, под I-196, пиши: „Со обичаите стојат вака. Најразумен обичај, според моето мислење, а што имаат, како што дознавам, и Илирските Енети...". Елијан (3 век н.е.) пиши: „илирските Бриги".

[35] Картагина=карта гина: карта на бригиски=брсјачки- во неа се носи вино да се напијат сите гости, присутни...Картер собирач на вода...; Жена=Гена=Гина...со утерус; Картагина само собирал на вода.

скромните тирски населби покажуваат дека тие трговци продавале и купувале нарочито хеленски производи.

Будење на Италија. Полуостровото и рамницата на реката По уште секогаш се под шуми и баруштини, кои повремено ги поплавуваат реките. Во I милениум пред н.е. народите кои и понатаму се селат ја населуваат Италија. Индоевропјаните доаѓаат од средна Европа во повеќе таласи, а Илирите го премунуваат Јадранското Море да би ги освоиле Апулија и Писенум. Најездите во XIII век ги уништиле прибрежните утврувања настанати под влијание на Микенците. Ама врските се воспоставуваат мошне брзо во пристаништата на патиштата кои го пресекуваат Средоземје од исток кој запад. Од VIII век Грците и Фениките имаат свои колонии и испостави на италскиот брег. Влијанието на овие напредни странци ќе се одрази на цела колонија, ама во Тоскана ќе дојде до вистинска промена.

Етрурци. Нешто пред 700. италската култура од Виланова (некропола близу Болоња, околу 1000- околу 700) позната по своите биконични урни со пепел, ги заменила гробниците во кои имало драгоцени грчки и источњачки предмети. Бидејќи е напуштен геометрискиот стил на Вилановците, вазите се украсуваат со слики на диви животни и чудовишта. Се појавува нова керамика, црни букеро, која имитира облици од бронза. Се подигнуваат градови. Архитектите, кои ја воведуваат во Италија употребата на луки, сводови и куполи, освојуваат урбанистички план заснован на два пата кои се сечат под прав агол. Со испитувањето и наводнувањето на земјата се унапредува земјоделството. Рудниците сѐ побрзо се искористуваат. На копно и на море дури до Атина, трговците од Тоскана ги продаваат своите букеро вази и бронзени троножци. Под влијание на архајска Грција се појавува во VI век една голема уметност: вајарство, теракота и ѕидно сликарство.

Материјалот пронајден уште секогаш е главен извор на нашите обавестувања. Тек во доба кога оваа цивилизација изумира (I век пред н.е.) римските писатели почнуваат да говорат за народот на таа област, за Тусците или Етрурците (оние кои себе се викале Расени; Грците ги нарекувале Тиренци). Во Тоскана писмото, позајмено од Грците околу 700 (време на алфабет од Марсилијане ?) слабо се употребувало, и тоа е разлог што ни недостасува граѓа да би ги одгонетнале малкубројните етрурски верски текстови, чиј јазик не е сличен на ни еден денес познат јазик. Значи, потеклото на Расените останува непознато. Долго се верувало на Херодотовите зборови дека тие дошле од Мала Азија. Ама источначкиот карактер на нивната уметност сосем убаво може да се објасни со нивните врски со Феникијците и Грците. Денес повеќе се верува дека богатството на оваа област и допир со странците било доволно домородците да ја создадат оваа нова цивилизација".

Етрурски јазик е пелазгиски=тн.словенски,потврден од тн.словенски автори.

„Тиренскиот пантеон изгледа е составен од многу локални богови и хероi понекогаш позајмени од Грците. Во тој пантеон се истакнува тријадата: Тинија (бог на громот), [36] Уни (негова жена-римска Јунона) и Менерва (класична Минерва).

Прорекувањето се врши нарочито на луѓе, харуспици, кои гатале спрема утробата на жртвата (нарочито спрема џигерица), спрема летот на птицата и молњата. Етрурците формирале додекупола (група од дванаесет главни градови, чие заедничко светилиште било во Волтумни (веројатно близу Вулсиниј). Ама кралевите на поедини градови воделе политика на личен престиж. Во VII век Етрурците ги заземаат латинските градчиња откаде ги контролираат патиштата кои водат во богатата низина Кампанија,

[36] Етрурците го обожувале Перун (гром...)- и Руситe. Етрурците и Русите биле Венети со свои руни.

каде основаат друга додекапола. Во VI век тие почнуваат да се шират од другата страна на Апенините, спрема рамницата на реката По. Нивната трговија, која е исто така развиена како и марсејската,разнесува убави етрурски или грчки вази сè до Бургундија (кратер де Викс, околу 500) и во јужна Германија.

Латини и Римјани. Тиренците со градска цивилизација ги запознале своите соседи и вазали. Така малиот латински народ со индоевропски јазик, заблагодару вајќи на пронајдокот на трговците и освојувачот Кампаниј, стекнува големо богатство (ризница на гробови од Пренесте, VII век),и го запознава писмото (околу 600).

Ама латинските градчиња (Тибур, Пренесте, Ланувијум) потполно паднале во засенок на настанувањето на Рим, кој тек недавно ќе почнат да се развиваат“.

Бидејќи Индијците биле темни, Европјаните бели, јазикот бил на Белците.

„Митови за постанокот на Рим биле познати во верзијата која во I век пред н.е. и во I н.е. ги дале римските писатели, историчарот Тит Ливиј и песникот Вергилиј. Побегнувајќи од разорениот град, Тројанците под водство на Енеј доаѓаат во Лациум, каде го основаат Лавинијум. Енејиниот син ја основал Алба, чии кралеви, негови наследници, владееле со латинските градови. Наследниците на таа династија, синовите на богот Марс, близнаците Ромул и Рем, биле фрлени во Тибар, ама волчицата ги спасила и отхранила. Ромул, кој со коцка бил одреден, го ѕида близу тоа место градот Рим на брдото Палатина (според преданието, 753). Со градот, кој ги примил Сабијаните и присоединил победените Албанци, управувале седум крала пред него што ќе се основа република. Сè до доаѓањето на петтиот крал, Етрурецот Тарквиниј Постариот (616, спрема преданието, а околу 550, спрема поновите податоци) во Рим постојат само митови.

• Ископувањата вршени во XX век откриле многу скромни почетоци. Околу 750. на западната падина Палатини се појавиле првите колиби, те. првото село. Потоа изникнале малите населби (Есквилин, Целие, Велија, Виминал, Квиринал, Палатуал- на источната Палатина) на соседните брежулки. Земјата на тоа место е осредно. Ама таа положба господари со главната раскрсница на средна Италија, тука патот се соли, кој поминува преку Тибар, се вкрстува со патот кој од Етрурија води за Кампанија и овде наидува на преминот, брод преку реката. Појавата на коринтски, јонски и атички вази во гробовите VII век сведочи за развојот на трговијата и релатовното богатење на жителите на овие брегови. Нивните села, соединети во сојуз ‘Седум брегови’ (Септимонтијум) паѓаат под власт на Етрурците, кои тука основаат, околу 550. вистински град и кралство. Со тоа почнува историјата на Рим.

Поголемиот дел на Европа уште е зафатен со селидба на војници, ама Италија стекла градска цивилизација. Грчките и феникиските трговци, кои се на брегот на западното Средоземје основале многу градови, ги подигнале на свое културно ниво жителите на Тоскана.

*Феудална Кина од XI до VI век*

Западна гранка на династијата Чеу (1027- 771). Динасијата Шанг, која владеела со северна Кина, ја соборил 1027. поглаварот на граничната област Веј, основач на кралската куќа Чеу (1027- 256/249. пред н.е). Задоволувајќи се со присвојувањето на граничната област, победникот ја дели областа на победениот крал на помлади гранки на династијата Шанг и Чеу. Расипништвото и жртвувањето на луѓе (при прилика на кралските и властелинските сохрани), со што се одликувала оваа сјајна цивилизација II милениум, малку- помалку престанува. Испишаните вази, сведени на геометриска орнаментика, постанува реткост. Ама писмото не служи повеќе само на верата и магијата. Писарите составуваат

први ‘класики’ (VIII- VI век) кои не обавестуваат за установите и настаните од периодот на Чеу.

Изгледа дека основањето на новата династија, која донесува веројатно од една полуварварска област, се усмерил развитокот на кинеската култура. Врховниот бог на династијата Шанг постанал Небо, чија фигура не се прави, ама кој има на југ палата со свој олтар едно округло извишување на три спрата, без икакви симболи. Материјалот за гатање е изменет. Коската се заменува со гранчиња на билка, кои се фрлаат во свежњеви, па се посматраат облиците кои тие го чинат тоа тло. Владетелот, за кога сега се кажува дека ‘од небото добил овластување’ да управува, поседува, од своите шест министри, елементи на централната управа. Од друга страна, тој се најдува на чело на феудалниот систем со утврдена хиерархија, која ја сочинуваат дворјаните и наследниците на властелинските семејства од епохата на Шанг. Точно е утврдена разликата помеѓу благородниците и неблагородниците. Благородниците, кои можат да бидат господари на земјата или сиромашките коњаници едино можат да вршат обреди и админстративни функции. Само тие можат да имаат претци (дедовци кои водат потекло од Небото), со кои тие, со своето потомство, мораат да осигурат континуитет на култот. Селаните можат да се надеваат само со неизвесен загробен живот во светот на ‘Девет темнини’. Поврзани за земјата тие сочинуваат заедница која слободно располага со својата жетва, бидејќи претходно го обезбеди одржувањето на властелинскот двор за одреден период.

Источна гранка на династијата Чеу и ‘старешините’ (VIII- VI век). Стално настаненото население, кое се шири спрема север, се сукобило со пастирските племиња на Монголија. Годината 771. припадниците на племето Сиен-јун (идно Хионг -ну?) го напаѓаат и убиваат кралот Јеу во неговата престолнина на Веј. Неговиот наследник, Пинг, се утврдува во областа која е помалку изложена, во Ло-ји (Хонан), основач на династијата на источните Чеу (770-256), кои брзо почнале да опаѓаат. Делејќи ја земјата, кралевите

наскоро ја свеле својата власт на една мала област и го задржале својството на верски поглавар на Кина. Кнезовите создаваат посебен вид заробеници кои со откупување добиваат слобода. Со победите над варварите учествуваат гомила робови. Едно ремек-дело летописна книжевност Пролет и есен (722- 481) не запознава со збивањето на таа војна епоха. Еден варварски народ од Мана (среден тек на Сина река) почнува да се бави со земјоделство во сталните населби, го основаат писмото и основаат кнежевство Чу, [37] чиј еден поглавар се усудил да земе кралска титула (704). Ширењето на таа држава довело до окупување на кинеската кнежевина околу еден привремен водач кој историчарите го означуваат со грчки назив хегемон. Таа должност е доделена на кнезовите Ци во Шан-тунг (680- 643), кнезовите Цин во Шан-сиј (643- 573) и најпосле кнезовите на Тс-ин во Шен-сиј. Наследниците на старата област Чеу, овие последните напредувале спрема запад и стигнале до Лан-чеу на Жолтата река.

Во VII век односите со Западот постанува сѐ позначаен. Караваните кои тргнуваат од Лан-чеу, крајни точки на пловиот пат, стигнуваат во Индија и Иран, каде се донесува кинески специјалитет, свила. Тогаш кинеското занаетчиство било под влијание на степската уметност и се враќа техниката од епохата Шанг. Тоа е стилот Ху, или ‘крај Чеу’ (почнувајќи од 600), кој се одликува со инкрустација од малахит и тиркиз, со златнени и сребрени украси за огледала, копчиња и бронзени вази. Се развива рељеф (животни со реалистички стил кој служи за поклопци на вазите) и вајарство (коњ и војници).

Кина династијата Чеу, малку поширока од Кина династијата Шанг, ја продолжува нивната цивилизација, зафатена со нов дух на умереност. Па ипак, идеата кралската власт се издигнува заради

[37] Белата раса го однела бригиското=брсјачкото дативно у во Индија (Ману, Меру...Зебу), Кина (Бату кан...), Јапонија бела раса аину + в + л + к = влакину (влаи)- влаење, влачење..., влакнести Белци.

лична корист- таа идеа која од VIII век била уништена- почнува повторно да се јавува во секоја голема кнежевина, па сè е спремно за избивање на криза на кинеското општество.

*Цивилизација без писмо во Азија и Америка од XII до VI век*

Индија и Ариевците. Наспроти Кина во која книжевноста е во полн полет, Индија е уште секогаш на степен на усмено предание. Во I милениум пред н.е. во неа владее големо шаренило на културата од палеолитската до халколитската. Средиште на новината сега се најдува во областа на Ганг во Шоти Нагјупуру. На крајот на II милениум во него се појавува цивилизација на бакар и нејзиниот развој се завршува со основање на утврдените градови околу VI век.

Постои покушување појавата на таа цивилизација да им се припише на аријевците, основачи со индоевропско потекло, за кое уште не се знае кога дошле во Индија. Тие до III век пред н.е. не знаеле за писмо, ама нивните свети текстови Веда (Знаења), пренесени со усменото предание, потекнуваат од давни времиња.

Тие религиозни текстови и попозни зборници на легенди ни даваат извесни објаснувања за аријевците. Војноборните земјоделци, поделени во сопарнички кланови, аријевците немале никаква техничка предност над жителите чија земја ја зазеле.

Тие во Пенџаб ја составиле Риг-веда (Знаење на химни). Нивното општество се состоело од три сталежи: благородници (раџе), свештеници (брамани, збор на среден род кој означува обредбна формула), кои укажувале почитување на многубројни богови (Варун, Митра, Индра, Назатија или Ашвин, итн.), и земјоделци (ваишија).

Кога аријевците стигнале до брегот на Ганг брамаците составиле други три веди:

Самаведа (обредна мелодија), Јуџурведа (обредна формула) и Атхарваведа (магиска формула). Нивната религија, ведизам, која изгледа стално прима преаријевски елементи, ќе се претвори во браманизам, чија природа точно ќе се утврди во добата на големото движење на религиозното трагања во VI- V век. Во доба доаѓање на брегот на Ганг, аријевците основаат кралство или аристократска конфедерација, чиј гравитационен центар се поместува од запад на исток. Нивното општество сега е поделено на касти: брамани, војници (кшатрија), земјоделци и слуги странци (шудра)“.[38] (Исто ведска Кришна, египетски Хорус и склавински на Балканот Хора, Р.И.)

Во санскритски јазик еднина м, с, т како брсјачкиот:јас сум, ти си, тој ет=ит. Белата раса, за време на леденото доба, била повлечена во Левантот. Сè што не се повлекло, сè замрзнало. Следи Белците од Источното Средоземје стигнале во Индија, Кина и Јапонија. Бидејќи флората и фауната во Индија немала врска со она на белата раса, Индоевропјани никогаш немало туку само бели Белци и темни Индијци. Индија била поврзана со Јужна Африка- Црнци и Индијци со исто потекло.

„Од Азија спрема Океанија. Иако немало суштински напредок во цивилизацијата на југоисточна Азија и архипелагот кои неа ѝ припаѓаат, селидбата ипак се продолжува: од Бурма на Декан доаѓа население на неолитската цивлизација Брахмагири. Од Филипинските острови доаѓа на Нова Каледонија (во VIII век) население кое ја познавало керамиката“.

„Почеток на големата цивилизација во Америка. • Жителите на истокот на Соединетите Американски Држави и во рамниците на Мисисипи достигнуваат на крајот на II милениум еден културен стадиум кој повеќе не ќе се надмине: ткаеини, грнчарии, обработка на природниот бакар.

[38] Каста=кашта=кушта=куќта=куќата=куќа та-именки со в-н-т: касва-касна-каста/куќва-куќна-куќта.

• Во Средна Америка (Мексико и централна Америка) се истакнуваат селата кои се појавиле во II милениум. Нивните занаетчии произведуваат зооморфна керамика. Тие предмети се од режано жаде, често претставуваат боженски јагуар кој донесува дожд. Потоа статуи со намршени изрази и со тело на дете, кое го сматраат олмечки (тоа е стар народ од брегот на Мексиканскиот залив). Околу VII- VI век верски средишта (Куикуилко во долината на Мексико, Монт-Албан во државата Оаксака, Ла Вента во тржавата Табаско) имаат пирамиди (конструкции зарубени пирамиди на чија горна површина се најдува олтар). Тогаш се појавиле писмото и календарот во олмечката земја, ама тој систем не е можно да се дешфрира.

• Постојат претпоставки дека Средна Америка со својата култура влијаела на Перу на крајот на II милениум почнува да се одгледува пченка и компир, чување на лама и култот на јагуарот. Тоа е цивилизацијата Чавина (место во долината на Монза) која го пронајдува златарството и подигнува храмови- пирамиди.

Главната одлика на зоните кои одат уз брегот на Индискиот и Големиот Океан го чинат динамизмот и оригиналноста на цивилизацијата кои настануваат скоро без икакво влијание од страна и кое во огромни пространства претставуваат осамени островчиња“.

## НАСЛЕДНИЦИ НА ИСТОЧНОТО СРЕДОЗЕМИЕ

### Свет во грчко доба [39]

### Персијци и Грци во втората половина на VI век пред н.е.

*„Персиско Царство*

[39] Ова е насловот во енцикопедијата.Само никогаш не бил во употреба поимот Грција, Грци и грчко.

Создавање на Персиското Царство. На средината на VI век пред н.е. постојат во западна Азија две царства кои настанале после пропаста на Асирија: Вавилонското во Месопотамија и царството на Меѓаните, кои се простираат од Иранската висорамнина до средишна Анадолија. Самата Персија во тоа доба претставувала некој вид држава во склоп на Меѓанското Царство на кое му плаќа данок. Годината 550. водачот на персиската странка Кир II Велики го свргнал од престолот меѓанскиот владетел Астијаг и основал нова персиска династија Ахемениди. Новиот крал тогаш започнал освојувачка политика. Прво тргнува на Мала Азија. Крез (560околу 547/546), кој довел да процвета кралството Лидија, бара помош од Египет, Вавилон и Спарта;ама бидејќи Кир го победил на отворено поле,се затворил во Сард и бил принуден да се предаде.Лидија е припоена на Персиското Царство,а наскоро му се починуваат и грчки градови на Јонија.Годината 540. царството се протега долж цела Мала Азија сè до брегот на Егејско Море. Тогаш се свртува против Вавилон, го зазема градот (539) и брзо го потчинува на својата власт целото Вавилонско Царство.Сè до својата смрт (529),Кир војува по источниот Иран,ги зачврстува своите источни граници и го освојува пазарот во степите на средна Азија. Неговиот син Камбиз (529/528-522 или 521) го продолжува освојувачкото дело на првиот персиски владетел. Тој грижливо го припрема освојувањето на Египет и лесно го зазема 525. година. После него, за власт се борат неколку претенденти и тие немири го доведуваат царството скоро до пропаст. Дариј I (521- 486), далечен Камбисов роднина, успева да се наметне, ама е принуден на соработка со племството кое го довело на власт. Под негово водство персиските освојувања се умерени на исток и после еден поход кој го припремал претходницата Гркот Скилакс, на Персиското Царство му е припоена областа на долен Инд. На запад, бидејќи го преминал Босфор, Дариј ја освојува Тракија, ама не му пошло за рака да го припои скитското кралство.

Персиското Царство, кое тогаш го достигнало својот најголем обем, постанало најголема држава на античкиот свет. (Персеј...до Персија- Херодот..., Р.И.)

Уредување на Персиското Царство. Персискиот крал ги наследува усталените навики на големите владетели на Исток. Така апсолутната монархија чија власт се заснива на волјата на боговите. Ама во тоа царство различните народи и вери на персиските владетели мудро се повикуваат на боговите на поедини области (во Персија на Ахур- Мазда; во Вавилон на Мардук; во Египет на Амон), создавајќи со тоа верска трпеливост која допринесува јачање на царството. Сакралниот карактер на кралските личности доаѓа до израз во раскошните палати по главните градови на царството (Екбатан, Пасаграде, Персеполис, Суза, Вавилон и Сард), како и во церемонијалот кој го опкружува (простернација). Дариј узорно го уредува своето царство. Водејќи сметка за разнонародното население, го дели на пространи територијални единици сатрапии: [40] на чело на секоја сатрапија стој намесник со широки овластувања и уз него генерал кој заповеда со војската. Владетелот редовно ја надѕира нивната работа преку своите надѕорници, кои се ‘кралски очи и уши’, и го јача единството на царството градејќи патишта со кои се служат неговите пратеници и каравани (кралски пат) од Суза до Сард, 2400 км. Таквото уредување му овозможува на персиското кралство да нагомилува огромни богатства и на тој начин да располага за тоа доба неизмерно со финансиски извори, а тоа им овозможува издржување на мошне голема војска. Ама, и покрај ковање на старите пари (дарика), трговската размена останува во границите на царството. Благородниот метал служи за потребите на војската или дипломатите. Персиската војска се состои од пешадија од редовно стално населени земјоделци и извонредна коњаница, чиј људство се регрутира меѓу номадските сточари.

---

[40] Област на персиски сатрапија, на коине тема и на народен варварски=пелазгиски јазик склавина.

Што се однесува на флотата, неа ја сочинуваат посади од феникиските бродови.

Кај персиските владетели кралската моќ се поистоветува со поимот правда: кралот е заштитник на слабите, чувар на редот и одговорен за благосостојбата на своите поданици. Всушност, моќта на благородништвото, често хировито, и големината на царството, го ограничувале кралскиот апсолутизам.

Персиска цивилизација. Ахеменидското Царство, како што го создале Кир, Дариј и Камбиз, се состоело од првобитно јадро- на Иран- и освоените земји. По своето население, со природни богатства и култура, овие земји претставуваат мошне различна целина. Под непосреден надѕор на Големите Кралеви жителите на Иран уживаат привилегија; ослободени од давачки, тие плаќаат смалени порези; за узврат, од нивните редови се регрутира главнината на царската војска. Номадските одгледувачи на овци и коњи, Меѓаните и Персијците, го задржале своето старо племско уредување, на чие чело стоеле наследни старешини. Тие старешини сочинуваат вистинско благородништво, снажно и љубоморно на својата слобода, спрема кои Големите Кралевим мора да имаат обѕир. Многу им е попокорно селското население поврзано за земјата.

Превасходно од индоевропско потекло, меѓанската и персиската култура цвета између VI и IV век. Тие, значи, отворено се спротиставуваат на културата на различните земји во состав на Ахеменидското Царство, кои ги задржуваат своите сопствени култури, најчесто со семитско потекло. Со тоа се објаснува дека, тргнувајќи од заедничката основа на другите источни народи, Персијците создале извонредно оригинална вера. Како и сите Индоевропјани, тие ги обожуваат природните елементи: воздух, земја, вода, светлост итн., ама како и жителите на Месопотамија веруваат во постоење на многу добри и зли духови. Истовремено, тие обожуваат и индивидуализирани божества, како што е Митра,

бог на Сонцето, Анахита, божица на изворот и плодноста, и Ахур-Мазда, бог на светлоста. Нарочито е почитуван овој последниот. Персијанците не му градат храмови, оти неговиот култ се слави на жртвеници под ведро небо. Средината на VI век (?) мудрецот Заратустра покушува да го реформира маздеизмот како од него би се создала монотеистичка религија.

Реформата не успеала и Персијците остануваат многубожци; па ипак, тие и понатаму го почитуваат Ахур-Мазда повеќе од останатите богови. Од Заратустриното учење се задржало верувањето дека светот е поприште на борба на две боженства, богот на доброто Ормузд, Мудриот Господарм, и богот на злото Ахриман, поради духот. Луѓето се смешани во таа борба. Судбината на секој човек зависи од неговото однесување и учество во борба за победа на Ормузд. Отука потекнува нивната вистинска морална возвишеност и веројатно дека честите луѓе после смртта ќе бидат примени во царството небеско.

Изузев неколку сакрални записи, немаме никакви други сведоштва за интелектуалниот живот на Персиското Царство. Тој живот ипак бил активен; изгледа дека Персијците самите многу не создавале, ама радо земале во служба научници, лекари и страни архиректи, нарочито од Грција и Индија. Насприти тоа, персиската уметност која всушност е дорска уметност, зад себе оставила многу траги: палати или кралски гробници што многу му должат на претходните цивилизации на Месопотамија.

На тој начин, Персијците биле на ист, ако не и на повисок степен на култура од Грците во моментот кога во него ќе се сретнат во грчко- персиските војни.

*Грчки свет*

Во добата кога персиските кралеви го основаат своето царство, грчкиот свет се најдува во голема криза. Политичките и

социјалните немири ги раздираат градовите, почнувајќи од западните колонии па сè до континтална Грција.

Политички развој на градовите. Во Голема Грција постои меѓу градовите  политичко и економско сопарништво; додека во богатиот град Сибарис триумфирадемократската странка, дотогаш аристократија, потпомогната со питагоровите секти, господари со градот Кротон. Кротон 510. го уништил својот сопарник ама, исцрпен од борбата, е принуден да му го препушти првенството на Тарент.

На Сицилија народот ги довеле на власт тираните кои се борат против Картагинците и Етрурците. Етрурците ги обединуваат своите снаги против грчките народи кои, како и Марсеј, се борат за превласт во трговијата во западниот дел на Средоземие (поморска битка кај Алалија, између 540. и 535). Ама, и покрај опасноста која им се заканува, Грците ги продолжуваат меѓусебните борби и тие раздори го ометува нивното обединување.

Во континентална Грција почнува да се дигаат два града: Спарта и Атина.

• Во Спарта владее од прастари времиња аристократски и воен режим. Режимот уште се поострува на средината на VI век под водството на Хилон. Спар танската држава сега добива изглед на строго војна заедница. На секој граѓанин му се доделува посед, клерос, кој го обработуваат робови или хелиоти, како би му се овозможило да живеат и да се опремат заради служење на државата. Веќе од седмата година воспитуван во војнички дух, Спартанецот останува во својата единица сè до 60. година.

Во принцип власта е во рацете на граѓаните; таа всушност во надлежност на советот (герузија) од 30 членови (28 геронити и 2 крала) кои на собранието му предложуваат граѓани 5 ефори. Во нивните раце е извршната власт и неа ја бираат на година дена. Хиловата реформа покушува да ја одржи моќта на спартанската

аристократија, кочејќи го политичкиот и социјалниот развој на градот.Таа на Спарта ѝ обезбедила војна моќ без премец, ама во ист мах, ограничувајќи ги правата на градот, го спречила обединувањето на Грција. Спарта во тоа време завршила со освојувањата и во инднина ќе се задоволуви само со наметнување на своето сојузништво со соседните градови.

• Во Атина Драконовата и Солоновата реформа му помогнува на народот да го фрли јаремот на благородништвото (еупатрида), ама спроведувањето во дело на овие мери доведува до сукоби. Немирите му овозможуваат на амбициозниот благородник Пизистрат, кој се става на чело од педесет луѓе наоружени со топузи (561- 560). Како семоќен тиранин, тој владеал од 560 до 528, и покрај тоа што два пати бил принуден да оди во прогонство. Водејќи политика на сила, тој го задоволува националниот понос и трговските интереси на Атињаните: ја зазел конечно Саламина, ја обезбедил превласта на Атина над Делос (светиот град) и го колонизирал брегот на Босфор и Дарданелите кои водат кон Црното Море (трговски пат со кој се пренесува вино, масло, грнчарии). Исто така, тој му помогнува на ситното селанство одобрувајќи му позајмица уз мала камата и постава судии кои патуваат по внатрешноста; го упатува тоа селанство да се усоврши во производството на масло и вино,те. на оние производи кои даваат поголем принос од жито и подобро се продаваат вон границите; започнува подигање на големи објекти, тој вработува градски работници (Енеакрунос, фонтана со девет лули; водовот; храмови Хекатомпедос [100 стопи] и Олимпиеион). Го наследува неговите два сина, Хипиј и Хипарх, ама 510. градот ги исфрла тираните.

Во останатите краишта на Грција и Сицилија на чело на многу градови се најдувале или уште секогаш се најдуваат тирани (Панаитиј во Леонтини, Фаларис во Аргигент, Клистен во Сикион, Кипсел во Коринт, Теаген во Мегари [крајот на VII и почетокот на VI век], Лигдам во Наксос и Поликрат во Самос- [втора половина

на VI век]). Тираните одржуваат добри меѓусебни односи и, како Пизистрат, водат политика на внатрешна и надворешна големина. Воглавно, го штити народот од благородништвото. Во Атина, после паѓањето на тираните, благородниците мислат дека дошол часот на нивната одмазда; ама еден од нив, Калистен (између 508. и 506.), заведува нов поредок. Ги разврстува сите граѓани во десет фили, без обѕир на нивното потекло. Така со оваа реформа ги извлекол граѓанинот од семејната стега, како од него би создал слободна личност и меѓусебно рамноправни граѓани. Секоја фила, која се состои од десет деми (териториjална и фискална единица) дава магистрати, архонти и одреден контигент војници. На тој начин таа директно учествува во водење на општи работи. Со својата реформа Клистен конечно воспоставил демократски режим во Атина и, спрема традицијата, да би го спречил повратувањето на тиранијата, изгледа дека завел остракизам, кој овозможува секој граѓанин кој се смета опасен по државата да се испрати во прогонство на 10 години.

На крајот на VI век грчкиот свет, неспособен да се обедини и покрај заедничката вера и култура, е загрозен од сите страни; на запад е Картагинците и Етрурците, а на исток посебно експанзијата на Персиското Царство.

Грчката култура воочи Персиските војни. Ама во време кога Грција ќе се сукоби со Персијците, грчката култура достигнува процвет. Одлика на класичното доба: ред и јаснотија, чуството за склад веќе доаѓа до израз. На човекот како сè да му е достапно. Се појавува први филозофски системи: одвојувајќи се малку-помалку од религијата, нивните творци се свртуваат на материјата и ги изразуваат основните елементи кои се кријат испод привидното. Со само тоа тие го обележуваат значајниот напредок на полето на сознанието. Такви се Талес од Милет, кој веќе умее да го пресметува патувањето на ѕвездите и се смета вистински основач на геометријата, и неговите ученици Анаксимандар и Анаксимен. Хераклит изградува сопствено учење за стално менување и за

постанокот на светот, додека Питагора од Самос основува школа во Кротон. Научниците и уметниците лесно патуваат од место во место и се населува во било кој грчки град на Исток или на Запад. Ама две големи жаришта на културата остануваат Јонија и Атина. Верата го надахнува уметничкиот живот: храмовите од тогаш се градат во камен на основа на два архитектонски стила: дорски стил, мошне математички во својата хармонична точност, и јонски стил, помалку строг, ама пополетен и поелегантен. Влијанието на Јонија нарочито се огледа во вајарството, каде старите и строгите кипови ги замениле статуите на девојки (кора) и младинци (куроси) повитки и пограциозни линии. Исто така се менува декоративната умерност и грнчарството. Атинските грнчарии ја потискуваат на пазарот конкурентската стока изработена од коринтските работилници. Тој успех делимично може да се објасни со напредокот на Атина во Пизистратово доба (подигнување на земјоделството, извозот на масло и вино). Техниата на сликање на глина црни фигури на црвена основа ја заменува техниката на црвени фигури на црна основа. Во тоа доба Атина достигнува совршенство во областа сликање на глина.

Од друга страна, дорскиот живот на тираните ја развива желбата за раскоши и позоришни претстави. Владетелот образува околу себе круг на песници и мудреци, како што е Анакреонт кој во милост како Поликрат од Самос така и Хипарх од Атина.По желба на тиранот, големите верски свечености добиваат посвечен изглед.

Пизистрат го потврдува редоследот на поворките за време на големите панатенеи, се организира голема музичка приредба; на таквото едно јавно рецитирање Хомеровиот текст добива облик кој до денес се зачувал. Што се однесува на големите дионизински свечености, тие се зачеток на новата уметничка гранка која ја очекува голема иднина-
позоришта“.(Дионис=дианис=дианиш=пианиш-опи...; опи-ум, Р.И.)

Се потврдува, Илијада било дело за време на Пизистрат-Редакциски одбор.

**Свет на Средоземјето и Блискиот исток во доба на класичнаГрција**

*„Персиски војни и нивните први последици*

Две персиски војни. Побуна на азиските Грци. Грчките градови во Јонија веќе потпаднале под персиската власт. Штетата која поради тоа се претрпела е огромна. Нивната трговија опаѓа откако Персија го зазела Египет и Мореузот, веќе само со тоа што нивни сопарници се Феникјците се најдуваат под заштита на владетелот. Што повеќе, Дариј на Азиските Грци им наметнал тешки давачки и против волјата на Јонците ја подржувал во нивните градови власта на тираните. Во Милет демократската странка, востанувајќи против туѓинската врховна власт, го принудува тиранинот Аристагора да се одрече од власта и да го повика народот во борбата проив освојувачот. Тој пример го следат и останатите градови; Јонците, барајќи помош на сите Грци, се дигнуваат и ги протеруваат Персијците и тираните кои сорабоувале со нив (499). Едино Еритреј и Атина испраќаат експедицион корпус кој 498. го зазел и запалил Сард. Ама после повлекувањето на Грците, Јонците повеќе не можат да му одолат на персискиот налет. Годината 494. е заземен и разорен Милет, а неговите жители се раселени. Со тоа ги напуштиле своите азиски браќа. Грците покажуваат голема недоследност и несфаќања колкава опасност им се заканува од Персијците. Бидејќи ги победил Јонците, Дариј ја напаѓа Грција.

Дариев поход и прва персиска војна. Во почетокот на нападот од Азија само на Атина, на поттик на архонот Темистокле презема мерки... Во летото 490. г. персиската војска, која исповила од луката на Мала Азија, го зазела Наксос, го спалил преминот на Еритреја и се истоварила на Маратонското поле, северноисточно од Атина.Под водство на Милијад,атинската војска, користејќи

еден тактички пропуст на својот непријател, му задава последен удар на непријателската пешадија. Дариевото покушување се заврши со неуспех, што наидува на мачен одјек во царството.

Втора персиска војна. После Дариевата смрт (486/485) се буни Египет, а потоа и Вавилон. Ксеркс воспоставува ред и, да би се одмаздил на Атина, врши големи воени припреми (создава резерви на намирници, концетрира трупи), како и дипломатски (склопува сојуз со Картагина против западните Грци; пружа подршка на аристократскиот покрет во Грција; добива поволни пророштва кои на Персијците им ги дале обманените свештеници). Во Грција, Атина и Спарта се ставаат на чело на покретот на отпорот, образуваат лига од 31 град, со појачана снажна флота која ја основал Темистокле во Атина после 490. година. Во почетокот војната се развива поволно по Персијците, тие ја победуваат спартанската армија кај Термопила, ја заземаат централна Грција, ја пустошат Атика, ја спалуваат Атина, ама атинските триери наскоро сосем им ја уништуваат флотата кај Саламина (480). Грција поново е спасена. Во исто време, западните Грци, предводени од Гелон од Сиракуза, ги победува картагинските снаги пред Химера. Користејќи ја својата предност, Грците ја победуваат персиската војска кај Платеја, а Ксерксовата флота кај ’ртот Микале (479)“. (Па никогаш немало било што грчко туку само хеленско и еладско, Р.И.)

Имало само источна Елада и западно Греика:греик=греи ик-греи само дојди.

„Создавање на Атинско Царство. Атина се става на чело на походот против Персијците, во цел ослободување на Егејското Море и грчките градови во Азија, па собирајќи ги околу себе поморските градови создава Делски сојуз (477). Секој сојузнички град мора подеднако да учествува во војите напори, ама Атина мошне брзо ја истакнува својата поморска моќ и углед, вотолку повеќе што стекнала право да командува со војската. Таа располага

по своето наоѓање заедничка благајна која ја полнат сојузничките градови. Атињанот Кимон ја победува персиската флота и му дава на својот град колонии, рудници и трговски патишта (патот низ Босфорот и Дарданелите). Гневна на Персијците, Атина интервенира дури и во Египет (459).

Ама Делскиот сојуз се распаѓа; сојузниците сакаат да го напуштат сојузот оти гледаат дека тој е во корист на Атињаните; Атина со сила ги задржува. Останатите Грци, Спартанци, а нарочито Беочаните, непријателски гледаат на овој брз успон, а потоа започнува отворена војна. Во еден трен положбата на Атина постанува критична. Перикле, новиот водач на Атина, започнува борба на два фронта, покушувајќи да воспостави мир кој е неопходен. Персијците го тепаат атинскиот експедиционен корпус во Египет (454), ама Кимон однесува уште една поморска победа кај Кипар со тоа овозможува чесен мир со Персија (мирот кој во Суза го склопил Калиас, 449/448). Персија ја признава автономијата на грчките градови во Азија и го препушта Егејското море на грчките ескадрили, ама го задржува Египет и Кипар.

Соочен со останатите грчки градови, Атина, која ја следи променливата среќа, мора да води оружена борба; конечно е склучен триесетгодишен мир со Спарта (446); Атина повеќе не претедира на Пелопонез, ама го задржува Наупакт (за жителите на Месина), Егина и останатите острови населени со клерухии (војни колонии). Спарта го признава Делскиот сојуз со кои раководи Атина. Овој мир ќе овозможи Атина да ја искористи својата победа и знатно да се развие.

*Процветување на Атина за време на Перикле*

Демократија. Перикле. Во текот на триесет години (457- 429), еден човек, Перикле, доминира со политичкиот живот на Атина. Тој мошне брзо постанува симбол на неговото процветување во V век, кое се нарекува Перикловово доба. Тој му припаѓа на семејството Алкмеонида и својот учител Анаксагора од Клазомена добива

сестрано рационалистичко образување. Стекнувајќи широка култура, овој знаменит говорник умее да му се наметне на народот со својата честитост и разумни убедливи аргументи. Поради неговата смиреност, која влева почитување, го нарекуваат ‘Олимпиец’. Не добива никаква посебна титула, ама меѓу 443. и 429, бидејќи неговиот углед е така голем, народот секоја година го бира за стратег, така да тој останува долго на власт. Неговиот идеал е од Атина да направи сила на Грција и со развивање и добро функционирање на демократскиот систем да им обезбеди на сите граѓани живот во слобода и правна заштита. Се здружува со Ефијалт, кој го руши авторитетот на аеропагот, лишувајќи го на политичката и судската власт, да би ги пренел во надлежност на булата, еклезијата и хелијејата (462/461). Овие реформи предизвикуваат немири. Ефијалт е убиен 457, ама Перикле, уз подршка на народот, успева да ги уклони своите главни сопарници користејќи се со остракизмот. Неговиот успех значи победа на демократијата, конечно зачврстување со освојување на принципот за плаќање на јавни служби (основање на мистофории [отштетени] во корист на чиновниците на хелијејата, булата, пританите и архонатите, како и вршители на пониски функции).

Демократски установи во V век.Тие се засниваат на народно собрание, еклезија, која располага со целокупната власт. Всушност, сите граѓани не се насобрани на брдото Пникс. Доволно е да бидат 6000 да би се усвоила голема одлука. Собранието се состанува за нејзината законодавна работа и обезбедува континуитет на власта, основано е стално собрание- була, која се состои од 500 членови избрани со ждребка, 50 од секоја фила. Во текот на годината, 50 членови на булата од секоја фила, носејќи титула притан, наизменично обезбедуваат континуитет на власта. Булата применува закони, припрема нацрти на закони и ги надгледува на магистратите. Тие меѓу нив кои се задолжени да применуваат одлуки на собранието и во име на народот вршат извршна власт, се подвргнати на контрола на собранието кое,

природно, се обазрива спрема луѓето во чии раце било каква власт. На таа положба остануваат година дена. На едно место се именуваат неколку магистрати, од кои одреден број се бира со ждрепка, како би се избегле интриги и еден дел се препуштал на избор на боговите. Таков е случај десет архонати кои се задолжени за верски прашања и некои правни работи. Кога вршењето на должноста захтева познавање на техничките проблеми, тогаш се бираат магистрати; таков е случајот на десет стратеги кои раководат со војската, флотата и дипломатијата. Правда дели народот. Секоја година со ждреб се бира 6000 граѓани за суд хелијеја. За секој проблем кој треба да се реши, тие се распоредени во секција од по 500 членови. За подмирување на своите трошоци државата располага со оскудни средства (царина, парични казни, приходи од државни добра), растеретувајќи се од извесни трошоци на сметка на најбогатите граѓани; тоа е систем литургија, кој се состои во плаќање на опрема за флотата (тријерархија) или трошоци кои изискуваат големи верски свечености.

Атина и море. Меѓутоа, расходите на Атина далеку ги надминуваат нејзините оскудни приходи. Градот зема пари од заедничките благајни на Делскиот сојуз. Имено, Делскиот сојуз мошне брзо се претворил во атинско поморско царство.

Градовите, доскоро сојузници, сега постанале потчинети. Атина управува со војската, флотата, дипломатијата, собира порез, понекогаш на груб начин,и располага, по свое наоѓување, со парите од сојузот. Тоа го наметнува секаде демократскиот режим, дури и против волјата на жителите. Некои градови се бунат (Самос, 440-439). Секаде се јавува незадоволства. Атина установува надѕор над царството, секаде населувајќи помалку војници- колонисти (клерухи), на кои се доделува најдобра земја. Ги има околу трговските патишта (пат на житото спрема Црно Море). Со основање на Амфиполис во Тракија (436) се обезбедува руда и дрво за бродоградење. На тој начин Атина ги користи сите институции на сојузот исклучиво во свои сврхи. Тоа неа ѝ донесува

голема благосостојба, ама истовремено и омраза на сојузниците. Некогаш земјоделските вароши, Атина за само неколку години постанала голема трговска метропола. И самата Атика сиромашна во земјоделски производи; поради оскудици во вода рамницата не се наводнува доволно; на обронците на планините се одгледуваат овци, кози и пчели; земјоделските производи не ги задоволуваат потребите на големиот град. Благосостојбата на Атина, значи, зависи од морето. Бродовите го снабдуваат градот како со риба така и со жито увезено од краиштата на Црно Море. Се извезува оружје, грнчарија, ткаенини, луксузни предмети изработени во градот. На тој начин Пиреј постанува огромно складиште во кое стигнуваат производи од целиот свет и оттаму повово се извезуваат. И најпосле, заблагодарувајќи на рудниците на сребро од брдото Лаурион, Атина кова одлична пара со лик на сова, мошне барана на целото Средоземје. (Пиреј од пир, пират-и, Р.И.)

Атинско општество и култура во Перикловото доба. Општествената класа.

Атинската демократија е ограничена. Граѓаните на Атина претставуваат всушност малцинство (една третина или четвртина на населението). Тие имаат економска и политичка предност; сочинуваат привлегирана класа, во која после 451- 450. не може повеќе да се влезе; тогаш називот на граѓанин може да се додели само на оние Атињани кои се родени од татко и мајка Атињанка. Во такви услови политиката на Атина е суревниво себично и со него често господарат демагози кои ласкаат на ова малцинство. Предусретлива, меѓутоа, спрема странците, Атина допушта на некои од нив- метеците- засекогаш да се населат во градот.Со закон заштитени, тие имаат исти порески и војни обврски како и граѓани. Со мал доплонителен порез, метоикион, е обележен нивниот статус на странец. Како што немаат право да бидат земјопоседници, тие се бават со занаетчиство а нарочито со трговијата. Нив Атина мора да им заблагодари за добар дел на своето богатство. И најпосле, голем дел на населението на Атика

чинат робови. Како војни заробеници или деца на робови, тие припаѓаат на држава, приватници, граѓани или метеци. Постапокот спрема нив бил воглавно добар".(Метеци+л= Млетеци-острово Млет како сонце=слонце, Р.И.)

Бидејќи Млечаните говорат тн.словенски јазик, и во Атина бил истиот јазик. „Монументална рамка на живот.Атина многу претрпела од персиската инвазија.Нејзиното трговско богатство и дажбина, што го собира во целото царство, неа í овозможува да превземе големи работи на разубувањето на градот. Перикле му поверува изведување работи на Фидија. Акропол постанува монументално и свето здание. Рамката достојна на панатенеи, големи свечени процесии во чест на божицата Атина, чија статуа од слоновача и злато се најдува во Партенон. Овој храм, единствен по својот план и орнаментиката, симболизира со својата убавина и мотивите на своите скулптури на триумф на Грците над варварите и победата на редот и разумот над хаосот. (Со в-н-т Атина до Ватина-Натина-Татина: од татко, Р.И.)

Интелектуален живот. Во тоа доба Атина доживеала извонреден интелектуален процвет. Демократијата го поттикнува развојот на говорништвото. Е сочуван мал број на говори од тоа доба, ама ни е познато дека Перикле бил голем говорник и дека неговиот период бил пред сѐ владеењето на зборови. Демократијата го поттикнува исто така напредокот на драмската уметност. Убавата претстава отсекогаш ги привлекувала Атињаните и воопшто грчкиот народ. Организирана на сметка на најбогатите по системот на литургија, драмските такмичења им овоможуваат на Атињаните да изберат најдобри автори чии дела ќе бидат изведени; Есхилови, Софоклови и Еуропидови дела овенчани со слава. Дури и најсиромашните можат да присуствуваат на претставите, заблагодарувајќи на касата од која се добива свота потребна за плаќање влез во позориштето. Што на позориштето се однесува, тоа во V век е провизорна градевина сместена на обронокот на Акропол во

Дионизијевото игралиште. Во Грција мошне е почитувана умната работа во сите негови облици.

Филозофијата, која се појавува во VI век, привлекува најумни луѓе. Леукип, а потоа Демокрит, покушуваат да ја сфатат сложеноста на стварите и замислуваат дека тие се состојат од бескрајно ситни делови, атоми. Другите, како Протагора, Горгија или Продик од Кеос, названи софисти поради нивното сеопшто знаење, почнуваат да ја шират својата идеја на предвидувањата на кои присуствуваат неколку ученици. Тие филозофи ги проучуваат во целиот грчки свет, ама на крајот ипак Атина ги собира плодовите на овој интелектуален процвет. Привлечноста на градот така е голема да сите писатели на грчки јазик се населуваат во Атина или остануваат во неа некое време, како историчарот Херодот. (Херодот=Иродот=и родот=род от, в-н-т, Р.И.) Ама оваа благосостојба и сјај ќе ги нарушат немирите кои ќе доведат до пропаст на Грција.

*Политички распад на Истокот*

Грција растргана со војна (крај V- поч. IV V пред н.е.) Пелопонеска војна (431- 404) Скоро триесет години између Спарта и Атина се водат беспоштедна војна. Атина со своите амбиции најпосле ги загрозила сите градови и предизвикала омраза на останатите приморски градови, а нарочито Коринт. А Спарта, олигархиски копнен град, вознемирен и е посуревниј на моќта на тој демократски приморски град, Атина ништо не превзема таа суревнијвост да би ја смирила. Напротив, таа со сите средства ја развива својата трговија и царството. Годината 433. помогнува Керкира, коринтска колонија, во војната против нејзината метропола. Годината 433. или 432. покушува да го уништи својот сосед Магаре, забранувајќи му пристап на пазарот и во луката која е под контрола на Атина. Тогаш Коринт успева да ја вовлече Спарта во војна која го зафаќа целиот грчки свет, како на море, така и на копно. Првите десет години на војната ни една страна не

извојувала одлучувачка победа.Спартанците, вични на копнена борба,ја разоруваат Атика(431- 425). На море, Атињаните го пустошат брегот на Пелопонез. Меѓутоа, опколена Атина тешко е погодена со епидемија на чума која однесува на илјада луѓе, меѓу кои и Перикле (429). Поделена измеѓу бескомпромисната Клеонова и умерената и помирливата политика, Атина се определува за Никија која склопува сојуз со Спарта (421).

Мирот повово води до ситуација од 431. Всушност, тоа е само примирје. Амбициозниот младинец Алкибијад, сакајќи да ја пропири хегемонијата на Атина сè до централното Средоземје, го вовлекува народното собрание во војна со Сиракуза. Атина покушува да го искористи раздорот кој се појавил на островото после победата над Картагинците (Химера, 480). Лошо припремениот поход (415- 413) се завршува со потполен пораз. Атинската војска и флота скоро сосем ја уништила Спарта и Коринт ја искористува настанатата состојба, со тоа што повеќе неуспехот на походот предизвикал граѓански сукоби во Атина; војната повово избива (413- 404). Атинската флота, која од битката кај островото Аргинус (406) излегла како победник, ја уништиле Спартанците кај Егоспотам (405). Заземена е и самата Атина (404). Таа е принудена да се ордекне од своето царство и флотата и да стапи во сојуз со Спарта. Ама да би ја издвојувала оваа победа, Спарта морала да се обрати за помош на богатите Персијци, со што овие повово почнуваат да играат улога која ја изгубиле после персиските војни и повово да ги заземат грчките градови на Јонија.

Победувајќи, Спарта, вместо да ги ослободи потчинетите градови, ја зема власта која до тогаш ја држела Атина; собира порези, доведува трупи и на градовите им наметнува олигархиски тип на владеење. Во самата Атина, под заштита на Спартанците кои се влогориле на Акропол, триесет олигархи заведуваат насилија.

Ама не се во состојба долго да се одржат, на крајот повово е воспоставен демократски режим.

Будење на Атина. Превласта на Спарта ги зближува Теба и Атина кои ги обновуваат своите снаги, додека Спарта исцрпена водејќи скапа интервенционистичка политика во Персија. Спарта најпрво покушува да го подржи Кир на штета на неговиот брат Артаксеркс II. Тоа покушување пропаѓа со Кировата смрт (повлекување Десет илјади). Спарта тогаш ја пренесува војната во Мала Азија, каде кралот Агесилај однесува безначење победа. Во Грција Атина, Коринт, Теба и Аргос образуваат сојуз против Спарта. Спарта однесува победа на копно кај Коронеја (394).

Ама истата година е обновената атинска флота уз помош на Персијците ја победува спартанската ескадрила кај Книд. На тој начин Персија постанува арбитар во грчките несогласувања. Непријателството продоложува сè до 387. и Персијанците, загрижени поради поновото јачење на Атина, ја подржуваат Спарта. Спарта, Сиракуза и Персија основаат коалиција и на Атина и нејзините сојузници им наметнуваат договор за општ мир (386). Тоа е Анталкидин мир, по името на спартанскиот пратеник, или кралски мир, по име на оној кој го заменал. Атињаните губат еден дел на својата моќ. Спарта секаде воспоставува аристократски режим, ама со тоа ја забрзува својата пропаст.

Краткотрајна тебанска хегемонија. Теба која од 382. била под надѕор на еден спартански гарнизон, 379. под водство на Епаминонд и Пелопид- дигнуваат буна и ги протеруваат спартанските војници.Бидејќи одлично ја организирал пешпадијата, Епаминонд ги победува Спартанците кај Лектра (371). Со тоа престанува превласта на Спарта. Тогаш и Теба покушува да завладее со грчкиот свет. Таа интервенира во Тесалија и на Пелопонез, ја пустоши Спарта (373), продоложува за своја сметка политика на сојузништво со Персија (367) и основа флота (364) како Атина би ја лишила од превласт на море. Ама Грците се обединуваат против неа. Епаминонд презема (362) поход на Пелопонез, да би го развил сојузот између Спартанците, Пелопонежаните и Атињаните. Во битката кај Мантинеја, ги

победил сојузниците, ама и самиот погинал, а хегемонијата на Теба се гаси заедно со него.

Втор атински сојуз. Одма после битката кај Мантинеја, тебанската територија повторно се сведува на област на средна Грција; Спарта уште не се опоравила од поразот кај Лектра; Атина, која повторно постанува една од првите сили на Грција, смета дека треба да ги искористи неуспесите на своите сопарници. Обновувајќи ги односите со некогашните членови на Делскиот сојуз, таа навистина образува нов поморски сојуз (378- 377), ама овој пат градовите сојузници захтеваат да им се признае автономија. Атина одустанува од основањето на клерухија и собирање на порез. И покрај сè, таа и понатаму е водечки град во сојузот, ја поседува истата земја и островите како и порано, изузев грчките градови на Јонија, кои повторно потпаднале под персиска власт. (Никако грчки градови туку само хеленски во Јонија, Р.И.)

Грчка култура во IV век. Околу 360. грчкиот свет изгледа постигнал некој вид рамнотежа. Ниеден голем град повеќе не е во состојба да ја наметне својата власт на другиот. После седумдесет години непријателства најпосле завладеал мир, ама Грција е исцрпена. Не само што војната ја опустошила земјата, туку го проредил селското население кое ја сочинувало главната војска. На Грција недостасуваат луѓе и материјални добра. Ипак, политичкото опаѓање на Хелада [41] не повлекува по себе и опаѓањето нејзината култура. Меѓутоа, настаните ипак влијаат на мислата и уметноста на тоа време. Во тоа немирно доба, додека извесни духови го ставаат својот талент во служба на збивањата на тоа време и учествуваат во борбите, другите се оддалечува од сувишната грубост и ништавниот свет и во размислувањето и уметничкото создавање бараат мир во себе самите.

[41] Се потврдува, имало само хеленско, еладско и Елада, ништо грчко според поимот Греик=греи ик.

• Меѓу првите се најдуваат говорниците, како Исеј, Лисиј и Андокид, како и историчарите Тукидид и Ксенофонт, кои изнесуваат современи настани и со тоа се овозможува да не наслутиме и на нивните лични чуства.Тебанецот Пиндар (518- 438) ја доведува илирската поезија до врвот, славејќи во своите Оди великани на своето време и победниците во игрите. Во Аристофаното дело, полно со памфлетски напади на демагогите, е нагласена длабоката желба на малиот народ за мир.

• Втора традиција се исполува нарочито кај филозофите кои покушуваат да го утврдат сопственото животно правило, како циници, или да изградат широк систем на светот и да пронајдат идеални политички принципи, како Платон (428- 348/ 347). Филозофот и научникот, Аристотел (384- 322) покушал да го запознае на учното благо на своето време. Уметноста, пак, сè повеќе е во потрага за чистата убавина, што може да се види во скулптурите на вајарот Пакистела. Иако останува во престолницата на уметноста и на интелектуалниот грчки свет (изградување на Ерехтејон и светилиштето на Атина Ника на Акропол), Атина повеќе не е един град кој се украсува со уметничките дела. Во тоа време се подигнува најзначајни храмови во Делфи, Епидаур и Ефес, најјавувајќи го новото влијание на средиштата на грчката култура.

Опаѓање на Персиското Царство. Војните измеѓу грчките градови овозможиле Персија да одигра значајна улога на Егејското Море, мада всушност царството се најдува во опаѓање после персиските војни, оти одвнатре се нагризува лошото фунционирање на институциите на монархијата. Владетелите имено се опкружени со дворани, најчесто претставуваат извор на интриги. Нивната власт го спутава бунтовното племство и огромното пространство на земјата. Историјата на наследување на престолот на персиските владетели е полна со огорчени борби, завери и убиства. Нивната власт ја карактеризираат непресталните походи против побунетите области. После поразите во персиските војни, се побунува Египет

(460) и одма добива подршка на Атина. Египет поново е освоен, ама спрема Калијиновиот мир, кој е потпишан со Атина 449, експанзијата на царството спрема запад е зауставена, и таа поново ќе оживее тек кога Персијците ќе ги искористат војните измеѓу Спарта и Атина. И така 413, после атинскиот слом на Сицилија, лидијскиот сатрап Тисаферн поново ја зазема Јонија. Положбата на царството е ојачана, ама кризата околу наследството доведува до опасност. Да би се домогнал на престолот на својот брат Артаксеркс II (404- 358), Кир Помладиот се користи со еден одреден грчки платеник. После победата кај Кунакс 401, тој гини во борба. Артаксеркс сака да ги врати во служба спартанските платеници, ама тие го одбиваат и, под водство на Ксенофонт, успеваат да се домогнат на Грција, преминувајќи го цело царство (поход Десет илјади). Големиот крал мора уште да го издржи нападот на Спарта која го испраќа Агесилај да војува во Мала Азија. Ама персиската дипломатија ги храбри непријателите на Спарта, го потпомогнува препородот на Атина и успева на тој начин поново да го доведе Агесилај (394- 393). Потоа, раскинувајќи го сојузот и потпомогнувајќи ја Спарта во борба против Атина, големиот крал успева да го наметне 386. Анталкидиниот мир, со кој се утврдени раздорот во Грција и персиската власт над јонските градови. И овој пат персиската дипломатија однесува победа на Егејското море. Спротивно на тоа, ситуацијата на други места е деликатна. Кипар се буни почнувајќи од 411, Египет од 405. а покушувањата на неговото поновно овојување пропаѓаат. Малку- помалку царството се распаѓа. Под влијание на своите дворани, кралот допушта сатрапите да се одвојат од централната власт. Старапите на Мала Азија 363. дигаат буна и склопуваат споразум со Египет кој ја освојува Палестина. Артаксеркс II успева да го спаси своето царство заблагодарувајќи на неслогата на своите противнци. Неговиот наследник Артаксеркс III (358- 338) успева дури да го покори Кипар 344. и поново да го заземи Египет. Таа рестаурација кратко трае: после смртта на

Артаксеркс III (338), Египет поново се буни и наскоро (336, потоа 334) македонските трупи напаѓаат во Азија.

*Развиток на западните држави*

Картагина и западните Грци. Експанзија на Картагина. Додека Истокот пропаѓа во стални борби, на западниот брегови на Средоземје се развиваат држави, кои малку-помалку се вклопуваат во меѓународната економија, а потоа и во политиката. Западното Средоземје првобитно служело на Грците и Феникијците како колонијално подрачие. Тиренците се населиле на бреговите на Шпанија уште во XI в. откаде извезувале метали произведени во земјата Тартес (Бетика). Ама во VI в.

Тир, кој потпаѓа под Персијците, ги прекинал односите со Западот и го наследува неговата бивша колонија Картагина. Оттогаш тој претежно поморски град, кој зазема добра положба на допирот на два базени на Средоземјето, почнува да го подигнува царството на уштрб на западните Грци. Во Шпанија Картагина ги потискува Грците спрема север, Иберите спрема внатрешноста и ги претворува феникијските трговски градови во свои сопствени колонии. Ја заземаат Корзика и Сицилија, каде меѓутоа се задржуваат Грците кај Химера (480). Во Африка, од Атлантикот па сѐ до Либија, има луки во кои се снабдува и со кои тргува. Изгледа дека тоа во почетокот бил кралски град под управа на моќното семејство Магон, а потоа, околу 450, се претворува во аристократска република во рацете на богати работни луѓе. Тие управуваат со политиката преку сенатот и трибуналот на сточетворица. Измеѓу нивните редови народното собрание еднаш годишно бира магистрати- два суфета. Напоредо со основањето на олигархијата расте и богатството. Да би се обезбедило со снабдување и да би се заштитила, Картагина во својот залет освојува пространо рамничарско подрачје. Заинтересирана за пронајдување на новите поморски патишта и пазаришта, таа испраќа околу 450. експедиција во Атлантик. Спрема југот

нејзините морнари го истражуваат брегот на Африка сè до Гвинејскиот залив и основаат упоришта во Мароко, Сенегал и на Канарските острови. Спрема северот допираат сè до Велика Британија. Картагина сама управува со флотата и армијата, додека градовите на нејзиното царство остануваат автономни. Нејзините бродосопственици држат монопол на транспортот и, за разлика од Атина, не примаат странци во своето царство. На тој начин, овој град кој настојува на првенство на трговска експанзија, доаѓа во судир со истите настојувања на Сиракуза.

Сиракуза и нејзините тирани. • После победата над Картагина (480), во Сиракуза настанува период на благосостојба за владата на тиранинот Хиjерин (478- 466), кој намерува да ја обедини Сицилија. Неговата власт се простира долж брегот сè до Месина, чиј мореуз е под негова контрола, и на запад до Агригента и Химера, каде заведува протекторат. Неговата смрт доведува до пад на тиранијата. Ипак, после 445. градовите стануваат еден против друг. Атина сака да ја искористи таа слабост 413. ама неа Сиракуза ѝ наносува страшен пораз. Заблагодарувајќи на таа победа, демократската странка ја свргнува војната тиранија и ја презема власта. Користејќи ги граѓанските борби, Картагина упаѓа со војската на Сицилија, го разорува Селинони и Химера и го припојува Агригент. Поразите на демократите го олеснува повновното воспоставување на тиранијата. Дионисиј (405- 367) уз помош на аристократите презема командување со војската, а потоа и титулата стратег на автократор (406). Да би ја сузбил опасноста која му се заканува од Картагина, Дионисиј насобрал голем број платеници во Кампанија и Грција, ја заштитува Сиракуза со јак одбрамбен систем и ја развива флотата. После неколку борби во кои понекогаш бил тешко поразен, тој успева да ги потисне Картагинците западно од остроото. Во меѓувреме, тој основа царство на копно; бидејќи 387. го зазел Региј, а потоа 379. Кротон, напредува спрема Јадранското Море, ги основа Анкона и Адрија и се бори на илирските брегови против пиратите кои ги пустошат

тие краишта. На запад постигнува сојуз со Неапол и интервенира на Корзика и во Етрурија. Ама не успева да го потчини Тарент со кој во тоа доба управува тиранинот, филозофот Архита, Платонов пријател. Дионисиј спроведува вистинска хегемонија над целиот западен грчки свет, а тоа се гледа од Анталкидиниот мир, со кој медитеранскиот свет е поделен измеѓу персискиот крал, Спарта и самиот Дионисиј. Како верен сојузник на Спарта, Дионисиј неа í помогнува да воспостави хегемонија над континентална Грција. Ама режимот на Дионисиј Постариот, кој предизвикува многу незадоволства, долго не ќе се одржи после неговата смрт. Го наследил неговиот син Дионисиј Помладиот кој, меѓутоа, нема способност на својот татко. Дионисиј Помладиот ги протерува својот министер и роднината Дион (366), кој неколку години подоцна ги враќа да се домогне на власта (357), ама е убиен (354)".

Се наведе: „Дионисиј спроведува вистинска хегемонија над целиот западен грчки свет". Никогаш немало било што грчко, на запад никакво било какво хеленство туку само греичко, од греик=греи ик=тн.словески суфикс: греи=греј дојденци од каде што Сонцето греи=греј- тоа значи дојденци само од југот, откаде што грее.

„• Нови немири и политичка нестабилност. Дионосовото царство се распаѓа.

Сите градови поново стекнуваат независност и секаде се јавува локакна тиранија.

Картагина ја користи таа прилика поново да би почнела борба, а Сиракуза ја избегла пропаста заблагодарувајќи ја само помошта која неа í ја испратил Коринт под водство на Тимолеон (344). Да би ја повратил претходната состојба, Тимолеон спроведува политичка реформа, заведува демократија одредена со цензус во Сиракуза и ги придобива останатите островски градови кои ги протеруваат своите тирани. Потоа влијае на Картагинците на бреговите на Кримизос (341); со миром од 339/ 337. пунскиот посед се сведува на тесен појас во западниот дел на островото. Најпосле, да би го

обновил стопанството на Сицилија, која е упропастена со војната и која изгубила многу луѓе, Тимолеон назад ги повикува прогонетите Сицилијанци и доведува колонисти од сите делови на грчкиот свет. Бидејќи на островото завладеал мир и благосостојба, Тимолеон се повлекува (337). Ама тој со својот дел стекнал така поголемо влијание, сè до крајот на својот останал советник кого народот покорно го слушал. Тој своето дело го продолжил во јужна Италија со испраќање на спартански експедиции во помош на Тарент, кој го нападнале брѓаните од околните краишта (343-338). Во Голема Грција и Сицилија поново завладеал мит и благосостојба“.(Magna Greika:magna=megna=меѓна - н = меѓа;ѓ=д: Медијци=Меѓијци, Р.И.)

Не „Голема Грција“ туку Голема Греика=греи ик а- крајно а за женски род.

„Основање на Рим. Етрурско доба. Додека Грците во јужна Италија длабоко ги почитуваат корењата, Етрурците го шират своето царство на северот на полуостровото, каде нивната моќ околу 550. пред н.е. е на врвот. Бидејќи ја зазеле Фелсина (идната Болоња), а потоа и добар дел на рамницата околу Пос, каде основале нов сојуз десет градови по углед на дванаесет најголеми градови на Тоскана, Етрурците ја прошируваат својата трговска активност (продавање на медитеранска бронза вон Италија, нарочито во централна Европа и Галија [кратер Викс во Бургундија околу 500]; купувањето на калајот и килибарот, чии патишта доаѓаат до луката на устието на Поа, Адрија и Спине). Во исто време нивната моќ се чуствува и во Лациум, каде Рим уште секогаш претставува само мал град на брегот на Тибар. Веќе од VI век населението на тој град веројатно се населува на седум брегчиња, кои го одредуваат планот на идниот град. По својата положба тој претставува раскрсница на неколку природни патишта и на која од морскиот брег кон внатрешноста едино постои газ. Во тоа доба водачите на етруртските дружини се ставаат на чело на латинските и сабинските села, подигнати по брегчињата. Бидејќи

се на повисоко нивоа на цивилизацијата, тие го основаат Рим и создаваат први свои установи кои му даваат обележје на градот. По римската традиција етрурската кралска власт ја претставуваат три личности:Тарквиниј Постариот,Сервиј Тулиј и Тарквиниј Охоли.

Нивната власт дава посебно обележје на освојување на неколку соседнио градчиња и големи редови: подигнување на јак одбрамбен ѕид, канализација на Форум (Cloaca maxima) и ѕидање на храм на Капитол. Привлечена со етрурската цивилизација, римското население, иако се служи со латински јазик, ја усвојува азбуката со етрутрско потекло. Примитивната вера се состои од церемонии во знак на фетишизмот: ритуалот мора строго да се почитува, како би се зачувала наклоноста на боговите спрема градот. Обредот не го вршат свештениците, туку кралот во име на државата и таткото во име на семејството. Градот во почетокот е поделен на три триби, кои се состојат секоја од десет курији,а секоја поново е поделена на десет декурии.Оваа поделба е на воен карактер:секоја триба дава по илјада пешадијци и сто коњаника".

Бидејќи „Грците во јужна Италија" говореле варварски=пелазгиски=словенски јазик, што било и со Етрурците со тн.словенски бог Перун како и Русите, што важело и со венетските руни на Етрурците и Русите, со ист варварски и пелазгиски јазик биле и Римјаните. Според Дионисиј [42] :„Јазикот со кој се користат Римјаните, не е наполно варварски, ниту пак апсолутно хеленски,но преставува мешавина од двата. Поголемиот дел од тој јазик е истоветен со еолското наречје..." сè едно исто.

Латински јазик бил нов на Греик Лив Андроник (240 година пред нова ера).

Латинскиот бил вулгарен коине- од коине на латински се вршени преведи.

---

[42] Историчарот Дионисиј (60 г.п.н.е.-7 г.н.е.) бил од Халикарнас- Римјаните биле Варвари=Пелазги.

„Родување на републиката. Така Рим снажно се развива под етрутската власт. Ама, спрема традицијата, Римјаните дигаат востание и ги протеруваат своите господари 509. година. Длабоки узроци на нивното напуштање на Рим лежи во поразите кои претрпеле во борба против Грците и латинските градови. Губејќи го Лациум, Етрурците губат врска со своите поседи во Кампанија 474, а нивната и пунската флота победува во Сиракуза и Кима. Оваа победа претставува истовремено и опаѓање на нивната моќ. После протерувањето на Етрурците, Рим, постанувајќи поново мал латински град, е принуден да се бори како би се наметнал на останатите градови на Лацијум. Победувајќи го латинскиот сојуз кај Регијското езеро измеѓу 496. и 449, тој склопува сојуз со Латините кои му овозможуваат да го потчини околното брдско население (на Херника, Сабињана и Волшчана).

Патриций и плебејци. • Добата на патрицијатите. Во внатрешната политика, историјата на првите векови на Републиката е обележена со стални борби измеѓу патрициите и плебејците. Патрицијатот се состои од собир на родови (гентес), кои ги собираат семејствата со заедничко потекло. Секој род има свои богови, обред, земја, трупи и свои штитеници, клиенти. На чело на родот се најдува патер фамилиас,неприкосновен господар,истовремено судија и свештеник.Едино на патрициите им се достапни јавните чести и вршење на свештернички должности; нивната моќ и богатство како да се зголемува после падот на кралството. Од нивните редови во иднина ќе се бираат главни магистрати и тие сами бар на почетокот, ќе преставуваат верско јадро на градот: оттука и сукоб со оние кои се исклучени од него.

Плебејците се слободни луѓе кои заедно со патрициите го претставуваат римскиот народ. Ама тоа се граѓани од втор ред: тие не гласаат; не можат да постанат ни магистрати ни свештеници. Не познаваат закони (кои не се објавуваат). Забрането е склопување на бракови измеѓу овие две класи. Најпосле, плебејците често се во економска зависност од патрициите,кои располагаат се

неподвижни имоти и чии тие се поверители. Многу плебејци кои не можат да платат обично паѓаат во должничко ропство. Меѓу овие две класи се води борба веќе од основање на републиката. Да би им се спротиставиле на патрицијатот, кралевите се ослонуваат на плебс; меѓутоа, кога кралската власт преминува во рацете на патрицијатот, плебсот, да би се задржал, е принуден да се организира и бори. Како и грчките градови, Рим се потчинува на аристократската управа. Патрициите го присвојуваат исклучиво правото на надѕор над законодавните установи на кралството (куријатска комиција и сенат). Извршна власт, која на кралот му е одземена, се предава на година дена на двајца конзули. Во случај на опасност, апсолутната власт се поверува само на шест месеци на диктаторот, чија десна рака е заповедник на коњицата. Ама изгледа дека плебсот му должи будење на својата политичка свест со промените во војната организација, на основ на кои пешадијата, регрутирана од редовите на плебсот, ја презема главната улога во битките између две војни кои настапуваат во строј.

• Успон на плебсот. Веќе на крајот на VI или најкасно на почетокот на V в., граѓаните, на основ на порезот кој го плаќаат, се разврстени во класи поделени во центурии, кои се основа за регрутирање на војската. На собранијата на овие класи, или центуријатски комиции, кои се одржуваат вон градот на Марсовото поле, се бираат конзули и војни трибуни. Тоа му овозможува на плебсот да се врши притисок на патрицијот. Легијата на плебејците 494. му ја откажува послушноста на конзулот и се повлекува на Светото брдо, недалеку од Рим. Патрициите се принудени да им се повинат и прифатат изборот на магистратот, чија должност е да го брани плебсот, народен трибун, кој ќе го одредуваат самите плебејци здружени во трибутски комиции (во триби се собирале граѓаните спрема нивното место на живеење).

Тие народни трибуни имаат голема власт, право на вето на секој законодавен и извршен чин, додека нивната личност е неповредлива.

На средината на V в., плебејците однесуваат друга победа: составено е и обновено римското право, кое дотогаш го познавале само патријциските првосвештеници. Новиот законик се вика закон на Дванаесет таблици. Нешто подоцна 445 (437) е скината забраната за склопување на бракови између патрициите и плебејците, а 443. се основа нова магистратура, цензура, на чело со два магистрати, кои се бираат секој пет години на по осумнаесет месеци, а должноста им е граѓаните да ги разврстуваат во класи спрема нивната имотна состојба. Порескиот систем на републиката постанува сѐ попрецизна. Најпосле, 409. или 401. плебејците добиваат ново право да бидат бирани за квестори (чувари на јавни благајни).

Рим и Келтите. Меѓутоа, Рим е соочен со големата опасност која претставува доаѓањето од север на неговите граници. Со потекло од централна Европа, во областите кои се најдуваат између Рајна и Дунав, Келтите можда веќе на почетокот на железното доба се појавуваат во северна Италија (Халштат). На почетокот на VI век се населуваат во Галија, каде нивната култура, викана култура Латена (по името на археолошкото наоѓалиште недалеку од езерото Нојшател), се менува во допир со локалното население (постепено го напуштаат спалувањето [посмртни урни] и воведуваат сохранување испод тумулоси). Вешто обработувајќи ги металите и дрвото на своите шуми, тие го пронајдуваат плугот со точкови (carruca) и бочварството, со што се објаснува развојот на земјоделството во земјите во кои живеат. Тие технички особини се исполуваат и во изработката на нивни опасни мечеви, чуените огрлици, тв. tarques, накити понекогаш емајлиран,како и вази од топен метал. Спрема тоа, тие располагаат со сјајна материјална култура која, уз тоа, има и оригиналност.Ама на политички план се одликува со војноборност и неспособност да основаат голема

држава. И вистина, често владее неред меѓу нивните разни племиња, кои понекогаш се собрани во сојуз со кои владеат кралеви, ама секогаш потчинети на војна аристократија и под влијание на свештеничката класа, друиди, кои, истовремено свештеници, судии и боженства, изгледа уживаат поголем углед од војните старешини".

Келтите, кога дошле на Балканот, на него не донеле ни растение, ниту животно. Ова било само поради тоа што сè што тие имале, сè имало балканско потекло.

Ако Келтите би потекнале северно од Балканот, каде говедото било диво животно, тие би ја имале само првобитната крвна група 0- крвна група А е од чума на говедо.

Келтите ги крчеле шумите со секира. Па келта означува секира. Следи келта =килта=кирта- секирта=сек кирта: секирта=секира; Шекспир=секспир=сек с пир за секира: секи (сечи) с пир=пири гори- пирејот се гори; друид=дрвид=дрвит=дрвити.

„Со своите војни одлики ја надохнадуваат расцепканоста и мошне брзо успеваат да го прошират подрачјето на своето распростирање со масовни движења кои ги тера спрема богатите медитерански полуострова. Додека прекорајнските Келти, изгледа, се населуваат во северна Галија под називот 'Белги', некои од нив се населуваат на Иберското Полуострово (VI век), каде околу 300 се појавуваат под името Келтибери; другите поминувајќи од Бохемија, продираат како бујица спрема Грција (го плачкаат Делфи 279/278) или одат во Мала Азија, каде се појавуваат под името Галати (околу 278/270) и каде најпосле го победуваат кралот Атал I од Пергам (241). Во меѓувреме, трета група, која дошла од Галија, продира со долината на реката Тесин во Италија и ја зазема областа околу Милано. Тогаш последните Келти се сукобуваат со Етрурците. Така доаѓаат во допир со Римјаните, чии легии ги победуваат 381. на бреговите на Алиј. Победниците влегуваат во Рим плачкајќи и палејќи, ама не можат да го заземат Капитол. Да

би ги зауставиле нивните понатамошни наезди, Римјаните се принудени да платат мошне голем откуп. Ова е најопасна наезда, ама оние до кои ќе дојде во текот на IV век ги држи Римјаните во стален страв од русокосите војници одевени во 'галски чакшири'. Во втората половина на IV век се проширува римскиот хоризонт. После победата над Латините, тие го присвојуваат целиот Лациум и основаат колонија и муниципија. Латините тогаш добиваат другоразредно граѓанство со граѓанско право, латинско право".

**Светот на медитранот и Блискиот исток во македонско и хеленистичко доба** (359- 20 пред н.е.)

*Македонски освојувања*

Економски и општествени промени во Грција. Благосостојба и беда. И покрај војната, Грција ја зачувала извесно благосостојбата. Археологијата ни открива дека орудието е усовршено и дека е зголемено занаетчиското производство. Нарочито трговијата е во голем успон, заблагодарувајќи на развојот и поморското и банкарството. Ама таа благасостојба не ја уживаат подеднакво сите слоеви на населението. Малите поседи нестануваат и се создаваат големи, па и земјата подобро се обработува. Ситното селанство ги напушта своите поседи после големите војни опустошувања. Огромен прилив од селото го зголемува бројот на жители по градовите. Ама ни во градовите не е подобро расподелено богатството. Огромното мнозинство на населените живее од мршави приходи. Невработеноста, која е ендемична след конкуренција на робовската работна снага, се погоршува со доаѓањето на селаните. Се поострува противречноста измеѓу богатите и сиромашните, што доведува до крвави граѓански сукоби. Атина успеала од тоа да се зачува, помогнувајќи најповеќе сиромасите. Многу Грци, кои безработнливоста или граѓаната војна ги натерала да ги напустат градовите, стапуваат во служба како најамници. Тие економски и општствени преобразби доведува до промена на менталитетот во овој окрутен свет во кој тешко се

живее; Грците, нарочито оние од Пиреја, кои се во тесен допир со Истокот, мошне се толеранти и, мада секогаш не ги напуштаат своите традиционални богови, не се двоумат кога треба да ги прифатат, наравно во почетокот опрезно, страните источњачки богови (египетската божица Изис). Градот трпи след промените. Негова сувишна тесна политичка рамка му го отстапува местото на сојузите во кои се групираат повеќе градови и сѐ повеќе се чуствува потреба за политичко обединување на сите Грци. Така, малку- помалку, извесни Грци се навикнале на помислата за човекот кого ќе го испрати судбината и која на Хелада ќе ѝ подари мир и единство.

Опаѓање или развиток: Спарта и Атина. Четврт век е за Спарта век на декаденција. Уште во време на нејзината надмоќ, со прилив на богатството е зголемена имотната еднаквост и е поткопана државната власт заснована на строгости и врлини. Што повеќе, градот трпи след раселувања на населението, бидејќи бројот на граѓните стално опаѓа, да на крајот на векот би се свел на неколку стотини. Без жители, лишен сем тоа Месенија после војниот упад на Теба на Пелопонез (369), овој град паѓа на ниво на обична варошица. Во Атина се развиваат институциите. После поразот 404. олигарсите основале влада на насилија викана Триесеторици. И покрај подршката на Спарта, тие се задржале само година дена. Ама обновената демократија уште е погруба и порадикална отколку порано. Понекогаш, во желба да се уништи опозицијата, таа се покажала како ограничена и погрешна. Така 399. Сократ е осуден на смрт, е окривен дека не верува во боговите и дека ја расипува младината.

Всушност, тој паѓа како жртва на многубројни непријатели кога стекнал со својот критички дух и преsирање на предрасудата. Сенатот (буле) кој води помирлива политика, ја губи својата моќ во корист на собранието (еклезија), која паѓа под влијание на демагозите. Ама многу граѓани, принудени тешко да заработуваат за живот, престануваат да присуствуваат на собранијата. Да би си

привлекле граѓаните, би било потребно на присатните да им се плаќа на нахнада (misthos ecclesiastikos, 395). Воопшто земено, граѓанската свест опаѓа. Граѓаните избегнуваат војна обврска, додека утајата на порезот осетно го смалува доходокот од сталните порези кои го плаќаат најбогатите (eisphora, порез на целокупниот капитал), а кога се појавува опасност од Македонија, на градот му недостасува духовна снага и материјални добра, со помош на кои би можел да се спротистави. (Богови/митови за Хелени, Р.И.)

Македонска експанзија. Земја, Македонија, која се најдува во соседство на Тесалија. Грците ја сметаат ‘варварска’ земја. Во споредба со грчките градови, тоа е мошне пространа територија. Природно заштитена со планини, неа може да í се пријде само од брегот, долж кој Грците основале колонии. Ама населението, воглавно, селани и пастири, не е заинтересирана за море. Власта е во рацете на великопоседниците, кои политички подржуваат анархија сменувајќи ги кралевите“.

Па следи варвари (сточари) и поморци-поморците биле пирати-пири=гори...

„Филип Македонски. Ситуацијата се менува кога Филип Македонски постанува регент 359, а потоа крал 356. Ликот каков што ни го оставиле уметениците на стариот век ни ја истанува неговата физичка снага, издржливост и храброст, како и голема интелигенција и бескрупулозна амбиција. Во почетокот, тој ја јача својата власт ослободувајќи се од претендите и натерувајќи го племството на послушност.

Обезбедува сигурност на кралството, пресметувајќи се со соседните Илири, Пеонци и Траки. Потоа ја појачува својата превласт градејќи мрежа на патишта и реорганизирајќи ја војската, за која се сака претежно да биде составена од Македонци.

Пешадијата, сврстена во фаланга, снабдена со ново оружје сариса (долго копје преку пет метри), и го ускладува дејството на

пешадијата и коњицата. Најпосле остварување на неговото дело допринесува на приликите:раздор измеѓу грчките градови.

Филип против Атина. Неговата голема предност е во тоа што за остварување на својата амбиција ја користи секоја прилика. И така, додека од една страна атинскот сојуз се распаѓа, од друга страна кралот на Македонија се издигнува. Навистина 357. Хиос, Родос, Визант, Еритреја и Кос востануваат против Атина. Нивната флота ги пустоши Имброс, Лемнос и го опседнува Самос. Се исполуваат многу недостатоци на сојузот, а атинската флота е поразена кај Ембата 356. Филип ја користи таа прилика да го заземе Амфиполис на македонскиот брег (357). Потоа, ги зазема Пидна и Потидеа (атинска колонија) 356, како и рудниците на злато на планината Пангеј, кој претставува огромен извор на приходи за неговиот воен буџет.

Продолжувајќи со освојувањата, го зазема Метон, последниот град во кого Атина уште држи клерухи (354) ама, при покушувањето да ја премина Термопила, 353 го зауставува една грчка коалиција; Филип не е упорен, се повлекува, ама ја задржува Тесалија. На Атина пак после пропаста на царството е потребен мир. Скоро пет години таа живее повлечено под раководство на Еубула, кој ги обновува финансиите и флотата. Па ипак, пред или подоцна, мора да дојде до сукоб измеѓу атинскиот и македонскиот империјализам. Веќе во зимата 352-351, Филип ги напаѓа на море атинските сојузници, се растоварува на Лемнос и Имброс, а потоа на југот Еубеја и во Маратонскиот залив. Узбудувањето во градот е големо, каде Демостен истапува со својата Прва филипика, изнесувајќи снажна оптужба против кралот на Македонија. Ама покрај тоа што Атињаните преземаат еден поход, Филип го зазема цел Халкидик, го освојува и руши градот Олинт (348). Напуштена од сојузници, Атина е принудена да го прифати Филократовиот мир (346). Во суштина, таа не се мири со судбината. Демостен постанува политички водач на градот и со своите огнени говори против Филип ја тера екслезијата нешто да преземе. Меѓутоа, се

сукобуваат со пасивноста на своите сограѓани, па дури и со нетрпеливост на некои кои се убедени дека Филип не е непријател на Атина. Демостен ипак успева да ги склони или ослаби своите политички противници (како што е говорникот Есхин). Тој поново воспоставува стална војна обврска и го зголемува буџетот. Во исто време се вложуваа големи напори на обновување на флотата. Бидејќи Филип ја започнал новата операција во Тракија (342) и го опседнал Визант (340), со што го довел во опасност патот на житото, Атина му објавува војна (340). И покрај Филиповиот пораз кај Визант и подршката на Теба (Спарта останува неутрална), напорот е направен премногу доцна. Оттогаш Филип може да го нападне само срцето на Грција, каде победува два сојузнички војски кај Херонеа(338).

Покорена Грција. Филип постапува поштро со Теба (поставува еден македонски гарнизон), туку со Атина која го губи Херсонес, ама ја задржува својата влада. После неговата победа, во тек на неколку следни месеци, тој го наметнува своето туторство на сите грчки градови. Неговата војска ја опустошила Спарта, која покушала да се спротистави. Филип постанал господар на цела Грција. Меѓутоа, не ги припојува на македонското кралство: градовите останувaат слободни и автономни, и здружени во стален сојуз кој испраќа свои претставници во сојузното веќе (синедрион). Со сојузот управува извршен сојуз од пет проедари, кои заседуваат во Коринт, откаде и називот Коринтски сојуз. Кралот на Македонија стои на чело на сојузот (хегемон) и е главен командант на војската за време на војна (стратег аутоктрат). На негов предлог, сојузот тогаш одлучува да поведе војна против Персија (јуни 337). Кога веќе претходницата на грчките трупи ги поминала Босфорот и Дарданелите, Филип го убива еден македонски благородник (летото 326).

Човек. Филип остава за себе дваесетгодишен син Александар. Александар тек треба да го освои своето кралство. Во самата Македонија се бори, против другите претенденти; на Балканот ги одбива варварските [44] народи (Траки, Илири итн.) кои се закануваат на неговите граници; најпосле, во Грција се сукобуваат со побуна која успева да ја угуши освојувајќи ја Теба и сравнувајќи ја со земјата (335); Атина ја принудува да му ги испорача главните непријатели. Од самиот почеток младиот владетел умеел да однесува победи и да се наметнува. Изузетна е личност, снажен, неуморен, со силовит карактер. Истовремено, тоа е човек со широка култура, Аристотелов ученик.Убавина, храброст, политичка и војна генијалност на овој потомец на Ахил и Херкул, како сам себе се назива, врши извонредно влијание на неговите современици. Тој е прв голем освојувач на античко доба.

Освојувач. Мала Азија, Сирија и Египет. Продолжувајќи го делото на својот татко, тој преминува во Азија со 37000 луѓе. Јадрото на неговата војска ја сочинуваат 13500 Македонци во фалангата и одличната коњица од 5000 луѓе. Оваа бројна состојба се одржува заблагодарувајќи на сталните појачувања кои пристигнуваат од Грција и регрутовањето на локалните трупи. Со овие релативно мали снаги покушал да основа светско царство. Наспроти него се најдува огромно царство, ама во распаѓање; на неговиот владетел, Великиот Крал, му откажуваат послушност, така да тој е принуден стално да се бори против побуната на своите сатрапи; меѓутоа, неговата војска е побројна, а снагата му се заснива на огромното богатство кое го нагомилале Ахеменидите. И така во пролетта 334. започнува еден авантуристички поход. Александар се истоварил недалеко од Троја, каде ги прославил успомените на Ахил пред

[43] Александар Велики никогаш немало туку само Александар Македонски-Велики само римски.
[44] Македонците биле варвари, а и другите. Па варварски јазик бил само пелазгиски=тн.словенски.

него што до нозе ќе ги победи сатрапите на брегот на Граника (334). Потоа ги освојува градовите на Јонија; во Гордион го пресекува чуениот Гордиев јазол, кој ќе го направи господар на Азија (333). Кога год поминува го примаат повеќе како ослободител отколку како освојувач; вместо персиски сатрапи поставува македонски генерали, ама го задржува стариот административен систем на победените.

Тогаш Дариј III му тргнува во пресрет на чело на далеку бројната војска. После победата кај Ис (333, ноември) заблагодарувајќи на својата вешта тактика, Александар ипак одустанува од гонење на Великиот Крал. кој е во бекство, бидејќи намерува да ја потчини прво Сирија и Феникија. Дариј бесуспешно покушува да преговара. Заземајќи го Тир, а потоа и Газа (332), Александар продира во Египет, напредува со Нил сè до Мемфис, каде се издава за наследник на фараоните, а не за наследник на персиските кралеви. Одлучува да основа на устието на Нил град кој ќе го носи неговото име (Александрија) и кој ќе го надмини Тир во трговојата со Грција. Потоа го посетува Амоновото светилиште во Сива (Амонова оаза), каде, спрема кажувањата на Старите, богот на освојувачот го потврдил неговото боженско потекло и му обеќал светско царство (зимата и пролетта 332- 331).

Месопотамија, Иран, Бактрија и Индија.Вратувајќи се во Азија, Александар, иако бројно послаб, ја уништил последната Даријева армија кај Гаугамела, недалеку од Арбела (331). Главните градови на победениот, Вавилон а потоа Суза, ја отвараат својата врата на македонскиот крал кој на тој начин го дочепкал благото на династијата Ахемениди; тоа му овозможува да испрати пари во Грција на намесникот Антипатар, кој се бори против побунетата Спарта и кој ќе ја победи октомври 331 кај Мегалополис. Најпосле го зазел и оплачкал Персополис. На Грците им паднал в рака огромен плен. Дариј уште секогаш се повлекува додека Александар стално продира. Александар го прати до Екбатан, а потоа низ Касписката врата. Кога најпосле го сустигнува, Дариј

веќе го убил еден негов офицер (јули 330). Тогаш Александар ја зема титулата крал на Персија. На многу негови другари изгледа дека војната да би можел да ја оконча, ама победник, кој постанал наследник на Ахеменидите, мисли дека мора да му се признае власта над целото Персиско Царство.

Тој ја води својата војска во освојување на источните провинции. Између 330 и 327 доаѓа до границата на Индија, што бил тежок поход, оти го води веќе уморната војска во пустинските делови на Бактрија и Согдијана. Што повеќе, Александар доаѓа до судир со своите соработници кои се вознемирени оти тој ги усвојува источничките обичаји, да се жени со персиската принцеза Роксана и, баш како Ахеменидите, захтева пред него да паѓаат ничкум: е принуден да загуши неколку заговори склучени против него. Потоа тргнува во освојување на подрачјата на сливот на Инд, го победува индискиот принц Пор (326) и доспева до Хифазис (лева притока на Инд). Ама не оди понатаму бидејќи војската одбива да го следи. Александар тогаш издава наредба за повраток.

Повраток. Александар се спуштил по Инд со бродовите кои ги изградил, потоа ја дели армијата во три колонии: една, под водство на Кратер, се враќа преку север; втората, која предводува Александар лично, оди долж брегот; третата на чело со Неарх, се качува на бродовите и доаѓа до устието на Еуфрат; тоа истовремено е и истражувачко и освојувачко патување. Александар и остатоците на неговата армија 324. се во Суза. Недисциплина се јавила во огромното царство и освојувачот чуствува потреба да ја организира својата пространа територија. Тој сака да го оствари спојувањето на Грците со освоените народи. Тоа се објаснува со неговите бракови со новите персиски принцези, како и женидбата на десеттина илјади негови војници со источните жени. Од Азија го решава проблемот кој ја мачи Грција; во цел на смирување на ситуацијата, им наредува на грчките градови да ги вратат старите изгнаници, а потоа, да би ја потврдил својата апсолутна моќ, ги принудува да го слават како божество.

Ама го спречила болеста да ја заврши својата започнато дело.Умира покосен од изненадната болест кога имал триесет две години и осум месеци (31. јуни 323). [45] За неполни петнаесет години постанал апсолутен господар на Грција и Азија; неговото дело останало недовршено, ама било огромно. Основал колонии кои постанале жариште на хеленската култура; успеал делимично да го оствари зближувањето на победниците и победените од Грција и од Истокот; најпосле, ја обединил Грција, трудејќи се да го уништи секое покушување на сепаратизам и да ја наметне својата апсолутна монархија.(По смрт хеленска култура, Р.И.)

Државата на Александар Велики после неговата смрт. Хеленистички свет.

Александар. Александар умре не одредувајќи наследник. Меѓутоа, како единa политичка врска која ги спојувала освоените територии била власта на монархијата, едини начин да се спаси царството било образаување на намесништво во очекјување синот на Александар и Роксана да постане полнолетен и да стапи на престол.

Намесништвото му е поверено на Пердикас, а царството поделено на големи области на чело со генерали. Ама тие набрзо ќе се распаднат.

Првата последица на Александровата смрт е побуна на грчките градови, по наговор на Атина и нејзиниот огнен водач Демостен кој сака да ја искористи приликата да би се ослободиле од македонскиот јарем. Меѓутоа, ламијската војна (323- 322) се завршува со неуспех кај Кранона (322), оти Александровите генерали одма се сложиле како да би ја загушиле побуната. Одмаздата е мошне окрутна, а Демостен извршува самоубиство да не би паднал во рацете на непријателот (322). Меѓутоа,

[45] Тој долго време бил труен со арсен во виното- и долго време бил незакопан без промени, смрдеа...

првобитниот споразум е постигнат меѓу војсководците (дијадосите) не трае долго. Амбициите и личните настојувања мошне брзо ги раздвоиле доскорешните сојузници кои, бидејќи се ставиле на чело на старите провинции на царството како монарси, водат готово четириесет пет години огорчени, рушилачки, често конфузни војни. Така е извршена неколку поделби на Александровото царство, кое секогаш го оспорувале оние кои се мислеле оштетени. Потрајна рамнотежа се воспоставила тек околу 277. г. меѓу три епигонски династии: династијата на Птоломеите или Лагидите, која владее со Египет; династијата на Антигонидите, под чија управа се Македонија и Грција; најпосле династијата на Селеукидите, која ја наметнува својата власт со земјите од Мала Азија до Иранската висорамнина.Најисточното подрачје на бившото царство, Бактрија, Согдијана и северозапад на Индија, постануваат независни, иако на чело тие држави уште секогаш доаѓаат потомци на бившите македонски генерали.

*Големи хеленистички монархии*

Потекло. Добата од поделбата на Александровото царство до големите римски освојувања историчарите го називаат хеленистички период. Тоа трае нешто подолго од два века. Три монархии настанале со оваа поделба живеат една покрај друга. До меѓусебни, често жестоки сукоби доаѓа неминовно. Со обѕир на своето потекло, овие држави имаат извесни заеднички особини: тоа се пред сè, војната монархија принудена стално да ги контролираат освоените територии, како во Грција, каде градовите непрестално покушуваат да ја повратат слободата, така и Азија, каде заедничкото царство е склоно на распаѓање, и најпосле во Египет, кој никогаш не бил потполно освоен. Освен тоа Селеукидите и Лагидите започнуваат крвава борба за превласт на источното Средоземје (сириски војни), оти Птоломеите сакаат да потчинат голем дел на острови и брегови како поморската трговија би останала во нивните раце. Во тие борби се исцрпени обата противника. Ослабени, Селеукидите не можат да спречат некои

свои покраини да не се одвојат од царството, како на запад во Мала Азија, каде покрај останатите, се создава хеленистичка држава Аталида во Пергам, така и на исток, каде се основа Парќанско Кралство. Што Лагидите се однесува, тие сами себе се туркаат во пропаст повикувајќи ги на помош Римјаните кои на крајот ќе го освојат целото кралство.

45 Тој долго време бил труен со арсен во виното- и долго време бил незакопан без промени, смрдеа...

Македонското кралство. Со Македонското кралство владеат Антигонидите.

Тоа, вооошто земени, се најслаби и најневлијателни хеленистички владетели. Имено, тие се нашле во тешка состојба оти експанзијата спрема Азија е извршена на штета на членките, Грците отишле во служба на Лагидите и Селеуките. Освен тоа, грчкото стопанство ослабело след конкуренцијата на новоосвоените кралства, чии земјоделски и занаетчиски производи се поефтини и ги има во изобилие. Упропастените селани, занатчии без работа, тоа е сликата која ја пружа Грција во хеленистичко доба. Дури и трговијата е погодена.Поморските патишта се поместуваат кон исток, поблиску до новите царства, те така допринесуваат на благосостојбата на Родос и Делос, додека Атина и Пиреј опаѓаат. Економската криза е пратена со општествена криза. Додека жителите на Грција во опаѓање, се пооструваат противречностите меѓу богаташкото малцинство и сѐ поголема маса сиромашни и, како во време на тираните, доаѓа до внатрешни борби. Основањето, подобро кажано, обновување на сојузот во III век, со кој се обединуваат неколку градови (ахајски сојуз, етолски сојуз), не може на Грција да ја врати некогашната моќ. Атина го губи дури својот интелектуален престиж. И покрај тоа што големите филозофи, како Епикур и Зенон од Китион, уште секогаш предаваат во Атина, книжевната и уметничката активност на бившата метролола опаѓа, а се развива во големите престолнини на

останатите хеленистички кралства. (Китион=кити он: в-н-т[ов-он-от], Р.И.)

Сириjско кралство. Ова е наjпространото кралство и само тоа пространстро им задава тешкотии на Селеукидите околу уредувањето и одржувањето. Селеукидите себе се сметаат за наследници на големите ахеменидски крала. Како апсолутни владетели со боженско потекло, опкружени со многубројни дворови, се придружуваат на источначките ритуали и се ослонуваат на бројното чиновништво и скоро потполно на грчка администрација. Да би ги привлекле и Хелените во своето царство, Селеукидите основаат многу градови (шеесетина) кои уживаат автономна повластеност. Грците живеат во нив, ама го задржале својот јазик, свој систем на школување и култура. На најголемиот број на домородците тоа не им било пристапно, ама елитата придобиена на ваков начин на живот. И така овие градови постанале жаришта на хеленистичката култура. Грците освен тоа допринесуваат на развиток на стопанскиот живот. Караваните крстарат по плодната земја и бреговите на Егејското Море, допринесувајќи на тој начин на богатење на големите градов како што се Вавилон, Антиохија, Селеукија, Пергам. Ама Селеукидите не се во состојба да го одржат своето пространо царство во целина: средината на III век дел на Мала Азија се одвоил од Сирија; тука се создаваат независни држави (кралство Пергам, Понт, Кападокија и Битинија), додека во срцето на Анадолија се населуваат Галатите, освојувачи со келтско потекло. Најмоќно кралство е Пергам (281/280-133), чија престолнина, под влијание на Аталидите,кои (241) ги победиле Галатите, после Александрија постанува втор уметнички и интелектуален центар на хеленистичкиот свет (извонредни скулптури Ранетиот Гал, голем жртвеник на Зевс, библиотека од 300.000 книги и производство на пергамент). На исток целата Иранска висирамнина измакнува од Селеуковата власт и влегува во состав на Парќанското Царство. И покрај способните владетели, како што се Антиох III (223- 187), кој

успева привремено да воспостави власт над источните покраини на монархијата, Селеукидите набрзо се принудени да се задоволат со Сирија и Месопотамија.

Египетско кралство. Од сите хеленистички кралства, Египет достигнува најголема моќ. Династијата Лагиди, која е на власт, насобрала она што го наследила од Александар, кого го сохрануваат во Александрија. Поносни што се Македонци прифаќаат да бидат египетски фараони и како такви да ги признаат за богови кои имаат свој култ и свои свештеници. Ги задржуваат постоечкото административно уредување, мошне тешка бирократија и дворани кои ги опкружувале фараоните.

Целата египетска територија припаѓа на кралот кој уредува и извлекува корист од обработка на земјата: селаните домородци постануваат на тој начин монархови закупувачи, на кого се должни да му даваат дажбина и кулук. Наравно, администрацијата строго ја контролира примената на тој систем. Ипак, еден дел на поседот бил отстапен на големите достојници, било клеруси (војни колонисти), кои обезбедуваат редовно регрутира војска. Индустријата, како монопол на државата, исто така е во рацете на фараоните. По углед на Селеукидите, и Лагидите повикуваат многу Грци кои доаѓаат да служат како чиновници или како војници. Ама за разлика од своите соседи, Лагидите основаат само мал број градови, како би избегнале создавање на поголем број на слободни енклави, оти Грците теоретски не потпаѓаат под нивната јурисдикција. Александрија навистина е најголем, најбогат и накраскошен хеленски град. Таа во текот на два века е нова метропола на грчкиот град и со огромно трговско складиште на производи од Азија и Африка (арапски мириси, индиски зачини и памук, свила порцелан од Кина). Таа стока потоа поново се извезува во сите земји на Средоземјето. На стотина бродови пристигаат, значи, во големата александријска лука,мошне добро уредена (тука на островото Фарос е подигнат прв светилник). Најпосле, добар дел на египетската индустрија е концетриран во

градот со украсени раскошни споменици“.(En-klave;Ex-klave;S-klave=Sklava-Sklavina,Р.И.)

Немало било што грчко туку само хеленистичко- грчкото создава заблуди.

„Хеленистичка култура. Ширење на грчкиот свет од основа ја изменило нејзината култура.

Монархија. Градовите во Грција, нема сумливост, ја зачувале својата автономија, ама на собранијата сојузите морале да изработат заедничка политика; меѓутоа, опаѓањето на хеленското полуострово ги спречила собранијата да одиграат позначајна политичка улога. Малку-помалку, кога Грците го губат граѓанскиот дух, нарочито кај оние кои живеат во Азија или Египет, каде од граѓани постанале поданици. Монархијата, која на почетокот се ослонувала само на сила (кралот пред сѐ е војсководител победувач), набрзо паѓа под влијание на религијата. Владетелот всушност ја однесува победата само затоа што е штитеник на боговите, те спрема тоа сите хеленистички монарси го негуваат тоа гледање на власта. Затоа култот на династијата се наметнува во Египет како на Грци, иако и домородци. Владетелите почнуваат покрај своето име да поставуваат уште и некој боженски епитет, како ‘спасител’ (сотер) или ‘доброчинител’ (евергет). Оваа апсолустичка власт допринесува до централизација; кралот управува со политичкиот живот; министри и наместници се само негови застапници, чиновници. Преку големиот бирократски апарат, кралот владее и управува со ‘својата земја’, чие цело богатство му припаѓа.

Стопанство.Грчкиот свет со својата експанзија го преобразил и целото стопанство на источниот базен на Средоземното Море, оти освоените земји ги отворил за меѓународна трговија и размена. Со ковање на парите Грците ставиле во оптицај огромно благо на Ахеменидите и се проширила неговата употреба во многу краишта кои до тогаш знаеле само за трампа. Хеленистичките владетели го

помогнуваат развојот на стопанството во сопствени интереси: нови патишта и прометни луки го големуваат приходот од царината. Производството е монополитичко уредено. Наочетокот богатството брзо се нагомилава, ама со времето, овој монархистички централизам се претворува во угнетувачки систем кој на крајот ќе ги парализира некои сектори на стопанството, нарочото во Египет, каде селаните бегаат од својата земја да би го избегнале плаќањето на порез.

Духовна култура и уметност. Ова ширење на светот доведува до промена и на полето на мислата и уменоста. Во странииот свет, во морето на домородците, Грците се принудени да престанат со своите размирици и да го чуваат само она што ги обединува. Ова ново единство мошне јасно се огледа во усвојувањето на заедничкиот јазик, коине, кој е очистен од дијалектната разлика. Далеку од завичај, отсечени од рамките на градот, свртени спрема широкиот хоризонт, Грците, кои изгубиле спокојство и бараат спас, не се задоволуваат повеќе со старите верувања ниту со многубројите божества. Тие порадо се вртат кон апстракните богови, спрема мистичните верувања, или го прифаќаат моралот кој како животно по правило му пружа епикуреизам и стоицизам“.

Следи само едно: во Александрија се усвојува „заедничкиот јазик, коине“.

„Најпосле, владетелите допринесуваат да процвета грчката култура на својот двор, со поклони кои ги делат градовите, како и со заштита која ја пружат научниците и уметниците. Науката постигнува до тогаш невиден развој. Математичарот Еукид и географот Ерастотен го шират своето учење во Александрија; бидејќи Птоломеите дозволиле вршење дисекција, се продлабочува знаењето од анатомија и физиологија.

Хеленистичките градови, со широки и монументални преспективи, кои ги соградиле големите архитекти, претставуваат средиште на оваа култура; во Александрија постој ‘музеј’ во кој се собираат

писатели и научници, со богата библиотека од 700.000 книги, додека библиотеката во Пергам располага со 300.000 книги; иако посиромашно опремени, малите градови, заблагодарувајќи на своите школи и гимназии, претставуваат центри за ширење на хеленизмот.

Значењето на хеленистичката културта и во далечните земји, во источниот Иран и на север на Индија, каде грчката уметничка традиција мошне јасно доаѓа до изразување во грчко-будистичките скулптури на Гандхар (денешен Авганистан).

Ама тоа влијание се чуствува нарочито на Запад заблагодарувајќи на Рим, чии победоносни освојувања во областа на Средоземјето овозможува оваа култура да ја прошири својата влијателна сфера.

Географската положба на Рим на домак на Велика Грција, а нарочито Сицилија, каде еден граѓанин на Сиракуза на почетокот II век пред н.е. основал монархија хеленистички тип, му овозможил на градот полесно да го прифати грчко- македонското наследство.

Сицилија за време на Агатокле (318/317- 289). Кога Тимолеон абдицирал и се повлекол (337), оживеале страначките борби на Сицилија, каде маса придојденци игра мошне значајна улога. Агатокле, исто така придојден, се става на чело на народната странка и уз помош на Картагинците доаѓа на власт (318/317- 289). Ја зема титулата ‘војсководител аутократор’, ја одзема земјата од аристократите да би му ја поделил на народот и одложува плаќање долгови. Потоа ги става под своја власт соседните градови, ама се судира со Картагина која против него испраќа експедиција (311). Опколен во Сиракуза, успева оттаму да побегне и да ја пренесе војната во Африка. Не наидувајќи на големиот отпор, ја пустоши територијата на Картагина, ама не успева да го заземе градот и морето да се врати на Сицилија, ама исцрпена. Картагина прифаќа преговори (306). Неприкосновениот господар на цела источна Сицилија, Агатокле, кој сака да се изедначи со источначките

дијадоси, тогаш зема кралска титула(околу 300).Потоа помислува да ја прошири својата власт и на Велика Грција, каде околу 300 интервенира на позив на Тарент, на кому стално му се заканува опасност од соседните горштачки племиња. Бидејќи ја воспоставил демократијата во Сиракуза, тој војува уште неколку години пред смртта (289). Неговата смрт му овозможува на Рим слободно да интервенира, што во останатото го олеснува раздорот кој наскоро се појавува меѓу грчките островски градови.

*Успон на римската моќ*

Освојување на Италија. Рим го освоил Лациум и одолеал на келтските напади; сега постепено ќе се шири сè до границата на полустровото.

Борба против Етрурците. Како наездата на Келтите длабоко го потресле Етрурското Царство, Рим во текот на IV век користи поволни прилики да ги нападне неговите најголеми градови (Веј, Черветери, Тарквиниј). Веј паѓа прв, околу 396, а наскоро и Черветери (351), ама отпорот кој го пружаат другите градови продолжува сè до почетокот на III век и завршува со капитулацијата на Вулсиј (околу 280/ 373), а нарочито со капитулацијата на моќниот Вулсиниј (265). Римјаните, кои веќе биле под влијание на етруската култура уште од времето на Тарквиниј, ја усвојуваат култура на освоените градови.

Самнитски војни. Напоредо со освојувањето на земјите северно од Тибар, Римјаните интервенираат и во Кампанија. На позив на Капуа, која е принудена да се брани од самнитските брѓани, Рим влегува во Самнијум. Борбата, која ќе биде долга и тешка, захтева превземање на неколку походи како би се скршил отпорот на Самничаните. Првиот поход е краткотраен (околу 343- 342 или 340), ама тоа не ги спречува Самничаните да ја заземат, неколку години подоцна, Фрегела со пресечување на тој начин секаква врска између Рим и Капуа. Рим тогаш почнува втората, многу подолга војна (327- 304), која нарочито е позната по болниот пораз

викан ‘каудински јарем’ (321); повово ја зазема Фрегела (313/311) и како победник изградува пат кој ќе ја поврзи со Капуа (Via Appia). Третата самнитска војна (298271) претставува конечна победа на Рим која бранејќи го преминот измеѓу Кампанија и Апулија основа колонија Венусија (денес Веноза). Патот спрема јужна Италија е слободен.

Војна против Тарент и Грците од јужна Италија. Во текот на целиот IV в. Сицилија е поприште на борби измеѓу Грците и Картагинците. Дионисиј од Сиракуза успева да ги задржи пунските напади; во исто време, грчките градови од југот на полуостровото, трпејќи ги нападите на племињата од Апулија, се принудени готово редовно да ги повикуваат на помош грчките кнезови или кралеви. На несреќа, на крајот на IV век Грците кои Азија ги привлекува уште од Александровите освојувања, престануваат да им помогнуваат на своите колонии на Запад и тие, препуштени сами себе, имаат сѐ повеќе тешкотии како би ја зачувале својата самостојност, нарочито после смртта на Агатокле од Сиракуза (289).

Во вакви прилики грчките градови гледаат во Римјаните евентуален сојузник, оние кои можат да се фатат во костец со народите кои ги загрозуваат. Некои, како Туриј, Локри и Региј, бараат од Рим да поставaт гарнизони кои ќе ги бранат.

Ама Тарент, најјак од нив, чуствува, и покрај договорот склопен со Рим веројатно околу 303, дека му се заканува опасност, те ги протерува неговите гарнизони. Рим одма ја освојува неговата територија (281). Тарент го повикува на помош епирскиот крал Пир. Пир се истоварува 281-280. во Италија и ги победува Римјаните кај Хераклеа (280), а потоа кај Аскула (279), ама таа победа е мошне скапа, а Пир не умее да ги искористи. Бидејќи тренутно ја отклонил римската опасност, тој преминува на Сицилија и ја освојува (278); грчките градови го признаваат за ‘крал’ на островото; ама како со својата тиранија брзо ги заморил,

го принудиле да се врати на полуостровото некаде околу 276. година. Пир претрпел озбилен пораз кај Беневента 275. и се враќа во Грција следната година, освојувајќи само еден гарнизон во градот Тарент. Римјаните тогаш го приведуваат крајот на освоувањето на Велика Грција, го заземаат Тарент (272/271) и Региј (270). На тој начин тие го освоиле цело полуострово, не со онаа брзина со која Македонците ја освојуваат Азија, туку со издржливост која им овозможила да ги совладат сите препреки. (Епир=е пир, Р.И.)

Последици на освојувањето на Италија. Овие непрестани војни имаат снажен одек во внатрешноста на градот.

• Римска војска. Војската е организирана. Сите граѓани се должни да служат војска одејќи во одреден број војни походи; меѓутоа, најсиромашните се ослободени од таа обврска; се регрутираат воглавно само еден дел обврзници и тоа со коцка.

Бидејќи походот е завршен, војниците и офицерите се враќаат по куќите и ја продолжуваат својата работа. Војниците се сврстени во легии, кои секоја вечер ги обезбедуваат логорите; на крајот на IV век Рим при прилика на секој поход редовно води четири легии од 4200 пешаци и 300 коњаници. Легионерите примаат плата.

Тактички единицата претставува манипула, која ја сочинуваат две центурии; за време на битките, легијата настапува во три реда (хастати во првиот ред, принципес во вториот и, најпосле, триарии во третиот); последно тешко наоружен ред го сочинуваат најистакнатите војници. Во тоа исто време Рим гради флота и влегува во ред на поморски сили со заклучување на договор на Родос (306), со Тарент (околу 303 ?) и со Картагина (348/344; 325; 306- 305).

• Уредување на освоената Италија. Во таа сврха, Рим користи две постапки: анексија и федерација. Анектираните територии стојат под непосредна власт на Рим и е населена со римски граѓани кои,

меѓутоа, не уживаат исти права. Едни (cives optimo jure) се полноправни граѓани, кои уживаат јавно и приватно право; се опишани во триесет пет римски триби и учествуваат во политичкиот живот заблагодарувајќи на своето право на глас. Другите се граѓани со ограничени права (cives sine suffragio) уживаат само приватно право, ама немаат право на глас. Кога е збор за припоените територии, само Рим е град, додека останатите се муниципии со автономни уредувања или префектури под директна управа на Рим. Што повеќе, Рим создава колонии со свои граѓани кои постануваат истурени војни бази на стратешките најважни места.Останатиот дел на Италија претставува сојузна територија.

Разните градови во рамките на оваа територија со Рим склучуваат мошне различни договори за сојузништво. Најповластени се сојузниците со латински имиња кои добиваат права со какви порано располагале жителите на Лациум, пред него што постанале граѓани на Рим. Права и должност на секој сојузнички град се одредени со разни договори. Сите градови ја признаваат превласта на Рим и мораат да го снабдуваат со људство за неговата војска и пари. За возврат Градот (Urbs) обезбедува мир на целото полуострово.

„Клинесто писмо и сумеро-акадската култура. За разлика од египетското културно влијание, ограничено на Нубија и неколку сириски градови, културата на Месопотамија не престанува да се шири во текот на II милиениум. Клинестото писмо, мошне упростено, кои Хуритите и Еламитите го употребувале веќе во III милениум, го усвојуваат и сириските градови (од XVIII век), а и Хетитското Царство (XVI век ?). Меѓутоа, не се знае дали неговото ширење во тие земји треба да им се припиши на Хуритите или на западните Семити. Понекогаш клинестото писмо го употребувале да би се пишело на хуритски, хатски или еламитски јазик. Ама воопшто земено, страните писари, поведувајќи се за класичните и научните дела на Вавилонија, го усвојуваат со месопотамското писмо и акадскиот јазик (за званичните и трговски текстови) и сумерски (за обредните текстови). Така писмата од Тел-ел- Амарна (XIV век) покажуваат дека на врвот на египетската моќ меѓународната коресподенција е водена на акадски јазик“. [85]

---

[84] Opšta enciklopedija LAROUSSE, Paris 1967-za Jugoslavija Vuk Karadžić, Belgrad,1973, том 3,стр. 237.
[85] Исто, стр. 238.

Се говори за писмо на белата раса и акадски јазик на Црнци, а другите јазици биле на Белците. Па акадскиот јазик не можел да биде чист јазик на Црнци туку тој содржел зборови и на Белци. Бидејќи во Месопотамија и Египет живееле две раси, белата и црната, акадскиот јазик можел да се употребува дури и во Египет.

Како што акадски бил дворасен јазик, исто се случило и со староегипетски.

„Ова командување доведува до интервенција на оние кои од времето на Манетон се нарекуваат 'етиопски кралеви' (XXV египетска династија, 751- 656). Тоа се господари на новото кралство Куш кои во Напати веројатно ја основале Амановите свештеници бегајќи испод власта на Либијците (950). Во секој случај овие црнци од Нубија се служат со египетскиот јазик како званичен и ги чуваат обредите на новото тебанско царство. Богати и моќни, лесно ја наметнуваат власта на малите либијски кнезови до долината на Нил". [86]

Стои: „овие црнци од Нубија се служат со египетскиот јазик како званичен".

## ДВОРАСНОСТ И ДВОРАСНИ ЈАЗИЦИ

Х.Џ. Велс [87] пиши: „Една голема група на јазици владее сега со сета Европа и се пружа дури до Индија...Неа ја нарекуваат индоевропска или аријска група...".

„Во едно доба од можда давната минатост, во неолитскиот век, што ќе се рече пред 8000 или повеќе години, постоел еден прост, првенствен говор од кој подоцна се издвоиле сите овие ариски јазици.

[86] Исто, стр. 241.
[87] Herbert George Wells, Историју света, 1929, Народно дело, Белград, стр. 66.

Мора да е негде измеѓу средна Европа и западна Азија каде лутал извесен број племиња кои доволно се измешале да би можеле да се развија и употребува еден јазик. Нив би било згодно овде да ги наречеме ариски народи. Х.Х. Џонстон ги назвал ‘Ариски Руси’...“.

„Одма уз ариската филолозите разликуваат уште една група јазици кои канда постанале независно. Тоа се семитските јазици...“. [88]

„Ние гледаме каде во самиот почеток на запамтената историја (а тоа ќе биде околу четири иљади години пред Христа и порано) народите што говореле ариски и народите што говореле семитски доаѓале војни и трговија меѓусебно во најжив допир, и тоа и уз источниот крал на Средоземно Море. Ама, основните разлики кај првобитните ариски и првобитните семитски јазици не обврзува на верување дека пред историскиот период во неолитско доба со иљади години морало да владее потполна одвоеност измеѓу народите што говореле ариски и семитски“.

„За овие другите...Оние народи кои говореле со вистински семитски јазик, како и оние со вистински ариски, веројатно дека во раното неолитско доба живееле така да се рече во посебни светови“.

Следи семитските јазици биле на Црнци со потекло јужно под Сахара.

„Веќе со помала еднодушност говорат и филозофите и за третата група јазици, за хамитската група...дека е сродна со семитската група...

Хамитската група зацело е многу попространа...Семитските јазици можеле да постанат како каква специјализирани прото-хамитска група...

[88] Исто, стр. 67.

Како народите на хамитските...Меѓу хамитските јазици спаѓаат...така виканата етиопска група афрички јазици во источна Африка, вклучувајќи ги тука и јазикот на Галасите и Сомалците...“.

„За хотентотски јазик се вели дека има сродност со хамитските јазици, од кои е одвоен со својата ширина на средна Африка, во која се говори банту-јазик. Во полутарската источна Африка и сега се говори еден јазик сличен на хонентотскиот и сроден со бушманскиот, а тоа само ја потврдува мислата дека некогаш во својата источна Африка се говорел хамитски“. [89]

Следи семитските јазици припаѓале на хамитската група, која била црнечка.

„Семитската и ‘северњачката’ или ‘нордиската’ раса имаат одредена физиономија. Изгледа дека тие, како и нивните карактеристични јазици,повеќе се обележени и поспецијализирани отколку пошироките, првобнитните народи со хамитски јазици“. [90]

Се потврдува, семитската група на јазици е мешавина на јазикот на белата и црната раса. Вакво влијание имало во Месопотамија...Феникија...Арабија...Египет...

„Историјата на нилската долина од почетокот на својата позната историја па до времето на Александар Велики била мошне слична на вавилонската историја. Ама, додека Вавилон бил отворен од секоја страни да се навали, Египет бил заштитен од запад со пустиња, од исток пустиња и море, а на југ имал само црнечки народи. Неговата историја према тоа е помалку испрекината со наезди на туѓи раси отколку што е случај со историјата на Асирија и Вавилон...“. [91]

[89] Исто, стр. 72.
[90] Исто, стр. 68.
[91] Исто, стр. 80.

Црнците навлегувале од црна Африка. Па и Египтјаните имале војска составена од Црнци, чии черепи биле почврсти од черепите на Персијците (Хер. III-12).

„Околу пет илјади години...Веровно во горен Египет провалил преку Аден од јужна Арабија некој свеж народ кој мошне споро надирал кон делтата Нил. Др Валис Баџ говори за нив како за ‘освојувачи од Исток’. Ама, нивните богови и нивните обичаји, како и нивното во слики пишење, всушност биле многу другчие од сумерските. Една од најраните познати боженски фигури есте фигурата на боженски воден коњ, која веќе само со тоа е сосем одредена афричка“.

Па следи врската била само од црна Африка- оттаму потекнувале Црнците.

„Робовите уште од најраните времиња се употребувани и да веслаат по галиите, мада Тор (Стара Лаѓа) вели до Периколово доба (450. година пред Христа) не беа ни слободните Атињани од тоа поштедени...Фараоните обично ловеле робови по Нубија како за своите походи во Сирија имале црнечки трупи...“. [92]

Х.Џ.Велс [93] пиши: „Во раното доба средоземниот или иберискиот оддел на кавказки раси се простирал понатаму и имал помалку отколку нордиски еден нарочит и различен тип. Неговата јужна граница спрема Црнците е мошне тешко да се одредат или да ги одбележат спрема првите Монголци. Вилфред С. Бланк кажува како Хексли ‘уште одавно посумњал дека Египќаните и Дравидите водат заедничко потекло од Индија, како дека постоел можда во мошне раното доба еден друг појас на мркокожните луѓе од Индија до Шпанија’ “.

„Тој јазик...Тие мислат дека баскискиот е сличен повеќе на извесни така исто залутани остатоци од говорите што се пронајдени во

[92] Исто, стр. 115.
[93] Herbert George Wells, Историју света, 1929, Народно дело, Белград, стр. 63.

кавказките планини...Тие мислат дека тој јазик можел да стои во мошне блиска сродност со дравидниот јазик од Индија и со јазиците на народите на хелиолитската култура кои се ширеле преку Источна Индија на исток до Полинезија и понатаму. [94]

Сосем е можно дека пред осум илјади до десет илјади години се простирале по западна и јужна Европа група на јазици што потполно изчезнаа пред појавата на ариските јазици. Подоцна ќе ја забележиме узгредно можноста на постоење на три изгубени јазични групи, кои претставувале: 1. стар критски, лидиски и други јазици (мада тие можеле да припаѓаат, како што тоа наведува Хари Х. Џонстон, 'баскискикавказко-дравидна група'); 2. сумерски, и 3. еламитски".

Прво време се пишело одвоено на јазикот на Белците и јазикот на Црнците. Подоцна се пишело заедничко, со пелазгиска писменост. Следеле деворасни јазици.

„Први трговци на светот биле сопствениците на лаѓи, како народот од Тир и Кнос, или номади кои пренесувале стока и со неа тргувале, лутајќи по краиштата на примитивната просветеност. Трговците во вавилонскиот и асирскиот свет понајповеќе биле семитски Арамејци, и претци на модерните Сиријци. [95]

„Приказните за војните, за верските сукоби, за заземањето на власта, убиства, братоубиства, како престолот би се зачувал, траело низ три века. Тоа е прва варварска приказна. Израил војува со Јудеа и со околните држави; се создава сојуз прво со едни, а потоа со други. Моќта на арамејска Сирија пламни над Евреите како злокобна ѕвезда, а потоа се дига зад неа голема и сѐ поголема моќ на асириското царство. Низ три века живот на Евреите...". [96]

---

[94] Исто, стр. 71.
[95] Исто, стр. 118.
[96] Исто, стр. 130.

На наведените простори службен јазик бил само сиријскиот арамејски јазик.

Како што сиријскиот арамејски јазик авторите го нарекуваат еврејски, токму од арамејски произлегол арапскиот јазик- тој бил нов, и тоа само јазик на Исламот:

„Додека царот Ираклиј покушувал да воспостави ред во опустошената Сирија- било тоа после смртта на Хозрој II, а пред склучување на конечен мир со Персија- му донесол некое необична порака.Донесителот на оваа порака промакнал низ царската предстража кај Бостра, во пустињата јужно од Дамаск. Писмото било пишано на арапски, во она време уште слабо познат семитски јазик на скитачките племиња на јужната пустиња. Секако Иракли го сослушал само усмениот превод на тоа писмо, и при тоа лесно е можно и преведувачот уште на своја рака да додал неколку презриви опаски. [97]

Тоа писмо било необичен позив, пишан со китњасти стил, а од некој човек кој се нарекувал Мухамед, божјиот пророк. Колку се дало да се разбере, тој Мухамед го позивал Ираклиј да признае един, вистински бог и да му служи. Друго ништо одредено не можело да се заклучи од ова писмо“.

Па арамејски, староегипетски, новоперсиски, коине, латински, арапски... не биле народни на еден народ Белци (Пелазги), туку само службени и верски јазици.

Дуден: [98] Арамеа Сирија; Арамеи народи во Северна Сирија; арамејски јазик.

Сиријскиот арамејски јазик бил дворасен јазик на Белци и Црнци (Семити).

---

[97] Исто, стр. 319.

[98] Horst Klen, Der große Duden, VEB Bibliograpühische Institut, Leipzig, 1971, стр. 27.

Исто така, и старо-египтскиот бил дворасен јазик на белата и црната раса.

Од старо-египетски до коптски и од коине до црковен: коптски=пелазгиски.

Улрих Вилкен [99] вели: „И во Египет...стариот египетски јазик засекогаш преживеа меѓу народните маси, а откако тие станаа христијани, т.е. 'копти', се разви литература која, како и сириската, беше предоминатно христијанска, во која беше вклучена и световната литература,како коптичка верзија на визијата на Александар. Тоа може да се смета како последен триумф на елинизмот што во третиот век во н.е. Египќаните го транскрибираа овој коптички јазик, кој не е ништо друго туку развиен стар египетски јазик, со грчка азбука,со неколку додатни демотички знаци, а подоцна ги отфрлија хиероглифите и демотичкиот ракопис...".

„Проширувањето на грчкиот јазик...во Египет свештениците во почетокот го употребуваа грчкиот јазик кого имаа врска со службениците, бидејќи тој беше официјален. Несомнено, ориенталските трговци и занаетчии веднаш започнаа да го учат официјалниот јазик од трговски причини...". [100]

Бидејќи коине произлегол од староегипетскиот, коине го заменал староегипетскиот. Со тоа што и староегипетскиот бил дворасен, народот не го разбирал. Па ова било повод тој да се реформира,од него да се отстранат семитските (црнечките) зборови, и се дошло до коптски јазик кој бил само пелазгиски=тн.словенски. Истото го направил и Цариград, кој го задолжил Македонецот Константин Филозоф, тој коине да го реформира, остранувајќи ги семитските неразбирливи зборови и се дошло до тн.црковно-словенски јазик. Следи црковно-словенски бил како коптскиот.

---

[99] Улрих Вилкен, Александар Македонски, Мисла, Скопје, 1988, стр. 349.
[100] Исто, стр. 336.

Х.Џ. Велс [101] пиши: „При провала на Ариjците од земјите на нивното потекло на југ и на запад, иберската раса се распространила по Велика Британија, по Ирска, ранција,Шпанија, северна Африка, јужна Италија, и, во една просветена состојба, по Грција и Мала Азија. Таа раса била во блиско сродство со египетската раса...“.

Ариски јазик бил вcovаварски=пелазгиски=тн.словенски кој бил Хомеров јазик. Западно од Германија се говорат готски (трорасни) и источно од Франција роман ски (дворасни). За доказ дека Европјаните се одродиле од својот народен тн.словенски јазик е тн.словенски темен вокал кој се употребува во сите јазици во Франција, поругалскиот, романскиот и шкиптарскиот- шкиптарски е и монголски (Г.Мајер...)

„Додека таквиот примитивен ариски јазик се ширел и развивал во свои пододели на запад, исто се случувало со него и на исток. Северно од Карпатите и Црното Море племињата со ариски јазик употребувале еден посебен дијалект назван словенски, од кого настанаа рускиот, српскиот, полскиот, чешкиот и другите јазици. Други разлики на арискиот јазик, распространети по Мала Азија и Персија, исто така се изградиле како ермерски и индо-ирански јазик, да од овој последен се развија подоцна санскритскиот јазик. Ние во оваа книга го употребувавме зборот ариски за сето тоа јазично семејство, додека по некогаш за целокупното семејство се употребува називот индо-европски, а самиот ‘ариски’ огранок е во тесна смисла на индо-ирански говор. Судбината на тој индо-ирански говор била да ги раздели подоцна во поголем број јазици, вклучувајќи ги тука и персиски и санскритски, од кои овој вториот јазик го употребувале извесни белолики ариски племиња што отприлика измеѓу три иљади и иљада години пред Христа продреле на исток во Индија, те ги покориле мрките дравидски

[101] Herbert George Wells, Историју света, 1929, Народно дело, Белград, стр. 135.

народи кои тогаш владееле со таа земја“. [102] (Ерменија и Анадолија ја создале Бригите [Херодот]: Бриги=Фриги, Р.И.)

„Санскритската епика ни раскажува една приказна слична на онаа која послужила како основ на Илијада, приказна за белиот народ, кој се храни со говедско месо- и тек подоцна стекнува тревождрени особини- а кој слегол од Персија во рамницата на северна Индија и пополека го освојувал својот пат кон Инд. Ама, воколку се шireле, многу штошто попримиле од победедните мрки Дравиди. Изгледа дека ги изгубиле и своите бардски преданија. Старите стихови, кажува г. Бас, ги пренесувале, воглавно, жените по домаќинствата“. [103]

Како доказ дека Египјаните со Македонците имале едно исто потекло беше со ДНК: ДНК на Египјаните била блиска со на Европјаните, како што биле Македоците. Меѓу нив биле Критјаните, кои ДНК се блиски со Македонците, а островот Крит било гранично подрачје на Левантот каде престојувала белата раса.

Врската се гледа со египетскиот јазик. Староегипетскиот јазик, како сиријскиот арамејски, бил дворасен јазик- на Белци и Црнци. Ова било само поради тоа што во Египет со до со Месопотамија живееле две раси- белата и црната. За подолг период од двата јазика биле создадени дворасни јазици- сиријски и египетски. Од првиот бил создаден новоперсиски, а од вториот коине. Го вратиле народниот јазик на фараоните со реформа на староегипетски- отфрлувајќи ги семитските зборови на црната раса,и се дошло до коптски јазик. [104] Коптскиот јазик бил пелазгиски, со кого говореле фараоните пред да постои староегипетски јазик.Значи, коптскиот како фараонски јазик бил само

[102] Исто, стр. 135.
[103] Исто, стр. 142.
[104] „...Коптски, јазик изведен од јазикот на древен Египет, и понатаму се употребувал во верските обреди, иако како говорен јазик излегол од употреба веќе во осумаесеттиот век. (Вотсон, стр. 305)

варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик.Како што во Египет се извршила реформа на староегипетски, Константин Филозоф ја повторил истата постапка: од наследникот на староегипетски коине тој ги остранил само семитските зборови, и се дошло до пелазгиски=тн.словенски јазик. Со наводот, се потврдува, посебни словенски народи никогаш немало, а Склавините биле Повеќебожци.

Египтјаните и Сумерите биле Белци со закосени очи- јазиците биле слични.

Дејвид Аик [105] пиши: „Хазарите и со нив блиско поврзани и на нив подреде ни Унгарците...Унгарците номадски народ од север со јазикот угро-финско потекло. Dr. Salidor Nagy…The Forgotten Gradle of the Hungarian Culture…Dr. Nagy наведува голем пример како би го покажал лингвистичкото совпаѓање измеѓу сумерскиот, староунгарскиот и современиот унгарски јазик. Се повикува и на неколку дела напишани во текот на првото илјадолетие, вклучувајќи го Арпадскиот кодекс и De Administrando Imperio, а 50 години водел и сопствени истражувања. Кажува дека само две стотини унгарски зборови кои доаѓаат од угро-финскиот јазик, ама повеќе од две илјади зборови кои се блиски на сумерскиот...Kálmán Gosztony, професор на сумерска филологија на Сорбона, во Сумерскиот етимолошки речник и компаративна граматика докажува дека структурата на унгарскиот јазик е најбли ска до онаа сумерската. Од 53 обележија на сумерската граматика, 51 се совпаѓа со унгарската, во споредба со 29 нивни во турските јазици, 24 со кавказкиот, 21 во уралските јазици, 5 нив во семитските јазици и 4 во индо-иранските. Лингвистичка сличност измеѓу сумерскиот, унгарскиот и другите јазици потврдиле археолошките и антрополошките докази. (Сумерски човек лу-на македонски луѓе за множина,Р.И.)

[105] David Icke, Priče iz vremenske omče, TELEdisk, Zagreb, 2008, стр. 106.

За Херодот најмоќен народ се Траките, кои живееле и северно од Дунав. Нивни се тн. словенски простори.Бидејќи ги нема најбројните тн.Словени,има заговор.

Се наведе: „само две стотини унгарски зборови кои доаѓаат од угро-финскиот јазик, ама повеќе од две илјади зборови кои се блиски на сумерскиот“.

Х.С-Вотсон [106] пиши: „Унгарската нација, како што постоела пред турската победа кај Мохача 1526, била ограничена на законите припадници племство. Таа класа опфаќала нешто повеќе од пет посто население, а вклучувајќи и голем број на сиромашни луѓе кои живееле попат на селани. Унгарија била повеќејазична земја, и унгарскиот не бил прв јазик на унгарските благородници“.

Следи во Унгарија живеле 5% Унгарци и 95% тн.Словени со јазик на Белци.

Деникен го наведува аргетинскиот истражувач Јуан Мориц, кој утврдил дека старото царство Квито, во јужна Америка, пред освојувањето на Шпанците, зборувале унгарски. Тој пронашол исти презимиња, исти називи на местата и исти погребни обичаи. Кога старите Унгарци закопувале мртви, нив ги испраќале со зборовите- тој да се качи на ѕвездата, Велика Мечка-. Во јужноамериканската долина Квинка и Кочаскви постои, меѓу другото, гробни химки кои верно се однесуваат на седумте главни ѕвезди на Великата Мечка.

Индијанци имало Монголи со ДНК блиска на Кореја и Тајван и Белци со крвна група А. Белците имале традиции од Источното Средоземје, кои стигнале од запад само по Patifik=пат тивик (тивок),со хиероглифи и тн.грчко (пелазгиско) писмо.

106 Hugh Seton-Watson, Nacije i države, Globus / Zagreb, 1980, стр. 161.

Ентони Брајер и други [107] пишат за првиот „мртов“ јазик. Тие наведуваат, сумерскиот јазик [108] останал званичен на царството за време на владеењето на третата династија на двајца нејзини претставници, Шу Син и Иби Син, кои имале акадски имиња. [109] Со преминот на власта на аморитските владетели, сумерскиот јазик престанал да биде говорен, сепак не излегол потполно од употреба. Владетелите ги врежувале своите натписи на сумерски, иако често со акадска верзија на истиот текст. Во листата писарите го додавале и акадскиот превод за секој сумерски збор. Овде биле најзанимливи приказните за боговите и хероите. Овие легенди, чиј средишен лик бил Гилгамеш, мошне многу потсеќале на Хомеровите епови. Гилгамешовата победа над небескиот бик кој му го испратила божицата на љубовта Инама, со неа да се бори оти ја одбил Гилгамеш и се судрил со неговиот бивш крал Киш.

Хомеровиот јазик бил и сумерскиот- имало дворасни јазици на бели и црни.

Следи „...лик бил Гилгамеш, мошне многу потсеќале на Хомеровите епови“.

Хомеровиот јазик бил варварски=пелазгиски=тн.словенски. Овој бил народен јазик. Службени биле сиријскиот арамејски јазик и староегипетскиот. Тие биле дворасни, на белата и црната (семитската) раса. Од првиот произлегол Новоперсиски од 515 г.п.н.е., а од вториот во Александрија за време на Птоломеите Коине.

## ЦРНА АТИНА

[107] Entoni Brajer i drugi, „Stari svet“, Beograd, 1984.
[108] Сумерите биле Белци со закосени очи како Египтјаните. Тие биле медитерански тип- Пелазги.
[109] Акадците биле Црнци. Според авторите, тие биле „Црноглави странци“- со потекло од Африка.

Мартин Бернал [110] пиши: „Приказната за Црна Атена е долга, сложена и, верувам, доволно интересна како едно проучување во социологијата на знаењето, за да заслужи поширока обработка; затоа, јас тука ќе понудам само како скица...

Во 1975 година, јас попаднав во средновечна криза. Приватните причини за кризата не се особено интересни. Политички, меѓутоа, таа беше поврзана со крајот на американската интервенција во Индокина и свесноста дека ѝ доаѓа крајот на епохата на маоизмот во Кина. Ми се чинеше дека средиштн фокус кон опасноста и на интересот во светот повеќе не беше источна Азија, туку источниот Медитеран. Ова поместување го поттикна мојот интерес за еврејската историја...Започнав да фрлам поглед кон древната еврејска историја, и- бидејќи и самиот бев ставен на периферија- кон односите помеѓу Израилците и луѓето кои ги окружувале, особено Ханаанците и Феникијците. Отсекогаш знаев дека Ханаанците и Феникијците говореле на семитски јазици; но беше прилично голем шок кога открив дека хебрејскиот и феникискиот јазик биле меѓусебно разбирливи јазици, како и дека сериозни лингвисти ги сметале за диалекти на еден единствен ханаански јазик.

Во текот на овој период, јас започнав да го проучувам хебрејскиот јазик и го открив она што наликуваше на голем број очигледни сличности помеѓу него и грчкиот. Два фактори придонесоа за мојата склоност да не ги прифатам овие сличности како случајни коинциденции. Прво, бидејќи го проучував кинескиот, јапонскиот и виетнамскиот јазик, како и малку распространетиот Чичева-банту јазик говорен во Замбија и во Малави- јас согледав дека ваквото мноштво од паралели не е нормално за јазици без меѓусебен контакт. [111] Второ,сега согледувам дека

---

[110] Мартин Бернал, Црна Атена, Табернакул, Скопје, стр. 3. (Атена=Атина, Р.И.)
[111] Белците стигнале во... Јапонија, како и Јужна Африка. Секаде, каде што тие дошле, има влијание.

хебрејскиот/ханаанскиот не бил само јазикот на некое малечко племе, изолирано во планините на Палестина, туку дека бил говорен јазик ширум целиот Медитеран- секаде каде што Феникјците пловеле и се населувале. Затоа, не гледав причини зошто големиот број битни зборови со слична звучност и со слични значења во грчкиот и во хебрејскиот- или барем огромното мнозинство од зборови кои немале индоевропски корени- не би биле позајмени од ханаанскиот/феникијскиот во грчкиот јазик.

Во оваа етапа, предводен од мојот пријател Дејвид Овен, јас бев подложен на големо влијание од делата на Сајрус Гордон и Мајкл Астур, дела за општите контакти меѓу семитската и грчката цивилизација. Освен тоа, Астур ме убеди дека легендите кои се однесуваат на основањето на Теба од страна на феникиецот Кадмос, во себе содржат зрно вистина. Сепак, исто како и тој, јас ги отфрлив легендите за египетското население, дали како целосна фантазија, или како случаи на погрешно протолкуван идентитет, верувајќи дека- без оглед што напишале Грците- колонитите навистина говореле на семитски јазици.

Четири години работев долж овие насоки и останав уверен дека дури една четвртина од грчкиот вокабулар би можела да има семитско потекло. Ова, заедно со 40-50 проценти кои се чинеа како индоевропски, сѐ уште не нудеа објаснување за една четвртина до една третина на грчкиот вокабулар. Се двоумев дали овој несведлив дел конвенциално да го гледам како ‘Прехеленски’ или да постулирам некој трет надворешен јазик, анадолски или-како што претпочитав- хуриски. Меѓу тоа, кога погледнав на овие јазици, тие ми понудија речиси никаков ветувачки материјал. Дури во 1979, кога фрлив поглед низ еден примерок од Коптскиот етимолошки речник на Черни, јас се здобив со можност да извлечам извесен смисол од доцноантичкиот египетски јазик. Речиси веднаш, јас сфатив дека ова беше третиот надворешен јазик. Во рок од неколку месеци, јас станав убеден дека на преостанатитите 20-25 проценти од грчкиот вокалубар би можел да

пронајдам веродостојни етимологии од египетскиот јазик, исто како и за имињата на најголемиот дел од грчките богови и за многу топоними. Ставајќи ги заедно индоевропските, семитските и египетските корени, јас сега верувам дека- со понатамошно истражување би можело да понудиме веродостојни објаснувања за 80 и 90 проценти од грчкиот вокабулар, што е пропорција која е висока во однос на присутните надежи за било кој јазик. Затоа, сега воопшто не постоеше потреба од 'предхеленскиот' елемент. [112]

На почетокот на моето истражување, јас морав да се соочам со ова прашање: Зошто, доколку сè е едноставно и очигледно присутно, никој претходно не го согледал тоа ? Одговор добив кога го читав Гордон и Астур. Тие го гледаат Медитеранот како културна целина, а Астур покажа дека антисемитизмот понуди објаснување за побивањето на улогата на Фенијците во формирањето на Грција. Откако налетав на египетската компонента, набргу станав уште поакутно вклучен во проблемот наречен 'зошто претходно не размислував за Египет ?' Тоа беше толку очигледно! Египет, без конкуренција, ја поседуваше највеличестената цивилизација на Источниот Медитеран, во текот на милениумот кога била формирана Грција. Грчки писатели обемно пишувале за своите долгови кон египетската религија, како и кон други аспекти од културата. Освен тоа, мојот неуспех беше уште повеќе загадочен бидејќи мојот дедо беше египтолог, и во моите детски години бев крајно заинтересиран за античкиот Египет. Очигледно, тука постоеја мошне длабоки инхибиции против поврзувањето на Египет со Грција.

Во овој момент, започнав да ја истражувам историографијата за потеклото на Грција, за да бидам сигурен дека Грците навистина верувале оти биле колонизирани од Египќани и Феникијци, како и

[112] Исто, стр. 4.

дека најголемиот дел од својата култура ја презеле од овие колонии и од подоцнежното проучување во Левантот.

И повторно, јас бев мошне изненаден. Бев вчудовиден кога открив дека она што започнав да го нарекувам ‘Антички модел’ не било соборено сѐ до раниот 19 век, и дека верзијата на грчката историја на која ме учеа- далеку од тоа дека историјата беше стара како и самите Грци- беше развиена дури во 1840-тите и 1850-тите.Астур ми посочи дека историографските ставови кон Феникијците биле под длабоко влијание од антисемитизмот; затоа, мене ми беше лесно да направам врска помеѓу отфрлувањето на Египќаните и експлозијата на северноевропскиот расизам во 19 век. Беше потребно прилично подолго време за обелоденувањето на врските со Романтизмот и за тензиите помеѓу египетската религија и христијанството“.

„Овие томови им посветуваат внимание на два модела од грчката историја: еден модел кој ја гледа Грција како суштинска европска или аријска, а другиот кој ја согледува како левантска, на периферијата од египетската и семитката културна област. Јас ги нарекувам ‘Аријски’ и ‘Антички’ модели. ‘Античкиот Модел’ бил конвенционално гледиште помеѓу Грците во Класичната и во Хеленстичката епоха.

Според него, грчката култура се појавила како резултат од колонизацијата, околу 1500 години пред новата ера, изведена од египќани и феникијци кои ги цивилизирале домородните жители. Освен тоа, Грците во голема мера продолжиле да позајмуваат од културите на Блискиот исток. [113]

Најголемиот дел од луѓето се изненадени кога дознаваат дека Аријскиот модел, во кој многумина од нас се наведени да веруваат, се развил дури во текот на првата половина од 19 век. Во својата најрана или ‘Широка’ форма, новиот модел ја порекнувал

[113] Исто, стр. 11.

вистината за египетското населување и се сомневал во населувањето на Фениијците. Тоа што јас го нарекувам ‘Екстремен’ аријски модел, кој цутел во текот на двете кулминации на антисемитизмот во 1890-тите и повторно во 1920-тите и 1930-тите, го нарекуваше дури и културното влијание од Феникијците. Според Аријевскиот модел, постоела некаква инвазија од северот- која не била евидентирана во античката традиција- која остварила превласт врз локалната ‘егејска’ или ‘предхеленска’ култура. Грчката цивилизација се гледа како резулат од мешавината помеѓу Хелени кои говореле на индоевропски јазик и нивните доморудни поданици. Токму поради конструирањето на овој Аријски модел, овој том го нарекувам Фабрикувањето на Античка Грција 1785-1985“.

„Сепак, ситуацијата го добива својот најекстремен облик во областите на јазикот и имињата. Почнувајќи од 1840-тите, индоевропската филологија, или проучување на односите помеѓу јазиците, беше јадрото на Аријскиот модел. Тогаш, како и сега, проучувачи на индоевројаните и на грчката филологија исклучитечно се противеа на согледувањето било каква врска помеѓу грчкиот јазик- од една странаи египетскиот и семитскиот, двата главни неиндоевропски јазици од античкиот Источен Медитеран, од друга страна. Нема сомневање дека доколку египетскиот, западносемитскиот и грчкиот јазик беа јазици на три значајни соседни племиња во современиот Трет Свет, би постоело обемно компаративно проучување, после кое најголемиот дел од лингвистите би заклучил дека тие можеби имаат прилично далеко сродство едни со други, но и дека со сигурност се одвивале значителни лингвистички и веројатно други културни позајмувана помеѓу трите народи. Меѓутоа, со оглед на длабоката почит која се чуствува кон грчкиот и еврејскиот јазик, ваквиот вид на сирова компаративна работа се смета за несоодветна“. [114]

[114] Исто, стр. 13

„Пред наведувањето на темите присутни во овие томови, можеби е корисно да понудам општ впечаток околу моите гледишта за нивната историска заднина, особено таму каде се разликуваат од конвенционалната мудрост. Како и најголем дел од учените луѓе, јас верувам дека е невозможно да се понуди суд помеѓу теориите за моногеза и полигенеза на човековиот јазик, иако сум наклонет кон моногензата. Од друга страна, неодамнешни дела од мал, но сè поголем број научници, ме убеди дека постои генетска поврзаност помеѓу индоевропските јазици и јазиците од афроазиското јазично ‘надсемејство’. Јас уште повеќе го прифаќам конвенцијалното, иако спорно гледиште, дека некое семејство од јазици произлегува од еден единствен дијалект. Затоа, јас верувам дека еднаш со сигурност постоеле луѓе кои говореле прото-афроазиски-индоевропски јазик. Таков јазик и култура со сигурност се раздвоил пред мошне долго време. Најновата веројаност би бил мустерскиот период, 50.000- 30.000 години пред сегашноста, но постои голема можност тоа да се случило многу порано. Terminus ante quem е одреден според далеку поголемите разлики помеѓу индоевропскиот и афроазискиот, одошто според разликите во нивните рамки, и јас верувам дека раздвојувањето на афроазискиот може да биде временски лоциран во деветтиот милениум пред новата ера. [115]

Ширењето на афроазискиот јазик јас го гледам како експанзија на културата -одамна воспоставена во источноафриканската Долина на Раседот- на крајот од последната Ледена епоха во 10 и 9 милениум пр.н.е. Во текот на Ледените епохи, вода била складирана во поларните ледени капи, а врнежите од дожд биле значително помали одошто денес. Сахара и Арабиската пустиња биле уште поголеми и понепристапни одошто сега. Со зголемувањето на топлината и врнежите во столетијата коиуследиле, голем дел од овие региони станале савани, во кои се собрале луѓето од блиските области. Најуспешните од овие луѓе,

[115] Исто, стр. 17.

јас верувам, биле луѓето кои говореле на протоафроазиски од Долината на Раседот. Овие луѓе не само што имале ефективна техника за ловење ниски коњи со помош на харпуни, туку поседувале и припитомени животни и земјоделски посеви.Одејќи низ саваната, луѓето кои говореле чадски пристигнале до Езерото Чад; Берберите дошле до Магреб; а Протоегипќаните во Горен Египет. Луѓето кои говореле протосемитски ја населиле Етиопија и продолжиле кон Арабиската савана (Мапа 1; Графикон 1)".

Според авторот, Црнците продирале кон север. Следи „Луѓето кои говореле протосемитски ја населиле Етиопија и пролдолжиле кон Арабиската савана".

Семитите биле Црнци- семитски јазици биле/се дворасни, на Белци и Црнци.

„Заедно со долготрајното сушење на Сахара во текот на седмиот и шестиот милениум пред новата ера, се одвивале движења кон долината на Нил во Египет, од правец на запад и исток, како и од Судан. Јас сметам и дека но овде сум малцинство-дека слична миграција се одвивала од Арабиските савани кон Долна Месопотамија. Најголем дел од научниците веруваат дека оваа област најпрво била населена од Сумерците или Протосумерците, како и дека Семитите од пустињата се инфилтрирале дури во третиот милениум пред новата ера. Јас тврдам дека во текот на шесттиот милениум пр.н.е. семитскиот јазик се ширел со таканареченото убаидско грнчарство во Асирија и во Сирија, со што повеќе или помалку го зазел регионот на Југозападна Азија, каде денес се говори семитски (Мапа 2). Јас ги замислувам Сумерците како дојденци во Месопотамија од североисток, на почетокот на четвртиот милениум пред новата ера. Во секој случај, од најраните текстови кои биле напишани- текстовите од Урук од приближно 3000 години пр.н. е.- ние сега знаеме дека постоела прилично забележителна двојазичност во семитско-сумерскиот јазик.

Малку научници ќе ја оспорат идејата дека Месопотамија била сцената каде најпрвин било создадено она што го нарекуваме ‘цивилизација’. Со можен исклучок, на пишувањето, сите елементи од кои била составена цивилизацијата- градови, земјоделско наводнување, обработување метали, архитектура од камен и тркала, како за возила, така и за изработување на грнчарски производи- постоеле претходно и на други места. Но овој збир, кога бил крунисан со пишувањето, озвозможил голема економска и политичка акумулација, која со право можеме да ја согледаме како почетокот на цивилизацијата.

Пред да дискутираме за подемот и ширењето на оваа цивилизација, би било полезно да го разгледаме раздвојувањето и одвоениот развој на индоевропските јазици. Во првата половина од 19 век постоеше мислење дека индоевропскиот јазик потекнувал од некои планини во Азија. Додека 19 столетие го ‘пренесуваше’ овој Urheim- или татковина- кон запад, постоеше општа согласност дека прото-индоевропскиот најпрвин бил јазик на номади некаде на северот на Црното Море. Во последниве триесет години, ова во основа беше поистоветено со таканаречената Курганска култура, присутна во овој регион во четвртиот и третиот милениум пр. н.е. Ветојатно, луѓето кои ја поседувале оваа материјална култура се ширела на запад кон Европа, на југоисток кон Иран и Индија, и јужно кон Балканот и Грција.

Општата шема на експанзијата од Централна Азија или од степите беше развиена пред дешифрирањето на хетитскиот јазик, откритието дека бил ‘примитивен’ индоевропски јазик, како и понатамошното признавање дека постоело анадолско јазично семејство. Во ‘анадолски’ јазици не се вклучени јазиците како фригискиот и ерменскиот [116] кои, иако биле говорени во Анадолија- современа Турција- очигледно се индоевропски.

---

[116] Според Херодот, Бригите ја создале Анадолија и Ерменија. Бидејќи б=ф до Фригија со Фригијци.

Вистинските анадолски јазици- хетитски, палајски, лувиски, ликиски, лидиски, лемниски, веројатно етрурскиот и можеби каријскиот- поттикнуваат бројни проблеми во конвенционалното гледиште за индоевропското потекло (Мапа 3). Во основа постои согласност дека прото-анадолскиот се раздвоил од прото-индоевропскиот пред расчленувањето на прото-индоевропскиот. Сепак, невозможно е да се одреди временската должина помеѓу двата настани, кои би можеле да се протегаат од 500 години, па сѐ до 10.000 години. Во секој случај, постои значителна разлика поради која многу лингвисти прават дистинкција помеѓу индоевропскиот- во кој не се вклучени анадолските јазици- и индохетитскиот, во кој се вклучени и двете семејства (погледнето го Графиконот 2)".

Јазикот на Белците бил еден ист,само со говорни разлики и од оддалеченост.

„Доколку- како што претпоставува најголемиот дел од историските лингвисти- не само идноевропскиот, туку и индохетитски јазик започнал да суштествува на северот од Црното Море, тогаш како и кога луѓето кои говореле на анадолски јазици навлегле во Анадолија ? Некои авторитети тврдат дека ова се случило во текот на доцниот дел од третиот милениум пред новата ера која, како што посочуваат месопотамските извори, таму се случиле инвазии на варвари. Далеку поверојатно е дека овие инвазии биле изведени од луѓе кои говореле на фригиски и на прото-ерменски јазик. Речиси е неверојатно дека периодот од неколку стотини години, пред првото сведоштво за хетитскиот и за палајскиот јазик, би овозможил мошне забележително диференцирање помеѓу индоевропскиот и анадолскиот, како и во рамките на самото анадолско семејство. Археолошката евиденција за третиот милениум пред Христос се крајно слаби и недоследни, но тука не постои очигледно раздвојување во материјалната култура кое би се вклопило во толку големо лингвистичко поместување. Освен тоа, не би требало премногу да се потпираме на аргументот од

тишината ѝ не можеме да го исклучиме напливот од анадолска култура во петтиот и четвртиот милениум пр.н.е.

Поатрактивна можност е шемата предложена од професорите Георгиев и Ренфру. Според оваа шема, индоевропскиот- јас би претпочитал- индохетитскиот- веќе бил говорен во Јужна Анадолија од страна на создавачите на величествените неолитски култури од осмиот и седмиот милениум пред новата ера, вклучувајќи ја и прочуената култура од Чатал Хујик, во низината на Коина. Георгиев и Ренфру предлагаат дека јазикот се движел кон Грција и на Крит со ширењето на земјоделството во приближно 7000 години пред новата ера. Според археологијата, тоа е времето на тамошниот забележителен процут во материјалната култура. Затоа, некаков дијалект од индохетитскиот би бил јазикот на неолитската ‘цивилизација’ во Грција и на Балканот во 5 и 4 милениум пр.н.е. Би било погодно да го прифатиме предлогот од американскиот професор Гудинаф, дека курганската номадска култура била деривирана од мешовитите земјоделски системи на овие балкански култури, па оттука следува и дека нејзиниот јазик бил изведен од овие култури. На овој начин, возможно е да ги помириме теориите на Георгиев и Ренфру со теориите на ортодоксните индеевропеисти, со постулирање дека курганската култура која говорела на индоевропски јазик се ширела назад кон Балканот и Грција преку популацијата ја говорела на индохетитски јазик.

Хипотетичката експанзија на афроазискиот јазик, заедно со африканското земјоделство од 9-тиот и 8-иот милениум пред Христос, како и на индохетитскиот јазик заедно со земјоделството на Југоисточна Азија во 8-иот и 7-иот милениум, во кој обем би можела да ги објасни темелните разлики помеѓу северните и јужните брегови од Медитеранот. Овие миграции главно се одвивале преку копното бидејќи поморското патување, иако било возможно дури и во 9-тиот милениум пред новата ера, сѐ уште било ризично и тешко. Со подобрувањето на навигацијата во

петтиот и четвртиот милениум пр.н.е., ситуацијата во голема мера доживеала пресврт. И покрај фактот дека номадите продолжиле да мигрираат по копнен пат, особено преку низини, транспортот и комуникацијата од четвртиот милениум пред новата ера, па сè до развојот на железницата во 19-тиот век, во основа полесно се одвивале преку вода одошто преку копно. Во овој долг период, реки и морињa нуделе можности за поврзување, додека територии биле изолирани од безводни пустињи и планини. Еден таков образец на историско наслојување- најпрво копно, а потоа море- би го објаснил општиот парадокс разгледуван во оваа книга: очигледната контрадикција помеѓу впечатливите културни сличности помеѓу населението насекаде низ Медитеранот, и темелната лингвистичка и културна поделба помеѓу луѓето на неговите јужни и северни брегови.

Цивилизацијата во Месопотамија, од четвртиот милениум пред новата ера се ширела со огромна брзина. Идејата за пишувањето се чини дека била преземена во Индија и во многу делови од Источниот Медитеран, дури и пред нејзината кодификација како клинесто писмо во Месопотамија. Ние знаеме дека во долината на Нил, до третата четвртина од овој милениум, биле создадени хиероглифи; но знаеме, и покрај недостатокот од сведоштва, дека хетитски хиероглифи, како и прототиповите на левантски, кипарски и анадолски слоговни писма, биле создадени пред пристигнувањето во Сирија, приближно кон почетокот на третиот милениум пред новата ера, или пред целосната полетност на сумерско-семитската цивилизација, со нејзиното вообичаено клинесто писмо.

Египетската цивилизација е очигледно втемелена врз богатите пред-династички култури од Горен Египет и од Нубија, чие африканско потекло е неспорно. Освен тоа, големиот обем на месопотамското влијание, евидентно од остатоците од доцниот прединастички период и од Првата династија, остава мал простор за сомневање дека обединувањето и востановувањето на

династичкиот Египет, приближно во 3250-тата година пред новата ера, на извесен начин било поттикнато од развојот на настаните на истокот. Културната мешавина била уште повеќе усложнета со темелните лингвистички и, според мене, културни врски помеѓу Египет и основната семитска компонента во месопотамската цивилизација.

После чудесниот четврти милениум уследил просперитетниот трет милениум. Новооткриените архиви од Елба во Сирија, временски лоцирани во приближно 2500-тата година пред новата ера, отсликуваат една усклаЃеност на богати, писмени и софистицирани држави, кои се протегале од Курдистан до Кипар. Од археологијата дознавме дека цивилизацијата во ова време се проширила уште подалеку- до харапската култура која се протегала од реката Инд до Авганистан, и до културите кои обработувале метал покрај Каспиското Езеро, Црното Море и Егејот. Семитско -сумерските цивилизации од Месопотамија биле цврсто поврзани со заедничко писмо и култура. Оние на периферијата, иако биле еднакво ‘цивилизирани’, ги задржале своите јазици, писма и културни идентитети. На пример, на островот Крит, се чини дека постоел значителен културен наплив од Лавантот на почетокот од керамичкиот период наречен Раноминојски I, при преминот во третиот милениум пред Христос. Освен тоа, клинестото писмо не станало доминантно писмо, а Крит никогаш целосно не бил вклучен во сириско- месопотамската цивилизација. Значи, настрана од самата оддалеченост, најверодостојните причини изгледа биле флексибилноста на домородната култура и фактот дека културата на Крит се наоѓала помеѓу семитската и египетската сфера на влијание.

Оваа двојна поврзаност- како со Левантот, така и со Африка- е одразена во археолошките откритија. На Крит и во други делови од Егејот се пронајдени многу сириски и египетски објекти од овој период. Околу 3000 година пред новата ера, исто како и на Блискиот исток, започнало мешањето на бакар со калај, со цел да

се направи бронза; започнала употребата на грнчарски тркала, а постојат впечатливи сличности помеѓу фортификациски системи на Кикладите и системите од истиот период принајдени во Палестина. Археолозите- професори Питер Ворен од Брисел и Колин Ренфру од Кембриџ инсистираат да веруваат дека овие напредоци се случиле независно, без оглед на фактот дека истите промени се појавиле малку порано во Блискиот исток, како и без разлика на несомнените контакти помеѓу двата региони. Според мене, ова е мошне неверодостојно. Многу поверојатно е дека прогресот на Егејот се појавил како резултат од контактите со помош на левантската трговија и населувањето,но и од локални инцијативи како реакција на овие поттици Ние знаеме дека најголемиот дел од светот кој употребувал бронза во третиот милениум бил писмен, дали со употреба на клинесто писмо или со локални писма. Меѓутоа, не постојат траги дека постоело пишување во Егејот во текот на овој период. Колку сериозно треба да го земеме ‘аргументот од тишината’ во овој случај ? Постојат извесни убедливи поенти за докажување на спротивното. На прво место, климатските услови на Грција и во Анадолија се далеку помалку погодни за зачувување на глинени плочи и папрус, во споредба со климата од Блискиот исток или во северозападна Индија.Дури и во овие суви региони,често е тешко да се пронајдат докази. Сè до откривањето на плочите во Ебла во 1975 година, не постоеше доказ за било каква писменост во Сирија во текот на третиот милениум пред новата ера. Сега знаеме дека Сирија во тоа време била сцена на култивирана класа писмени луѓе, како и дека луѓе од Еуфрат патувале за да учат во училиштата во Елба.

Уште една поента наведува на мисла дека пишувањето било присутно во Егејот во текот на Раната бронзена епоха. Линеарното А, Линеарното Б и кипарското слоговно писмо, присутни од вториот милениум пред Христос, изгледа споделуваат заеднички прототип, тие покажуваат и големи меѓусебни отстапувања за чие појавување, според аналогијата со историски набљудувани

развивања на писма, се потребни векови. Затоа, доказот за ‘дијалектите’ на писмата се чини дека посочува оти оригиналната форма постоела во третиот милениум и дека почнала да се развива во четвртиот милениум кој, врз основа на горенаведените причини, би било веројатен период кога се одвивал процесот. Конечно, јас и на други места тврдев дека алфабетот можеби пристигнал во Егејот најдоцна до средината на вториот милениум. Доколку ова е точно, тогаш би било веродостојно да претпоставиме дека опстанокот на слоговните писма покажува оти тие веќе биле добро вкоренети во регионот. Затоа, доказот и на овој начин посочува на нивното постоење во третиот милениум пр.н.е.

Цивилизацијата од Раната бронзена епоха почнала да цути во 23 век пред новата ера. Во Египет, таа е означена како Првиот преоден период. Во Месопотамија се случила гутиската инвазија од северот. Целиот цивилизиран свет бил потресуван од варварските инвазии и од општствениот револт, кои можеби биле предизвикани од нагло климатско влошување. Токму во овие години, Анадолија била сцена на инвазија од групи кои според мене треба да бидат поистоветени со луѓе кои говореле на фригиски и на прото-ерменски јазик. На грчкото копно (континталниот дел од Грција), во ова и во подоцнежните столетија, постоеле мошне распространети уништувања кон крајот на керамичкиот период наречен Ранохеладски II, што веродостојно е доведено во врска со ‘аријска’ или ‘хеленска’ инвазија врз Грција, но би можело да биде резултат и од египетски упади и колонии на почетокот од Средното кралство. Три векови подоцна се случило уште едно, иако помалку опустошувачко, уништување на крајот од Ранохелдскиот III, околу 1900 година пр. н.е, можеби поврзано со освојувањата на египетскиот фараон Сенвосрет I, кој на Грците им било познат како Сесострис.

Постулирајќи еден ваков степен во контакт помеѓу Егејот и Блискиот исток во третиот милениум пред Христос, веројатно е дека некои од зборовите, топонимите и религиозните култови од

египетско и семитско потекло за кои дискутиране во оваа книга, биле воведени во Егејот во ова време. На грчкото копно, помалку е веројатно дека овие аспекти го преживеале премрежјето од северните инвазии или инфилтрации. Сепак, на Крит и на Кикладите, кои не биле подложни на такви метежи и за кои постои голема шанса дека главно биле места каде се говорел семитски јазик, постои далеку поголема веројатност дека овие културни елементи продолжиле да опстојуваат".

Се наведе: „египетско и семитско потекло". Следи нивно разграничување.

Па Сумерите и Египќаните биле Белци со закосени очи, а Семитите Црнци.

„'Лабиовелари во семитскиот и грчкиот' е темата на деветтото поглавје. Лабиовелари се звуци како 'qu-',во кои велар (заднонепчена согласка) како 'k' или 'g' е следен со правење на кружен облик на усните или 'w'. Во основа е прифатено дека такви звуци постоеле во прото-индоевропскиот, но не постои општо признавање дека ова било случај со прото-семитскиот. Сепак, лабиовеларите се вообичаени ширум останатиот дел од афроазиските и семитските јазици во Етиопија.Во ова по главје,јас тврдам дека во многу аспекти е далеку покорисно да изведеме реконструирање на протосемитскиот врз основа на некои јужно-етиопски семитски јазици наместо од арапскиот, како што денес се прави. Особено, јас тврдам- врз основа на доказ од самите овие јазици- дека азискиот семитски имал лабиовелари, а западносемитскиот ги задржал длабоко во вториот милениум пр.н.е. Бидејќи е општо прифатено дека грчките лабиовелари биле отфрлени во текот на средината од тој период, јас тврдам дека некои позајмувања од семитскиот во грчкиот биле изведени кога и двата јазици имале лабиовелари, некои откако грчкиот ги отфрлил, но западносемитскиот сè уште ги задржувал, а некои откако изчезнале и од двата јазика. Затоа, постулирајќи значителен

контакт помеѓу западносемитската и грчката култура пред отфрлувањето на лабиовеларите-односно, пред средината на вториот милениум пред Христос- ние можеме да разрешиме бројни необјаснивни приблеми во грчката етимологија, кои не можат да бидат објаснети на друг начин. Тоа го отсликува и фактот дека Ревидираниот антички модел може да оствари мошне подобри резултати со помош на употребувањето на изобилниот грчки материјал, заради потпомагање на реконструирањето на раните облици во египетскиот и семитскиот“. [117]

„Десеттото и единаесеттото поглавје разгледуваат лингвистички позајмувања од западносемитскиот и од египетскиот, а овде ќе дискутирам за двете поглавја заедно. И во двете, направени се некои осврти кон синтаксата или редоследот на зборовите, како во примерот со сличните употреби на определениот член во доцниот ханаански- феникијскиот и хебрејскиот- од една страна, и грчкиот јазик од друга страна.На други места е земена предвид морфологијата или модификувањето на зборовите; но најголемиот дел од поглавјата е посветен на проучувањето на лексички позајмувања или позајмени зборови. [118]

Овде започнуваме со морфологијата, или модификувања на зборовите според бројот, родот падежот, времето итн. Со исклучок на хетитскиот јазик, грчкиот е најраниот осведочен индоевропски јазик, поради што степенот на неговото морфолошко ‘распаѓање’ е мошне впечатлив. Иако се чини дека оригиналниот индоевропски глаголски систем е мошне добро зачуван во грчкиот јазик, именките во грчкиот имаат само пет падежи, додека латинскиот, првпат евидентиран над 1000 години подоцна, имал шест; а литванскиот, запишан дури во модерни времиња, ги содржи сите осум падежи постулирани за прото-индоевропскиот. Морфолошката загуба искусена во грчкиот јазик наведува на

[117] Исто, стр. 44.
[118] Исто, стр. 45.

мисла дека постоел интезивен контакт со други јазици; ова се поклопува со лексичките докази и го заслабнува Моделот за автохтоно потекло. Сепак, тоа може да биде објаснето како со Античкиот, така и со Аријскиот модел кои, за разлика од Моделот за автохтоно потекло, можат да го објаснат токму таквиот контакт.

Меѓутоа, главниот интерес на овие две поглавја се глаголски позајмувања. Како што спомнав, индоевропската компонента од грчката лексика е релативно мала. На пример, јазиците како стариот црковнословенски јазик и литванскиот, кои првпат биле сведочени 2000 години подоцна од грчкиот, поседуваат значително поголема пропорција на корени со сродници во други индоевропски јазици.Понатаму, сематичкиот обем во кој индоевропските корени се појавуваат во грчкиот е помалку или повеќе како обемот на ангосаксонските корени во англискиот. Овие корени се извор за најголемиот дел од заменките и предлозите: најголемиот дел од основните именки и глаголи од семејниот- но не и од политичкиот- живот; и од земјоделството кое служи за опстанок, но не и од комерцијалното земјоделство. Спротивно на ова, вокабуларот на урбаниот живот, раскошот, религијата, адмнинистрацијата и апстракцијата е не-индоевропски.

Таков образец вообичаено одразува една долгорочна ситуација, во која говорителите на јазикот или јазиците кои се извор на зборовите од повисока култура ги контролираат употребувачите на базичната лексика- како во односот помеѓу англо-саксонскиот и францускиот во англискиот јазик; банту и арапскиот во создавањето на свахили јазикот; или виетнамскиот и кинескиот во формирањето на современиот виетнамски јазик. Помалку вообичаен образец е присутен во турскиот и во унгарскиот, со кои освојувачите го презеле софистицираниот вокабулар на домородното население. Сепак, во овие случаи, Турците и Унгарците ги задржале своите монголски зборови за воена технологија или организација.Во грчкиот јазик, меѓутоа, зборовите

за борбена кола, меч, лак, марш, оклоп, битка итн. се не-индоевропски...“.

„Писателот веројатно бил дел од христијанската реакција против Египет (погледнете го Четвртото поглавие). Меѓутоа, во тој период, други евроцентрични писатели, кои во деветнаесеттиот и дваесеттиот век беа дочекани како пионери, ја оддадоа својата почит кон Египет. Ученииот Џовани Батиста Вико, кој успешно твореше во Неапол од почетокот на осумнаесеттиот век и чие романтичарско, европоцентрично и историцистичко разбирање на историјата го направи херој на историчарите од 19 век, на бројни начини бил негативно настроен кон Египќаните. Како побожен католик, тој ги вклучи Евреите од световната историја и нивната историја ја врза со создавањето. За Египќаните сметал дека се само едни од најраните народи после Потопот. Па сепак, тие играат средишна улога во неговото размислување. Имено, тој смета дека неговата скица на три епохи е заснована врз египетската историја, онака како што ја прераскажал Херодот: трите епохи се епохите на боговите, на хероите и на луѓето. На тие три епохи им соодетствува три вида на ‘јазик’: хиероглифи, ‘симболички’ и ‘епистоларен’. Тој говори за и го прифаќа митот за Кадмнос, поврзувајќи го со Египет. И Монтескје е присилен да признае оти ‘Египќаните биле најдобри филозофи на светот’. [119]

Се чини дека главното течение на модерното мнение за Египет во Англија и во Франција било- како што, впрочем, сугерира и погорниот навод од францускиот писател- еднозначно позитивно. На пример, еден од најпознатите анлиски драмски писатели од средината на осумнаесеттиот век бил Едвард Јанг, на чија серија египетски драми- како што би можело и да се очекува- не ѝ беше посветено големо внимание во подоцнежните столетија. Во 1752 година, петнаесетгодишниот Едвард Гибон ја покажа својата

[119] Исто, стр. 112.

воодушевеност со Египет, пишувајќи го својот прв историски есеј за ‘Времето на Сесострис’.

Ова позитивно мислење, како и истрајното убедување дека грчката култура дошла од Египет и Феникија, се преобрази во едно ново, немистично учење. Во 1763 година, блескавиот опат Бартелеми, кој ги дешифрираше палмирскиот и феникијскиот јазик, поднесе статија под наслов ‘Општи размислувања за односите меѓу египетскиот, феникискиот и грчиот јазик’. Во таа статија, негова прва точна претпоставка, за која се потпираше врз Кирхер- за чие дело инаку сметаше дека е фантастично- беше дека коптскиот јазик е облик на староегипетскиот. Тој го препозна и јазичното семејство кое подоцна ќе го понесе името ‘семитско’, а кое тој го нарече ‘феникиско’. Врз тие две основи, тој утврди дека египетскиот, иако не е семитски јазик, стои во врска со семитското семејство. Вистина е дека некои од неговите лексички докази денес може да се покажат како погрешни, затоа што одредени коптски зборови се должат на позајмувања од семитскиот во доцниот египетски. Меѓутоа, никаква забелешка не може да им се упати на главните насоки на неговиот аргумент, кои се повикуваат на сличностите меѓу изговорот и граматичките обележја. Во таа смисла Бартелеми е пионер на она што денес би го нарекле афроазиски студии“.

Се наведе: „...статија под наслов ‘Општи размислувања за односите меѓу египетскиот, феникискиот и грчиот јазик’...“.

“Бартолеми признава дека не може да согледа такви паралели меѓу коптскиот и грчкиот јазик. И покрај тоа, тој верувал во египетско колонизирање и цивилизирање на Грција и сметал дека е ‘невозможно во таа размена на идеи и стоки египетскиот јазик да не учествувал во образивањето на грчкиот’. Потоа нуди список на етимологии од египески на грчки јазик, од кои неколку-на пример

коптското hof, демотското hf [120] во грчкото ophis (змија)- и денес се чинат како веродостојни“.

Се потврдува,само во Александрија коине произлегол од старо-египетскиот.

Бидејќи „не може да согледа такви паралели меѓу коптскиот и грчкиот јазик“, се потврдува, старо-египетски и коине биле дворасни јазици на Белци и Црнци, а коптски и црковни јазик биле реформирани без семитски (црнечки) зборови.

„Долго време, а впрочем и сосема оправдано, Евреите и Фениките биле разгледувани како взаемно тесно поврзани народи и култури. Долго пред дешифрирањето на феникиското писмо од страна на Бартелеми кон средината на 18 век, определени учени од типот на Семјуел Бохарт, кој живеел и работел еден век порано, биле убедени дека јазиците со кои се служеле Евреите и Феникјците всушност претставуваат наречја на еден ист јазик...“. [121]

## БАБИЛОН=БАБИЛ=БАБ ИЛ-ИЛ ВРНЕ/ГРМЕ; БАБА ПЛАНИНА, БАБУНА

Милан Будимир, [122] во наслов Триклети Бабуни и Бабици патаренски, пиши:

„Сега да преминеме на изразот патарени и на дублет бабуни и бабици. За варијантата бабуни кажува Енц. Југ. 268 s. Бабунски збор: ‘Богомилите во феудална Србија погрдно се названи бабуни’, а спрема усмените соопштувања на академикот М.Ј. Диниќ, припадници на босанската црква документи на Дубровачкиот архив понекогаш ги повикува и ‘бабици патаренсни’. Значи дека се

[120] Демотското било македонско, со битолски говор.Па коптскиот и македонскиот биле едно те исто.
[121] Исто, стр. 218.
[122] Милан Будимир,Са балканских источника, Српска књижевна задруга, Београд, 1969-од интернет.

во поглед на босанските крстјани на обете главни христијански цркви на Балканот одлично се сложувале, оти едни ја викаат бабуни а другата бабици. Веројатно обете се деривати изведени од основната именка баба. Ама, тоа ќе го видиме тек подоцна".

„Да видиме сега нешто за името БАБУН како што кажува Речникот на нашата Академија I, 224 : 'бабун, -уна м. в. богумил. - Во Босна (...) толку се намножиле бабуните, таму најпосле да завладее нивниот едномисленик Нинослав, Зеч. Мил. 2, 189). Главни богомилски општини биле (...) околу Бабуна. Оттука можда и доаѓа името бабуни како друга позната ознака за богомилите (Ѓор. В. 5, 43)'.

Заради редот да го пренесеме и она што се кажува под името Бабуна:

1. планина во Македонија, између Прилеп и Титов Велес;

2. река во Македонија, десна, притока на Вардар;

3. предел во Македонија, во сливот на реката Бабуна".
(Бабуна=бабина, Р.И.)

„Јасно е спрема зборовите дека и дубровачкиот израз бабица патаренска и топономастички материјал од Македонија недосмислено потврдува не само широка географска област на овој назив туку и неговата релативно длабока старина, на која укажува римованиот пар Бабун-Перун. Затоа е разбирливо што Л.Нидерле, Manuel 2,123,157, ја истакнува демонската природа на старорускиот термин Баба и неговата употреба како pierra funeraire 'стеќак' ".

„Очигледен е ајтиолошкиот карактер на ова народно предание кое несумливо докажува старо паганско потекло руски и балкански култ Баба на кое веќе порано е укажано. Дека тој култ е многу постар од христијанството го покажува топонимот Дајбаба кај Титоград каде во пештера се најдува вкопана црква. Сложеното

име Дајбаба не може никако без нарочит разлог да се растави од попозното име Дајбог, кој спрема традиционалното сфаќање постанало од императив со значење дај и од именката бог и тоа со посебен, за овој случај со конструирано значење: обилие, богатство. Точно е дека во сложената придавка убог имаме навистина такво значење на општословенскиот термин бог, кој повеќе се мисли позајмица од староиранскиот речник, на Олимп имаме повеќе сложени имиња во кои другиот дел на сложеницата исто бог, нпр. Стрибог, Белбог, Чернобог...“.

„Затоа ни се чини како најверојатно дека во овие архаични имиња Да/ј/баба, Да/ј/бог, Да/ј/мир се крие лексички елемент кој го најдуваме во старогрчките боженски имиња Dõis, Dõ-matros, Dõmatrios. Тие имиња се однесуваат на божицата на плодноста Деметра, која во патријахалниот општествен поредок се управува спрема својот другар, боженство на светлоста. Тој нејзин другар се вика, како што сите знаеме, Зевс, а знаеме исто така дека, мимо сите останати индоевропски народи, на олимпскиот Зевс не му е најден словенски пандан од истата лексичка група чиј минимум гласи dõi/dõi- (светлост). Словенскиот дај во споменатите имиња од слово до слово се поклопува со старогрчкиот Dõis, додека во староилирскиот имаме нормална база Deipaturos, како назив на главното божество, на кому му одговара латинскиот Јупитер. Ако името Дајбог, кој не смее да се растави од Дајбаба, изведено од постариот облик Дажбог, како што тоа обично се прави, не мораме во првиот дел на ова сложено име да видиме некој архаичен и сингуларен облик императив, туку напросто непотполна редупликација на спомената база doi- (светол). Тој облик гласи спрема тоа doidio и е потврден во старонордискиот doi-d-o (ведар) (в. Покорнијев Етимолошки речник, 183 стр.). Со еден збор, Дајбог и Дајбаба се боженски сопружници познати во сите индоевропски религии како персонификација на небескиот отец и Мајка земја.

Додека во обата дела на името Дајбог имаме работа со зборови на повосок ранг, дотаму во другиот дел на името Дајбаба имаме

познат израз на тепање кое ѝ приличи на мајката. Поради тие особини овде мора да се смета со стална репристинација, ама ипак должината на првиот слог е обезбедена. Бабуните спрема тоа исто така како и бабиците патаренски се поврзани за стариот култ на Божицата Мајка, кој веќе во класично доба е богато документиран во централниот Балкан, поточно речено заправо во онаа област од која потекнуваат современите хомофони топоними. Во таа област најдуваме не само во именикот на старите Бруги простиот облик баба како име на боженство туку и во нивната подоцна анадолска постојбина култот Баба, односно Велика Мајка, попозната под името Кибела, со епиграфски споменици доволно обезбеден. Во таа иста област веќе сме биле порано упатени поради името Патарени, својствено на првобитниот култ Аполонов во Патари.

Сѐ тоа значи дека во бабунските ствари имаме култски синкретизам на старословенски елементи со старобалкански и христијански синкретизам на кој во ортодоксната црква на Истокот и Западот удриле печат на секој и секаков ерес.

Не е овде место да влегуваме во детално изложување за култот Баба кај старобалканските и староанадолските Бруги,кои очигледно укажуваат на материјален, односно матрилинеарен поредок на преткласичните балканци. Ама мораме ипак да нагласиме дека аријевските настроени стручњаци секогаш немаат право кога индоевропските култови и религии се посматраа само од гледиште на патријархатот и одбиваат секаков траг кој се противи на таквото сфаќање, те така јадранските Либурни го доведуваат од Анадолија, каде тобоже е главно седиште на матрилинеарното уредување. (Бруги=Бриги; Бриги=Фриги, Р.И.)

Кај старите Бруги името Baba, како главно божество на плодноста и брачниот другар небески отец, се јавува и во посложен облик кој гласи Kombaba, чиј брачен другар се вика Kombabos или Kubabos. Нејзини свештеници со Атис на чело се викаат Galli или Babakes. Ова последно име не е ништо друго отколку дериват на основниот

Baba, образован на ист начин како Новак, грчк. Nevaks итн. Дека и кај Бругите основниот облик бил навистина Baba се гледа од скратените хипокристики Ba и Komba.

Обете скратеници, кои се вообичаени кај личните имиња, докажува дека во именикот на старите Бруги, откаде е преземен и во грчкиот речник, изузетно раширен антропонимот на теофорско потекло се јавува во иста функција како нормално Baba, те., како назив на машки и женски особи. Затоа и Ајсхиловата Ba ќе биде повеќе ова теофорско име отколку, како што мислат современите лингвисти, скратеница basileus. Како Велика Мајка или Baba кај старите Бриги се вика Matar, а на поновите натписи од римско време и Matar Kubila, нема сумливост дека обете се редукција и Ba и Ma мораат да се третираа како рефлекси на старите синоними од култскиот речник на балканските Бруги.

Потешко е да се одговори на прашањето дали односот на бабицата патаренска спрема сексулалниот живот бил со исто потекло како што е случај со култот Баба односно Кибела кај балканско-анадолските Бруги, каде Гали и Бабакес заедно со Атис биле подвргнати на кастрација пред препоставка дека со тоа ќе ја зголемат плодноста на Божицата Мајка. Тешко е да се одговори затоа што кај Бабуните мораме да сметаме и со манихејско влијание. Нивното учење за материјата кај изворот на секое зло оставило трага во словенските преводи Оченаш, во кој оригинално artos epiusios (леб одреден за настапувачкиот ден) се преведува со ‘леб насушен’, односно со panis supersubstantialis во манихејска латинштина. Ипак, на основ на постоење тракиски калуѓери викани Ktistai (кои живеат без жена) и спрема аскетизмот на Зевсовите свештеници во илирска Додона, мораме да сметаме со чинителот дека на докласичниот Балкан го подржувал култот на сексуалната апстинација. На сексуалната апстинација укажува во извесен смисол и познатиот стих од народната песна: ‘Ни по греку стара стара родитељи’ (греку вместо грех). Вакво сфаќање повеќе одговара на староиранската и намихејска наука за добро и зло по

самото христијанство, па затоа ќе биде и тука некој траг на старобалканскиот култ на Велика Мајка“. (Баба- бабин=бабун-Бабуна, Р.И.)

Бабилон=бабил=баб ил он: ов-он-от; ил=Илиос=Хелиос, „Ил врне, ил грме“.

Харолд Ламб [123] пиши: „Во историските записи во кои Херодот го опишал далечниот исток сè до Кавказ фактите почнувале да им остапуваат место на легендите. Најдалечниот голем град што Херодот опширно го опишал е Вавилон, чиишто скалести висечки градини и кули- облакодери биле светско чудо. Еден Феникиец раскажувал дека името Вавилон навистина значи Баб-ил, божја врата...“.

Во Бригија(Брсјакија) постои Баба Планина.Следи Баб ил=Илиос=Хелиос. [124]

„Не сакал...пратениците од трговско- патничките куќи во Бејрут донесле подароци и покана да го посети нивниот град- градина изграден спроти моќниот Либан- основан, како што велеле, од морската нимфа Бероа, или можеби од божицата Астарта,која се појавува од шумата јавајќи на лав. (Всушност Бејрут е семитски збор а значи Извори)“. [125]

Бејрут=брут=врит=вриет- од изворот водата излегува како таа да врие=вриет =врит. Либан=Ливан - в = лиан - н = лиа=лие: Ливан + т = Ливант - н = ливат - в = лиат=лиет. Со в-н-т: - в = лиант; - н = ливат; - т =ливан. Сè се однесува на лиеење.

---

[123] Харолд Ламб, Александар Македонски, Култура, Скопје, 1989, стр. 60.
[124] Во Демир Хисар Илинска Планина и село Бабино- до него Змејова Дупка=Пештера Еге Илијада.
[125] Исто, стр. 184.

Бранко Вукушиќ [126] пиши: „Со словенската топнимија бил прекриен цел преданички Балкан и Македонија. На пример, 365. г.с.е. Филип Втори ја преселил својата престолнина од градот Филипи во новоизградениот, кој имал чист словенски назив Извори...“. (Извор=из вор=вир=вр + т = врит=вриет + из = извриет..., Р.И.)

Токму мајката на Филип Македонски (Евридика=еври дик а) потекнува од Линка, во близина на с.Скочивир=скочи вир, откаде истекло Пелазгонското Езеро.

## ПОСТАНУВАЊЕ НА АЗБУКАТА

Во Ларуса [127] се наведува: „Постанување на азбуката. • Писмата на стариот Исток (клинасти, египетски или хетитски хиероглифи) поради голем број на знаци биле мошне тешки за учење, па со само тоа биле своина на едно незнатно малцинство писмени кои во таа сложеност најдувале дека ќе се одржат на својата висока положба. Тие веќе употребувале, како на пример во Хатуша, клинесто писмо составено готово едино од фонетски (слоговни) знаци. Само структурата на семитските јазици, каде согланиците сами за себе сочинуваат непроменлива рамка на коренот на зборовите, се наметнува упропстување од мошне големо значење. Треба, имено, да се исфрлат самогласките, од слоговното писмо (околу стотина знаци) би се преминало на пишење само согласници (триесет знаци). Да така би се пишело, најпрво се користени страни писма. Потоа, бидејќи тоа се покажало како мошне сложено, тие писма се заменети со линарни знаци.

Без сумливост, било потребно пола милениум исполнет со покушувања вршени во цела Сирија најпосле да би се нашло

---

[126] Branko Vukušić, O trojansko slovenskoj misteriji, Pešić i sinovi, Belgrad, 2003, стр. 136.
[127] Opšta enciklopedija LAROUSSE,Paris 1967-za Jugoslavija Vuk Karadžić,Belgrad,1973,том 3,стр. 238.

решение. Најпозната е етапата на угаритската азбука (XV-XIV век) која употребува триесет и еден клинести знак за бележење на угаритските обреди и митови (на западносемитски диалекти). Ама азбуката дефинитивно е создадена тек со пронајдувањето на дваесет и два знака (настанати на почетокот на X век) која обично се назива 'феничка', оти во тој народ се зачувала. Бидејќи мошне рано ја усвоиле Арамејците, Арапите и Грците, таа ќе ја освои цел стар Свет освен областите под кинеско влијание. Во земјите кои ја прифатиле таа овозможува на мнозина граѓани да ја научат оти е упростена".

До каде стигнале Белците од Источното Средоземје, таму имало писменост.

„Исто така не се сложуваат мислењата за природата на односите између хеленското полуострово и Крит, каде, изгледа, со позното минојско доба II (1460-1375) се појавува нов дух, кој нарочито го претставува Кносос...Имено, разните типови на керамика не е можно така лесно да се разликуваат. Во палатите на Кносос се најдуваат таблици чие писмо е линеарно Б транскрипција на еден грчки дијалект (микенски) и кои се потполно слични на таблиците од микенските палати (крај на XIII век)...". [128]

„Во Пилос и во Микена.-за Кносос и да не говориме-се откриени плочки пишани со линеарно Б писмо кое потекнува од добата пред пропаста на овие палати (околу 1200). Збор е за годишни инвентари напишани на плочки на свежа глина која поново требало да се употреби, ама која се зачувала заблагодарувајќи на пожарот во кој се испекле. Дешифровањето на тие плочки ни овозможуваат да ги сфатиме основните црти на општеството и религијата...". [129]

[128] Исто, стр. 239.
[129] Исто, стр. 239.

„• На патот за Блискиот Исток Микенците основале трговски фактории на Родос, во Памфилиј и на Кипар. Случајот на Кипар донекаде е изузетен. Подесно за асимилација на страните култури, ова острово, кое ја освоило асирската култура од Угарит и минојското писмо го прилагодило на својот јазик (линеарно кипарско писмо) ги прифаќа и темите на микенската уметност за својата керамика која добро се продава на Исток. Од своја страна Микенците се обврзуваат надалеку да ги распродаваат бакарните шипки од Алашиј“. [130]

„Селидба. Кога се срушил микенскиот свет (XIII- VII век), било како жртва на внатрешна криза или надворешни напади, една нова гранка на грчкиот народ, Дорците и нивните браќа, народи кои говореле со еден северозападен дијалект (Елиќани, Акарнаци, Етолци) ги совладале извесни области на Грција. Тој народ не донесува никаква културна новина. Ништо не се знае ни за неговото потекло, како ни за тоа откаде дошле. Дури не се знае ни тоа дали е збор за каква вистинска наезда. Ама лингвистичката карта на грчкиот свет во I милениум пред н.е. говори дека Дорците навистина ја освоиле Грција. Спрема легендата, ахајската и јонската цивилизација потекнува од времето пред наездата во XII век. Спрема тоа, ахајскиот дијалект, кој се покажал најблизок на дијалектите на линеарното Б писмо, познато во I милениум само во Аркадија и на Кипар, две области кои немале меѓусебен допир и кои преставувале остатоци на изчезнатото царство... [131]

Нова цивилизација. Новата цивилизација се заснива на критско-микентската(список на боговите од класичниот Олимп веќе скоро е потполн во микенските таблици)...“.

„• Кипар е единствен случај во хеленската заедница. Микенците, освојувачи или избеглици, кои тука се населиле во XIII- XII век ја одржуваат традицијата. Од друга страна, односите со Истокот и

[130] Исто, стр. 239.
[131] Исто, стр. 245.

Грција никогаш не престанале. Иако постои геометриски стил, веќе во VIII век под влијание на Истокот настанува керамика со бујни и сложени декорации. Бидејќи бавењето со трговија захтева познавање на писмо, островајаните употребуваат слоговно писмо (изведено од нивното линерано писмо), кое ќе служи за пишење на етео-кипарски (локален јазик) и грчки јазик...“. [132]

„• Културен допринос на Сирија, која ја остварила синтезата на културата на Блискиот исток, изгледа, напротив, е битен, ама начинот на кој дошло до односот између грчката и сириjската цивилизација тек треба да се утврди. Вообичаено е старо мислењето која посредничка улога им ја доделува на малоазијските држави-Лидија и Фригија- преку кои води другиот трговски пат од Еуфрат до јонските пристаништа. Ама новите ископувања за тоа не пружиле никакви дефинитивни докази. Фригијското кралство било со краток век (775- околу 675). Во големите тумулуси на нејзината престолнина Гордион се најдени убави бронзени предмети, на кои се запазува големо влијание на урартската или асирската уметност, и графити пишани со азбука со слична грчката азбука (VIII в.)...“. [133] (Гордион=горд и он, Р.И.)

Рускиот археолог Генадиј Гриневич [134] пиши: „Ова сега не е повеќе хипотеза. оа е историски факт. Многу археолози потврдуваат дека ‘Славјаните’ применувале читање и пишување на вертикални и хоризонтални рецки. Тие рецки го дале името на преткириличното писмо. Тоа не било азбучно писмо туку ‘силабиско’, пишување на сликовници или рецки, писмо... најстариот пример од пишување на вакви хоризонтални и вертикални рецки експонирани во пишаниците на еден вретенест обрач кој датира од 348 година од новата ера. Тоа беше пронајдено во близината на градот Јаш во Источна Романија. На него пишува: ‘Соседи, однесето го овој

[132] Исто, стр. 246.
[133] Исто, стр. 246.
[134] Gennadi Grinrevich, juni1986, SPUTNIK.

прстенест обрач кај Соља’. Ова писмо било напишано на обично вретено. Тоа покажува дека читањето и пишувањето било широко употребувано во паганската ера. Тоа веројатно сугерира, дека се извори на ‘предславјанското пишување’ кои се многу постари од нив, одење наназад во претходниот милениум. Но, колку постари би можеле да бидат тие ? (Silbe=silabe=силаве=силава=сила ва: сил=с ил=Ил, Р.И.)

Ова прашање ме заинтересира и мене, и се свртив кај мистериозниот ‘Фаистос-диск’. Моето нагодување беше од просто согледување, и самиот сега не би можел да одговорам зашто ги споредувам сите овие писма, но секако забележав очигледни сличности меѓу нив. Не било ли тоа забележано од други ?- се запрашав самиот себе. Почнав да ги разгледувам пишаниците на дискот литературно една вечер и заклучив дека тоа е пример од ‘силабиско писмо’, слично на вертикално и хоризонтално пишување на рецки. Има многу незаменливи извори, кои покажуваат дека Пелазгите оригинално живееле во пределите на среден Дњепар (сега во Украина)...подоцна тие ја напуштиле нивната покуќнина и своите идоли; ова се случило во 2- от милениум пред нашата ера... Егзодусот’ се поклопува до доаѓањето на Пелазгите на Балканот од прекласична ера, вклучувајќи го и островото Крит. Веројатно Пелазгите биле мистериозните Русичи, спомнати на пронајдениот ‘Фаустовдиск’. Дошле на Крит од северо- исток, се измешале со населението на островот со Минојците. Научниците веќе имаат големи акумулкации од податоци за силната цивилизација на Критјаните, која ја сметаат за лулка на европската цивилизација. Според зборовите на Херодот, ‘таткото на историјата’, Критјаните биле неспоредливи во источното Средоземје и биле господари на Средоземното Море. Одненадеж, се појавила катастрофа. Мамутската ерупција на вулканот Санторим, се претпоставува дека се случило околу 1450 година пред новата ера. Таа ерупција напоравила непопоравни

штети и го означила крајот на Критско- Микенската цивилизација. („Критјаните биле неспоредливи во источното Средоземје...“, Р.И.)

Каде отишол народот ? Каде нашло засолниште наследниците на ‘Леопардовите синови’, кои ги снашла оваа трагедија ? Како и да било, во периодот од 8- то до 2- то столетие пред нашата ера се појавиле други антички народи, друга цивилизација под друго име, меѓи Арно и Тибар, во Северна Италија. Овој народ биле Етрурците, етрурската цивилизација мистериозна до денес. Етрурците се нарекувале самите себе Ресени. Во записите на Стефан од Византија, голем историчар од античко време се вели дека тие безрезервно се класифицирани со ‘Славјаните’, додека грчкиот историчар Хеланикус, докажува, дека тие биле гранка на Пелазгите. Има подотоци дека Етрурците го зазеле и градот Рим,во седмото столетие пред н.е., и придонеле во градбата на истиот; музичките инструменти, театрите, рудниците, подобрување на земјиштето, каналите, лековите од тревки, металната обработкасите овие нешта се подарок од Етрурија.

Сега експертите можат да ги читаат и да ги преведуваат пишаните наоди употребувајќи ја латинската азбука, но како прозвучувал јазикот останува непознато. Од 18- то столетие научниците до денес го задржале своето мислење, кое никогаш не било спротиставено, дека Етрурците ја позајмиле азбуката од Грците и дека Римјаните во нивно време ја позајмиле истата од Етрурците. Ова сугерира дека познавањето на грчкото и римското писмо лесно било провлечено и кај Етрурците, особено затоа што тој систем на пишување им изгледал доста прост и единствен.

Мислам дека тие писма биле азбучни со непомалку од 30 букви. Огромниот број преводи и нивните интерпретации секако гиноселе истражувачите во ќорсокак. Но што ако традиционалните мислења бидат побиени и отфрлени ? Веројатно, како по примерот на Фаистовиот диск тоа не било азбучно туку симболично пишување ? Јас почнав да го анализирам етрурското писмо и

избројав преку 70 различни видови симболи, премногу за буквална азбука. Наместо тоа, значи било силабиско пишување. Кога веќе ги споредив етрурските симболи со хоризонталните и вертикалните пишувања, со рецки, јас наеднаш забележав комплетна сличност меѓу 80% од двата видови на пишувања. Анализите покажаа дека граматички и вокално преткирилското и етрурското писмо биле, без сомнеж, многу слични. Понатаму, јас пронајдов и потврдив на фактот дека Етрурците навистина се нарекувале себеси Ресени". (Цртичките и рецките биле руни, што го пиши Сиприен Робер, Р.И.)

Олга Луковиќ- Пјановиќ, [135] во насловот "De Illyricae linguae vetustate et amplitudine" или за староста и распространетост на илирскиот јазик, го наведува ова:

„Уз Ненад Ѓорѓевиќ, историчар, еден друг истражувач се бави исклучиво со дешифрирање на етрурските натписи и текстови. Тој етрурсколог е Свето Билбија, кој околу Божик 1981 .г., го објавил својот членок, чиј наслов го формулирал така, како да звучи одговор на насловот на господинот Ѓорѓевиќ:'Рашани, а не Етрурци'. Членокот е објавен во српските новини 'Канадски Србобран'. Ние овде од тој членок ќе наведеме само еден мал, ама мошне речит одломок:

'Низ последните два века се правени безбројни покушувања, да се открие постанокот и потеклото на етрурскиот јазик, па во таа цел се давани безбројни противречни објаснувања. Се мислело, дека, ако се открија тајната откаде потекнува етрурскиот јазик, само по себе ќе се открие тајната и потеклото на Етрурците. Тоа било потполно исправно резонирање, ама тие, покрај сите настојувања, не ги откриле. Западните писатели покушале тоа да го пронајдат, споредувајќи ги корените и зборовите на етрурскиот јазик со 27 други јазици и дијалекти, меѓу кои некои биле дури од Централна

[135] Олга- Луковиќ- Пјановиќ, Срби...народ најстарији, Досије, Белград, 1990- преземено од Интернет.

Африка. Британскиот писател James Wellard во својата книга The Search for the Etruscans сите со ред ги споменува, ама не наведувајќи нити еден словенски јазик...’. (Заговор за Словенците, Далматинците и другите Словени, Р.И.)

Но не се работи само тоа. Господинот Билбија наведува и докажува, дека етрурскиот јазик може да се дешифрира (воостанатото, тој го дешифрирал потполно) не само со помош на српскиот јазик и исклучиво со помош на него, туку дешифрирањето може да се оствари само со примена на киричните вредности на етрурските слова! Во врска со тоа во западиот свет ќе има многу бука, кога делото на Господинот Билбија би било објавено...“.

„Нашиот писател цитира едно сведоштво за Етрурците на Марко Порциј Катон во неовото дело ‘Origines’, во кого- измеѓу останатото- кажува, дека последниот етрурски град паднал под власт на Римјаните 295.г. пред Христо, ама дека и покрај подоцнежната надмоќ, Рим никогаш не можел на Етрурија да му го наметне својот латински начин на пишење“.

Ј. Блајкен [136] пиши: „Бидејќи Финиките пишеле оддесно налево, во прво време и Грците се повеле по нив. Но наскоро (после неколку преодни начини, од кои еден е и бустофедонски, во кој еден ред се пишел оддесно налево, а другиот одлево надесно, и така наизменично) почнало да се пиши одлево надесно, при што- задржувајќи го дотогашниот дуктус на пишење- знаците ги испишувале наопачки, како во огледало ... Колку досега е познато, Грците својот алфабет го презеле од Финиките околу почетокот на 9. ст. пр.н.е.. Од тој праалфабет поради различното пишење на потребните нови знаци и со понатамошниот засебен развој (секој остров према локалните потреби подесени слова) настанале различни алфабети, кои (према А. Кирхоф) можат да се поделат во

[136] Bleicken, Die Weltgeschichte, Verlag Herder KG Freiburg im Breisgau-Naprijed Zagreb 1976, стр. 202.

четири групи викани по боја (зелени, темносини, светлосини и црвени); меѓу останатите, тие групи нарочито се разликувале по пишење на тв. додатни знаци ζ, φ, χ, ψ. На крајот во 5. ст.пр.н.е. тв. Темносин алфабет, со кој се пишело во Милет (јонски алфабет) ги истиснал останатите и постанал заедничко писмо на сите Грци. Со тоа не придонело само стопанството, туку во прв ред во архајското време на неоспорната културна надмоќ на Милет како седишен град на малоазиските Јонци. (Атина, во која дотогаш се пишело светлосино алфабет, го презела темносин 403. г.пр.н.е.)'.Денешниот латински алфабет се развил од црвениот употребуван на Халкидики и на островот Евбеја и од таму ко лонистите го пренеле во Куме, најсеверна колонија во Италија. Оттаму највероjатно преку Етрурците стигнала до Рим".

Следи да се говори за јонско писмо од Милет- „темносин 403. г.пр.н.е.".

Блајкен и други наведуваат: „Плиниј говори за пасивната согласност на луѓето била првата причина за употреба на јонската писменост".

Наспроти јонското писмо, постоело друго писмо како на Камен од Розета во Египет. Па за него се изјаснал Г.Гриневич- тој напишал исти знаци со исто значење имало во Русија, Подунавјето, Балканот и на Каменот од Розета во Египет. Ова говори, народот во Русија, Подунавјето, Балканот и Македонците во Египет бил еден те ист народ-него македонските автори го одгонетнале со битолски говор од 21 век.

## СЛОВАТА (БУКВИТЕ)

Љубомир Домазетовиќ [137] пиши: „На која временска длабина на историјата припаѓаат назначените азбуки не е познато. Резултатот

[137] Љубомир Домазетовић, Античка историја и порекло Срба и Словена, Белград, 1995, стр. 250.

на сличноста на словата на античките азбуки спрема словата кои се употребуваат денес на балканските простори е голема, и изнесува: кај Јонците од 25 слова 15 се слични; кај Халкидичаните од 21 се слични 14; кај Етрурците од 26 слова се слични 13; кај Латините од 20 се слични 13 слова и кај Хелените од 22 се идентични 17 со денешните слова важејќи словенски азбуки, а посебно со словата на староилирска односно старословенска азбука“.

„Алфабетот прв пат, спрема различните критски писма...Алфабетот временски е усовршен во смисол на дополна со слова за сите вокали. Тек на почетокот на IV век пред нова ера се прифаќа општиот хеленистички алфабет, тв. Јонски тип. [138]

На голема старост илирскиот алфабет укажува Букварот на Лепенски вир, каде сличноста на словата е непобитна и која датира од длабоката античка минатост од 7000 до 6000 години пр.н.е. Со споредувањето на словата (знаците) од Букварот на Лепенскиот вир со слова од илирскиот алфабет може да се заклучи, дека од вклупниот број на слова (знаци) од букварот, идентичност може да се утврди: кај тхерски 3, јонски 9, халкидички 7, етрурски 5, умбријски 4, оскијски 1 и латински 5. Вкупно 24 слова, од Букварот на Лепенски вир се идентични со словата на алфабетот на илирските народи. Таа сличност е многу помала кај азбуките на семитските народи: синајска 1, Ахирамов саркофаг 1, назив на кралот Мес 4 и натпис на Синдрија 2.

Сѐ тоа укажува на големата сродничка врска на букварот со илирскиот алфабет само што со времето словата се менувале и азбуките дополнувале со нови слова.

Анализата на винчанското писмо упатува на заклучокот дека винчанската култура по сегашното толкување е старо од 5000 до 4000 години пр.н.е. По мои и некои други истражувања таа е доста постара, што не значи дека самата населба на Вична е толку стара;

[138] Исто, стр. 254.

второ, виначанското писмо е нешто помладо од староста на винчанската култура, ама не помлада од 4000 до 3500 години пр.н.е.; трето, со времето тв.винчанско писмо со усовршување на словата (знаците) се менувало, што се дава да се согледа во прилогот. Постарото винчанско писмо содржело слова, кои современата наука ги означила како: вокали, консонанти, и лигатури (види прилог). Колку пати доживувало промени тешко ќе сознае. Новото винчанско писмо содржи нешто изменети слова; четврто, сличноста на новото винчанско писмо со илирскиот алфабет е толку очита, секое оповргнување е ненаучно (види прилог). Посебно е случај со јонското, етрурското и халкидички; петто, латинското писмо е многу помладо писмо и тоа е формирано после основање на Рим; шесто, сличност со старословенската азбука со винчанското писмо и илирскиот алфабет е очита, што укажува на големата сродност на словенскиот со илирскиот етнос.

Со посебно задоволство пред само изложување на оваа книга прочитав текст

во Политика на господинот Радивој Пешиќ ‘Виначанско писмо’ во кој на мошне убав начин и научно аргументирано го толкува потеклото на винчанското писмо и неговата сличност со останатите писма. Наравно, во сè не делам мислење со него, ама тврдам дека тој прв осветлил некои темни простори на антички збивања, што може да биде од помош на античките историчари. Мене секако ми потврдуваат некои хипотетички заклучоци. Античката сличност на винчанското писмо со азбуката на разни народи мошне убаво се гледа и аналитички се воочува (Политика 12-16. септември 1995. година). Така изнесува од вкупен број слова од винчанското писмо се истоветни со: кипарски 9; старо-фенички 10; брахма 5; критски 4; старогрчки 12; англосаксонски 4; западно-семитскиот 8; палестинското 7; српската кирилица 20; глаголица 7; а во етрурското сите слова се идентични со винчанското писмо (види прилог). Меѓутоа Пешиќ поаѓајќи од вакво сознание, толкува

дека винчанската азбука е прва и дека таа се ширела на европоазиските простори, што не се вклопува во историското сознане за миграциите на народите во целокупната длабина на историјата, за што било збор во претходната содржина на оваа книга. [139] ...стопостотна сличност на винчанското писмо со етрурското и голема сличност со кирилицата (20 слова), а сличност со кипарската 9, тв. старогрчки 12, е помала оти со времето се менувало.

Не смее да создава забуна...што укажува и сличност на некои слова во винчанското писмо и азбуката на некои малоазиски народи, како на пример: палестински 7; критско линеарно 4; Брахами 5; западно семитско 8 итн.“.

„Имајќи во вид дека илирските народи, од најдлабока историска длабина, го населувале италијанското полуостровo, тоа се оние кои во прво време говореле со илирски јазик и го користеле илирското писмо Алфабет. Меѓутоа, после формирањето на покраината Лација во средна Италија, назвaна по кралот Латин, кој управувал со Лација во време на Тројанската војна кога ја прифатил Енеј (учесник и јунак во тројанската војна). Во негово време се формира латинска азбука од која подоцна настанува: оксичка, умбриска, фалишќанска, месапска и други алфабети. Латинскиот прв алфабет содржел 21 слова кои (сите слова) се со илирско потекло, ама прилагодени на гласовни потреби на латински јазик. Така илирското F се чита f. слово H се со означува со h, а знакот C се чита како ks. Во прво време K се читало како гласот k, ама подоцна K нестанува, а се појавува ситуацијата ‘C’ (порамно да се чита како ‘G’) ја презема улогата на словото ‘K’ и се чита како ‘k’, што останало и денес во латинското и хрватското писмо, а за ‘г’ се воведува нов знак добиен од C (G). Словото V е преземено од

[139] Дунав била погранична на север ненаселени простори без домашни животни и југ населени простори со домашни животни (говедо со крвна група A за житарици и мешункасти храни). Во Подунавјето немало развоен период- тоа со Црно Море им припаѓале на Егејот, продолжување на Левантот.

илирското Y кое означува истовремено и u и v. Словото Q се презема од семитската азбука а се изговара како k испред u. Подоцна латинскиот алфабет е дополнет со H и Z и содржи 23 слова. Оваа азбука во латинскиот јазик се задржала до крајот на римската империја, без обѕир што поедини моќници покушале да изведат некоја реформа“.

„До сега не е утврдено кој е автор на кирилицата ? Автортството му се припишува на Константин (Кирил) и Методиј, Климент, Константин, царот Симеон Велики и др. што не мора да биде точно, оти азбуката тв. устав порано постоела, а Кирил и Методиј можда ја прилагодиле и со своето просветителство ја ширеле. Кирилицата стално е усовршувана и така го менувала својот првобитен облик. Така постојат следни типови кирилица: устав, како најстаро кирилично писмо чија временска длабина на настанување не се знае, ама може да се претпостави; пола устав или курзив, настанал од уставот при пишење на книгите. Како посебно кирилично писмо се јавува и канцелариската минускула“.

„Од друга страна, денешните Грци се народ со илирско потекло, чиј крал бил Деукалионов и Пирин син Хелен, по кого во VII век добиле име, а земјата е назвала Хелада. Името Грци го добиваат од Римјаните по племето Граик во Епир. Грција почнала да се населува почнувајќи од 1100 година пред новата ера, после тројанската војна, тв. дорска инвазија, кога се населени Дораните, Јонците и Еолците. Грчкиот јазик чини засебен илирски јазик, а грчкиот алфабет всушност е илирски алфабет,односно прво илирско писмо,со кои е пишана ‘Илијада’ и ‘Одисеја’. Алфабетот го употребувале сите илирски народи,иако кај сите не бил ист облик словото, ама бил сличен, без обѕир на кој страна се пишело, или азбуката содржела некое слово повеќе или помалку.

Илирски јазик уште најстаро време се јавува поделен на поголем број наречја и нивни локални варијанти. Книжевните јазици со кои се служеле античките писатели постанале четири наречја: Еолско,

Јонско, Дорско и Атичко. Во илирискиот и хеленскиот говорен јазик биле четири јазични говорни варијанти (наречја): јонско-атичка; аркадиска или ахајска, еолска (опфаќала лезбејска, тесалска и беотска подварјанта) и дорска која опфаќала подваријанти: дорска, елидска, фокиска, локридска и етолска“.

„Такавиканиот хеленски алфабет всушност е илирски алфабет кој со времето се сливало во две гранки: источна, во источниот дел на Илирија и западна, во западниот дел на Илирија. Спрема историските записи се воочуваат некои карактеристични разлики измеѓу източната и западната гранка по изговор на некои слова, како што се Х и Ψ кои на истокот се изговорале како кх и пс, а на запад обратно. Јонскиот алфабет како една варијанта на источната гранка постанува доминантна и неа подоцна ја прифаќа Атина (403/402) пред новата ера, како службено писмо, од каде се шири на целиот простор на Илирија“. (Бригите=Брсјаците без х Елада, Р.И.)

„Најстари пишани и зачувани дела хеленско-илирската книжевност секако се ‘Илијада’ и ‘Одисеја’, пишани со тв. дактилски хексиметар, кој има големи сличности со јуначките песни кај Србите. Употребениот јазик е Јонски со примеси на Еолски, што укажува дека Хомер е Илир, а овие јазици и писма се илирски. Во пишењето е употребен илирско- хеленски алфабет“.

„Треба да се понови дека староилирскиот се делел на две гранки: источни изападни и на четири наречја: еолско (со кое говореле Алкеј и Сапф), јонско ( со кое говори Хомер, Херодот, Хипократ и Архилах), дорско (со кое говорат Пиндар, Алкаман, Бакхилид и Симонид) и атичко (на кое му припаѓа Платон, Аристотел, Есхил, Софокле, Тукидид, Ксенофонт, Еуропид и Аристофан).

Денешниот грчки јазик веројатно припаѓал на атичкото наречје, бидејќи нова Атина била истакната политички и културен центар, те атички се развил во книжевен јазик на хеленистичката цивилизација, за која било говор во претходниот текст, тв. Коине.

Од јазичниот фонд на атичкото наречје нестанале прајазичните глаови Ј и В. Нивното нестанување довело до одредени јазични промени. На крајот на аничкиот период во тв. грчки јазик доаѓа до големи промени. Тие промени се видливи во вокализмите. Многу некогашни дифтонзи ел, ол, ал итн. Постануваат едноставни самогласници. На некои самогласници, како што се н, в, им се променал изговорот, така да самогласничкиот фонд на грчкиот јазик се свел на пет едноставни самогласници а, е, и, о и у.

Фазата на промената во грчкиот јазик трае од антиката до крајот на средниот век (тв. Византиско време) и се нарекува средногрчки јазик. За ова време карактеристични се две развиени етапи, каде двојазичноста почнала уште во спорот на Коине со атицизмот. [140] Додека во грчката книжевност...“.

Па без посебни словенски народи туку Склавини- словенски народи се лага:

Љубомир Кљакиќ [141] пиши: „Будимир во Pelaso- Slavica наведува дека е извор на ‘долатинското име на вечниот град, кој имал свое тајно име’ кај Венетулани или Рутули. За Венетуланите се кажува уште и тоа дека се во врска со јадранските и централно- балкански Венети кои, поново, претставуваат најснажен доказ за протословенската врска со докласичните на Анадол. Во овој правец не упатува и приповеста за Енеј или Ајнеј, легендарниот основач на Рим, кој после тројанската војна долго лутал по морињата додека не се скрасил на Аленинското Полуострово. Заедницата која ја основал подоцна ќе постане ‘центар на светот’. Преданието и античкиот извор сугерира дека тој настан се одиграл во XII век п.н.е. Овие наводи и потврдува и Тадеј Волански кој во книгата Па’мјатники писмености Слов’јан до риздва Христовога,

[140] Се говори одвоено за јазикот коине со атицизмот. Па следи коине бил само Александријски јазик.
[141] Ljubomir Kljakić Oslobađanje istorije I- III, Početok puta, Arhiv Kljakić, Beograd, 1993, стр. 78.

објавена во Москва 1854. година, нашол дека на Енејевата надгробна плоча од XII век п.н.е., која е пронајдена 1846. година кај Кречента, е пишана со етрурско писмо на словенски јазик. Волански истата година објавил и своја анализа на натписите на терокатот од IV век п.н.е., која се најдува во колекцијата Минизис во Ферм. Теракотата ја публикувал Теодор Момзен во книгата Die Unteritalischen Dialekte, објавена во Лајпциг 1850. година. Со грчко писмо, на теракотата е посвета: 'lerakleos Sklabenos', Волански го превел како 'Херакле словенски'. На Енејевата надгробна плоча и на словенски Херакле, кај нас прв скренал внимание Радовоје Пешиќ". (Склаб[б/в] бил од стара ера- Словените лага, Р.И.)

Стои: „'lerakleos Sklabenos', Волански го превел како 'Херакле словенски'.

Бидејќи поимот Склавина (=с клав ин а) бил стар, словенски народи немало.

Следи јас да разликувам тн.Словени (Анти, Венети и Склавини) и Словени. Ова се потврдува со доказот што Словени како народ не познавале Херодот, Тукидид, Платон, Аристотел...Прокопиј (6 век) и други. Па и затоа Прокопиј пиши за Склавини. Склавини Римјаните не познавале до 5 век а на Балканот се појавиле во 6 век. Тие биле само Повеќебожци со својот Хора, истоветен со Хорус и Кришна.

## СЛОВЕНИ СПОРЕД СЛОВО- БОЖЈО СЛОВО

Се говори писмото на Словените му го создале Солунските Браќа. Меѓутоа:

Бранко Вукушиќ [142] пиши: „Има многу непосредни докази во прилог на словенската писменост пред Кирил. Филозофот Етик, со

[142] Branko Vukušić, O trojansko slovenskoj misteriji, Pešić i sinovi, Belgrad, 2003, стр. 208.

потекло Скит,роден во Истра, направил во 5. век н.е. писмо за Словените под Римјаните. На една икона од 6. Век н.е. во Рим, имињата на Петар и Павле се напишани со словенско писмо. Арапскиот писател Хорезм Фахр-Един во својата 'Историја на Хазарите' наведува дека Хазарите во VIII век користат писмо на Словените [143] од 22 слова. И скадинавските руни се викале 'вендски руни'. Во Унгарија е најден камен натпис од 3 век н.е. на словенски јазик". (Словенски=склавински јазик, Р.И.)

Постоеле Рецкари и Словени. Рецкарите пишеле се рецки (рески, роцки), па тие биле рецки=рески=роски народ. Следи „роцки народ" („роски народ") биле Русите. Бидејќи Русите го презеле коинското слово, тие прв пат за Словени се изјаснале 860 година. Дека Русите се изјаснале Словени во 860 година го пиши само цариградскиот патријарх Фотиј (860). За ова да го скријат руските автори, тие од Нестор и Фотиј сѐ препишуваат, само не реченицата на Фотиос, дека тие за Словени се изјаснале во 860 година.Со тоа што ова се одбегнува,Русите не биле Словени.

Олга Луковиќ- Пјановиќ, [144] во насловот "De Illyricae Linguae…", наведува:

„Секој параграф...овде се осврнуваме на Јован Дубровиус, чие дело 'De regno Bohemiae' ('За владеењето на Боемија или Чешка) Долчи споменува во врска со нешто изнад сѐ занимливо...".

„Сега поблиску да се запознаеме со текстот на Дубравија:

'СЛОВО, кај Сарматите значи она, што ЗБОР (VERBUM) на латински јазик. Бидејќи, значи, дека Сарматската нација уште во она доба, расеана нашироко и надолго во царствата и областите, ипак имале ист говор (јазик) и готово истозвучни зборови, се

---

143 Во VIII век немало Словени туку само Склавини,според склавина со значење област-Обласници.

144 Олга- Луковиќ- Пјановиќ, Срби...народ најстарији, Досије, Белград, 1990- преземено од Интернет.

називале со заедничко име- Словени. Освен тоа, од самиот збор 'СЛАВА' (GLORIA), која кај нив се кажува СЛАВВА, се викаат СЛАВИТНИ' ".

Иво Вукчевиќ [145] пиши: „SLOVO APUD SARAMAS

Од премисата дека Сарматите биле Словени, а Словени Сармати тргнуваат бројни средновековни и подоцнежни коментатори на историјата и јазикот на Словените. Во историјата на Чешка од средината на XVI век, учениот бискуп на Оломоуц, Johannes Dubravius, го изведува името Словен од сарматскиот збор слово, кое тој го објаснува, има исто значење како verbum на латински: 'Id enim Slowo apud Sarmatas, quod verbum apud Lationos personat. Quoniam igitur omnes Sarmatarum nationes late jam tunc, longeque per Regna et Provincia sparsae unum nomen eumdemque sermonem, atque eadem propemodum verba sonarant, se uno etiam cognomina Slovanos appellabant. Ab ipsa praeterea gloria, quae apud ilos Slava dictur, Slaviti dicti.' (Histoirae Regni Boiemiae, 1552)".

Љубомир Кљакиќ [146] пиши: „Занимливо е дека во The Penguin Atlas of World History (превод германски изворник од 1964. година), дословно кажува: 'The Slavs (Slovene from s l o v o = word), a major branch of the Indo- Eur. family of peoples' [147] или, во превод: 'Словени (Словен од с л о в о = реч), главна гранка на индоевропското семејство на народи'. Како што е познато, 'словото' кај нас има и значење писмен, еден одреден елемент во азбучниот систем, па оваа германско- британска интерпретација може да се сфати и како аргумент во прилог не чинителот и теоријата за древната словенска писменост".

---

[145] Ivo Vukčević, Slovenska Germanija, Pešić i sinovi, Beograd, 2007., стр. 89.
[146] Ljubomir Kljakić, Oslobađanje istorije I- III, Početok puta, Arhiv Kljakić, Beograd 1993, стр. 85.
[147] Hermann Kinder and Werner Hilgemann: The Panguin Atlas of Wordl History I- II, Penguin Books, (прво издание на германски 1964; прво издание на англиски 1974), London 1978, vol. I, p. III.

Се разликуваат Словени од слово и тн.Словени (Анти, Венети и Склавини).

Во предговорот на книгата на Херодот се истакнува: „...Секоја прозна творба на самиот почеток кај Јонците се викало просто ‘логос’, што значи ‘кажување’, ‘приказ’, ‘реч’...“. И следи само истоветност за едно исто: Логос=Реч=Збор=Слово.

Врската била со платонскиот и христијанскиот logos, „Словото“ кое „веќе беше, Словото престојуваше со Бога, и што беше Бог, беше и Словото, Словото потоа беше со Бога на почетокот, а преку него постанаа сите нешта...“.

Ристо Ивановски [148] пиши: „Арамеја се однесувала на Сирија...во коине било Божјото Слово од што произлегол поимот Словени...Брус истакнува во фуснотата 69: ‘Се чини дека во вториот век единствен глас на несогласување дошал од луѓе што не ја сакале доктрината за Логосот (‘Словото’) од прологот, и затоа го негирале авторството на апостолот, припишувајќи му го на Керингус, еретик кој се појавил при крајот на првиот век’ “. Значи, логосот се преведува збор (реч) и слово.

Словените биле Словени-слово, а не тн.Словени (Анти, Венети и Склавини).

Стјепан Антолјак, [149] на стр. 533 пиши: „Службен јазик во Самуиловата држава беше словенски, за кои сведочат споменициге што тој ги подигнал и што се наведуваат од негово време.

Но секако дека во царскиот дворец бил во употреба, покрај словенскиот, и грчкиот- како дипломатски јазик.

Во врска со тоа царство и понатаму се развиваше особено црковната литература, која имаше своја база од Климент па

[148] Ристо Ивановски, Грците- одродени Склавини и Словени, 2004, Битола, стр. 8.
[149] Стјепан Антолјак, Средновековна Македонија, Мисла, Скопје, 1985.

натаму. Тука треба да се наведе и Козминото ‘Слово’, а и самите богомили имале своја литература и на словенски и на грчки јазик (на пример, басни, апокриви, обредници), од која многу малку е зачувано и спасено“.

Д.Оболенски, [150] на стр.144, пиши: „Пред да замине од Цариград, Константин, со помош на новото писмо и за потребите на литургијата, превел еден избор на поуки од Евангелието. Во Византиската црква евагелистот почнува со првите стихови од првото поглавје на Евангелието по Јован кои се читаат за време на велигденската литургија: ‘Во почетокот беше Словото и Словото беше во Бога и Бог беше Словото’. За нивната симболична применливост на предстојната работа за покрстување на Словените на нивниот сопствен јазик, секако биле свесни и Константин и неговиот средновековен биограф“. (Покрстување со Словото- Божјото Слово, Р.И.)

Х.Џ. Велс [151] пиши: „Од тоа време почнува опаѓање на славата на Омајадите ...Многу приврзаници на исламот не умееле да го најдат она што ја чини суштината во Коранот. Со тоа може да се објасни што персиските и индиските приврзаници на исламот ја засакале шијатската секта. Тие тоа го направиле на основ на еден спор, кои бар го сфатиле и со разумот и чуствата. На основ на истото настојување, новиот предмет да се доведе во врска со старите предрасуди, се развило необично богословење. Набрзина настанал спор за тоа дали Коранот од секогаш постоел, едновремено со богот. [152] Бевме запрепастени со оваа замисла, кога во неа не би го познавале добронамерното покушување на еден образован христијанин, преминувајќи во исламот, на овој начин да се

[150] Димитри Оболенски, Византиски комонвелт, Источна Европа 500-1453, Слово, Скопје, 2002.
[151] Herbert George Wells, Историју света, 1929, Народно дело, Белград, стр. 348.
[152] Сер Марк Сајкс.

исламизира со зборовите на евагелието: ‘На почетокот беше зборот, и зборот беше во богот, и богот беше збор’ [153] “.

Се потврдува, словенството било со христијанството и со неговото ширење и словото, што се поклопува со христовата мисија на Солунските Браќа- Русите од Рецкари,кои пишеле со рецки до „роцки народ“, според Слово за првпат се изјаснале Словени во 860 година,што го напишал цариградскиот патријарх Фотиј(860 г). [154]

Па Русите биле Рецакари и Словени (860). Тие биле и Илири (Нестор 11-12).

Мартин Бернал [155] пиши: „Клучната причина...Доказот доаѓа од еден текст кој вообичаено се нарекува Мемфиска теологија, временски лоцирана дури во вториот или третиот милениум. Теологијата опишува космогонија според која Птах, локалниот бог на Мемфис, и неговата еманација Атум, биле првобитните суштества. Птах го создал светот во своето срце, седиштето на неговиот ум и го актуелизирал преку својот јазик, чинот на говорењето. Ова, иако Отец Фестужие и Отец Бојлан побрзаа да го порекнат, изгледа упадливо слично со платинскиот и христијанскиот logos, ‘Словото’ кое ‘веќе беше, Словото престојуваше со Бога, и што беше Бог, беше и Словото, Словото потоа беше со Бога на почетокот, а преку него постанаа сите нешта…’ “.

Иво Вукчевиќ [156] пиши: „Не е Реч Божја“, со следениот текст:

„Спрема ова гледиште, јудео- христијанската теологија не е ништо друго до конфузно извртивање на древните мудрости и космичката

---

[153] Според Јован, гл. I., 1.

[154] Па ниеден пред Фотиј (860 година) не пиши дека Русите како „народ, кој се сметал за Словени“.

[155] Мартин Бернал, Црна Атена, Табернакул, Скопје, стр. 94.

[156] Ivo Vukčević, Slovenska Germanija, Pešić i sinovi, Beograd, 2007, стр. 24.

вистина: 'Библијата не е 'реч Божји', туку украдена од паганските извори. Нејзиниот Еден, Адам и Ева се од вавилонските списи; нејзината Поплава или Потоп не се ништо друго до делче околу четири стотини записи за поплавата; нејзините Арк и Арарат имаат свој еквивалент во митските верзии на Потопите; дури и имињата на Ноевите синови се копирани; така е и со Исаковото жртвување, Соломоновата мудрост и Самсоновиот подвиг рушење на столбовите, Мојсиј е вообличен по углед на сиријскиот Мизеса; неговото право по углед на Хамурабијев законик. Нејзиниот Месија е изведен одегипетскиот Махдија, Спасот, поедини стихови дословна се копија на египетските ракописи. Између Исус и египетскиот Хора Џералд Мејси (Gerald Massey) најдува 137 сличност, додека између Христо и Кришна ги има на стотини.'

Со мешањето на законите на природата и процесите со Божјата волја, јудео-христијанската теологија, по верувањето на Грахам, го меша Пеколот со Рајот. Тој така пиши: 'Волјата Божја ! Волја Божја !- тоа е општопознат узвик на секој масовен убиец.' ".

Следи на Балканот и Мала Азија живеел еден те ист народ. Тој само верски се поделил- Повеќебожците го почитувале Хора, а Христијаните со Исус Крстосан.

## НА БАЛКАНОТ И МАЛА АЗИЈА ЖИВЕЕЛ ЕДЕН ТЕ ИСТ НАРОД

Во Ларуса [157] се говори: „Исто така не се сложуваат мислењата за природата на односите између хеленското полуостровo и Крит, каде, изгледа, со позното минојско доба II (1460- 1375) се појавува нов дух, кој нарочито го претставува Кносос ...Имено, разните типови на керамика не е можно така лесно да се разликуваат. Во палатите на Кносос се најдуваат таблици чие писмо е линеарно Б

[157] Opšta enciklopedija LAROUSSE,Paris 1967-za Jugoslavija Vuk Karadžić, Belgrad,1973,том 3,стр. 239.

транскрипција на еден грчки дијалект (микенски) и кои се потполно слични на таблиците од микенските палати (крај на XIII век)...“.

„Селидба. Кога се срушил микенскиот свет (XIII- VII век), било како жртва на внатрешна криза или надворешни напади, една нова гранка на грчкиот народ, Дорците и нивните браќа, народи кои говореле со еден северозападен дијалект (Елиќани, Акарнаци, Етолци) ги совладале извесни области на Грција. Тој народ не донесува никаква културна новина. Ништо не се знае ни за неговото потекло, како ни за тоа откаде дошле. Дури не се знае ни тоа дали е збор за каква вистинска наезда. Ама лингвистичката карта на грчкиот свет во I милениум пред н.е. говори дека Дорците навистина ја освоиле Грција. Спрема легендата, ахајската и јонската цивилизација потекнува од времето пред наездата во XII век. Спрема тоа, ахајскиот дијалект, кој се покажал најблизок на дијалектите на линеарното Б писмо, познато во I милениум само во Аркадија и на Кипар, две области кои немале меѓусебен допир и кои преставувале остатоци на изчезнатото царство. Во Европа со јонскиот дијалект се говорело уште само во Атика и на северните Кикладски острова. Народите кои говореле дорски и северозападниот дијалект (Коринчани, Аргејци, Лаконци, Месенци, Елиѓани) вистина ја опкружуваат Аркадија. Во останатото, постои и еолски дијалект (тесалиски, беотски), во кои нанос со северозапад се меша со старата основа. Традицијата уште понајдобро го објаснува населувањето (ново или појачано) на западниот брег на Анадолија. Оние кои избегнале испред наездата се основаат на север еолски државички, а во средина на јонските градови. Победниците пак,кои го зазеле Крит и јужните Килкадски острови, во Азија оноваат дорски утврдувања. [158]

[158] Исто, стр. 245.

Нова цивилизација. Новата цивилизација се заснива на критско-микентската (список на боговите од класичниот Олимп веќе скоро е потполн во микенските таблици)...“.

Се кажа: „Во останатото, постои и еолски дијалект (тесалиски, беотски)“.

Бранко Вукушиќ [159] пиши: „Заблагодарувајќи...Хесиод говори за најголемото пелазгиско светилиште во Додона тој кажува дека тоа е ‘местото на Пелазгите’, за Хекатеј Пелазг е крал на Тесалија, за Есхил и Софокле Аргос на Пелопонез е ‘пелазгиска земја...“.(Пелопонес=пело[бело] по[по-лу] нес[острово:несто=гнездо...],Р.И.)

Па сосед на Тесалија била Македонија- Теалците и Македонците едно исто.

Без ништо хеленско- Хелен произлегол од Тесалија, соседот на Македонија.

Според Дионисиј [160] :„Јазикот со кој се користат Римјаните, не е наполно варварски, ниту пак апсолутно хеленски, но преставува мешавина од двата. Поголемиот дел од тој јазик е истоветен со еолското наречје...“. И Римјаните едно исто.

Во Ларуса [161] се говори: „• Културен допринос на Сирија, која ја остварила синтезата на културата на Блискиот исток, изгледа, напротив, е битен, ама начинот на кој дошло до односот измеѓу грчката и сириската цивилизација тек треба да се утврди. Вообичаено е старо мислењето која посредничка улога им ја доделува на малоазијските држави- Лидија и Фригија- преку кои

---

[159] Branko Vukušić, O trojansko slovenskoj misteriji, Pešić i sinovi, Belgrad, 2003, стр. 62.
[160] Историчарот Дионисиј (60 г.п.н.е.-7 г.н.е.) бил од Халикарнас- Римјаните биле Варвари=Пелазги.
[161] Opšta enciklopedija LAROUSSE,Paris 1967-za Jugoslavija Vuk Karadžić,Belgrad,1973,том 3,стр. 246.

води другиот трговски пат од Еуфрат до јонските пристаништа. Ама новите ископувања за тоа не пружиле никакви дефинитивни докази. Фригијското кралство било со краток век (775- околу 675). Во големите тумулуси на нејзината престолнина Гордион се најдени убави бронзени предмети, на кои се запазува големо влијание на урартската или асирската уметност, и графити пишани со азбука со слична грчката азбука (VIII в.). Фригијската цивилизација надживувајќи го кралството, кое го разориле Кимерците, паѓа сè повеќе и повеќе под грчко влијание, ама кнежевските гробови од VI век уште секогаш се под влијание на хетитската уметност. Во VII век во Анадолија превласта ја презема Лидиското Кралство, кое го основал Гиг (687-652). Ова кралство го надживеал својот основач кој Кимерците ги убиле. Лидијските владетели, големи почитувачи на хеленската култура, биле задоволени тек кога себе си ги потчиниле грчките градови на морскиот брег. Крез (560- 546), последниот лидијски крал кој секогаш прашувал за совет грчките пророчишта, говорел грчки, како и елитата на неговите поданици. Во неговото кралство почнало да се пиши со грчка азбука на домашните јазици (лидијски, ликијски и каријски, VI в.). Во Сард, престолнина на Лидија, кралските хумки се подигнуваат над гробовите во кои изгледа е продолжена микенската или анадолската традиција. Би рекле, значи, анадолските кралеви, и прилично доцна почнале да ги соединуваат локалните традиции со источничките и грчките наноси, не се на Хелените не донеле ништо битно“.

Се наведе: „Во големите тумулуси на нејзината престолнина Гордион се најдени...и графити пишани со азбука со слична грчката азбука (VIII в.)... Крез (560-546), последниот лидијски крал кој секогаш прашувал за совет грчките пророчишта, говорел грчки, како и елитата на неговите поданици. Во неговото кралство почнало да се пиши со грчка азбука на домашните јазици (лидијски, ликијски и каријски, VI в.)...“.

Па наведените имале еден ист варварски=пелазгиски јазик, а со свои говори.

„Најголеми собори(панегирији-панадури) се приредуваат по повод на покранските или панхеленски празници.Уште во темното обвиено доба Делос, островче посветено на Аполон, прима делегации на Јонците, Ликијците, понекогаш Еолците и Дорците за време на пролетните свечености, кои се пропратени со музички и ги мнастички такмичења. Во архајско доба угледот на тие свечености ги надмашиле игрите наменети на сите Грци, како Питијски во Делфи, Истмијски близу Коринт, Немејски на север на Пелопонез и Олимписки...“. [162]

Наведните биле еден те ист варварски=пелазгиски народ со еден ист јазик.

Ист јазик имале Етрурците со Перун и свои руни како Русите: Киево и Киев.

## СТАРОЕВРОПСКИ ЈАЗИК И ПИСМО НА ЕТРУРЦИТЕ

С.С. Билбија [163] пиши: „Јазикот кој денес говорат Србите, Хрватите и Словенците, [164] бил ист оној јазик со кој говореле рашанските племиња во Италија кои го оставиле тој јазик забележан во своите пишани споменици во кои између себе се викаат Раси, и Рашани, а не Етрурци, како што Римјаните ги викале. Како што рашанските племиња, кои живееле во денешна Словенија, Истра, Хрватска и Србија, ги викале Илири. (За Билбија Етрурците го имале Перун. Па како и Русите, Р.И.)

[162] Исто, стр. 247.
[163] С.С.Билбија, Староевропски језик и писмо Етрураца, Чикаго, 1984, на српски јазик, стр. IV.
[164] За авторот нема-ло Македонци, иако рускиот и српскиот јазик биле падежни црковен-словенски.

Иако во минатото се нижеле тешки времиња, се менувале завојувачите, господарите и верата, доаѓале и поминувале војните, народот наш секогаш останал на своите логи, чувајќи ги своите традиции и својот јазик. Во документот кој се прикажува во овој труд под насловот 'Рашански буквар и читанка', чии слова се слиени во бронза пред три иљади години во областите на падовската Венеција, [165] ист јазик со кого денес говорат Србите, Хрватите и Словенците.

Затоа покрај Србите, Хрватите и Словенците можат на ист начин да ги читаат и разбираат етрурски, лидијски и ликејски пишани споменици, само ако би се служиле со кирилични слова кои се покрај етрурското писмо и писмото руни, дошле на европско тло од српските културни центри во Мала Азија, каде се обликувало словното писмо кое потекнало од критските сликописни знаци.

Латинското писмо се обликувало од етрурското во времето кога Рим почнал да создава своја индивидуалност, уништувајќи сѐ што било рашанско. Реформираното и ново уреденото латинско писмо ги исфрлило од рашанскиот алфабет неколку базални слова со нивната гласовна вредност, што довело до стварност дека никогаш не се успеало со помош на средновековниот латински јазик и писмо правилно да се прочитаат и разберат етрурските записи. Затоа залудно е да се покуша да со употребата на латинските слова со кои денес се служат Хрватите и Словенците, кои се од скоро потекло, да се реши тајната на етрурското писмо, кога во тоа потполно потфрлило латинското писмо.

Поради потполно другчие, од усвоениот концепт за потеклото на кирилицата, овој труд ќе наиде на контравезија и критика, што е пожелно и корисно да се дојде до вистината по ова важно и чуствително прашање и нерешениот проблем.

---

[165] Венеција=Venetia според Венет=тн.словен. Венетите биле на илирските простори: Венет=Илир.

Во речникот кој е составен дел на оваа расправа, се најдуваат околу 750 збора кои во своите записи ги употребиле Рашаните-Етрурците, Лиѓаните и Личаните. Меѓу тие зборови се најдуваат и многу зборови за кои се мислело и тврдело дека тоа така се викани турцизми во српско-хрватскиот јазик. Тоа со овој труд се исправува, оти тоа се етрурски, лидијски и лычански зборови кои во својот речник ги освоиле освојувачите на малоазиските српски народи [166] како Персијанци, Арапи и Турци. Турците не ги донеле на Балканот оти тие секогаш биле во говорот на народите на Балканот кои тие ги покориле. Кога би биле правилно прочитани и протолкувани, нарочито лидијските и личанските или ликијските пишани споменици, бројот на тие, така викани турцизми, ќе бидат многу поголеми. [167]

Сум работел на овој проект, оти не сум бил во состојба да ги совладам сите граматички и синтаксички детаљи во прикажувањето на обработениот материјал. Јас се надевам и очекувам дека тоа ќе го направат други стручњаци. Нарочито поради тоа што имам припремен за објава потполен текст од платното на Загребачката мумија.

Голем број непрочитани и непротолкувани, покрај етрурски во Италија, исто така лидијски, ликијски, каријски и фрижански пишани споменици, ги покрила дебела прашина по музејите на Цариград и други места во Турција. Тие нестрчливо чекаат некој да се сети и да почне да говори за нашето минато која до сега само странците ни ја предавале“.

„Меѓу јазиците на старите народи кои оставиле свој говор забележен на спомениците до денес недошифрирани, истакнато место заземаат спомениците пишани со етрурско писмо. Со тоа

[166] Бидејќи поимот Срби бил на Балтикот...Балканот...Сирија...Египет, Срби бил според срп=косач...
[167] Турцизмите во Турција македонизми; Турција=Фригија=Бригија; Османите Комнени Македонци.

писмо пишале Етрурците, кои живееле во центарот на Италија. Тие ги удриле првите темели на европската цивилизација, кои, подоцна, Римјаните ја разнеле по светот. [168]

За Етрурците е пишувано многу, нарочито во последните две стотини години, кога почнале да се откриваат нивните многубројни споменици.Биографер Лопес Пења набројал преку 700 трудови на писатели на разни јазици за Етрурците и нивната културна заоставштина, расфрлени по сите музеи. За проблемите на етрускиот јазик меѓутоа до сега многу не се пишело.

Како нивни пишани споменици и покрај сите настојувања не можеле да бидат дешифрирани, мистеријата за Етрурците се зголемувала. Поради тоа некои научници дошле на идеја, дека Етрурците биле на позорницата на историските збивања како Хитите, Феничаните и Картагинците, [169] па едноставно нестанале, те само нивните пишани споменици сведочат, дека постоеле.

Во науката одавно владеело мислењето, дека етрурското писмо настанало по углед на грчкото. Графичката сличност на еден дел на етрурските слова со грчките биле главен разлог, што во грчкиот алфабет се трагала гласовна вредност и за оние етрурски слова кои не наликувале на грчки. Кога ни тука не можеле да се најдат, се пробегнувало трагање во семитското писмо, ама поедини писатели- филолози им давале арбитрарна гласовна вредност.

Јас мора да повлечам, дека моето интересирање за етрурскиот јазик и писмо не било случајно. Тоа почнало во Италија, после Втората светска војна. Тоа е епизода која морам да ја споменам, оти таа ме навела на стазата на етрурската проблематика која трае долго.

---

[168] Исто, стр. VI.

[169] Картагинците биле Феники со тн.Олимписки Богови, а тие биле Венети само со пелазгиски јазик.

Секој пат, кога со мојата сопруга ги врвевме музеите и галериите, двајцата особено ги запазувавме етрурските споменици, пишани со етрурски јазик. Мојата сопруга тогаш говорела, дека етрурското писмо потсетува на нашата српска кирилица. И на прв поглед тоа стварно и личело. Таа нејзина мисла ја донесов со себе во Чикаго, каде отпочнавме нов живот.(Српски јазик и писмо од црковниот јазик,Р.И.)

Во секојдневната борба за насушниот леб немало време на претек, па моето интересирање за Етрурците почнало да ењави и пополека да преминува во заборав. Па ипак, после многу години, се вратив на мислите station наназад во минатото на Етрурците скоро заборавени.

Во една активарница, каде сум купил поголем број стари книги, биле и четири книги на писателот Г. Микалија кој расправал за историјата на Италија пред римското владеење. Одма приметив, дека во книгите на тој писател се најдуваат отпечатени многу зборови со етрурско писмо, кое добар дел го прочитав, служејќи се при тоа со словата на српската кирилична азбука. Со тие слова било запишано и името на мојата сопруга- Елена. Тоа бил само почеток; на тоа не се зауставив.

На еден состанок во мојот дом на присутните пријатели сум покажувал, како изгледало етрурско писмо и како сум го прочитал, со напомена, дека треба да се чита од десно на лево. Потоа тие сите, без тешкотија, читале десеттина етрурски зборови, и ако никој нив пред тоа никогаш немал прилика да го види етрурското писмо, додека нивното знаење за Етрурците било мошне мало.

За сите нив било јасно, дека тоа, што го прочитале, било напишано со кирилица, без обѕир, кој тоа го пишел, каде и кога.

За мене тоа бил едно необично доживување и поттик да го обновам своето интересирање за Етрурците во прв ред, за нивното писмо и за нивниот јазик. Оттогаш почнало собирање материјали, читање и истражување и најповеќе слободното време ми поминало на

непрекинати посети на двете чикашки библиотеки, снабдени со богат библиографски материјал и документи од обласа на етрускологијата.

Наравно, од самиот почеток се поставувало важно прашање, кое барало одговор: кој бил тој народ, кој пред скоро три илјади години живеел во центарот на Италија и испишувале свои мисли и чуства на спомениците, чии слова личеле на слова на српската азбука.

Не требало многу време да сознам, дека научниците, кои работеле на проблемите дешифрирање на етрурскиот јазик, при тоа никогаш не се служеле со ки  риличната азбука. Тоа била прва и сигурна констатација во тоа истражување.

При сите досегашни покушувања етрурското писмо да се дешифрира, се успевало само, да се разберат поедини зборови и тоа само оние, кои често се поновуваат. Тоа воглавно биле записи од два до три збора, или само еден збор на надгробните споменици. Тие зборови често се поновуваат, па не можеле да пружат некое обавестување за етрурскиот јазик, те научниците се вртеле во круг ‘околу тврдината, во која не можеле да продрат’, како што тоа сликовито го претставувал етрурскологот Б. Ногара.

Кога почнав подлабоко да навлегувам во студијата на етрускологот за етруските јазик и писмо, ми постанало јасно, дека досегашните напори и настојувања етруските текстови да се разбираат, не успеавале само затоа, што никогаш не биле правилно прочитани. Со други зборови, етруската тајна се криела во етруските слова, како тоа што пред стотина години го напишал етрускологот, Станислав Јакубовски.

Оттогаш, како што заклучив повеќе воопшто поставувало прашањето за потеклото на етруската или кириличната писменост во грчкиот алфабет, туку потеклото и писменоста на европскиот бел човек треба да се трага на друго место“.

Авторот, на стр. 1, пиши за Лепенски Вир, зачетокот бил на Дунав. Меѓутоа, во Подунавјето недостасуваат сите развојни етапи на писменоста и јазикот,туку тоа му припаѓало на Егејот кој бил дел од Левантот со своето Источно Средоземје откаде белата раса однела градежи (пирамиди), писменост...не само во Кина туку и во Јапонија, со наодите до островот Окинава=окин ва- раса аину + в + л + к = влакину.

„На основ испитувањата на познатите поставки во книжевноста и науката, по моите наоди за потеклото на етруската писменост требало да се трага на островот Крит. Тоа веќе го истакнувале одма после откривањето траги на изчезната критска цивилизација, која му ја објавил на светот (крајот на минатиот век) британскиот археолог Сер Џан Ивенс (Sir John Evans). Неговото животно дело го продолжил неговиот син, археологот и писател, Arthur Evans, кој во своето капитално дело “Scripta Minoa’, ја прикажал, покрај своите и на својот татко наоди, кои во најголем дел се однесува на постанокот и развитокот на критската писменост“.

Меѓу Крит, Азија и Африка бил Левантот,кој се потопил со морска вода итн.

„После наодите на многубројните предмети испишани со сликовно писмо, со кое се служеле Критајните, најзначајно било откритието на плочите испишани, со еден дел знаци, кои можеле да бидат на слоговен начин на пишење. Тоа бил значаен чекор во развитокот на општата писменост. Во науката тоа откритие е познато под името ‘Критски скрипт’ односно ‘Критско писмо’.

Ама, како и во случајот на Етрурците, одма се поставува и прашањето потекло на Критјаните. Така до денес останало необјаснето нивното потекло, каде и откаде дошле на Крит, кога се населиле, и со кој јазик говореле и кога почнале да дават изрази на својата значајна цивилизација ?“

Критјаните биле од Левантот- таму белата раса престојувала во ледено доба.

„Археолошките откритија кај Лепенски Вир, (на долниот тек на реката Дунав каде влегува во Железна Капија, Ѓердап, северно подрачје на Србија) 1965 за што постои научна литература, што тоа по прв пат му поклонил внимание The National Geographic Society, е потврдено пораната претпоставка, дека Подунавјето и системи на реки кои се слеваат и Дунав, можеле да бидат најрани познати подрачја, на кое е родена и се развила цивилизација на европскиот бел човек.

Цивилизацијата на Подунавјето, заблагодарувајќи на откритијата кај Лепенски Вир, од основа ги оповргнува пораните тврдења, дека сè што е остварено во Европа, било донесено однадвор. Напротив Лепенскиот Вир не упатува да веруваме, дека што е остварено во Европа, било учинето самостално и без никакви влијанија од надвор.

Затоа до населување на островото Крит можело да дојде првенствено од Подунавјето и Поморавјето (со систем на помали притоки кои се слеваат во големата Морава). Од тие области уште во праисториско време е вршено населување на останатата ненаселена Европа, црноморските области, западна Мала Азија, Грција и сите острова по Егејското Море.

Сите тие расленици со себе ги носеле сите места, [170] каде подолго или пократко се задржувале, ама пак стално се населувале, со својот првороден јазик. Тој јазик не можел никогаш да се изгуби и тој преминувал низ уста на сите народи во сите времиња, па уште и денес живее во јазиците на сите европски народи“.

Наодите во Лепенски Вир биле веќе доразвиени- почеток бил во Левантот.

---

[170] Во Средоземно Море има-ло острово Карпатос,а денес има и масив Карпати:само од југ на север.

Во Подунавјето имало исти градежи како во Егејот- егејските биле постари.

„Затоа, праизворното и етничкото потекло на сите европски народи, иземено монголските примеси меѓу Унгарците, Финците и Естонците, едно е и заедничко“.

Белата раса од Источното Средоземје стигнало во Кина...Пак, од Источна

Азија Монголите се селеле на западот, на Кавказ каде имало Белци, а и во Европа.

„За тоа тврдење порано немало појасни докази, ама денес, преку етруските пишани споменици дознаваме, дека етрурскиот јазик не изчезнал, туку продолжил да живее и да се развива во сите европски говорни гранки: словенската, романската и германско-нордиската“.

Тн.Словени=Пелазги, Романци дворасни и готски трорасни со Готи=Татари.

„Наравно, после таа константација, останало само да се испита, во која говорна група најповеќе се зачувале облиците и зборовите на етрурскиот јазик пишани со етрурско писмо.

Тие етрурски пишани споменици не и припаѓаат повеќе на никаква мистерија, оти тие се најстари пишани споменици на еден европски народ воопшто.

Во поглавјето Потекло на кирилицата во оваа расправа се најдува опширен приказ, кој во основа е нова теорија за потеклото на тоа писмо и за улогата која при тоа ја имал Константин Филозоф со уредувањето и објавувањето на тоа писмо, на начин, тоа да постане уредено писмо за словенските народи, преку кого тие ќе го примат Христијанството. Ама пред него што Константин таа писменост ја

осовременил, со неа се служеле племињата на киевско-руските области, кои гравитирале кон Црно Море.

Во поглавјето во оваа расправа Критското потекло на писмото, е даден опширен приказ, уз графичко претставување, како критските сликописни знаци во západените малоазиски културни и национални држави дале повод и основа за образовање на словниот начин пишење, со каков ние денес се служиме и кој од тие центри е разнесено во сите краеви на Средоземјето, Европа и северните црноморски области.

Упадлива графичка сличност на етрурското писмо, кирилицата, писмото руни, укажуваат на нивниот заеднички извор. Затоа и било можно да се изведе заклучок, дека едино со словата на денешната кирилица можат правилно да се прочитаат етрурски, лидијски и ликијски пишани споменици и да се сознаат до сега непознати содржини.

После тие сознанија било можно да се организира систем на работа за читање на етрурските пишани споменици, што подоцна се протегало и на лидијски и ликијски споменици.

Овој метод до сега никој не го применувал, па сум го назвал метод на пренесување на гласовни вредности на кириличните слова на етрурски, лидијски и ликијски слова. Во односот пак на читање само на етрурски записи тој може да се назове етрурско-кириличен метод.

Така уште останало во врска со горното изложување да се означи и објасни и употребата на оној современ јазик, со кој најдобро можат да се протолкуваат и разберат етрурските, лидијските и ликијските текстови прикажани во оваа студија.

Служејќи се со етимолошкиот и морфолошкиот метод при обработувањето на секој збор, за 80% етрурски зборови најдував значење за целиот збор, или за нивниот корен во Речникот на

српскиот јазик на Вук Ст. Караџиќ, или во другите словенски речници.

За останатите 20% етрурски, лидијски, ликијски зборови, сум пронашол одговарачки значења, или основни корени во други несловенски јазици во прв ред во современиот италијански и средновековен латински јазик. Така најдените зборови и преведени на српски јазик, потполно одговарале на нивната смисла, значење и положбата во реченичната конструкција“.

„Во моите истражувања било можно да се дојде до заклучоци за малоазиските избеглици и иселеници кои во Италија носеле покрај вродениот начин на пишење и развиени јазични изрази и зборови, кои дотогаш ги немало во говорот меѓу рашанските племиња во Италија. На тоа влијание нарочито биле подложни племињата Влоси, од кои еден дел се издвоил и тоа оној, кој живеел во областа на денешна Лацијa, примајќи од избеглиците од Лидија дури и името.

Кога Латите или Латините почнале масовно да се населуваат во ново и од Рашаните организирана населба Рум, или Рим, тие, после стогодишна влада на рашанските бољари, го презеле водството на градот, почнале да им даваат свој лик и обележје, кое всушност било практично изразување на културни и политички амбиции наследени од Лиѓаните, уз укинување и менувале на сè што носел рашанскиот печат.

Измеѓу останатото тие го преуредиле етрурското писмо, исфрлувајќи од него карактеристични знаци, кои претставувале гласовни вредносни слова: Ж, Ц, Ч, ΄, Ш, ШЧ, СТ, заменувајќи со комбинации на двоглас и троглас, кои подоцна се нашле во сите романски јазици, подразбирајќи и италијански.

До тоа време ако икогаш постоело некое латинско писмо, кое како ошанско или оско, личело на етрурското, тогаш тоа латинско писмо било фонетичко и имало иста фонетичка гласовна вредност

како лиѓанско, идентично со етрурското. До денес таков пишан документ не е најден. Повикувањето на натписот на златното Пренестинско петличе мора потполно да се одфрли, бидејќи од мојот начин на читање и толкување на тој запис, кој се прикажува во оваа расправа, може да се заклучи, дека се работи за рашанскиот јазик и исто така и писмо.

Многу зборови, потекнале од иселениците и избеглиците од Мала Азија, го обогатиле говорот на сите рашански племиња во Италија. Подоцна тие зборови, преку реформираното латинско писмо и римското наречје, влегло во речниците на денешните романски и нордијански нации“.

Се говори за преселби од Мала Азија, но не и од Подунавјето, кое не го познавале Херодот...Прокопиј...Тоа било закопано и непознато додека не го откопале.

Латински бил наследник на коине, и затоа тој не бил разбирлив за народот.

„Тие народи во подолгиот процес на јазична и графичка асимилација, а под влијанието на римската окупација и подоцна христијанската доминација, исфрлиле од употреба еден дел знаковни знаци на руните, заменувајќи ги со латински слова. Тие народи трагајќи начин да изразат гласовни вредности на својот јазик, прибегнувале на словни и слоговни комбинации, слично на процесот на кој било подложно обликувањето на италијанската писменост. А кога го напуштиле рунското писмо, тие истовремено го напуштиле и фонетскиот начин на пишење.

Чинителот е дека 20% римско-латински зборови и изрази ги немало во словенските јазици, а нарочито ги нема во кириличните споменици, и ако 80% сите етрурски, лидијски и ликијски зборови и изрази се застапени во современиот српски и други словенски јазици, а не во латинскиот.

И ако бројот до денес правилно прочитании протолкувани лидијски и ликијски пишани споменици кои носат печат е мал,во основа тие ги потврдуваат важните чинители, кои подоцна не можеле да се докажат:

1) единствено јазично потекло на народите,кои потекнале од Подунавјето, [171] што се докажува со чинителот, дека лидијските и ликијските пишани споменици прочитани со кирилица, биле протолкувани до потполно разбирање со современиот српски јазик, [172] управо како етрурски;

2) народите на Мала Азија, кои се служеле со критските сликописни знаци, го обликувале словниот и фонетскиот начин на изразување и пишење како единствена алтернатива во однос на секој вид писменост.

3) тие воедно овозможувале неограничено и слободно ширење на писменоста од нивните малоазиски културни центри. Така уредената словна и фонетичка писменост им одела на сите европски народи, те нејзиното ширење не било ограничено само на Средоземјето.

Трагајќи го изразот, кој би требало, од технички и историски разлози, најпотполно да го обележи и изрази процесот на обликувањето на писменоста во малоазиските културни центри сматрам, за сега, додека не се најде некој можда подобар назив, би можело да се употреби терминот, кој веќе порано бил употребуван, србица.

Оправдување за овој назив се најдува во два основни чинители:

---

[171] Подунавјето имало исти градежи со Егејот- тој му припаѓал на Левантот со градежи, писменост...

[172] Современиот српски јазик бил наследник на падежниот македонски црковно-словенски јазик.

Прво,што името Сораби,Сорби,Сирби и Срби,во најстаро доба применувано на сите народи во западниот дел на Мала Азија, кои говореле со истиот јазик“.

Бидејќи поимот Срби се употребувал од Балтичко Море сè до со Сирија и Египет, чие централно место бил Леванот, поимот имал едно исто значење срб=срп за српчии=жнеачи=косачи-името Срби се употребал каде се одгледувале житарици.

„Името Срби е однесено во областа на Балканот и северното подрачје на Европа, сè до Северно Море. Тоа нарочито се задржало во областите, каде секогаш живееле киевско-руските племиња. Подоцна, тоа име било сеопфатен назив за сите кои говореле со словенски јазик, сè додека, не било, многу подоцна заменето со името Словени“. [173]

Па преселбите биле од Источното Средоземје преку Мала Азија и Балканот.

„Второ, што во современиот српски јазик се зачувани покрај најголем број зборови, кои се најдуваат во етрурскиот, лидијскиот и ликијскиот јазик, исто така и корени на многу други словенски и несловенски јазици.

Сè повеќе населувања на денешна Италија доаѓале од Балканското Полуострово. Тие потекнувале од Подунавјето чии жители биле со исто потекло, сој или раса, по што добиле име Рашани, или Раси. Рашанските племиња кои порано се населувале во Италија, доаѓале со копно преку подалпските терени, кои денес припаѓаат на геополитичкиот простор на северна Италија, јужна Швајцарија, западна Австрија и Југославија“.

Подунавјето немало важност за населувањето на Европа- дел на Левантот.

---

[173] Словени не познавал Херодот...Прокопиј...-само Склавини=тн.Словени и Словени (Русите 860 г.)

„Тие северни Рашани, кои говореле со ист јазик како и првобитните Римјани, ги прозвале Римјаните подоцна Тусци, Трусци, да на крајот би се створил називот Етрусци и Етрурци. Мошне е можно, дека тие северни Рашани између себе се викале, пред него што преминале преку Апенините во централна Италија и Трусци, оти зборот ‘раса’ или ‘трса’ во српскиот јазик имаат идентично значење. До сега на многубројните етрурски, или рашански споменици, се најдува запишано само името Рашани, Раси, а никако Трусци, Тусци или Етрурци“.

Трус...Трса= т[а-а] рса=раса:Тесолоника=т-аа Салоник а;Марс=м арс=Арес...

„Како името Етрурци и придавката етрурски влегле во науката, книжевноста и воопшто во употребата, овде ние ќе ги употребуваме обете имиња, давајќи предност во науката вообичаеното Етрурци и етрурски,што во оваа расправа не е битно.

Во оваа расправа централно место завземаат приказите, анализите и на оригиналните етрурски пишани споменици, кои им се познати на етрусколозите, ама кои до денес не биле правилно прочитани и протолкувани. Изложената содржина на секој поединечен споменик е пропратен со анализа на секој збор и израз со објаснувања на српски јазик.

Сите останати се однесуваат на приказите кои треба да ги образложат и потврдат моите наоди и во целост да го оправдаат методот, со кој сум се служел при читањето и толкувањето на напред наведените текстови.

Од малоазиските пишани текстови прикажани во оригинал, се прочитани и протолкувани по два лидијски и ликијски текстови. Од тие, еден е посветен во бојот на паднатите ликијски коњаници, кои се називаат Валкири. Не ни е познато, дека икогаш икој ја прикажал и обработувал содржината на тој споменик. Другите пак споменици биле неправилно прочитани и протолкувани.

Сега, кога навистина е симнато веото од етрурската мистерија, заблагодарувајќи на нивните пишани зборови и на нивниот јазик, ни е можно да ги сознаеме непознатите тајни и нашата древна европска минатост. Тоа порано не можевме да го сознаеме, оти во текот на историските збивања бил прекинат ланецот, во кого Етрурците или Рашаните биле една карика. Разбирајќи и сознавајќи, што тие запишале за себе, а не што други пишеле за нив, ние сме сознале за најубавиот до денес непознат дел на нашата, европска минатост.

Пишаниот етрурски збор не е само толкувач на историјата, таа истовремено е за цела Европа, за сите европски народи, посебно за Србите- огромна и непроценлива вредност на едно наследство и една конечна научна вистина“.

„Писателот и историчарот Матио Гварнаќи, го наведува Страдона, кога кажува: ‘...Треба да се примети дека Лиѓаните не го применувале или го измениле јазикот на Етрурците, што повеќе потврдува, дека имале еден јазик, или сличен еден на друг’. Тој, исто така, го споменува и Дионис од Халикарнас, кој говори за Лиѓаните, кои дошле во Италија, и кажува: ‘...дека малку се разликува од оној јазик со кој говореле Етрурците, па што повеќе, сѐ до неговото време, било мешавина измеѓу двата народи ’ “. [174]

Тоа што се одбегнувале тн.словенски јазици, врз нив има вековни заговор.

Белата раса биле еден те ист народ која во леденото доба била во Левантот.

Нејзиниот јазик бил варварски=пелазгиски=тн.словенски, а и Илир=Словен.

---

[174] Исто, стр. 13.

## ТН. ХОМЕРОВ ЈАЗИК БИЛ САМО СКЛАВИНСКИ = ТН. СЛОВЕНСКИ

Херодот, Тукидид, Платон, Аристотел...Прокопиј... не познавале Словени. Ова било само поради тоа што таков народ никогаш и не постоел. Следи Прокопиј да говори само за Склавини, а склавина означувало област. Склавини Римјаните не познавале сè до V век, а на Балканот такви биле создадени само во VI век. Тие биле само Повеќебожци, а Римјаните Христијани. Па имало верски, а не етнички народи.

Х.Џ.Велс [175] пиши: „Тие примитивни коли ги влечеле волови. Раните Аријанци не ги вјавале ниту спрегнувале коњите; канда малку имале со коњите. Неолитските Монголи биле коњари, а неолитските Аријанци кравари. Се хранеле со говедско месо. Тек после многу векови почнале да употребуваат теглечка стока...“.

„Арискиот племник...Така се веселил и опиувал. А дали почнал прв пат да употребува квас да би направил леб, или пијалокот да му преврие, тоа не знаеме. [176]

По тие гозби се појавувале поединци обдарени да ‘играат будали’. Тие тоа го правеле без сумливост да ги расположат и наведат на смеа своите пријатели; ама, тука имало и еден друг вид луѓе, вид важен за своето доба и уште поважни за историчартите. Тоа се извесни пеачи кои ги опевале настаните и приказните. Тие барди (гуслари) ги имало по сите народи кои говореле ариски. Тие настапувале како последица и како еден понатамошен чинител при развиток на говорниот јазик, кој претставувал во неолитско доба најглавен успех за човечкиот напредок. Тие ги опевале или ‘кажувале’ приказните од минатото, или приказните за некој жив поглавица и неговиот народ. Раскажувале и други приказни,што ги

---

[175] Herbert George Wells, Историју света, 1929, Народно дело, Белград, стр. 136.
[176] Исто, стр. 137.

измислувале сами. Памтеле шали и доскочици. Тие пронајдоа, присвоија и почнаа да го усовршуваат ритамот, сликот,алитерација, и такви слични можности кои скриени лежат во јазикот. Веројатно направиле доста и да ги разработат и зачврстат граматичките облици. Тоа беа можда со обѕир на слух први големи уметници, како што позните арињашки сликари по стените биле први уметници со обѕир на видот и на раката. Без сумливост дека се служеле со многу движења на рацете или со гестикулација. Веројатно при учење на песни учеле и пригодни гестови. Ама, прва грижа им била за ред, пријатност и снагата на јазикот.

Тие барди прават знатен корак напред за моќ и опсег на човечкиот ум. Тие во човечката свест ја подржувале и развивале смислата за нешто поголемо од нив самите, за племето, и за оној живот што се пружел далеку во минатоста. Тие се сеќаваат не само на старите омрази и борби, туку и старите пријателства и заеднички завети. Поново оживеа подвизите на мртвите јунаци. И Аријанците почнаа во своите мисли да ги преживуваат настаните од пред нивното родување, како и оние кои ќе се случат по нивната смрт.

Како и повеќето човечки работи, тоа бардско предавање се развивало најпрво пополека, а потоа побрзо. И во добата кога почнала бронзата да се појавува во Европа, веќе немало ни еден ариски народ без бард и без нивно предание. Во нивните раце јазикот постанал така убав како одвај дека некогаш ќе биде. Тие барди претставувале жива книга, жива историја, биле чувари и творци на ново и помоќно предание во човечкиот живот. Секој ариски народ има по еден долг низ песни зачуван на тој начин сè до нашето доба, има свои саги (тевтонски), свои епови (грчки), свои ведски наративни песни (од стариот санскритски).

Во тоа доба уште немало пишење. Кога таа вештина прв пат се пренела во Европа, како што ќе речеме подоцна, мора да се направила и премногу спора, трома и безживотна, со неа да се

запишат сјајни и убави ризници на човековото памтење. Пишењето најпрво служело за пресметки и опипливи работи. Бардите и рапсодистите уште долго цветеле и после појавата пишење.И тие,вистински, се одржаа како минстрели (народни пеачи) во Европа сѐ до Средниот Век.

На несреќа, нивното предание не било постојано како забележено. Тие го менувале и преработувале, имале за него свои тренутци кога тоа било на глас како и нејзинте мени на заборавање. Спрема тоа ние имаме сега само сосем изменети и преправени остатоци од онаа усмена книжевност на преисториско доба. [177] Еден од најзанимливите и најобавестени меѓу тие преисториски ариски состави се зачувал во грчката Илијада. Некој поран облик на Илијада се кажувал веројатно на илјада година пред Христа, и тек можда околу седум или шест стотини години пред Христа тој еп прв пат е запишан. [178] Со неа многу луѓе се бавело во својство писатели и поправувачи, мада грчкотото предание подоцна му се припишува само на еден слеп бард по име Хомер, на кого му се припишува и Одисеја, по склоп на многу другчиј и со дух и изглед. Можно е многу од ариските пеачи биле слепи луѓе. Според професорот Џ. Л. Мајрс, бардите ги слепеле нарочито како би им оневозможиле да се одвојат од племето. Г. Л. Лојд видел во Родезија еден свирач од некоја група вродени играчи, кога неговиот поглавица го ослепил од истиот разлог. Словените на своите барди им давале име слепец. („тој еп прв пат е запишан“ VI век п.н.е., Р.И.)

Првобитната верзија на Илијада била постаро но Одисеја. ‘Илијада како потполна песна е постара од Одисеја’, кажува професорот Џилберт Мереј, ‘мада граѓата во Одисеја, претставувајќи повеќето

---

[177] Илијада била дело од присвоени туѓи преданија. Таа била на Редакцискиот одбор на Пизистрат.

[178] Редакцискиот одбор на Пизистрат (6 в.п.н.е.) ја состави Илијада од три простори: со магаре и шафран Египет и Месопотамија,говедо и коњ Бригија во Пелагонија со свое езеро и Јадрански острови.

праисконски фолклор, е постара од икаква историска граѓа од Илијада’.Само,настаните во Илијада и Одисеја,начин на живот кои тие го опишуваат духот кој се огледа во делата оттаму, припаѓаат на последните векови на праисториско доба. Тие саги, епови и веди пружаат, покрај археологијата и филологијата, трет извор за обевестување за тие изчезнати времиња.

Грчката епика ни открива раните Грци уште не знаеле за железо, ни за вештина на пишење, и пред но што Грците ги засновале градовите во земјата во која тие дошле недавно како победници. Тие се ширеле на југ од оној крај во кој се најдувала ариската колевка. Изгледа дека биле еден белолик народ, и новодојденци во Грција, придојденци во земјата која дотогаш ја држеле средоземните и ибериските народи. [179]

И уз опасност малку да повториме, да бидеме во едно сосем начисто. Илијада ни претставува примитивен неолитски живот од онаа ариска земја на потекло. Таа ни дава живот кој се најдува потполно на патот кон новата состојба на работите. Између петнаесет и шест илјади години пред Христа се разастрил неолитскиот начин на живот со шуми и бујно прорастено дождовно раздобје, по поголемиот дел на стариот свет, од Нигра па до Хуанг- хо, и од Ирска, па до јужна Индија. И сега, воколку климата се движела на поголемиот дел на светот поново кон посуви и поотворени прилики, пораниот и попрост неолитски живот се развивал долж два спротивни правци. Еден правец водел кон скитачки живот, кон напоследок на сталeн селидбен живот између летните и зимските пасишта, кои го нарекуваме номадизам. Другиот по извесно сонце обсјаjени речни долини, се движел кон живот во кој се насобирала вода и врши наводнување, и во кој луѓето се собираат по првите градови и создаваат прва просветеност. Веќе ги опишавме првите просветености и нивната

---

[179] Хелените, според Хелен митолошки, говореле ист јазик со Македонците-имало мноштво говори.

подложност на узастопни освојувачки походи на номадските народи. Веќе забележивме дека низ многу илјади години траело скоро ритмичкото обновување на номадското освојување на старите просветености. А овде имаме да забележиме дека Грците, онака како што Илјада ги претставува, не се ни прости неолитски номади, ниту се просветени луѓе. Тоа се номади во една вознемирена состојба, оти тек што дошле во допир со просветноста, ја мотреле во неа можноста за војна и плачка.

Тие рани Грци од Илијада се жилави војници, но недисциплинирани. Нивните борби се збрка на поединечни судири. Тие имаат коњи, ама немаат коњица. И коњите, кои се едни прилично скорашни принови кај Аријците, се употребуваат во борби за влечење на груби војни двоколки. Коњот уште секогаш е новина, да е веќе и затоа скоро ужас. А за обично влечење, како што тоа од Илијада може да се види, се употребуваат уште волови".

Бидејќи говедото и коњот во Анадолија се бригиски, тн.Троја била бригиска.

„Имавме прилика веќе да го споменеме лидискјото кралство...Тие ариски народи над некои области сосем ги завладеале, постанувајќи главно население и задржувајќи го својот ариски говор. Такви биле н. пр. Фригијците, народ чиј јазик бил скоро исто толку близок на грчкиот како и македонскиот. Ама, над другите покраини Аријанците не преовладувале... [180]

Ни нивната вера не била ариска. Тие ја обожувале божицата Велика Ма-ку. Фригијците го задржале својот јазик сличен на грчкиот, ама и тие биле занесени со таа тајанствена вера; и многу од оние тајанствени вери и тајанствени обреди, што завладеало во позното доба на Атина, било по свое потекло фригиско (ако не

[180] Исто, стр. 150.

трачко)“.(Атина „по свое потекло фригиско“-Бригите со Филип биле Македонци, Р.И.)

Лидија Славеска [181] пиши: „Компаративните истражувања...Споредбените резултати меѓу древниот јазик на Хомеровите епови современиот македонски јазик покажуваат дека тие зачувани зборови формираат големи фамилии- вериги, меѓусебно поврзани врз функционална основа или, едноставно, тие се градени според законот на функционалната етимологија. Дел од овој лексички фонд влегол и во грчкиот јазик, но најчесто во деформирана, изменета форма или ‘стојат сами’ без грчка етимолошка основа или функционална врска. Врската меѓу засведочениот Хомеров лексички фонд и македонскиот современ јазик се поставува врз поврзувањето преку старите Пелазги, чии многубројни племиња живееле на Балканот (познати под името Македонци, Тракијци, Илири) и во Мала Азија како БригиФриги, Лидијци, а на запад, во централна и северна Италија, како Етрурци, Венети итн. Кога грчките племиња кон крајот на третиот и почетокот на вториот милениум пред новата ера се населиле во Јужна Европа, претходно истакнавме, ги затекнале на Балканот како староседелци Пелазгите и останале ‘голем и силен народ’ откако се соединиле, во прв ред, со Пелазгите, но и со други варварски народи... А Пелазгите ‘секогаш останале варварски народ кој зборувал со варварски јазик’. [182] Лексичките совпаѓања меѓу јазикот на Хомер и источната група на словенски јазици (чешки и словачки) ја забележува уште во далечната 1800-та година германскиот лингвист Лудвиг Франц Пасоф врз основа на најстарите зачувани ракописи на Хомеровата ‘Илијада’. Повеќето зборови што не биле зачувани во грчкиот или латинскиот јазик Пасоф ги идентификувал како словенски зборови...“.

---

[181] Лидија Славеска, Македонската генеза, Матица македонска, Скопје, 2008, стр. 57.
[182] Херодот I, 57.

Лидија Славеска [183] продолжува: „Во контекст на вака поставената проблематика ќе треба да обрнеме превосходно внимание на јазикот како еден од најзначајните атрибути на нацијата, односно народот, бидејќи како што своевремено истакнал П.Кречмер: 'Ниедно културно богатство не е толку трајно и долговечно како што е јазикот. Особено се непроменливи и постојани имињата на местата, дури и тогаш кога населението се променило'. [184] Во тој правец ќе го разгледаме повторно значајното научно сознание за постоење на блискост на македонскиот современ јазик со Хомеровиот јазик, односно на тн.словенски јазици со јазикот од постарите лексички наслојки во Хомеровиот еп „Илијада". Тоа, своевремено, уште во далечлната 1815 година [185] го константирал германсиот лингвист Л.Ф. Пасоф, а веќе во 1845 година неговиот труд за Хомереовата лексика е преведен на англиски оде Х.Џорџ и објавен во Њујорк. Во својот труд Пасов [186] утврдил дека голем слој од Хомеровата лексика во „Илијадата" ѝ припаѓа на лексиката од словенскиот јазичен сојуз. Бидејќи македонскиот јазик припаѓа на овој сојуз, а според повеќе истражувачи античкииот македонски бил истороден со пелазгискиот како најстар балкански јазик, сосема е оправдан заклучокот дека Хомеровиот јазик е навистина близок до современиот македонски јазик во одредени лексички елементи кои се зачувани во постарите изданија на 'Илијадата'...".

---

[183] Лидија Славеска, Македонската генеза, Матица македонска, Скопје, 2008, стр. 129.
[184] П. Кречмер, Преисторија Балкана у огледало језика, 21.Спор. Ја долготрајноста на топонимите на Пелопонез со словенско потекло, за кои говори Max Vasmer, Die Slaven in Grichenland, Berlin, 1941.
[185] Авторот и авторката говореа за 1800 година, а овде авторката наведува 1815 година- разлика 15 г.
[186] L.F.Passow, Lexicon of the Greek Language, 1845. (Пасов, а не Пасоф, Р.И.)

Лидија Славеска [187] истакнува:„Во контекс на претходните сознанија...Истражувањата на И. Чашуле за бурушанскиот јазик содржат сериозни индиции за одредена јазична блискост на овој јазик што го зборувало населението од околу 50.000 единки во североисточен Пакистан (области: Хунза, Наѓар и Јасин), со зборови карактеристични за сите словенски јазици.... Контактот меѓу ова население и современите словенски јазици, можел да се случи најдоцна пред 1.000 години. Притоа, авторот утврдил покрај лексичките и граматички соодествувања, како и типолошки црти кои се напоредни со процесите во балканскиот јазичен сојуз“. [188]

Бидејќи антички=етнички Македонци, етничките Македонци се доморродни.

Исто така, Лидија Славеска [189] наведува: „Во една таква согледба...Хронолошки Менадата од Тетово му припаѓа на VI век пред новата ера, или, попрецизно, е изработена во времето на деветтиот македонски крал Аминта I (547-497 год. п.н.е.). Во литературата за Менадата е запишано: ‘ја моделирал некој грчки уметник во некој град во јужна Италија или Сицилија како во занес игра дорски танц и веројатно претставува една Менада од придружбата на Дионис кој во литературата за Тетовската Менада се нотира како тракиски и грчки бог на вегетацијата и воскреснувањето на природата’...Ѓуриќ дословно го напишал и следново: ‘Меѓутоа, орфичката религија е дел од дионизмот, кој на Хелените им дошол од Тракија и Македонија’, тоа ќе значи во тој религиозен круг ја приклучил и Македонија. Потоа го цитира Плутарх според кого: ‘сите македонски жени од дамна дамнина се држат до орфичките обреди и празници во чест на богот Дионис и

[187] Лидија Славеска, Македонската генеза, Матица македонска, Скопје, 2008, стр. 190.
[188] И. Чашуле, За бурушанскиот јазик, „Нова Македонија“, 15.11.1995 г., Скопје: Реагирања.
[189] Лидија Славеска, Македонската генеза, Матица македонска, Скопје, 2008, стр. 211.

заради тоа се наречени Клодони и Мималони. Тие многу слично се однесуваат како Едонките и Тракијките околу Хем, а од нив би рекол потекнува и хеленскиот θρησκεύειν [190] кој означува дива и оргијастични верски обреди' ". [191]

Бидејќи Дионис не се славел во Скитија, Македонците не дошле од Скитија.

Се потврдува, тн.словенски јазик бил јазик на домородните на Балканот- тој бил тн.Хомеров јазик. Според германскиот лингвист Пасоф (1815), Илијада била пишана на словенски јазик. Ова дури го потврдил и еладскиот (тн.грчки) лингвист Чулкас (1907). Тој пиши, Славо-Македонците во Лерин говореле Ран-Хомеров јазик. Таков бил и на Критјаните. Ова било повод, јазикот на Критјаните да биде само тн.словенски. Па токму и затоа Критјаните го разбирале службениот јазик на Бугарија, но не еладскиот јазик катаревуса, кој произлегол од коине, службен само од 1868 година. Следи Критјаните сакале да се приклучат на Бугарија, но не на Елада. За да се промени состојбата, Бугарија била принудена таа да се откаже од островот Крит. Тоа се гледа од член 5 во Букрештанскиот договор (1913), во кого се бара Бугарија да се откаже од островот Крит, и што се случило. И конечно, Фалмераер (1830) запишал, во Елада немало Хелени кои говореле коине туку Словени со свој словенски јазик. Значи, коине бил христијански јазик, а народен само тн.словенски.

Следи тн.словенски бил варварски=пелазгиски- словенските народи се лага.

---

[190] Спор. Во македонскиот јазик: ТРЕСКА, ТРЕСКОТИ но и трескот итн. Традицијата на зборот треска за орфичките игри е зачуван и во името на женското оро 'Тресеница". Оттука името на ова ора се поврзува директно со орфичките игри во чест на богот Дионис, кога жените паѓале во „треска"-транс, играјќи во пекстатичен занес во негова чест.
[191] Плутарх, Александар 2, 58.

## ВАРВАРСКИ=ПЕЛАЗГИСКИ=ТН. СЛОВЕНСКИ ЈАЗИК

Варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик бил на белата (пелазгиска) раса.

Авторите пишат за прајазикот на Индоевропјаните, наречен индо-германски (Франц Боп). Бидејќи Индијците биле темни, а Европјаните и нивните Германи опстоиле само бели, јас овде тој јазик го наведувам како пелазгиски. Па тој бил само тн.словенски, истоветен со тн.Хомеров, тн.Платонов јазик итн.

Merrit Ruhlen (1994), "The Origin of Language", John Wiley & Sons-New York, на стр. 29, пиши: ...Jones го споменува строгиот афинитет „во корените на глаголите и облиците на граматиката" меѓу разните индоевропски јазици. „Понатаму, исто така што т означува трето лице еднина 'тој', прво лице 'јас' е претставено со завршеток- м и второ лице 'ти' со завршеток- с. Така имаме комплетна глаголска парадигма отсликана во различен степен на разните јазици, како што суфиксите се додадени на глаголскиот корен за да означат први три лица"...„Во санскритот трите форми биле: bhara- mi (јас носам), bhara- si (ти носиш), bhara- ti (тој носи)". Зборник на Sir William Jones кој прв препознал индоевропско семејство (1786. во Индија) постои еволутивна хипотеза за потеклото од заедничкиот предок.(+ т = носит, Р.И.)

Видливо е дека ова м-с-т опстоило во денешниот македонски јазик: јас сум, ти си, тој ет. Бидејќи гласот-т е отфрлен, постои само гласот-е. Затоа овде е најбитно третото лице со т. Оваа форма кога глаголот завршува со- т трето лице еднина, на пример тој бара + т = барат (трча-т=трчет=трчит, носи=носит=носет...), до денес опстоил во Брзјакија (Демир Хисар) со Охридско, со нивниот меѓупростор Преспа ..., од каде биле Бригите (Бриг=Бриж=Брж=Брз + јак = Брзјак), што се совпаѓа со наводите на Херодот. Ова е при споредба на Бригија која била Европа, за

тн.Троја, и со денешна состојба. Следи она што било во прајазикот, опстоило во бригијскиот.

Па староперсиски јазик бил само варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик.

Херодот, I-110, вели: „...Митрадат и живеел со својата жена која била исто така робинка како и тој. Таа жена, со која живееле, се викала на хеленски јазик Кино, а на медски Спако, зашто Медијците за куче викаат ‘спак’...“.

Следи Кино - н = ки., и=у, ку-куја; ку + т = куте, т=ч, куче; спак=с пак=пас...

Па пасот служи да ги чува овците кои пасат трева. Меѓутоа, во македонските говори се употребува и да се паси детето- на него да се внимава. Значи, чува.

„139. Има и една друга појава присутна таму, која Персијците не ја забележуваат, но нам ни паѓа в очи. Имињата, кои инаку им соодветствуваат на телото и на степенот на благодарието, сите завршуваат на иста буква, која Доријците ја викаат ‘сан’, а Јонците ‘сигма’. Ако, значи, човек обрне внимание на тоа, ќе најде дека имињата на Персијците им завршуваат исто, а не некои вака други онака“.

„148. ...Излегува дека празниците на сите Хелени, не само јонските, сите завршуваат слично, на иста буква, како личните имиња кај Персијците. Тие се јонски градови“.

Имињата се завршувале со с, како и во Демир Хисар: Дукос + ки = Дукоски.

Бидејќи се говори за Јонците, Олга Луковиќ- Пјановиќ, [192] во насловот ‘DE ILLYRICAE LINGUAE…, наведува: „Да се вратиме

[192] Олга Луковиќ- Пјановиќ, Срби...народ најстарији, Белград, Досије, 1990- Интернет без страници.

на Дубравиј...Лаоникос Халкокондилос, чиј текст тој го цитира на страна 13, VI, вадејќи го од Халкокондиловата книга III која го носи називот ‘De rebus Turcicis’.

‘Sarmatarum lingua similes est illyriorum Jonium ad Venetos usque accolentium …’ во таа своја, значи, книга ‘За Турција’, Халкокондил најдува прилика, да говори и за Сарматите, за кои кажува, дека имаат ист јазик како Илирите од Јонското Море па сè до Венеција. Во продолжение, тој истакнува, дека има меѓу Илирите, кои се понесуваат со старината на тој свој јазик...“.

Како одлика на јазикот на белата раса, бил темниот вокал. Темниот вокал го имало во Месопотамија до со Египет... Па се говори дека Евреите, Арапите... пишеле само согласници, но не самогласници. Па замена за самогасници бил темниот вокал. Тој до денес останал пелазгиски=тн.словенски- Бригите го користат поретко.

Следи Бриг=бриж=брж=брз + јак (Јак јако животно на Хималаите) = Брзјак.

Бидејќи овде се говори за „Илијада“, а според едни автори, таа била во Мала Азија, а за други во Бригија, се наведува еден пример, со јужно од тн.Троја, со градот Милет(ос): Милет=мил ет или Милит=мил ит. Се потврдува дека јазикот на кој била напишана „Илијада“ бил само на пелазгиски јазик со прво лице м, второ лицес и трето лице т како ет=ит што до денес е бригиски=брзјачки: имам, имаш, имат...

За да се потврди доказот, се пиши, Хомер ја напишал „Илијада“. Всушност, само Омер, затоашто х бил понов глас, па и затоа Брзјаците х никогаш и не го изговорале: ајдук, ајвар, отел, армоника итн. Бидејќи Бригите ја создале Фригија, се врши споредување со бригиското Омер и фригиското Омир=о мир. Следи Смирна =с мир на, денес Измир=из мир- нешто со мир да се измири. Со наводите се докажува, дека во Мала Азија со Јонија

живеел ист народ како во Бригија, Македонија и јужно од неа со се Елада со Атина кои биле 100% пелазгиски=тн.словенски.

Бидејќи се говори за Хомер со неговата „Илијада“, се додава, дека токму Илиј бил 100% пелазгиски=тн.словенски, според ил,а нашиот народ вели: „Ил врне, ил грме“ итн. Па тој бил Илиј од библијата- доказ со Елизабет=Елисавет=ели савет, каде ели=хели=Хелиос=Илиос бил тн.олимписки Зевс- тој бил истоветен со Перун, дури и во Перу, со божество на секавицата, грмежот и дождот.

Робер Фласелјер [193] пиши: „„„Да го замислиме старогрчкиот селанец...горе, на планинските врвови, престојувал Зевс кој ги собирал облаците, фрлал молњи и доделувал дожд. Тоа бил силен бог... Грмежите биле знак на неговата моќ и на неговото присуство, а понекогаш и на неговиот гнев.(Σ=сила=с ил а, ил: ил врне..., Р.И.)

И самиот јазик го потврдува влијанието на религијата: старите Грци не веле: ‘врне дожд’ или ‘грми’, туку ‘Зевс врне’ или ‘Зевс грми’ “. („Боже врни“..., Р.И.)

Меѓутоа, никогаш немало било каков Омер- тој бил дело на атинскиот тиранин Пизистрат (6 век п.н.е.), чиј Редакциски одбор ја склепал неговата „Илијада“. Таа била напишана само на руни, а руните биле венетски, а Венеа била Русија со своите рецки (руни) и својот Перун. Истоветно било и за со пелазгиските=тн.слоенски Етрурци, во чии руни имало и тн.Кирилични слова.

Х.Џ. Велс [194] пиши: „Санскритската епика ни раскажува една приказна слична на онаа која послужила како основ на Илијада, приказна за белиот народ, кој се храни со говедско месо- и тек подоцна стекнува тревождрени особини- а кој слегол од Персија во рамницата на северна Индија и househ пополека го освојувал својот пат

---

193 Робер Фласелјер, Грција во времето на Перикле, Мисла, 2002, стр. 207.
194 Herbert George Wells, Историју света, 1929, Народно дело, Белград, стр. 142.

кон Инд. Ама, воколку се ширеле, многу штошто попримиле од победедните мрки Дравиди. Изгледа дека ги изгубиле и своите бардски преданија. Старите стихови, кажува г. Бас, ги пренесувале, воглавно, жените по домаќинствата“.

Ентони Брајер и други [195] пишат:Овде биле најзанимливи приказните за боговите и хероите. Овие легенди, чиј средишен лик бил Гилгамеш, мошне многу потсеќале на Хомеровите епови. Гилгамешовата победа над небескиот бик кој му го испратила божицата на љубовта Инама, со неа да се бори оти ја одбил Гилгамеш и се судрил со неговиот бивш крал Киш.

Се говори за „мошне многу потсеќале на Хомеровите епови“- во Илијада

Тукидид, [196] I, 3, пиши: „Не помалку...до пред Тројанската војна Елада...пред Хелен синот на Деукалион, и областите биле названи по името на одделни племиња, најповеќе по името на пелазгите. Одвај кога Хелен и синовите му се укрепиле во Фтиотита и другите градови започнале да ги викат на помош, тогаш тие племиња вследствено на општењето со тие започнале едно след друго да се нарекуваат со името хелени,при што тоа долго не можело да се наложи над сите.Најдоброто докажувачко за тоа е Омир. Тој живеел многу покасно од Тројанската војна и во сè никаде не ги нарекол сите учесници во војната со општо име, а ги нарекува Елини само тие, кои биле дојдени со Ахил од Фтиотида. Тие биле првите Хелени; останатите тој ги назива во песните данајци, аргосци, ахејци. Омир не го споменува и името варвари, зашто како што ми се чини, самите хелени уште не биле оспособени под едно име, противположно на името варвари. И така одделните племиња, живеејќи во своите градови- држави, ако

[195] Entoni Brajer i drugi, „Stari svet“, Beograd, 1984.

[196] Тукидид, История на Пелопонеската война,Държавно издателство наука и изкуство, София, 1979.

и да се разбирале помеѓу себе и покасно биле наречени со името хелени...“. (Хелени бил нов поим- со Хомер, Р.И.)

Во Илијада не со употребувало името варвари и затоа без Хелени и варвари.

II-68: „Амбрикијците го освоиле грчкиот (хеленскиот, Р.И.) јазик, кој што тие го говорат денес...Останатите жители на Амфилохија инаку се варвари...“.

Херодот, I, пиши: „Ова е излагање на она што Херодот Халикарнашинот го истражувал. Делото има цел да не допушти со текот на времето да избледи она што луѓето, општо, го направиле и да не останат непознати големите и прекрасни дела, создадени како од Хелените така и од барбарите, и други работи, меѓу кои и причината, поради која тие завојувале меѓу себе“. (Барбари=варвари, Р.И.) Хелените се со голема х, а варвари со мало в- варвари бил само општ поим.

Платон [197] пиши: „варварите се постари од Грците (Хелените, Р.И.)“, „првите зборови Грците ги зедоа од варварите“.

Британска енциклопедија име-Пелазг го поврзува за македонска Пелагонија.

Јон Аргинтеану [198] пиши: „Бреговите на реката Еригон (Црна) заедно со Прилепско Поле (секако и Битолското Поле б.н.) се викаа Пелагонија. Името на ова поле доаѓа од Пелазгите, најстариот народ на овие простори, од кои водат потеклоТрачаните, Илирите, Латините и Грците“.

Диодор од Сицилија [199] наведува:„...со пелазгиските букви пишувал и Пропанид учителот на Хомер“, „Тимотие пишувал со

[197] Платон, во „Кратило гл. 421ц., гл. 425е.“.
[198] Јон Аргинтеану, Историја на Армн Македонците (Власите), Букурешт, 1904 година, стр. 17.
[199] Диодор од Сицилија, во „lib. -III- c.67,4“.

пелазгиски букви и говорот пелазгиски", „приказните од митологијата во кои се зборува за Атлантите, Аргонаутите, Амазонките се преземени од современиците на Хомер кои нивните дела ги пишувале на пелазгиски јазик и со пелазгиски букви".

Јустин (II век по Христа) наведува: „Македонија...Emathia е...по народот пелазгиски" (lib. VII. 1.1)"; „Македонците биле со потекло еден пелазгиски народ".

Милан Будимир, [200] наслов Балкански корени на европската писменост,пиши:

„На основ на тие подударности во европските речници ги утврдил францускиот лингвист А.Меје...всушност, духовниот претставник на атинската демократија и нејзините книжевни создавачи Аристофан и Тукидид. Грчкиот јазик имал услови да се развие истовремено во обата правца на духовната активност, во научно и уметничко. Изузетна способност негова, која наследил од своите индоевропски претци, лежи во тоа што може неограничено да се склопуваат и сложуваат нови зборови, и тоа секогаш јасни и прегледни сложеници, какви што не можат да се замислат во латинскиот книжевен јазик. Едино Платоновиот вулгарен говор чини донекаде изузеток во тој правец. Освен таа изузетна способност за создавање насложени зборови, грчкиот јазик можел-заблагодарувајќи на употребата на членотне само прецизно да ја одреди вредноста на поедини зборови во реченицата, туку и со најмал фонем или морфем самосталноста со помош на тој ист член. Поново мораме да го спомене Плаут и неговата вулгарна латинштина, во која, под влијанито на грчките, те. балканските оригинали, почнува да се јавува членот, кој после го презеле сите западноевропски јазици". (Вулгарен=народен, Р.И.)

[200] Милан Будимир,Са балканских источника, Српска књижевна задруга, Београд, 1969-од интернет.

Се говори за коине и латински,наспроти „вулгарен говор“ кој бил варварски.

Олга Луковиќ- Пјановиќ, [201] во насловот Claudius Ptolemaeus…наведува:

„На подрачјето на балканските српски земји, значи, се поновуваат во едно давно време име Сибира ! Но тие не сѐ! Истиот тој Стефан Византиски кажува:

‘Sybridae, Erechteidis tribus. Locatia ex Sybridis, in Sybridis.’

‘Сибридите, ерехтејевото племе. Месно од Сибриде, во Сибриди...’

Зацело во ова име се работи за метатеза измеѓу ‘Б’ и ‘р’. Со тоа повеќе, што се работи за мошне старо племе... Ерехтеј, имено, бил легендарен основач на Атина после потопот. А Херодот донесува во врска со Атина и Атика две ствари - дека народот на Атина и Атика бил пелазгиски;

- дека еден Тракиец тврдел во разговор со еден Атињанин, дека тие во минатото биле браќа иста крв...“.

Во насловот Грчки и латински- јазици настанати тек во Европа од пелазгискиот или од Платона до Индоевропски мит, авторката пиши:

„Поминеме ли од Шнелер на Георг Денковски, поново ќе најдеме истата тема, само усмерена во друг правец. Оти- Данковски цел свој живот го посветил на докажување на приоритетите, што се однесува на староста, како тој редовно пишел за ‘словенски јазик’. Неговите дела останале во прашните аглови на библиотеката, оти таква е човечката благодарност кон луѓето со изузетна ученост, кои сакале, најсветлиот дел на својот ум да го пренесат на другите и остават на иднината.

---

[201] Олга- Луковиќ- Пјановиќ, Срби...народ најстарији, Досије, Белград, 1990- преземено од Интернет.

Трудот на овој професор по грчки јазик и библиотекар на кралската библиотека во Пресбург да се анализира, на тоа треба да му се посветат томови од неколку илјади страни! Нас овде не занимаваат првенствено две негови дела: ...

- Хомер пишел со познат дијалект на словенски јазик, од самото Хомерово пеење покажал...

- Грците како племенски и јазични сродници на Словените, прикажано историски и филолошки...“.

„Во првиот од овие два дела, ќе најдеме, како што потполнетиот наслов кажува: ... (Латински текст, Р.И.)

‘Првата книга на Илијада, стихови од 1. до 50, кои на словенски и на грчки исто звучат, уз додаток на новиот латински превод со грчко- словенски коментари.’

А тоа значи- понајпрво- дека Данковски, што веројатно било уште чест случај во негово доба- течно говорел и грчки и латински! Дека неговото знаење било така длабоко, можел паралелно да ги преводува во стихови, трудејќи се редовно, да го реконструира ‘Хомеровиот јазик!’ А ние знаеме, дека Хомеровиот учител го познавал пелазгискиот јазик и пелазгиското писмо! Исто така се знае, и тоа се потврдува- во прв ред- Платон, дека Грците долго воопшто не ја разбирале Илијада, туку имале учители, кои ја толкувале... Во врска со тоа има безброј проблеми, кои при оваа прилика не можеме ни да споменеме! Ама, преминеме ли на другото споменато дело на Данковски ‘Грците како племенски и јазични сродници на Словените’, ќе го најдеме на стр. 18. неговото тврдење: ... (Германски текст, Р.И.)

‘Е јасно, дека во Хомерово доба не се правела никаква разлика измеѓу трачкиот и грчкиот јазик’.

‘Хекатеј од Милет, кој живеел 500 година пред Христово родување, сведочи на основ на споменатото доба, дека во старина

цела Грција била населена со варвари. Атика, кажува тој, ја имале Траките...

Атињаните затоа се со потекло Траки (Словени) и по Херодотовото сведоштво тек подоцна постанале Грци, задржувајќи го својот јазик (трачки, те. словенски)... (Грци=Хелени, Р.И.)

Страбон ја најдува таа појава сосема нормална. Траките и Епирците, кажува тој, живеат до денес (19. г. по Христо) покрај Грците, а колку повеќе од денес некогаш Грција морала да биде со нив населена, бидејќи варварите уште секогаш го завземаат најголемиот дел на Грција... Така Траките ја поседуваат Македонија...'

Не можеме доволно да подвлечеме, во колкава мера Данковски ја потврдува целата документација изнесена во текот на оваа студија. Не ни е можно да влегуваме во сите негови поединости, оти тоа во многу би било поновување на речените ствари потполно независно од него. А таа согласност оди дотаму, да говорејќи- малку после наведениот текст за Гетите, за жителите на Мезија, за Дачаните, кои имаат ист јазик...".

Во поднасловот а) Заклучоци за потеклото на писмата..., авторката наведува:

„Човекот кој работи, тој верува...Ќе биде, дека тоа е она исто писмо, за кое е збор во VI пеење на 'Илијада': за што е збор во Еурипидовата 'Алкестида', таму каде се споменуваат 'Трачките таблици', поврзани уз името Орфеј, трачкиот крал. Судејќи по она, што ни зачувал Платон во 'Критија' за јазикот на 'варварите', кои уште во негово време говореле со 'варварски јазик', на територијата на Грција и тоа особено жените, како поголеми чувари на традиците, судејќи по она, што тој за тоа некогаш потополно за заедничкиот јазик на Грците и 'Варварите' кажува, тој јазик ни денес не ни е непознат...Бил тоа јазик на оние, чие име Грците и Римјаните го прошириле како 'Пелазги', кои- по многу

писатели на Хелените им биле вистински учители, оти ги научиле на земјоделство, искористување на рудата, архитектурата, градење на канализацијата, епското пеење и, како што кажуваат старите книги- писменоста. Во прилог на таа идеја говорат јасно, единствено и полна смисла и логика чинителите, кои ќе ги изложиме во наставокот на ова поглавие“.

Во поднасловот д) Древни сведоштва, авторката наведува:

„Да се вратиме на обавестувањата на Диодор од Сицилија, во истата кн. III, гл. 67...Во записот, за кого овде говориме, Диодор кажува, дека Тимотеј, син Тимотијев, а внук Лаомедонов, кој живеел во Орфејово време, направил големо патување, преминувајќи голем број места на земјината површина, како нпр. Западните кришта на Либија, сè до океанот. Така стигнал до градот Никеја на брегот на океанот, од чии жители ја слушнал целата приказна за Бах, која ги изложувала ‘сите прилики на неговиот живот’. На основ на она што чул, кажува понатаму Диодор Сицилијски, Тимотеј напишал спев ‘Фригија’ и тоа на древен начин- како по јазик, така исто и по писмото, те. со пелазгиски јазик и со пелазгиско писмо. Еве го наводот: ...(Коински текст, Р.И.)

‘Служејќи се со ‘знаците’ на првите Пелазги и (служејќи се) со пелазгиски говор’ “.

Во Додатокот, За српското име и за староста на српскиот народ, се наведува:

„Со тоа во врска напоменуваме, дека англискиот професор H.D.F.Kitto [202] ...“.

„За Херодот овој англиски историчар вели:

[202] The Greeks were made and printed in Great Britain, Edinburgh, 1951.

‘...тој (те.Херодот) ги смaтра Грците во Јонија како варварски народ, кој е погрчен’ “.

Следи Хелените во Јонија биле варвари. Па варвари биле Македонците и др.

Во Ларуса [203] се наведува: „• Вајарство во камен, кое прикажува идоли или свети личности сега се родува. Ова малку познато доба оставило само тешки дрвени идоли или тенки фигурине од теракоти. Новина е тоа што критската школа, такавикана ‘дедалска’ (VII век), произведи статуи крути и издолжени,во кои уште се истакнува геометрискиот вкус: божицата од Гортина и од Принија, ‘Дамата од Оксер’. Наследниците на оваа техника, занаетчии од Коринт, Сикион и Аргос остваруваат, на почетокот на VI век, еден малку тежок тип курос (младич), гол, снажен од шематична мускулатура (аргејски близнаци од Делфи)...“.

„Грчката култура воочи Персиските војни...Влијанието на Јонија нарочито се огледа во вајарството, каде старите и строгите кипови ги замениле статуите на девојки (кора) и младинци (куроси) повитки и пограциозни линии...“. [204]

Поимот кур(ос) е машкиот полов орган на секој тн.словенски јазик. Па битолчани велат тој ја куроса девојката која како ора (ко ора=кора, како меша). Самото мешање е вртење, а орањето е превртување на почвата. И кората од дрво е кружна.

Љубомир Домазетовиќ [205] пиши: „Наведените примери на генетската врска на зборовите (наведени тн. Хомерови зборови по ред 93, Р.И.) ја аргументираат претходната изнесена хипотеза за сличноста на словенските јазици со Хомеровиот јазик.Така

---

[203] Opšta enciklopedija LAROUSSE,Paris 1967-za Jugoslavija Vuk Karadžić, Belgrad,1973,том 3,стр. 248.
[204] Исто, стр. 253.
[205] Љубомир Домазетовић, Античка историја и порекло Срба и Словена, Белград, 1995, стр. 269.

германскиот лингвист Лудвиг Франц Пасоф уште 1800. година, на основ зачувани ракописи на Хомерова ‘Илијада’ (англиско издание) изработил речник од кого може да се извлечат бројни сродни зборови, кои Пасоф ги поврзува за словенски јазик, придружувајќи í се на функционалната етимологија. Академикот Петар Илиевски истакнува дека византиските извори регистрирале бројни словенски имиња кои се распространети и на грчки Пелопонез и Крит, како што се Белица, Бистрица, Горица, Ораховица и др. Тој наведува дека некогаш познатиот полски славист од чешкиот универзитет Збигњев Голомб анализирал сто педесет словендски имиња на места на Пелопонез, од I век до доселување на Словените од византиските автори, каде заклучува дека содржат јужнословенски јазични особини, иако во тоа време Словени немало, што укажува на заеднички особини на јазикот и писмото. Тие заеднички особини се појачани со доселување на Словените на сегашните простори на Грција и Македонија“.

Димитри Оболенски, [206] на стр. 57, пиши: „Конечно...Тесалија, Епир и западните делови од Пелопонез биле густо населени со Словени. Само градовите кои имале пристап на море- Атина, Коринт, Патрас, Монемвасија- ги задржале уште не кое време византиските гарнизони. На суровиот источен брег на Пелопонез, грчкото население не попуштало. Но останатиот дел од него бил надвор од непосреден византиски надзор речиси два века...Исидор Севиљски без никакво претерување пишува дека на почетокот на владеењето на Ираклиј, ‘Словените ја одзеле Грција од Римјаните’. Меѓу 723 и 728 година аџијата Вилибалд, на патот на Западна Европа кон Палестина застанал во Момемвасија, на југоисточниот врв на Пелопонез, град кој, како што нè известува неговиот биограф, лежел ‘во земјата на Словените’. А Константин Порфирогенит, опишувајќи го Пелопонез непосредно после 934 година, вели дека големата чума од 746-747, ‘целата земја била

[206] Димитри Оболенски, Византиски комовелт источна Европа, Слово, Скопје, 2002.

словенизирана и станала варварска' ". (Не Словени туку само Склавини, Р.И.)

Аварите како Монголи страдале многу од чума, не Склавините-домородни.

„Со исклучок...Словените...Нивниот статус компактно го одредува грчката Монемвасиска хроника (веројатно потекнува од деветтиот или од десеттиот век): според неа, Словените на Пелопонез 'не се поданици на ромејскиот цар, ниту на кој и да е друг' ".[207] (Склавини=Повеќебожци и Римјани=Христијани, Р.И.)

„Напоредно...Најрешително се работело на Пелопонез...Главни центри на мисионерската работа во оваа област биле Патрас, Коринт, Аргос, Спарта, Монемвасија и полуостровот Мани, кој бил покрстен од најпознатиот мисионер на Пелопонез, Св. Никон Покојникот (умрел околу 998)".[208]

Стјепан Антолјак, [209] на стр. 19, пиши: „Многу важен спис за прашањето населување на Пелопонез е т.н. Монембасиска хроника, т.е. хроника за основањето на Монембасија. Ова кратко дело од непознат автор изгледа е создадено кон крајот на X или во почетокот на XI в., а некои податоци што ги наоѓаме во него се земени, меѓу другото, и од Менандр, Теофилакт Симоката и други писатели. Оваа хроника може да ни послужи како веродостоен извор на Словените во Грција, кои ги нарекува Авари".

„Секако дека и македонските склавинии, како и останатите склавини, некое време биле во извесна зависност од Аварите. Од овој азијатски воинстен народ...". [210]

Авари=Авари (Монголи) и Склавини=Склавини (Белци)-очите не ги лажеле.

---

[207] Исто, стр. 59.
[208] Исто, стр. 82.
[209] Стјепан Антолјак, Средновековна Македонија, Мисла, Скопје, 1985.
[210] Исто, стр. 130.

Римјаните биле Христијани, а Склавините (тн.Словени) само Повеќебожци.

На Христијаните службен јазик им би коине-на Повеќебожците народен варварски.

Кога на Пелопонез дошле Аварите ги нашле Склавините=Повеќебожците. [211]

Како што Склавините се христијанизирале, само така тие станувале Ромеи.

Макс Фасмер [212] тврди дека во Елада имало словенски топоними пред да се случила инвазијата на Словените. Затоа е неминовен заклучокот, дека во Елада словенски топоними не биле на народ Словени туку на варварски=пелазгиски јазик, а тој според авторите бил словенски. Токму на овој јазик творел и Платон итн.

Фалмерајер (1830) и Силвестер (1904) пишат, немало Хелени туку Словени.

Еладците се одродиле со катаревуса и димодики,произлезени само од коине.

Бидејќи немало нити некогаш ќе има било каков материјален доказ/наод на Словени- од нив нема растение, животно, превозно средство, кола, дел од кола, колце, дел од колце, пари, садови и било што, Словените биле само едноставна лага.

[211] Ристо Ивановски, Склавините=тн.Словени домородни на Пелопонес, 2012.
[212] Max Vasmer, Die Slaven in Griechenland, Berlin 1941, Verlag der Akademie der Wissenschaften.

За време на Фалмерајер имало само Ромејци со словенски јазик,а не Хелени со христијанскиот јазик коине од Александрија- Коине бил јазик на Апостол Павле.

Целибат=целиват, целувка библиски- само тн.Словени, Еладци Христијани.

Христијански јазик бил на Апостол Павле.Па тој бил Александриски коине.

Апостол Павле не го познавал јонскиот. Следи коине станал тн.византиски.

Јакоб Филип Фалмерајер пиши, „Родот на Хелените во Европа е уништен [...] и ниту една капка благородна и чиста хеленска крв не тече низ вените на христијанското население во денешна Грција“. [213]

Според него, во Елада немало Хелени кои би говореле со хеленскиот јазик коине, туку Словени, со акцент. Макс Фасмер пиши, Словените во Грција (Елада), со темен вокал- тој останал само тн.словенски.Следи Елада била само тн.словенска.

Х.С.Вотсон [214] наведува: „Сега, значи, постоела грчка држава, ама валјало да се создаде грчка нација. Тој процес го попречила веќе споменатата поделба на традиционалисти и западњаци. Понатаму компликација искрснала околу прашањето на јазикот. Кораис намерувал да создаде нов јазик, обогатен со елементите на античката минатост, во што испрво го подржувале либералите, додека традициоиналистите му се спротиставувале. Во новата држава новиот уметнички јазик наскоро го прифатил целиот образован горен слој, и прогресивните и конзервативците. Тој ‘чист’ јазик (kathairevousa) на народот, воглавно, му бил

[213] „Das Geschlecht der Hellenen ist in Europa ausgerottet [...] Denn auch nicht ein Tropfen edlen und ungemischten Hellenenblutes fließt in den Adern der christlichen Bevölkerung des heutigen Griechenlands“. (Jakob Philipp FALLMERAYER)
[214] Hugh Seton-Watson, Nacije i države, Globus, Zagreb, 1980.

неразбирлив, те тој и понатаму се служел со ‘демотскиот’ говор. Разликата измеѓу двата јазика се претворила во класни разлики, и уште ја истакнала поделеноста на нацијата; или, подобро да се рече, раздвојувајќи го грчкото население, го успорувало создавањето на грчката нација. Во втората половина на столетието напредните грци почнаа да се залагаат за употребата на демотскиот, и поделбата измеѓу kathairevousa и димотики, која по рано се испреплетила на левица и десница во политиката, почнала со неа да се поклопува. Во уметничката книжевност преовладеал демотски, ама во новинарството и во службените исправи предност добил ‘чистиот’ јазик. Полемиката траела и во третата четвртина на дваесеттиот век, иако демотски непрестрално растел“.

Збрките настанале само со Александријскиот Птоломејов јазик коине со потекло од 300- та г.п.н.е. Тој како хеленски јазик со Апостол Павле станал христијански. Тој бил и тн.византиски- тој опстоил сѐ до со 19 век. Авторите (...Фалмерајер (1830)... и Силвестер (1904)...) мислеле, Хелените говореле коине. Меѓутоа, тие во Елада се убедиле, народот не говорел на коине туку словенски (пелазгиски) јазик.

Јазикот на Балканот бил варварски = пелазгиски = тн.Платонов =тн.словенски.

## КОИНЕ НЕ ПОСТОЕЛ ЗА ВРЕМЕ НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ

Античките автори, кои пишеле за Александар Македенски, не го познавале коине (тн.старо-грчки)- тој до денес се изговара на македонски коине=којне, споредено со Дуден (1971...), каде стои: кој не. Еве го македонскиот доказ: Се прашувакој дојде ? Се одговата- кој не дојде, со значење, сите дојдоа. И следи кој не до денес означува на македонски, на мојот мајчин и татков брсјачки говор- сите. Токму тоа сите означува општо, заедничко, за

употреба за сите. Птоломеите биле Македонци со битолски говор со кого бил напишан Каменот од Розета- Египет а и другите.

Еуген Н. Борзо [215] пиши: „Нашите литературни податоци за животот на Александар се скудни, потпирајќи се речиси целосно врз пет биографски и историски извори, плус еден роман кој потекнува од античкото време. По хронолошки ред писателите се следните: Диодор, Грк од Сицилија, од средината на првиот век пред н.е., кој напишал општа историја во четириесет книги, од кои петнаесет се зачувани, а една од нив (седумнаесеттата) целосно се однесува на Александар. Квинтус Куртиос е латински автор од средината на првиот век од н.е., од кого е познат само научниот труд 'Историја за Александар' во десет книги, од кои поголем број се зачувани. Веројатно најславниот од древните автори за Александар е моралниот есеист и биограф Плутарх, чија книга 'Животот на Александар' е напишана во почетокот на вториот век. Исто така, од вториот век датира скратената на верзија за Александар во трудот на Јустин, кој, меѓутоа, не е ништо повеќе од епитем на раната општа историја од Помпеј Трог. За несреќа Трог е изгубен, затоа Јустин се смета дека има слаб одраз од оригиналот. На крајот целосно е зачувана книгата 'Војничкиот успех на Александар' од Аријан, која е напишана во средината на вториот век, а е најцелосен и најточен извор што постои. За одбележување е и верзијата на популарниот роман за Александар од почетокот на четвртиот век. Исто така, интересен е класичниот роман за Александар, во кој може да се сретне малку нешто како сериозна историја.

Треба да се спомне дека меѓу најраните заувани извори, оној од Диодор, е напишан речиси три века по смртта на Александар, а најдобрата верзија е од Аријан, околу два века подоца...

---

[215] Улрих Вилкен, Александар Македонски, Мисла, Скопје, 1998, стр. 19.

Оригинален извор за походот на Александар во Азија е Калистен од Олинт, кој бидејќи беше внук на Аристотел, беше препорачан на Александар. Калистен беше со обезбедил место како славен историчар за Грција во четвртиот век пред н.е. и во тоа учествувал со силна желба, станувајќи хроничар на амбициозниот млад крал. Задачата што му била дадена од Александар има две значења: да води официјална историја за походот во Азија, односно да води белешки и кога ќе се врати да ги публикува во Грција. Но, македонскиот владетел не бил во најдобри односи со Грците. Иако имале желба да го подржат Александар во Азија, каде што би бил помал проблем за нив, тие вистински не го сакале. Така задачата на Калистен била да го направи Александар поприфатлив за Грците, да ги објавува извештаите за активностите на кралот кои ќе ги убедат Елините дека нивниот владетел не е примитивен македонски селанец. [216]

Со време, меѓутоа, односот меѓу кралот и историчарот се изменил откако Александар присвоил некои церемонијални обичаи од Азија, карактеристика на животот на дворот против кои дури и ласкавецот Калистен бил против. Смртта на Калистен во 327 година пред н.е. силно се одразила врз пренесувањето на кажувањето за Александар...

Други елинистички преданија се темелат на сеќавање. Александар не успеал да номинира наследник...Освен тоа, кога војната завршила, некои од генералите кои се бореле од страната на Александар, започнале да ги пишуваат своите мемоари (генералите во секое време не се воздржувале од пишувањето). Најважно од овие пишувања беше пишувањето на Птоломеј, кој му служел на Александар и успеал да седне на тронот на Египет, каде што ја основал расата на владетели, чие владеење во земјата на Нил завршило три века подоцна, со смртта на Клеопатра. Кажувањето

---

[216] Варварин (селенац- сточар) со селски (сточарски) живот и Хелен (поморец) со градски живот.

на Птоломеј за Александар ги содржи војничките настани кои се, главно, поволни за кралот со кои се брани неговата легитимност. Многу повеќе за Птоломеј е зачуван трудот на Аријан, најдобриот извор на податоци.

Бројни други податоци се појавуваат во исто време...

Сите се сложуваат дека Аријан дава најточни древни податоци...

Од останатите четири извори, Јустин може да се отфрли како ‘беден цитат’ а од зборовите на Вилкен, за Александар може да се докаже како вредно во идните напори да се реконструира историјата на неговиот извор. Плутарховиот ‘Александар’ пленува и е комплексен. Особено е значаен за реконструкција на интригите во македонскиот двор што води до Филиповата смрт и до наследникот Александар. Во целост, раскажувањето на Плутарх е поволно за Александар, на некои места е многу трогателно и е изведено од бројни извори, од кои некои тој ги именува. Ако се суди според бројот на другите писатели што тој ги цитира, Плутарх бил еден од најчитаните во античко време. Никој толку многу не успеал во формирањето на преданијата на својот ‘Александар’. Изгледа дека неговиот одбран начин на композиција го прави ова возможно.

Диодор презентира дури и поголеми проблеми. Никаде во книгата за Александар не ги споменува изворите и податоците, иако има доста заедничко и со Плутарх и со Аријан. Диодоровото кажување обично е бледо, често конфузно во одговорите на прашањата за хронологијата и географијата и заостанува во идентификацијата за големата тема или во мотивот во животот на Александар, зад улогата што Фортун ја игра во определувањето на курсот на човечките дејства. Тој е автор кој дава многу подобар материјал, но кој мора да се употребува со внимание сè додека не се каже за неговите методи и традициите што ги следел“.

„Куртиос ни дава најколоритеи зачувани историски податоци. Неговата книга History of Alexander е високо реторична, загонетна со невозможен јазик, а содржи добро определени неласкави преданија. Во содржината на неговата книга се дадени и информации за бројот на настаните, забележани на различни места, иако често е тешко да се определи до која мера ваквите кажувања се веродостојни. Природата на книгата History од Куртиус е таква што ги поведе современите критичари да се сомневаат дека неговиот главен извор е Клитарх, како многу популарен автор кој веројатно пишел во третиот век пред н.е., а чија лага за значењето на подвизите на Александар можело да биде најшироко познато во класичниот свет. [217] Освен тоа, Куртиус дури и го спомнува Клитарховото име во две пригоди, и доколку Куртиус навистина се потпирал врз Клитарх, за кого класичната антика има лошо мислење како сигурен историчар, тогаш изворот на Куртиус е сомнителен. [218]

Ваква е состојбата на литературните податоци за животот на Александар. Интерпретациите на неговата кариера се потпираат само врз оваа мала група извори. Биографите на Александар се разликуваат во зависност од тоа кој извор го избрале: се прифаќа Куртиус овде, или се одбива Аријан таму, се прифаќа Диодор овде, се одбива Плутарх таму итн. ...“.

---

[217] Не помалку од 19 различни антички писатели го спомнуваат името на Климарх.

[218] Традиционалните погледи дека Куртиус многу зависел од Клитарх се двосмислени. Бидејќи Куртиус го спомнува името на Клитарх двапати, не е доказ дека всушност го употребил како извор. Тој можеби се потпрел врз Клитарх низ некој посреден извор, или преку колекцијата на реторички говори кој содржи некои цитати од Клитарх. Освен тоа, за Клитарх останува (36 фрагменти) да се утврдат најнејасните претпоставки за содржината на неговите работи. Има многу мислења и критики за Клитарх од античките писатели, но ако повеќе се знае за она што напишал Клитарх, тогаш е опасно да се прават споредби со некои современи автори. На крајот, мошне реторичкиот стил на Куртиус, пред сè, може да биде поттикнат не од Клитарх, туку од стилот на времето на Куртиус.

Пјер Бриан [219] пиши: „Во врска со ова избувнал првиот случај, судењето на Филота. Оваа значајна личност, син на Парменион, бил водач на коњицата од почетокот на походот. Во 330-та, во главниот град на Дрангијана, тој бил обвинет дека предизвикал завера заради убиство на кралот. Случајот бил испитан од кралот и од неговиот совет, каде што Кратер,личен непријател на Филота, одиграл важна улога. Потоа Александар го свикал военото собрание, согласно на македоинското право, што наложувало судењата за велепредавство да ги води кралот но да го суди собранието на народот (во Македонија) или собранието на војската (надвор од Македонија). Во текот на драматичната седница Филота вдахновно се бранел. На крајот на заседанието кралот го подложил Филота на мачење за да го ‘натера да признае’; утредента второ собрание досудило смртна казна и на лице место пристапило кон каменување.

Случајот е мрачен и заплеткан. Сепак, читањето без страст на античките из вештаи, веднаш не тера да мислиме дека Филота не бил воопшто виновен за заверата, за што бил обвинет: особено Квинт-Куртиј, не крие дека не им верува многу на говорите на обвинителите...“.

Па следи објаснување: „Мора да се укаже дека Кв. Куртиј не е од најверодостојните антички автори“.

Кај Квинт Куртиј Руф [220] се наведува: „Делата на Александар Македонски, кој два века по неговата смрт го добил ласкавиот прекар Великиот (Nepos, De regibus 2) биле предмет на интересирање и на восхит кај повеќе историографи и биографи уште од времето на антиката, а тој интерес не стивнал ни до денешен ден...“.

[219] Пјер Бриан, Александар Велики, Historia antique Macedonica, Скопје, 1996, стр. 84.
[220] Квинт Куртиј Руф, Историја на Александар Македонски, Патрија, Скопје, 1998, во Предговорот.

„Уште за времето на неговиот живот сите негови дејствија, воени или политички, биле запишувани од луѓе, кои го придружувале во неговите походи, т.е. ‘писари’, кои секојдневно правеле записи за секој негов потег. Сите собитија биле бележани во т.н. Ephemerides (Дневник) запишувани под надзор на Еумен од Кардија и Диодор од Еритреја од една страна и Калистен од Олинт- од друга страна. По неговата смрт некои негови современици и соборци, како Птоломај, синот на Лаг и Аристобул, врз база на сведенијата на Калистен ги опишува неговите походи. За жал, сите тие записи, како и записите на некои други историографи, кои живееле еден или два века подоцна речиси наполно се изгубени, од нив се останати само некои фрагненти, што C. Muller ги собрал и ги издал во изданието на Аријан 1864 г. во Париз. Податоците од овие записи се вклучени во делата на неколку подоцнежни историографи, кои се сметаат денес за главни извори за проучување на животот и делата на Александар Македонски, а тоа се Диодор од Сицилија, Куртиј, Јустин, Атијан и Плутарх. Додека четворица од овие автори своите податоци ги земаат од различни подоцнежни извори, Аријан се смета за најверодостоен, зашто основа на неговиот расказ за походите на Александар се Птоломај, Аристобул и Ефемеридите на Калистен, а тие се современици на Александар и би требало да се верува и дека се најверодостојни, иако и во нив секако имало многу субјективни согледувања и прикажувања на настаните.

Авторот на нашето издание ‘Историјата на Александар Македонски’ Квинт Куртиј Руф, спаѓа меѓу петтмина антички историографи, кој се зафатил да ги опише настаните, врзани со славните походи на Александар Македонски, врз база на нему достапни извори; се чини дека главен извор му бил александријскиот автор Клентарх, кого што го користел и авторот на ‘Историската библиотека’ Диодор од Сицилија, современик на Кајсар.

Што се однесува до личноста и времето во коешто живеел авторот на нашето издание ‘Историјата...’ adhuc sub iudice lis est. Имено, историчатите сè уште не можат со сигурност да утврдат кој е Квинт Куртиј Руф и кога тој живеел, зашто тој самиот за себе не ни дава никакви податоци. Сочувани се повеќе манускрипти од неговото дело, но ниеден не е постар од IX век; сите тие потекнуваат од некој многу стар, не потполен ракопис; имено, во сите сочувани ракописи недостасуваат првите две книги, а во останатите на неколку места имаме поголеми или помали лакуни. Како најдобри се сметаат Codices Bernensis (B), Florentius (F), Leidensis (L), Parsinus (P) и Vossianus (V). Полното име Квинт Куртиј Руф е рестаурирано од Hedicke, врз база на одбележувањето на името на авторот на неколку ракописи, но не комплетно туку, или како Квинт Руф, или како Куртиј Руф, за да го добие конечното именување како Квинт Куртиј Руф, какво што име се среќава во доцно републиканскиот и раниот царски период. Имено Кикерон во едно писмо до брата си Квинт (Ad Quintum fratrem, lib. III, ep. 2) спомнува и фали еден добар и учен младич, по име Куртиј (laudat bonum et eruditum adulescentem); исто така, римскиот историограф Светониј, во списокот на славните ретори вбројува и еден Квинт Куртиј Руф; таква една личност спомнува и големиот римски историограф Такит [221] во своите Анали (Annales, XI, 20) и Плиниј (Epistulae, VII, 27). Сепак, останува чудно што Квинитлијан во својата Istitutio oratoria во списокот на реторите, што í ги препорачува за читање на младината, никаде не го спомнува името на Куртиј, иако додава дека има и други ретори, што младите би требало да ги читаат, меѓу кои можеби спаѓал и нашиот Куртиј, иако не е спомнат од него, доколку живеел во време пред Квинтилијан. Мошне е интересно што учените сè уште не можат да се сложат кога тој живеел и нивните претпоставки се движат од времето на Август, па сè дури до владеењето на христијанскиот

[221] Прв кој посумњал за постоењето на Тацит бил Волтер, додека Хартиус уште 1709. година итн.

император Теодосиј. Имено, своите претпоставки учените ги базираат врз база на неколку скудни податоци што самиот Куртиј ги дава за времето во коешто живее во Десеттата книга, глава 9, од својата: ‘Историја...’: Местото во ‘Историјата...’, од каде што би можело да се насети времето во кое што живеел Куртиј е следното: ‘...(текст на латински јазик)...(‘Но судбината веќе ја приближувала граѓанската војна на македонскиот народ. Зашто, кралската власт е неделива, а повеќемина ја посакувале. Значи, првин ги здружиле силите, а потоа ги распрснале; кога телото отежнало од поголем товар одошто можело да издржи, неговите делови почнале да ослабнуваат. Кралството што можело цврсто да се држи под еден, се уривало, кога го држеле повеќемина. Затоа заслужено и со право римскиот народ признава дека својот спас му го должи на својот принкепс, кој не осветли како нова ѕвезда во ноќта, што ја сметавме за последна. Зашто жими Херкула, тој не само што ја врати светлината на изгрејсонцето на светот, завиткан во магла, чиишто делови се тресеа од неслога, бидејќи немаше своја глава. Колку факели тој тогаш згасна ? Колку мечови затвори во нивните ножници ? Каква бура тој разби со ненадејна ведрина! Царството не само што зајакна, туку и процути. Само нека остане далеку злобата, нека цути со векови и камо среќа неговиот дом вечно да има долготрајно потомство’). Во ваква светлина Куртиј го опишува времето коешто тој живеел. [222] Што може да се заклучи од ова известување ? Имено, дека авторот на нашата книга ‘Историја...’ живее во време на некој ‘прикепс’, дека тој прикепс ја вратил светлината на светот, завиткан во магла, дека ги вратил мирот и слогата во царството, кое што пред тоа како да ја преживувало својата последна ноќ, дека за време на неговата управа царството станало силно, дури и процутело. Се поставува прашањето кој прикепс би можел да биде тоа. Токму тука учените се разидуваат и досега никако не можат да се согласат на кој

[222] Најстар манускрипт бил од IX век, а книгата е печатена во XV век- напишана со неможен јазик.

прикепс, всушност, се мисли. Според едни, тоа би можело да биде Октавијан Август, според други, Тибериј; некои мислат дека тоа се однесува на времето на Клаудиј, други пак на Веспазијан, Трајан, Константин Велики, а дури и Теодосиј. Значи, според иследувачите на делото на Куртиј, тој можел да живее во времето од првиот век пред нашата ера до четвртиот век од нашата ера. [223] Аргументите на сите имаат свои големи недостатоци, така што ниедно од предложените датирања на времето во коешто живеел Куртиј не може да издржи сериозни забелешки. Тоа особено се однесува за времето на Тибериј и Клаудиј; имено, колку и додворлив да бил нашиот автор, тешко може да се поверува дека тој и за следниот и за другиот би можел да напише дека ‘како ѕвезда ја осветлил ноќта’ за којашто се сметало дека ќе биде последна на Царството. Имено, првиот, го наследил Царството од Августа во полна моќ и расцут, зашто Август веќе одамна ги смирил сите граѓански несогласија и со долготрајниот мир, тоа било толку закрепнато, така што, за времето кога што Тибериј владеел никако не може да се каже дека токму тогаш тоа reviréscere или пак florer. Навистина, за време на неговото владеење имало бунтови во Илирик и во Германија, но не било тој што ги згаснал овие ‘факли’, туку тоа им го препуштил на други; впрочем, тие бунтови и се појавиле, не затоа што државата била обезглавена, туку зашто дошло до промена на прикепсот, а војската не учествувала во неговиот избор.

Самиот тој пак е и познат по својата беспримерена свирепост, така што, штом ја презел власта, го убил и сопствениот брат Агрипа Постум, за да нема соперник во владеењето. Оние учени, кои сметаат деке прикепсот, спомнат од Куртиј е Клаудиј, се чини дека сосема не воделе сметка за она, што за него го пишуваат Светониј и Дион Касиј.Имено, самата негова мајка Антонија изјавувала дека не родила човек, туку чудовиште, што природата само го зачнала, а

[223] Кај авторот има Епир- го внел Нерон; а дури Грци- само од IX век со Карло Велики...Отон Први.

не го довршила. Светониј (Клаудиј, 2) сведочи дека тој бил за потсмев на целото царско семејство и Рим. И едниот и другиот, значи не згаснувале никакви факли, ниту пак ставале мечови во ножници, не смирувале никакви бунтови во рамките на Царството. И оние учени, кои животот на Куртиј го лоцираат во времето на императорот Веспасијан, иако самиот тој заслужува најголеми пофалби како владетел, сепак, ако поопстојно се согледа времето во коешто тој ја преземал власта, ќе се види дека тогаш најмалку ‘discordia rei publcae membra trepidabant sine suo capite’ зашто Вителиј бил избран за император од легиите, кои зимувале во Германија, па откако Отон се самоубил, тој од престрашениот сенат бил поздравен и прифатен како император, дури за таков бил признат и од самиот Веспасијан; според тоа, јасно е дека државата не била без поглавар, зашто Вителиј, исто како и подоцна и Веспасијан не бил имун од желбата за владеење, зашто поттикнат од Мукијан и уверуван од пророштвата, тој предизвикал граѓанска војна за да го потисне Вителиј. Затоа, тешко може да се прифати дека тој ги затворил во ножници мечовите и дека ги згаснал факлите на граѓанската војна. Кон ова треба да се додаде и тоа, што Куртиј не можел да пишува дека во негово време градот Тир ‘Multis ergo casibus defuncta est, post exidium renata, nunc tamen, longa pace cuncta refovente, sub tutela Romanae mansuetudinis acquiescit’ (Историја..., Кн. IV, гл. 4) зашто во времето на Веспасијан во Сирија, каде што и се наоѓал овој град, никако не можел да биде поштеден од воените несреќи за време на војната на Јудеите (Види Iosephus, Bell. Iud. II, 19, possim). [224]

Дали нашиов автор би можел да живее во времето на императорот Трајан, како што сметаат некои учени ? Тешко. Зошто иако самиот Трајан исто ги заслужува сите пофалби, со коишто Куртиј го возвеличува, овој посвоеник на Нерва, иако го смирил бесот и бунтот на војската, сепак, во негово време немало никакви

[224] Александар Македонски не познавал Евреи- тие биле познати само од Алексадрија како Хелени.

граѓански војни; впрочем, тој и немал никакво потомство, ни родени, ни посвоени, кому би му го оставил царството, имено, иако некои сметаат дека Хадријан го наследил Трајана преку посвојување (iure adoptionis) сепак, Еутропиј нè известува дека ‘defucto Traiano, Aelius Hadrianus creatus est princeps sine aliqua voluntata Traian, sed oparam dante Plotina, Traiani uxore. Nam eum Traianus, quamquam consobrinae filium, vivens noluerat adoptare’ (‘Кога умре, Ајлин Хадријан е избран за принкепс, против волјата на Трајан, но со залагање на Плотин, супругата на Трајан. Имено, Трајан, не сакаше да го посвои него, иако беше син на неговата братучетка’). (Eutropius, VIII, 3); значи, тешко може да се верува дека Трајан е принкепсот на когошто се однесуваат добрите желби на Куртиј ‘неговиот дом да има долготрајно потомство’. Тешко тоа да не може да биде и Теодосиј, зашто тој шест години ја делел власта со Гратијан, кој, кога го насетил дека не може да се справи со Готите и Трибалите, кои ги освоиле Тракија и Дакија, а над Римското царство се надвиснала гибелна опасност од Хуните и Аланите, го прогласил Теодосиј за совладар; овој веднаш ги нападнал и по многу битки ги победеил Аланите, Хуните и Готите. Значи, тој главно водел војни со надворешни непријатели; за него тешко може да се каже ‘каква бура тој разби со ненадејна ведрина’, зашто и кога владеел сам, по смртта на Гратијан, до неговата смрт имало внатрешни немири и несогласија во Царството.

Има учени, кои сметаат дека известувањето на Куртиј за времето во коешто живеел се однесува и на владеењето на Константин Велики, но и на ваквото мислење можат да му се стават сериозни забелешки; имено, може ли да се зборува дека тој со ‘ненадејна ведрина’ ‘разбил толкава бура’ ако се знае дека таа ‘ведрина’ во негово време настапила по 17 години војување“.

Со тоа што за Куртиј Руф се говори за векови, таков не можело да постои.

„И денес останува неизвесно и децидно неутврдено времето во коешто живеел нашиот автор, иако во најновите искажувања во врска со овој проблем преовладува мислењето дека тоа е времето на римскиот император Клаудиј (41- 53 г. По Христа). Нам, сепак, ни се чини најмалку убедливо ова мислење, зашто известувањето на Куртиј за принкепсот на неговото време најмалку би можело да се однесува на Клаудиј, ако се имаат предвид светоштвата на Светониј [225] во врска со личноста на овој римски император. Од друга страна пак, не гледаме сериозни причини да не се прифатат известувањата на Кикерон, Такит [226] и Светониј како веродостојни за постоењето на личност по име Квинт Куртиј Руф. Впрочем и јазикот, на којшто е напишана 'Историјата...' припаѓа несомнено кон 'aurea Latinitas', близок до оној на Ливиј и Кикерон. [227] Затоа сме спремни повеќе да веруваме дека 'принкепсот', што го спомнува Куртиј во цитираниот пасус поскоро се однесува на Октавијан Август, одошто на кој било друг од останатите посочени императори. Сепак, како што посочивме во почетокот,допуштаме прашањето да остане 'adhuc sub iudice'.

'Историјата на Александар Македонски' од Квинт Куртиј Руф е прв од петте антички извори, што се однесуваат на историјата на античка Македонија, преведен во целост од оригиналот на македонски јазик. Нашиот превод е работен според изданијата:O. Curtii Rufi; De rebus gestis Alexandri Magni, [228] cum supplementis J. Freinshemii, Parisiiis MDCCCXXII и изданието History of Alexander, Loeb Classical library. Првонаведеното издание го користевме, зашто во него интегрално беше вклучено дополнувањето на првите

[225] Светониј е 100% на тн.словенски јазик- тој бил варварски=пелазгиски на Римјаните (Дионисиј).

[226] Во 18.век многу посумњале во оригиналноста на Германија, како што бил Bekker од Раценбург...

[227] Како што со Тацит бил фалсификатот во вториот милениум, исто можело и со јазикот на К. Руф.

[228] Рим го внел прекарот Велики со цел да се бриши сè македонско. Истото сè до денес продолжува.

две неповратно игубени книги од оригиналот, што во XVII век го изготвил проучувачот на делото на Куртиј, Ј. Френсхајм. [229] Тој ги пополнил лакуните во ракописите на оригиналнот текст, според податоци, презерениод Аријан, Плутарх, Диодор Сикулски и Јустин.

Првото печатено издадено на ракописот на Куртиј излегува во Венеција 1470 година, а две години подоцна 1472 година во Рим излегува второто издание.

Прво издание со суплементите на Френсхајм излегува 1648 година во Страсбург а уште едно такво издание се печати во 1670 година. Следните изданија на латински јазик главно ги содржат дополнувањата на Френсхајм, [230] а во преводите тие или се дадени целосно, во скратена форма, или се изоставуваат, па се преведува само текстот на Куртиј, онака, како што е сочуван.

'Историјата на Александар Македонски' од Квинт Куртиј Руф е најстариот обемен извор, напишан на латински јазик, за проучување на животот и делото на големиот завојувач. При недостиг на постари извори, особено, составени од современиците на Александар Македонски, делото на Куртиј, иако во извесна смисла посреден извор, сепак не губи од својата вредност, зашто е пишувано врз база на записи, достапни на авторот, коишто не стигнале до нас, а биле пишувани или од современиците на Александар, или од такви, кои живееле блиску до времето во коешто тој живеел и дејствувал...".

I- 1: „Повеќемина Грци зборуваат за животот и делата на Александар...".

[229] Кај ниеден антички автор не постои јазикот коине. За коине прави фалсификат само Френсхајм.
[230] Покрај што тој го внел јазикот коине, тој ги наведува дури Германците и Евреите- такви немало.

Името Грци и Грција не се користи пред 800. година кога Карло Велики бил прогласен за цар. Името Грци како Греики=Дојденци во Јужна Италија го употребувал Отон I- тој барал Македонската династија на Рим да му ја препушти Јужна Италија, зашто имало разговори...Па навредливото име Греики не било прифатено.

12: „Бидејќи не го нападнал кралот Сирм, Александар го свртел нападот кон Гетите, кои на другиот брег построиле четири илјади коњаници…

Потоа кај него дошле пратениците од соседните пламиња и од кралот Сирм, со дарови од она, што кај нив се сметало за вредно. Исто така и Германите, кои се населени од изворот на Дунав до Јадранско Море и тие испратиле пратеници, зашто Дунав извирал во Германија и тие самите на мајчиниот јазик го нарекувале Данубиј. Александар, восхитен од величината на нивните тела…“.

Александар Македонски познавал само Келти,никаква Германија и Германи.

II-11: „Кога ги средил овие работи...“.

„Спротивно на ова, принцовите на Сирија кои поради жестоките и чести несогласија со Јудеите го следеле Александар и со казнување на непријателите...“.

Александар не познавал никакви Евреи- тие биле познати во Александрија.

12: „Откако ги совладал теснините крај Памфлиевското Море, Александар, паѓајќи на пат за Перга, ги пресретил пратениците на Аспендиите, кои биле првенци на државата. Тие од него барале да не ги принудува да прифатат посади и му ветил педесет таланти плата за војниците, исто толку и коњи, колку што како данок му давале на персискиот крал. Оттаму кралот заминал кај Сидетите што се населени околу реката Мелана. И овие се под род од Ајолида, но зборувале варварски јазик, зашто се беа одвикнале од

грчкиот, не поради долготрајноста на времето како што обично се случува туку затоа што нивните претци, кога стигнале во овие краишта одеднаш го заборавиле мајчиниот јазик, а паметеле како звучи новиот пред тоа неслушнат јазик. Откако ја зазел Сида, а таа била главен град на Памфилија, заминал за Синај, град безбеден со природата на местото и одлично утврден со силни чети, составени од странски војници и од месните варвари. Поради сето ова, а и бидејќи било јавено дека Аспенидите повторно се побуниле, тој го скршил патот и ја довел војската до Аспенд. Престрашени од ненадејниот напад на Македонците...“.

Напишаното го нема кај ниеден антички автор- тоа е само негово без никаква основа: варварски јазик бил пелазгиски, а Пелазги биле Хелените и Македонците. Во Елада и македонскиот кралски двор од времето на Архелај...Филип Македонски, Александар Македонски...службен бил јонскиот јазик со јонско писмо од Милет. Па коине бил само по смртта на Александар Македонски, од 300-та г.п.н.е.

Со тоа што авторот наведува „што обично се случува туку затоа што нивните претци, кога стигнале во овие краишта одеднаш го заборавиле мајчиниот јазик“, што никогаш не било можно „одеднаш го заборавиле мајчиниот јазик“, наводот на авторот е без основа- тоа било 100% лага. Ова се потврдува со доказот што тогаш не „паметеле како звучи новиот пред тоа неслушнат јазик“- коине само 300 г.п.н.е.

IV-5: „Речиси во исто време на Александар му било донесено писмо од Дареј, конечно напишано како на крал. Дареј барал Александар да се ожени со неговата ќерка по име Стагира...“.

„Кралевите така пишувале...Истмиски игри, што се славеле со собир на цела Грција...“.

Не било во употреба Грци туку Хелени и Еладци, Хелада=Елада без Грција.

V-11: „А водачот на Грците Партон...Партон одговорил дека навистина сака да збрува со него, но насамо, без сведоци. Дареј му заповедал да му пријде поблиску без толкувач, зашто Дареј го знаел грчкиот јазик...“.

„Бес, иако не знаел грчки, но бидејќи совеста не му била чиста, верувал дека Партон го поткажал; кога преведувачот му го пренел кажувањата на Гркот, изчезнало секакво сомневање...“.

13: „Кога Александар слушнал дека Дареј тргнал од Екбатан...“. „Дареј знаел грчки јазик и им благодарел на боговте...“.

Персискиот јазик бил од 515 г.п.н.е.,а Александрискиот коине од 300 г.п.н.е. Јазикот за кого се говори бил јонскиот кого го познавал Дариј и други итн.

VI-9: „Тогаш кралот излегол пред собирот со душевна болка...“.

„Тогаш заповедал да биде доведен Филота, со врзани раце зад грбот...

Кога на Филота му било заповедано да зборува...Кога кралот го видел, му рекол: ‘Сега тебе ќе ти судат Македонците; те прашувам, дали ќе им се обратиш на мајчиниот јазик?’ Филота рекол: ‘Освен Македонци, овде има многу присутни, за кои сметам дека полесно ќе го разберат она што ќе го кажам, ако зборувам со истиот јазик со којшто се служиш и ти, верувам, не поради нешто друго туку за да го разберат повеќемина твојот говор’ Тогаш кралот рекол: ‘Еве, гледате ли, дотаму ли дошол Филота, та да се гнаси од мајчиниот јазик ? Имено, единствено тој презира дури и да го научи. Но нека зборува како што сака, а вие спомнете си дека тој подеднакво се отуѓил и од нашите обичаи и од нашиот јазик’. Тогаш го напуштил собирот“.

10: „Тогаш Филота рекол: ‘За невиниот е лесно да изнајде зборови...

Јас навистина не гледам за што сум виновен...

Сега ќе треба да се осврнам кон единствениот, вистински злостор...

И жими Херкула...Мене ми се префрла што одбивам да зборувам на мајчиниот јазик, дека сум се грозел од обичатите на Македонците.Значи, така јас се заканувам на кралството, со тоа што го презирам. Уште порано, оној родниот јазик беше напуштен во општењето со другите народи, па така победниците и победените требаше да учат еден туѓ, странски јазик...“.

Па се работи само за службен јонскиот јазик со јонско писмо и мајчин јазик.

X-1: „Речиси во исто тоа време пристигнале Клеандар и Ситалк...

Кралот ги разгледал обвиненијата...

Нешто малку потоа, пристигнал Неарх и Онесикрит...

Кралот, распален од желбата да дознае повеќе, заповедал повторно да допловат до таа земја, додека не стигнат до устието на Еуфрфат, па оттаму, узводно по реката, да дојдат до Вавилон. Самиот тој, обземен од мислата за бескрајноста, одлучил, откако ќе ги освои сите крајбрежни области на Исток, од Сирија да се упати во Африка, зашто бил лут на Картагина, и оттаму, откако ќе ја премине пустињата во Нумидија, да се упати кон Гад (зашто се зборувало дека таму се наоѓа столбот на Херкул) па потоа да појде во Хиспанија, што Грците ја наречуваат Иберија, според името на раката Ибер, да дојде и да ги премине Алпите и да стигне до брегот на Италија, од каде што до Епир е кус патот...“.

Според Р.Гревс, терминот Епир потекнувал од времето на Нерон.

Името Епир било според македонскиот крал Пир: Епир=е пир, пири=гори...

Исто така,во книгата на Руф се говори, Александар ќе одел на запад за Рим...

Х.Џ.Велс [231] пиши: „Историчарите некако се навикнале да говорат со најголемо страхопочитување за тие борби. Нарочито Јулие Цезар го претставуваат како некоја најсветла појава во историјата на човештвото...ни самиот Александар Велики не е толку славен и прилагодуван на обожување од страна на читателите кои не мислат ниту имаат свое сопствено мерило...Така н. пр. раскажуваат како Александар смерал себе си да го потчини Рим и Картагина и конечно да ја освои Индија, а едино прераната смрт го омела во остварување на тој план. Меѓутоа, ни за него поуздано знаеме дека едино ја освоил персиската држава и во текот на своите понатамошни походи никогаш не продирал многу далеку оданде на границите на тие покорени големи држави...“.

Вакви пишувања можеле да важат само 1054 година, кога се поделило христијанството. Постои и тн.византиски автор- тој пишел за одење на запад, во Рим...

Единствено отстапување имало само кај Квинт Куртиј Руф, чиј најстар манускрипт бил само од IX век, а книгата била печатена во XV век. За јазикот коине дека постоел за време на Александар било дело на еден фалсификат во XVII век.

Бидејќи во книгата на Квинт Куртиј Руф недостасувале првите две книги, тие две книги биле германски фалсификат: „прво издание со суплементите на Френсхајм излегува 1648 година во Страсбург а уште едно такво издание се печати во 1670 година...“. Во прилог се наведува и најбитниот доказ: Македонците во Пакистан, Ханзите и Калашите, со својот бог Арес, кој бил бригиски=брсјачки, не говорат коине, туку на јазик, јазикот на Бригите со мноштво денешни брсјачки збора и традиции.

---

[231] Herbert George Wells, Историју света, 1929, Народно дело, Белград, стр. 253.

Се заклучува, коине за време на Александар Македонски не постоел. Ова се потврдува и со доказот што јазикот на Хомер, Тукидид, Платон... немал врска со коине. Еве најбитен доказ- Хомер пишел на словенски јазик (германски лингвист Пасов- 1815, еладски лингвист Чулкас- 1907...), а Илијада за прв пат на коине била преведена во Александрија само во 3 век п.н.е., што важело за сите дела на наведените автори Хомер...Платон... Според Х.Џ.Велс, Апостол Павле го познавал коине, но не службениот јазик на Атина итн. Па кој бил тој јазик коине ? Во Египет службен бил старо- египетскиот. Тој бил заменет со коине. За старо-египетски да биде заменет од коине,коине морал да произлезе од него,инаку тој би бил претежок за употреба, и коине не би можел да биде разбирлив како што бил старо-египетски.

За време на Александар Македонски немало коине, туку службениот јонски.

Следи во Википедија за јазикот коине се наведува: „Коине...(‘заеднички дијалект’) е популарна форма на грчкиот јазик која се развила во посткласичниот период, односно помеѓу 300 п.н.е. и 300 година. Овој јазик исто така се нарекува александријски, хеленистички“.Па јазикот бил само од 300-та г.п.н.е. од Александрија.

## КОИНЕ (ТН. СТАРО-ГРЧКИ) ХЕЛЕНСКИ ЈАЗИК ОД АЛЕКСАНДРИЈА

Па енциклопедијата Ларус завршува со Македонија и се пиши за Римско Царство,и тоа многу по смртта на Александар Македонски. Следениот период хеленс-и продолжил во Александрија-таму бил создаден коине и се пиши за хеленизација.

Во Ларуса [232] се наведува: „Повраток. Александар...Умира покосен од изненадната болест кога имал триесет две години и осум месеци (31. јуни 323). За непо лни петнаесет години постанал апсолутен господар на Грција и Азија; неговото дело останало недовршено, ама било огромно. Основал колонии кои постанале жариште на хеленската култура...“.

*„Големи хеленистички монархии*

Потекло. Добата од поделбата на Александровото царство до големите римски освојувања историчарите го називаат хеленистички период. Тоа трае нешто подолго од два века.Три монархии настанале со оваа поделба живи една покрај друга.

До меѓусебни, често жестоки сукоби доаѓа неминовно. Со обѕир на своето потекло, овие држави имаат извесни заеднички особини: тоа се пред сè, војната монархија принудена стално да ги контролираат освоените територии, како во Грција, каде градовите непрестално покушуваат да ја повратат слободата, така и Азија, каде заедничкото царство е склоно на распаѓање, и најпосле во Египет, кој никогаш не бил потполно освоен.Освен тоа Селеукидите [233] и Лагидите започнуваат крвава борба за превласт на источното Средоземје (сириски војни), оти Птоломеите сакаат да потчинат голем дел на острови и брегови како поморската трговија би останала во нивните раце. Во тие борби се исцрпени обата противника. Ослабени, Селеукидите не можат да спречат некои свои покраини да не се одвојат од царството, како на запад во Мала Азија, каде покрај останатите, се создава хеленистичка држава Аталида во Пергам, така и на исток, каде се основа Парќанско Кралство. Што Лагидите се однесува,тие сами себе се

[232] Opšta enciklopedija LAROUSSE,Paris 1967-za Jugoslavija Vuk Karadžić, Belgrad, 1973, том 3,стр. 259.
[233] Селеук=селе ук; Глаук=гла ук- ука, наука, поука...; Глауч=гла уч- учи, научи...; Бигла=би гла итн.

туркаат во пропаст повикувајќи ги на помош Римјаните кои на крајот ќе го освојат целото кралство“. [234]

„Египетско кралство.Од сите хеленистички кралства, Египет достигнува најголема моќ. Династијата Лагиди, која е на власт, насобрала она што го наследила од Александар, кого го сохрануваат во Александрија. Поносни што Македонците прифаќаат да бидат египетски фараони и како такви да ги признаат за богови кои имаат свој култ и свои свештеници...Александрија навистина е најголем, најбогат и накраскошен хеленски град...

Хеленистичка култура. Ширење на грчкиот свет од основа ја изменило нејзината култура“. (Без било што грчко туку само хелениустичко, Р.И.)

„Духовна култура и уметност. Ова ширење на светот доведува до промена и на полето на мислата и уменоста. Во страниот свет, во морето на домородците, Грците се принудени да престанат со своите размирици и да го чуваат само она што ги обединува. Ова ново единство мошне јасно се огледа во усвојувањето на заедничкиот јазик, коине, кој е очистен од дијалектната разлика. Далеку од завичај, отсечени од рамките на градот, свртени спрема широкиот хоризонт, Грците, кои изгубиле спокојство и бараат спас, не се задоволуваат повеќе со старите верувања ниту со многубројите божества. Тие порадо се вртат кон апстракните богови, спрема мистичните верувања, или го прифаќаат моралот кој како животно по правило му пружа епикуреизам и стоицизам“.

Следи само во Александрија се усвојува „заедничкиот јазик, коине“.

„Најпосле, владетелите допринесуваат да процвета грчката култура на својот двор, со поклони кои ги делат градовите, како и со заштита која ја пружат научниците и уметниците. Науката

[234] Исто, стр. 260.

постигнува до тогаш невиден развој. Математичарот Еукид и географот Ерастотен го шират своето учење во Александрија; бидеј Хеленистичките градови, со широки и монументални преспективи, кои ги соградиле големите архитекти, претставуваат средиште на оваа култура; во Александрија постој ‘музеј’ во кој се собираат писатели и научници, со богата библиотека од 700.000 книги, додека библиотеката во Пергам располага со 300.000 книги; иако посиромашно опремени, малите градови, заблагодарувајќи на своите школи и гимназии, претставуваат центри за ширење на хеленизмот.

Значењето на хеленистичката култутра и во далечните земји, во источниот Иран и на север на Индија, каде грчката уметничка традиција мошне јасно доаѓа до изразување во грчко-будистичките скулптури на Гандхар (денешен Авганистан).

Ама тоа влијание се чуствува нарочито на Запад заблагодарувајќи на Рим, чии победоносни освојувања во областа на Средоземјето овозможува оваа култура да ја прошири својата влијателна сфера.

Географската положба на Рим на домак на Велика Грција, а нарочито Сицилија, каде еден граѓанин на Сиракуза на почетокот II век пред н.е. основал монархија хеленистички тип, му овозможил на градот полесно да го прифати грчко- македонското наследство“.

Кај авторот Х.Џ. Велс се завршува со сета историја, дури со Александар Македонски. Во дадената историја никаде го нема коине- тој бил само по Александар.

Хајнц Крајсиг [235] пиши: „Според нашето сфаќање ‘хеленизмот’ опфаќа повесно раздобје измеѓу освојувањето на деловите на Предниот и Средниот исток од Војската на Александар III Македонски (‘Велики’) од 334. година пр. н.е. и конечниот пад на

[235] Heinz Kreissig, Povijest Helenizma, Grafički zavod Hrvatske, 1987, стр. 5.

Египет, последното ‘хеленистичко’ царство, под римската власт (30. година пр.н.е.). Во просторен преглед ‘хеленистички’ се мислат, од една страна сите подрачја каде живееле Грците, освен наравно самите Грци, прибрежните подрачја на Егејското, Црното и Јонското Море, а од друга страна оние азиски и афрички подрачја што Македонците ги освоиле и потоа, спрема многуте научници, ги ‘хеленизирале’: Анадолија, Месопотамија, Иран, Бактрија, Сирија и Египет.

Во таа смисла поимот ‘хеленизам’, во однос на повесното раздобје внатре на дефинираниот историски- географски простор, прв го употребил Johann Gustav Droysen (1808- 1884). Три свески на неговата ‘Повест на хеленизмот’ носат наслови ‘Повест на Александар Велики’, ‘Повест на дијадохите’ (‘Александрови наследници’) и ‘Повест на епигоните’ (‘Наследниците дијадохите’)...“.

Хеленизмот бил по смртта на Александар со коине, прифатени од Евреите.

Х.Џ. Велс [236] пиши: „Така, да наведеме пример заради, селеукидскиот владетел Антиох IV успеал да го заземе Ерусалим…Наспроти тие тесно гради Евреи се истакнувале Евреи на пошироки погледи, Евреите ‘левичари’, наклонети на хеленската култура. На овој друг правец припаѓале Садукејците, кои не верувале вои бесмртност. Овие Евреи вазда повеќе или помалце биле вољни да се измешаат со Грците [237] или со хеленизираните народи или бар во своите погледи да се прилагодат. Биле волни да примат ученици од редовите на други народи, и на тој начин да се поделат со целото човештво со својот бог и неговото обеќање. Меѓутоа, колку год ваквите Евреи добивале во поглед великодушност и широкоградност, толку исто

[236] Herbert George Wells, Историју света, 1929, Народно дело, Белград, стр. 288.
[237] Грци никогаш немало туку само Хелени- авторите на англиски јазик место Хелени пишат Грци.

губеле во поглед на оригиналност. Тоа биле светски граѓани, интернационалисти меѓу Евреите. Веќе порано споменавме, дека хеленизираните Евреи во Египет го заборавиле еврејскит јазик, те морале да ја преведат библијата на грчки“. [238]

Улрих Вилкен [239] вели: „Проширувањето на грчкиот јазик...Евреите во заедницата многу брзо го прифатија светскиот јазик и толку интезивно што во третиот век во Египет требаше да се преведува Светото писмо на грчки, бидејќи во јавната служба верниците не можеа да го разберат и оригиналниот еврејски јазик. Така, се појави Септуагинт,грчкиот превод на Стариот завет,во третиот и вториот век, а и хеленистичка еврејска литература...“. (Еврејски сириjски арамејски, Р.И.) Според Косидовски, [240] „Хеленистите и Евреите, тоа се разбира,Назаренците, со таа разлика што првите биле Евреи од дијаспората кои што говореле грчки, а вторите Ерусалимците коишто го познавале само арамејскиот јазик. Јазичната разлика била токму остра, што едните и другите имале одделни храмови, иако припаѓале на истата назаренска заедница што ја предводеле дванесеттемина апостоли.

Така ‘Хелените’ апсолутно ги победиле своите антагонисти од Ерусалим, веројатно поради тоа што тие како побогати луѓе внесле во заедницата повеќе одошто Ерусалимците. Така наречените ‘хеленисти’, познати по либерализацијата на верските прашања, во нивните синогоги немало свештеници, секој можел да настапи да говори. Тоа било времето кога Евреите многу уживале во своите дискусии, кога јудаистичката мисла доживувала длабок фермент. Дури и нешто повеќе: во ермиграцијата надвасувале фариесеите, во извезна мера со своите верувања блиски на христијаните. Во такви услови Павле, конечно како и другите патувачи ‘писмознајци’ не би требало да доживеат особени непријатности“.

[238] Никогаш немало еврејски јазик за да има Евреи, туку сириjски арамејски. Не грчки туку коине.
[239] Улрих Вилкен, Александар Македонски, Мисла, Скопје, 1988, стр. 336.
[240] Zenon Kosidovski, Bibliski legendi, Belgrad, 1992.

Се говори само за сирискиот арамејски јазик во Ерусалим и македонскиот коине во Александрија. Следи Евреите во Ерусалим биле Сирijци, според јазикот, а во Александрија Македонци со хеленскиот јазик коине,самите се нарекле Хелени.

Плиниј пиши: „...Првите дела кои се напишани на хеленски јазик датираат после IV век пре Христа...“. [241]

На хеленскио јазик коине биле напишани и преведени сите антички дела по 300-та г.п.н.е. Па тогаш била составена првата граматика и првиот речник на коине.

## КОИНЕ АЛЕКСАНДРИЈСКИ ЈАЗИК- ВО АТИНА СЛУЖБЕН ЈОНСКИОТ

Улрих Вилкен, [242] на стр. 47, пиши: „И во овие политички мрачни денови на четвриот век грчката цивилизација ги продолжи големите традиции на петтиот век и беше во целосен процут. Како во интелектуалните, така и во уметничките сфери постигнаа извонредни резултати кои останаа вечни. Непротиставувајќи се на својата политичка пропаст на крајот од Пелопонеската војна, особено Атина сѐ уште ја одржуваше водечката централна положба, што ја стекна во петтиот век во Јонија.

Доколку атичката цивилизација прима панелинистички карактер, Атичката импе рија од петтиот век, и покрај краткиот век на траење, не малку придонесе во таа насока. Од Атина, главата на империјата од стотина вазални градови, широка река на атичка цивилизација се пролеа во Елада на островите и во крајбрежните делови на Егејското Море: атичките закони и атичките институции, атичкиот говор и носии надалеку се прошириja, особено во Јонија. Но, ова влијание не беше ограничено само на Империјата. Штом Атина, со пристаништето Пиреј стана

[241] Plin., Nat. Hist. Lib. I. B. p. 29.
[242] Улрих Вилкен, Александар Македонски, Мисла, Скопје, 1988.

економски центар не само на сојузниците туку и на целиот грчки свет, таа исто така, како центар на цивилизацијата, како со магнет ги привлече истакнатите интелектуалци и уметници од сите делови. Софистите го најдоа својот центар во Атина, работеа на атички говор и дури помогнаа да се создаде уметнички атички прозен стил, покрај тоа што тешко имаше софист кој беше роден во Атина".

„Натамошното проширување на источната граница на Македонија, што под Александар I дојде до реката Стримон (Струма), беше запрено од големиот развиток на Атина која беше на чело на Делијанската лига. Атина како држава се утврди и на северниот брег на Егејот, вклучувајќи го македонскиот морски брег. Таа ги потчини градовите на полуостровот Халидики, а на крајот ја заседе и колонијата во Амфипол, близу до планината Струма, и таа стекна голема благосостјба. Но кога страотната несреќа на Сицилија (413) го предизвика уништувањето на Атина како голема сила, Македонија како и другите држави најде нови подрачја. Архелај, кој потоа ја зеде круната, користејќи ја положбата, í даде на својата држава зголемена милитаристичка и политичка важност. Тој изгради тврдини и патишта од воен карактер и темелно ја реорганизира војската, посветувајќи посебно внимание на опремувањето на пешадијата. Во пресудата на Тукидитците, тој сам направил повеќе од своите осум претходници заедно. Неговото вклучување во конфликите со тесалиското дворјанство сведочи за зголемената ударна сила на Македонија. Архелај има заслуга и за воведувањето на грчката култура во својата земја, дури повеќе за тоа настојуваше од Александар I, Филелинот. Во својот дворец во главниот град Пела, тој успеа да развие богат интелектуален живот, поканувајќи најславни поети и уметници од тоа време. Еврипид ги помина со него последните години од својот живот и таму го напиша делото 'Бахатки', а во чест на својот кралски покровител делото 'Архелд'. Тимотеј, големиот и славен музичар и поет, беше еден од неговите гости.

Тој дозволи дворецот во Пела да биде украсен со цртежи од Зевс. На Дион во Пиерија под планината Олимп, каде што имаше стар култ на музите, тој постави сценска приредба во чест на Олимпискиот Зевс и музите. Не се знае каков беше ставот на македонските дворјани кон воведувањето на грчката култура од нивниот крал, што наведува да се мисли на последните дворци на Диадохите (наследниците на Александар). Веројатно не беше лесно тие да се помират со навлегувањето на грчката култура. Но, историјата покажува дека семето не беше фрлено залудно“. [243]

„Доколку тоа се прави сега, Филип ќе се претстави како еден од големите владетели на светската историја, не само поради тоа што ги постави темелите на подвизите на својот уште пославен син Александар, кој со својот сопствен гениј изградил еден нов свет, туку и како човек кој имаше далекусежни погледи и постигнувања. Овде нема доволно простор детално да се објасни на кој начин Филип, почнувајќи од малата држава што ја создаде, постапно ја зголемуваше во својот период; на запад ги победи Илирите и оствари влијание над Епир, на исток се бореше против Тракијците, на север втаса до Дунав, а на југ со борба го обезбеди брегот на морето што беше суштествено за македонскиот развој, како и за развојот на полуостровот Халидик, ја победи Тесалија, а порешително се замеша дури и во грчките работи. Сите овие зафати кои го прикажуваат во калеидоскопски модел и активен ту овде- ту таму, само сè одраз на една голема идеја што тој ја посакуваше многу порано, можеби од почетокот, за да го направи својот македонски народ господар на целиот Балкански Полуостров. Оваа империјалистичка програма беше подигната на највисок степен во неговата политика со поцелосно воведување на грчката култура, преобразувајќи ја Македонија во вистинска цивилизирана држава. Тоа беше она што силно го поттикна неговиот владетелски карактер. Примерот на Архелај беше следен од Пердика, кој на дворот се здружи со платонистот Ефро и од

[243] Исто, стр. 58.

него ја научи геометријата и филозофијата. Филип привлече многу истакнати Грци на својот двор. Тој со успех ја реализира идејата, поканувајќи го Аристотел да го воспитува наследникот на престолот и презеде чекори за големо приспособување на елинската култура во својата сопствена земја: го воведе јазикот на Атина во врховниот суд, како и во адмистрацијата и при формирањето на својот милитаристички систем ги следеше грчките модели. Иако се познати само мал број резултати од овие напори, сепак тие јасно покажуваат на неговата главна намера: да се интензивира елинизацијата на својата земја“. [244]

„Филип, таткото на Александар, беше син на Македонецот Аминта, додека мајката на Филип, Евридика, беше Илирка. Веројатно во подоцнежниот живот, под влијание на елинистичкото воспитание на македонскиот двор, таа научила да чита и да пишува грчки, сакајќи да им даде на своите деца повисоко образование, но по крв таа остана чиста варварка, ќерка на илирскиот принц Ирас...“. [245]

„Неговата самоувереност...Историчарот беше Калистен од Олинт, внук и ученик на Аристотел, кој му го препорача на кралот за оваа работа. Калистен веќе беше познат во грчката историја со делото ‘Хеленика’ што се појави во тоа време...

Калистен направи прв книжевен опис за азискоатичкиот поход, а дотогаш под контрола на Александар Калистен го усвои панегиричкиот јазик...“. [246]

„Ова сместување заедно на Македонците и Грците, кои дојдоа од најразлини места на грчкиот свет да живеат постојано еден до друг во градовите на Алекандар и на Селеукидите, како и во населбите во Египет, природно изврши големо влијание. Разликите на расите

---

[244] Исто, стр. 61.
[245] Исто, стр. 85.
[246] Исто, стр. 111.

што во нивните земји беа силно изразени во јазикот, религијата и обичаите требаше да се отстранат во овој случајно измешан свет. Овој процес е највидлив во случајот со јазикот. Локалните дијалекти постепено изчезнувале, а беше подготвен терен за заеднички јазик. Во еден папирусен документ од времето на Александар се дадени доризми и атицизми во тогаш предоминантниот јонски текст, додека во голем број документи од третиот век наваму не се појавуваат вакви мешања на диалекти или диалектички форми. Не е пронајдено ништо друго освен таканаречениот ‘заеднички говор’. [247] Резултатот на напредокот на културата во петтиот и четвртиот век доведе до тоа, атичкиот јазик, јонизиран во зборови и идоми, да се смета небаре е универзален јазик на светот. Ширењето на ати чкиот јазик беше под влијание на Филиповото усвојување, како што е означено, во неговиот врховен суд, а подоцна беше прифатено и од Александар. Наскоро заедничкиот говор беше употребуван и во литературата и преовладуваше во елинистичкото време сè до почетокот на империјата кога беше истиснат од атицизмот“ [248]

Јонскиот бил за време на Александар, а коине после него- во Александрија.

„Наспроти овие контрасти и многубројната надмоќност на ориенталците, идеите на Александар за ширење на грчката култура на Исток беа реализирани со голем успех од неговите наследници во Азија и Европа. Брилјантноста со која се развиваше грчкиот живот во нивните главни градови е веќе прикажана. И на друг начин градовите изградени од Александар и од неговите наследници се одржаа како центри на грчката култура. Грчкиот јазик и живот се ширеа и во различните населби на Птоломејците. Но, независно од религијата елинизацијата на ориенталците во

[247] Јонскиот јазик бил варварски=пелазгиски=тн.словенски, а коине во Александрија дворасен јазик.
[248] Исто, стр. 333.

градовите што по правило беа формирани со поврзување на ориенталските населби што веќе постоеја, постепено беше ограничувана од ориенталското население што живееше едно до друго со новодојденото. Спротивно на тоа, каде што не живееја Грци, ориенталците го задржаа својот начин на живеење“. [249]

Коине бил јазик само од Египет- тој бил Александријски Птоломејов јазик.

„Проширувањето на грчкиот јазик меѓу образованата горна класа на ориенталците во новоформираните градови на Исток веројатно беше под влијание на фактот што грчкиот јазик стана официјален јазик на империјата, јазик што судските управи го употребуваа во своите прокламации. Исклучок претставуваше кога за државен интерес сите потчинети мораа да се запишат на документи кои се преведуваа и на месниот јазик отпечатени покрај грчкиот текст, како што беше забележано во Египет. Според тоа, горниот круг на ориенталците, кои беа во тесна врска со грчките службеници, или беа амбициозни да стекнат кариера за себе, наскоро го научуваа грчкиот јазик како додадок на нивниот мајчин јазик, без да се откажат од својот. На пример, во Египет свештениците во почетокот го употребуваа грчкиот јазик кога имаа врска со службениците, бидејќи тој беше официјален. Несомнено, ориенталските трговци и занаетчии веднаш започнаа да го учат официјалниот јазик од трговски причини. Евреите во заедницата многу брзо го прифатија светскиот јазик и толку интезивно што во третиот век во Египет требаше да се преведува Светото писмо на грчки, бидејќи во јавната служба верниците не можеа да го разберат оригиналниот еврејски јазик. Така, се појави Септуагинт, грчкиот превод на Стариот завет, во третиот и вториот век, а и елинистичка еврејска литература. Но овој елинизам беше само надворешна фасада. Всушност, Евреите останаа Евреи, верни на својот закон и се конфронтираа со паганците, независно што

[249] Исто стр. 336.

макабанското движење беше возвишено. Подоцна имаше конфликити во многу места меѓу Евреите и Грците.

Дури и кај втората генерација по Александар можеа да се најдат некои истакнати ориенталци, кои беа толку многу целосно елинизирани што пишуваа книги во грчката литература на грчки. Еден од нив е Берос, свештеник од Мардук во Вавилон, кој се посвети на Антиох I, книга на старата вавилонска историја што тој ја напиша на грчки, употребувајќи клинестоформни преданија. Другиот е Мането, египетски свештеник кој во периодот на Филаделф напиша египетска историја на грчки, врз основа на преданијата за египетските храмови. Овие книги на Берос и Мането се многу интересни докази за победата на елинизмот, зашто порано ни Вавилонците, ни Египќаните, иако оставија вредни летописи и слично, не мислеа да пишуваат историја на својата земја во смисла на грчката историографија“.

„Дури и пред националната реакција на Сасанидите против елинизмот, Римјаните му зададоа смртен удар на источниот елинизам со срамното уништување на грчкиот град Селеукија на Тигар, што го изгореа до темел во 164 година во текот на војната кај Верус со Партијците. Со оваа голема несреќа Грците ја загубија тврдината зад реката Еуфрат. Грчкиот јазик имаше интенција да исчезне, а арамаичкиот, кој веќе имаше широка распространетост за време на Ахеменидите, сè повеќе се ширеше. [250]

И на други места, исто така, ориенталските јазици, кои никогаш не постоеја во земјата надвор од грчките градови,на крајот го истиснаа грчкиот.Во Сирија, арамаичкиот јазик беше толку силен во текот на целиот селеукидов период, што под империјата беше познат како сириски јазик и стана важен литературен јазик, кој можеше да се најде особено во службата на христијанските цркви, а кој исто така остави световни дела како што е Сириско-римскиот

[250] Исто, стр. 348.

законик, од кој се гледа дека во Сирија, покрај римскиот, и грчкиот закон имал свое место. Губењето на елинизмот е означено со фактот што исчезнаа македонските имиња. Така, Алепо и Ако ги зедоа своите стари имиња, а нивните елинистички имиња Берој и Птоломеј беа заборавени“.

Во книгата на Херодот, предговор, делото на Херодот, се наведува: „Она што Херодот го истражил и изложил (имено, тој на почетокот така го претставува своето дело ‘излагање на истражувањето’) во девет книги го поделил не самиот автор, туку некој од големите александријски филозофи. Таа поделба, според бројот и имињата на Музите, излегува прилично неприродно, зашто раздвојува описи и настани кои, според содржината, би требало да се спојат во еден дел, а од друга страна, поврзува такви кои не сочинуваат органска целост“.

Во делот Збор- два за овој превод се говори: „Ова е прв превод на Херодотовата историја...Ова е...дело, преведено од старохеленски јазик, од кое, од таа шума на податоци, може да се црпне нешто и за историјата на античка Македонија...“.

Во Ларуса [251] стои:„Духовна култура и уметност. Ова ширење на светот доведува до промена и на полето на мислата и уменоста. Во страниот свет, во морето на домородците, Грците се принудени да престанат со своите размирици и да го чуваат само она што ги обединува. Ова ново единство мошне јасно се огледа во усвојувањето на заедничкиот јазик, коине, кој е очистен од дијалектната разлика...“.

Следи само во Александрија се усвојува „заедничкиот јазик, коине“.

---

[251] Opšta enciklopedija LAROUSSE,Paris 1967-za Jugoslavija Vuk Karadžić,Belgrad,1973,том 3,стр. 260.

Х.Џ. Велс [252] пиши: „Филип бил старински крал, половина крал, половина водач, прв меѓу своите војводи, од стариот северно-ариски тип. Војската која тој во Македонија ја засновал, се состоела од општо регрутирана пешадија и племенски коњички одред кои ги нарекувале ‘другови’. Народот се состоел од земјоделци и ловци, и бил донекаде склон на пијалок, ама погоден за дисциплина и добар за војување. Ако народот и бил малку едноставен, државната управа била и умна и подви жна. Дворскиот јазик низ неколку нарастувања бил атички (атински) грчки. То двор бил во доволна мера просветен да би можел да даде склоништа и да им пружи забава на великаните, каков што бил Еурипид, кој таму умрел 406. пред Христа, и уметникот Зеуксис. Што повеќе Филип, пред стапување на престолот, неколку години во Грција како талец, располгал со онакво добро воспитување какво што во Грција во тоа доба можело да се добие...“. (Не Грција туку Елада, Р.И.)

Во Атина службен не бил атичкиот туку јонскиот,со јонско писмо од Милет.

Овде е битно, зошто текстот од Пела (близу до гробницата на Филип) Еладците до денес маки мачат да го преведат, па носат светски лингвисти во Пела за да им помогаат, прашањето е следно: Ако Александар Македонски и татко му Филип Македонски биле Хелени и зборувале и пишеле на хеленски јазик, тогаш зошто овој текст не можат да го преведат ?

Текстот бил на јонски јазик, кој бил службен во Атина и во Македонија од времето на кралот Архелај, што било и кај Александар Македонски...Бидејќи тој повеќе не се говори во Атина туку само реформираните од коине (Александријски= Птоломејов јазик, само од 300-та г.п.н.е.), Еладците (тн.Грци) со тн.еладски јазици (катаревуса и димотики) повеќе текстот не можат да го

[252] Herbert George Wells, Историју света, 1929, Народно дело, Белград, стр. 176.

разберат. Јонското писмо било различно од она на Каменот Розета во Египет со битолски говор, одгонетнато од македонските автори.

„Во птоломејските, македонските и грчките управувачи нашле во Египет власт далеку поомилена и подносилива отколку што била и една од оние порани со кои се запозна откако го изгубиле самоуправнто царство. А повеќе изгледа дека Египќаните победиле политички и ги присоединиле Птоломејците, но дека Македонците управувале со Египет. Овде сега поново било појако египетското политичко појимување отколку покушувањето да се хеленизира управата. Птоломеј постанал фараон, боженски крал, а неговата управа го продолжила старото предание на Пепи, Тотомес, Рамзес и Неко. Александрија под врховниот фараонов надѕор имале устав и грчки градови. Атичкиот јазик постанал дворски и службен јазик. Грчкиот постанал наголемо општ јазик на воспитаниот свет во Египет, па тамошната еврејска заедница нашла за потребно својата Библија да ја преведе на грчки јазик, бидејќи повеќе не беа во состојба да го разбираат еврејскиот. [253] Атички грчки јазик низ повеќе векови пред и после Христа бил од Јадранот па до Персискиот Залив јазик на сите образовани луѓе“. [254]

Па атичкиот не бил „дворски и службен јазик“ туку коине, а во Атина и сета Елада службен бил јонскиот како кај Македонците: Архелај...Филип, Александар...

„Занимливо...А во светот од 300. година пред Христа немало ништо слично.

Александрија тек имала да ја создаде својата прва граматика и прв речник...“. [255]

[253] Како што немало ништо грчко, ништо немало еврејско- сириjски арамејски јазик бил тн. еврејски.
[254] Исто, стр. 193.
[255] Исто, стр. 195.

Следи коине бил само од 300-та г.п.н.е. Се потврдува, коине не бил атички.

„Латински јазик не располагал со доволно умни вредности, не опфаќал доволна оригинална книжевност...Јазикот, кој сака да се шири на сметка на другите, мора да биде неисцрпен извор на богатите дарови. Од тоа гледиште грчкиот јазик имал грдна предност над латинскиот. Кога настапило одвојување на источното од западното царство, грчкиот јазик поново зел замав на исток, те, мада под некако учмален вид, ги обновил хеленските преданија. Само, средиште на хеленизмот не била повеќе Грција туку Александрија. Менталитетот негов повеќе не одговарал на слободниот дух и говор на Аристотел и Платон...“. [256]

Па „слободниот дух и говор на Аристотел и Платон“ бил пишан на јонски.

„Наскоро се појавил друг голем учител, кого многу современи истражувачи го сметаат вистински основач на христијанството: Савле од Тарз или Павле. Изгледа дека Савле било еврејско, а Павле римско име. Бил римски граѓанин и изгледа дека бил човек со повисоко образовање, ама кадекаде со ограничен дух отколку Исус. Веројатно бил роден како Евреин. Додуше, некои еврејски писатели тоа го порекуваат. Секако многу учел кај еврејските учители. Бил добро упатен во александриското хеленско богословие, а се служел со грчкиот јазик. Некои истражувачи на класика најдуваат дека грчкиот јазик му бил доста несовршен. Тој не се служел со грчкиот јазик, како што се говорел во Атина, туку со александрискиот грчки, а со овој владеел лесно и потполно. Уште долго време пред но што слушнал за Исус Назареќанин, веќе работел како верски теоретичар и учител. Во приказните на

[256] Исто, стр. 284.

Новиот Завед се јавува отпочеток како жесток критичар и противник на назарените.“. [257]

Се разликуваат Александријски и Атински: првиот коине, а вториот јонски.

Во книгата на Херодот, предговор, делото на Херодот, се истакнува: „Во таа шема...Пред читателот се открива светот на древните цивилизации на Истокот и Западот, во кој авторот проникнува со незаситно љубопитсво, својствено на јонските Хелени, благодарение на кое Јонија дала многу гении во областа на науките...“.

„Од аспектот на уметничката вредност...Големо влијание врз Херодот извршило усното народно творештво, но бил и под влијание на јонската литературна традиција, и тоа на оној жанр, кој во антиката се викал ‘милетски раскази’...“.

„Новелистичкиот стил на Херодот...Авторот се одделува од јонската наука и зазема религиозен став..Што се однесува до јазикот, Херодот се јавува како претставник на јонскиот дијалект, уметнички стилизиран со додавање на старојонски елементи од Хомер, но и на други поетски изрази и понекои атицизми“.

Херодот пишел на јонски, со „жанр, кој во антиката се викал ‘милетски раскази’...“, но не атички на кого не се пишело (Лукиан)-се пишело на јонски и коине.

Лукијан од Самосата, „Како треба да се пишува историја“, напишана 165/6 година, под 21. вели: „И следнава грешка не е мала, па мислам дека заслужува да се одбележи. Историчарот просто се мачи да пишува на чисто атичко наречје, да го прочисти својот јазик, па нашол дека треба и римските имиња да ги преправи во хеленски...“. Па имало само хеленски јазик (коине) и атички говор, но ништо грчко.

---

[257] Исто, стр. 297.

Со наводот се потврдува, во Елада во II век во употреба бил само атичкиот говор, кој бил само варварски=пелазгиски=тн.Хомеров=тн.Платонов=тн.словенски.

Понатамо во римско време се пишело на пелазгиски=тн.словенски јазик. Ваков бил и Аријан (II век н.е.). Тој „Индиската историја“ ја напишал на јонско наречје, иако тој ги познавал коине и латински. Па коине немал врска со некаква Елада.

За време владеењето на Јустинијан државен јазик бил латинскиот, христијански коине и на јонски јазик се проповедало во Платонова академија во Атина. Неа Јустинијан како хеленска=повеќебожна на јонски јазик ја затворил во 529 година.

Следи јонскиот јазик во Атина се задржал во 529 година- коине бил христијански.

Кај К.К. Руф [258] пиши: „V-11: „А водачот на Грците Партон...Партон одговорил дека навистина сака да збрува со него, но насамо, без сведоци. Дареј му заповедал да му пријде поблиску без толкувач, зашто Дареј го знаел грчкиот јазик...“.

„Бес, иако не знаел грчки, но бидејќи совеста не му била чиста, верувал дека Партон го поткажал; кога преведувачот му го пренел кажувањата на Гркот, изчезнало секакво сомневање...“.

13: „Кога Александар слушнал дека Дареј тргнал од Екбатан...“.

„Дареј знаел грчки јазик и им благодарел на боговте...“.

Персискиот јазик бил од 515 г.п.н.е.,а Александрискиот коине од 300 г.п.н.е.

Јазикот за кого се говори бил јонскиот кого го познавал Дариј и други итн.

---

[258] Квинт Куртиј Руф, Историја на Александар Македонски, Патрија, Скопје, 1998, во Предговорот.

VI-9: „Тогаш кралот излегол пред собирот со душевна болка...“.

„Тогаш заповедал да биде доведен Филота, со врзани раце зад грбот...

Кога на Филота му било заповедано да зборува...Кога кралот го видел, му рекол: ‘Сега тебе ќе ти судат Македонците; те прашувам, дали ќе им се обратиш на мајчиниот јазик?’ Филота рекол: ‘Освен Македонци, овде има многу присутни, за кои сметам дека полесно ќе го разберат она што ќе го кажам, ако зборувам со истиот јазик со којшто се служиш и ти, верувам, не поради нешто друго туку за да го разберат повеќемина твојот говор’ Тогаш кралот рекол: ‘Еве, гледате ли, дотаму ли дошол Филота, та да се гнаси од мајчиниот јазик ? Имено, единствено тој презира дури и да го научи. Но нека зборува како што сака, а вие спомнете си дека тој подеднакво се отуѓил и од нашите обичаи и од нашиот јазик’. Тогаш го напуштил собирот“.

10: „Тогаш Филота рекол: ‘За невиниот е лесно да изнајде зборови...

Јас навистина не гледам за што сум виновен...

Сега ќе треба да се осврнам кон единствениот, вистински злостор...

И жими Херкула...Мене ми се префрла што одбивам да зборувам на мајчиниот јазик, дека сум се грозел од обичатите на Македонците.Значи, така јас се заканувам на кралството, со тоа што го презирам. Уште порано, оној родниот јазик беше напуштен во општењето со другите народи, па така победниците и победените требаше да учат еден туѓ, странски јазик...“.

Па се работи само за службен јонскиот јазик со јонско писмо и мајчин јазик.

Х.Џ.Велс [259] пиши: „И во источното царство настанало пореметување во просветниот поредок. Само што овде со тоа немало толку разлог на општесвен расул; тоа во прв ред била последица на верска нетрпеливост. Јустинијан ја затворил (годината 529.) атинската школа; меѓутоа, тој тоа го направил во прв ред од разлогот да ја ослободи сопарницата на новата школа која ја отворил во Цариград а која се најдувала под непосредно царево влијание...“.

Па токму Платоновата академија била Повеќебожна на јонски јазик, а Христијанството на христијанскиот јазик коине уште од времето на Апостол Павле.

Олга Луковиќ- Пјановиќ [260] Во Додатокот, За српското име и за староста на српскиот народ, наведува:

„Со тоа во врска напоменуваме, дека англискиот професор H.D.F.Kitto [261] ...“.

„За Херодот овој англиски историчар вели:

‘...тој (те.Херодот) ги сматра Грците во Јонија како варварски народ, кој е погрчен’ “.

Следи Хелените во Јонија биле варвари. Па варвари биле Македонците и др.

Јустин (II век по Христа) наведува: „Македонија...Emathia е...по народот пелазгиски“ (lib. VII. 1.1)“; „Македонците биле со потекло еден пелазгиски народ“.

## КОИНЕ (ТН.СТАРО-ГРЧКИ) ПРОИЗЛЕГОЛ ОД СТАРОЕГИПЕТСКИ

---

[259] Herbert George Wells, Историју света, 1929, Народно дело, Белград, стр. 313.
[260] Олга Луковиќ- Пјановиќ, Срби...народ најстарији, Белград, Досије, 1990- Интернет без страници.
[261] The Greeks, Made and printed in Great Britain, Edinburgh, 1951.

Бидејќи коине не постоел за време на Александар Македонски, тој бил создаден само по смртта на Александар Македонски. Со тоа што коине бил создаден во Александрија, кој го заменал староегипетскиот, коине произлегол само од староегипетски. Во спротивност коине во никој случај не можел да го замени староегипетски. Па службениот коине како староегипетски го разбирале во Египет итн.

Мартин Бернал [262] пиши: „Заедно со долготрајното сушење на Сахара... Сумерците како дојденци во Месопотамија од североисток, на почетокот на четвртиот милениум пред новата ера. Во секој случај, од најраните текстови кои биле напишани- текстовите од Урук од приближно 3000 години пр.н. е.- ние сега знаеме дека постоела прилично забележителна двојазичност во семитско-сумерскиот јазик“.

Х.Џ. Велс [263] вели: „Шишак веројатно ја покорил и Филистеја. Треба да се забележи дека од ова доба па понатаму Филистинците ја губат својата важност. Веќе го изгубиле својот критски јазик, те се служеле со јазикот на своите покорени Семити. Мада нивните градови се останувaат и понатаму помалку или повеќе независни, тие постепено се губат во општиот семитско население од Палестина“.

Се говори за Критски јазик кој бил тн.Хомеров како што бил и сумерскиот.

Мартин Бернал [264] пиши: „Во 1975 година...Започнав да фрлам поглед кон древната еврејска историја, и- бидејќи и самиот бев ставен на периферија- кон односите помеѓу Израилците и луѓето кои ги окружувале, особено Ханаанците и Феникијците. Отсекогаш знаев дека Ханаанците и Феникијците говореле на

---

[262] Мартин Бернал, Црна Атена, Табернакул, Скопје, стр. 17.
[263] Herbert George Wells, Историју света, 1929, Народно дело, Белград, стр. 130.
[264] Мартин Бернал, Црна Атена, Табернакул, Скопје, стр.3.

семитски јазици; но беше прилично голем шок кога открив дека хебрејскиот и феникискиот јазик биле меѓусебно разбирливи јазици, како и дека сериозни лингвисти ги сметале за диалекти на еден единствен ханаански јазик.

Во текот на овој период, јас започнав да го проучувам хебрејскиот јазик и го открив она што наликуваше на голем број очигледни сличности помеѓу него и грчкиот...сега согледувам дека хебрејскиот/ханаанскиот не бил само јазикот на некое малечко племе, изолирано во планините на Палестина, туку дека бил говорен јазик ширум целиот Медитеран- секаде каде што Феникјците пловеле и се населувале.

Затоа, не гледав причини зошто големиот број битни зборови со слична звучност и со слични значења во грчкиот и во хебрејскиот- или барем огромното мнозинство од зборови кои немале индоевропски корени- не би биле позајмени од ханаанскиот/феникијскиот во грчкиот јазик“.

„Долго време, а впрочем и сосема оправдано, Евреите и Фениките биле разгледувани како взаемно тесно поврзани народи и култури. Долго пред дешифрира њето на феникиското писмо од страна на Бартелеми кон средината на 18 век, определени учени од типот на Семјуел Бохарт, кој живеел и работел еден век порано, биле убедени дека јазиците со кои се служеле Евреите и Феникјците всушност претставуваат наречја на еден ист јазик...“. [265]

Х.Џ. Велс [266] пиши: „Да би сфатиле...Мислиме дека не може да биде никаква сумливост за тоа дека на Еврејството му пристапиле по средоземните краишта растурените Феничани чиј јазик бил блиско сроден со еврејскиот, и кои услед овие промени останале без политички права...“.

---

[265] Исто, стр. 218.
[266] Herbert George Wells, Историју света, 1929, Народно дело, Белград, стр. 286.

За Алдо Масо, во неговата книга „Феникијците“, тие ги славеле боговите од горaта Олимп, со главен бог Зевс. Брајер и др. пишат: „Овде биле најзанимливи приказните за боговите и хероите. Овие легенди, чиј средишен лик бил Гилгамеш, мошне многу потсетувале на Хомеровите епови“. Според Косидовски, феничките религиозни епови живо потсетувале на Хомер. Ова се потврдува и со Полибиј, според кој, во договорот за сојуз склучен 215 година меѓу Ханибал и Филип V боговите на Картагинците имале пелазгиски имиња (Зевс, Хера, Аполон, Дајмонот на Картагинците, Херакле, Арес, Тритон, Посејдон, Хелиос, Селена, Геја и други). Текстот бил буквален превод на пунски текст од договорот. Следи само едно: Пелазги.

Староегипетскиот јазик бил дворасен на Белци (Пелазги) и Црнци (Семити), кои живееле во Египет и Месопотамија Сумери белци со закосени очи како Египќ аните со Акадци „црноглави странци“. Како староегипетски дворасен бил сиријскиарамејски јазик. Од арамејски бил новоперсиски од 515 г.п.н., а од староегипетски коине од 300 г.п.н.е.Следи реформирање староегипетски и бил создаден коптски јазик со кого говореле фараоните пред да биде вклучен староегипетски јазик. Бидејќи Египтјаните и Сумерите имале исто потекло од Левантот, тие биле еден ист бел народ со ист јазик. На нивните простори се појавило еврејството со арамејски јазик.

Х.Џ.Велс [267] вели: „Во текот на својот победнички поход Арапите дошле во допир со грчката книжевност. Во прв замав, додуше, се запознале само преку сириските преводи на грчките писатели...Аристотеловите дела им биле пристапни, било во грчки оригинал, било во сириски преводи...“.

[267] Herbert George Wells, Историју света, 1929, Народно дело, Белград, стр. 352.

Од сирискиот произлегол арапски, а старо-египетски коине. Па дворасни биле сиријскиот арамејски и старо-египетски јазик: исто дворасни се коине и арапски.

Харолд Ламб [268] пиши: „Веќе имал средство за општење со луѓето; [269] грчкиот јазик кој со општопознатиот трговски говор коине што го разбирале на исток сè до Вавилон. Од Вавилон на исток персискиот, јазикот на судовите и на трговските центри,било општо средство за општење.А научниците што ја придружувале војската откриле сличности меѓу двата јазика. Сега веќе македонските водачи го употребувале грчкиот јазик во секојдневните разговори. Некои помлади офицери како Певцест брзо го совладале персискиот. Тие можеле да читаат авеста, светото писмо на јазикот Зенд или староперсиски, кое раскажувало за вселенските битки меѓу две сили, оние на доброто и на злото, во кои секој поединец морал да се бори за спас...“.

„Во Егбатан Александар отпрвин дозволувал да му се обраќаат луѓето од исток во ‘Велики крал, Единствен крал меѓу многуте- Крал на сите земји на светот.’ Некој му рекол дека таа титула е изрезбарена на некоја жолта карпа недалеку од Егбатана, по наредба на првиот Дариј, а овде Бехистан е напишана на светскиот јазик Зенд“. [270] Јазикот коине бил Птолемејов,сличен на дворасниот новоперсиски јазик- тој настанал само од арамејскиот- употребуван во Вавилон- и староперсискиот јазик.

„Грчкиот јазик станал јазик на дворецот на наследниците, заменувајќи го македонскиот дијалект, како што коине станал жаргон на трговците, така што како што минувало времето наследниците се стремеле да станат владетели на одделни држави, поврзани со грчката култура која ќе се издигне над азиската.

---

[268] Харолд Ламб, Александар Македонски, Култура, Скопје, 1989, стр. 274.
[269] Коине бил само по смртта на Александар-првите две книги на Курт Руф се на Ј.Френсхајм-17 век.
[270] Исто, стр. 275.

Македонскоиранската фузија кон која се стремел Александар незабележливо се менувала во грчко-азиско општество,доминирајќи во она што е познато како елинистички свет“. [271]

Коине „станал јазик на дворецот на наследниците“, што било само по смртта на Александар Македонски, „заменувајќи го македонскиот дијалект“. Токму на Каменот Розета во Египет е ист текст со хиероглифите, коине и македонскиот говор.

Па „Македонско-иранската фузија“ била и со јазикот: новоперсиски и коине.

Двата јазика биле дворасни, на Белци и Црнци. Во Египет со Месопотамија живееле двете раси: белата и црната. Прво се пишело одвоено, па заедно. Конечно биле составени дворасни јазици: сирискиот арамејски јазик и староегипетски јазик. Мартин Бернал [272] пиши: „Четири години работев долж овие насоки и останав уверен дека дури една четвртина од грчкиот вокабулар би можела да има семитско потекло. Ова, заедно со 40-50 проценти кои се чинеа како индоевропски, сè уште не нудеа објаснување за една четвртина до една третина на грчкиот вокабулар. Се двоумев дали овој несведлив дел конвенциално да го гледам како ‘Прехеленски’ или да постулирам некој трет надворешен јазик, анадолски или-како што претпочитав- хуриски. Меѓутоа, кога погледнав на овие јазици, тие ми понудија речиси никаков ветувачки материјал. Дури во 1979, кога фрлив поглед низ еден примерок од Коптскиот етимолошки речник на Черни, јас се здобив со можност да извлечам извесен смисол од доцноантичкиот египетски јазик. Речиси веднаш, јас сфатив дека ова беше третиот надворешен јазик. Во рок од неколку месеци, јас станав убеден дека на преостанатитите 20- 25 проценти од грчкиот вокалубар би можел да пронајдам веродостојни етимологии од египетскиот

[271] Исто, стр. 421.
[272] Мартин Бернал, Црна Атена, Табернакул, Скопје, стр. 4.

јазик, исто како и за имињата на најголемиот дел од грчките богови и за многу топоними. Ставајќи ги заедно индоевропските, семитските и египетските корени, јас сега верувам дека- со понатамошно истражување- би можело да понудиме веродостојни објаснувања за 80 и 90 проценти од грчкиот вокабулар, што е пропорција која е висока во однос на присутните надежи за било кој јазик. Затоа, сега воопшто не постоеше потреба од 'предхеленскиот' елемент".

„Сепак, ситуацијата го добива својот најекстремен облик во областите на јазикот и имињата. Почнувајќи од 1840-тите, индоевропската филологија, или проучување на односите помеѓу јазиците, беше јадрото на Аријскиот модел. Тогаш, како и сега, проучувачи на индоевројаните и на грчката филологија исклучитечно се противеа на согледувањето било каква врска помеѓу грчкиот јазик- од една странаи египетскиот и семитскиот, двата главни неиндоевропски јазици од античкиот Источен Медитеран, од друга страна. Нема сомневање дека доколку египетскиот, западносемитскиот и грчкиот јазик беа јазици на три значајни соседни племиња во современиот Трет Свет, би постоело обемно компаративно проучување, после кое најголемиот дел од лингвистите би заклучил дека тие можеби имаат прилично далеку сродство едни со други, но и дека со сигурност се одвивале значителни лингвистички и веројатно други културни позајмувана помеѓу трите народи. Меѓутоа, со оглед на длабоката почит која се чуствува кон грчкиот и еврејскиот јазик, ваквиот вид на сирова комаративна работа се смета за несоодветна". [273]

Се наведува врската на староегипетскиот со македонскиот коине (тн.грчки).

„'Лабиовелари во семитскиот и грчкиот' е темата на деветтото поглавје. Лабиовелари се звуци како 'qu-',во кои велар

[273] Исто, стр. 13

(заднонепчена согласка) како ‘k’ или ‘g’ е следен со правење на кружен облик на усните или ‘w’. Во основа е прифатено дека такви звуци постоеле во прото-индоевропскиот, но не постои општо признавање дека ова било случај со прото-семитскиот. Сепак, лабиовеларите се вообичаени ширум останатиот дел од афроазиските и семитските јазици во Етиопија.Во ова поглавје,јас тврдам дека во многу аспекти е далеку покорисно да изведеме реконструирање на прото-семитскиот врз основа на некои јужно-етиопски семитски јазици наместо од арапскиот, како што денес се прави. Особено, јас тврдам- врз основа на доказ од самите овие јазици- дека азискиот семитски имал лабиовелари, а западносемитскиот ги задржал длабоко во вториот милениум пр.н.е. Бидејќи е општо прифатено дека грчките лабиовелари биле отфрлени во текот на средината од тој период, јас тврдам дека некои позајмувања од семитскиот во грчкиот биле изведени кога и двата јазици имале лабиовелари, некои откако грчкиот ги отфрлил, но западносемитскиот сè уште ги задржувал, а некои откако изчезнале и од двата јазика.

Затоа, постулирајќи значителен контакт помеѓу западносемитската и грчката култура пред отфрлувањето на лабиовеларите-односно, пред средината на вториот милениум пред Христос- ние можеме да разрешиме бројни необјаснивни приблеми во грчката етимологија, кои не можат да бидат објаснети на друг начин. Тоа го отсликува и фактот дека Ревидираниот антички модел може да оствари мошне подобри резултати со помош на употребувањето на изобилниот грчки материјал, заради потпомагање на реконструирањето на раните облици во египетскиот и семитскиот“. [274]

„Десеттото и единаесеттото поглавје разгледуваат лингвистички позајмувања од западносемитскиот и од египетскиот, а овде ќе дискутирам за двете поглавја заедно. И во двете, направени се некои осврти кон синтаксата или редоследот на зборовите, како во

[274] Исто, стр. 44.

примерот со сличните употреби на определениот член во доцниот ханаански- феникијскиот и хебрејскиот- од една страна, и грчкиот јазик од друга страна.На други места е земена предвид морфологијата или модификувањето на зборовите; но најголемиот дел од поглавјата е посветен на проучувањето на лексички позајмувања или позајмени зборови". [275]

„Ова позитивно мислење, како и истрајното убедување дека грчката култура дошла од Египет и Феникија, се преобрази во едно ново, немистично учење. Во 1763 година, блескавиот опат Бартелеми, кој ги дешифрираше палмирскиот и феникијскиот јазик, поднесе статија под наслов 'Општи размислувања за односите меѓу египетскиот, феникискиот и грчиот јазик'. Во таа статија, негова прва точна претпоставка, за која се потпираше врз Кирхер- за чие дело инаку сметаше дека е фантастично- беше дека коптскиот јазик е облик на староегипетскиот. Тој го препозна и јазичното семејство кое подоцна ќе го понесе името 'семитско', а кое тој го нарече 'феникиско'. Врз тие две основи, тој утврди дека египетскиот, иако не е семитски јазик, стои во врска со семитското семејство. Вистина е дека некои од неговите лексички докази денес може да се покажат како погрешни, затоа што одредени коптски зборови се должат на позајмувања од семитскиот во доцниот египетски. Меѓутоа, никаква забелешка не може да им се упати на главните насоки на неговиот аргумент, кои се повикуваат на сличностите меѓу изговорот и граматичките обележја. Во таа смисла Бартелеми е пионер на она што денес би го нарекле афроазиски студии". [276]

Се наведе: „...статија под наслов 'Општи размислувања за односите меѓу египетскиот, феникискиот и грчиот јазик'...".

„Бартолеми признава дека не може да согледа такви паралели меѓу коптскиот и грчкиот јазик. И покрај тоа, тој верувал во египетско

[275] Исто, стр. 45.
[276] Исто, стр. 112.

колонизирање и цивилизирање на Грција и сметал дека е ‘невозможно во таа размена на идеи и стоки египетскиот јазик да не учествувал во образивањето на грчкиот’. Потоа нуди список на етимологии од египетски на грчки јазик, од кои неколку-на пример коптското hof, демотското hf [277] во грчкото ophis (змија)- и денес се чинат како веродостојни“.

Се потврдува, само во Александрија коине произлегол од староегипетскиот.

Бидејќи „не може да согледа такви паралели меѓу коптскиот и грчкиот јазик“, се потврдува, староегипетски и коине биле дворасни јазици на Белци и Црнци, а коптски и црковни јазик биле реформирани без семитски (црнечки) зборови.

„За оваа восприемена нееднаквост меѓу двете ‘изворни раси’...Бунсен, сметајќи дека неговата рамка одговара на новите информации од делото на Шамполион, гледа неспорни врски меѓу египетскиот и семитскиот и значајни врски меѓу нив и индоевропскиот“. [278]

Следи староегипетскиот имал врска со семитскиот и индоевропскиот. Значи, со јазикот на белата и црната раса- од него произлегол коине. Со тоа што Шамполион го одгонетнал текстот со коптски јазик, египетскиот јазик бил и на Белци.

Или инаку кажано, староегипетски и коине биле дворасни, а коптски и црковниот како реформирани староегипетски и коине само еднорасни пелазгиски јазици.

Па токму арамејскиот и староегипетскиот биле пелазго-семитски јазици.

---

[277] Демотското било македонско, со битолски говор.Па коптскиот и македонскиот биле едно те исто.
[278] Исто, стр. 160.

Античките автори, кои пишеле за Александар Македонски, не го познавале коине (тн.старо-грчки)- тој до денес се изговара на македонски коине=којне, споредено со Дуден (1971...), каде стои: кој не. Еве го македонскиот доказ: Се прашувакој дојде ? Се одговата- кој не дојде, со значење, сите дојдоа. И следи кој не до денес означува на македонски, на мојот мајчин и татков брсјачки говор- сите. Токму тоа сите означува општо, заедничко, за употреба за сите. Птоломеите биле Македонци со битолски говор со кого бил напишан Каменот од Розета- Египет а и другите.

Единствено отстапување имало само кај Квинт Куртиј Руф, чиј најстар манускрипт бил само од IX век, а книгата била печатена во XV век. За јазикот коине дека постоел за време на Александар било дело на еден фалсификат во XVII век.

Бидејќи во книгата на Квинт Куртиј Руф недостасувале првите две книги, тие две книги биле германски фалсификат: „прво издание со суплементите на Френсхајм излегува 1648 година во Страсбург а уште едно такво издание се печати во 1670 година...“. Во прилог се наведува и најбитниот доказ: Македонците во Пакистан, Ханзите и Калашите, со својот бог Арес, кој бил бригиски=брсјачки, не говорат коине, туку на јазик, јазикот на Бригите со мноштво денешни брсјачки збора и традиции.

Се заклучува, коине за време на Александар Македонски не постоел. Ова се потврдува и со доказот што јазикот на Хомер, Тукидид, Платон... немал врска со коине. Еве најбитен доказ- Хомер пишел на словенски јазик (германски лингвист Пасов- 1815, еладски лингвист Чулкас- 1907...), а Илијада за прв пат на коине била преведена во Александрија само во 3 век п.н.е., што важело за сите дела на наведените автори Хомер...Платон... Според Х.Џ.Велс, Апостол Павле го познавал коине, но не службениот јазик на Атина итн. Па кој бил тој јазик коине ? Во Египет службен бил староегипетскиот. Тој бил заменет со коине. За староегипетски да биде заменет од коине, коине морал да произлезе од него, инаку

тој би бил претежок за употреба, и коине не би можел да биде разбирлив како што бил староегипетски.

За време на Александар Македонски немало коине, туку службениот јонски.

Х.Џ. Велс [279] пиши: „Филип бил старински крал, половина крал, половина водач, прв меѓу своите војводи, од стариот северно-ариски тип...Ако народот и бил малку едноставен, државната управа била и умна и подвижна. Дворскиот јазик низ неколку нарастувања бил атички (атински) грчки. Тој двор бил во доволна мера просветен да би можел да даде склоништа и да им пружи забава на великаните, каков што бил Еурипид, кој таму умрел 406. пред Христа, и уметникот Зеуксис...“.

Во Атина службен не бил атичкиот туку јонскиот,со јонско писмо од Милет.

Овде е битно, зошто текстот од Пела (близу до гробницата на Филип) Еладците до денес маки мачат да го преведат, па носат светски лингвисти во Пела за да им помогаат, прашањето е следно: Ако Александар Македонски и татко му Филип Македонски биле Хелени и зборувале и пишеле на хеленски јазик, тогаш зошто овој текст не можат да го преведат ?

Текстот бил на јонски јазик, кој бил службен во Атина и во Македонија од времето на кралот Архелај, што било и кај Александар Македонски...Бидејќи тој повеќе не се говори во Атина туку само реформираните од коине (Александриски = Птоломејов јазик, само од 300-та г.п.н.е.), Еладците (тн.Грци) со тн.еладски јазици (катаревуса и димотики) повеќе текстот не можат да го разберат. Јонското писмо било различно од она на Каменот Розета во Египет со битолски говор, одгонетнато од македонските автори.

[279] Herbert George Wells, Историју света, 1929, Народно дело, Белград, стр. 176.

„Во птоломејските, македонските и грчките управувачи нашле во Египет власт далеку поомилена и пододнослива отколку што била и една од оние порани...

Александрија под врховниот фараонов надѕор имале устав и грчки градови. Атичкиот јазик постанал дворски и службен јазик. Грчкиот постанал наголемо општ јазик на воспитаниот свет во Египет,па тамошната еврејска заедница нашла за потребно својата Библија да ја преведе на грчки јазик, бидејќи повеќе не беа во состојба да го разбираат еврејскиот. [280] Атички грчки јазик низ повеќе векови пред и после Христа бил од Јадранот па до Персискиот Залив јазик на сите образовани луѓе“. [281]

Македонскиот коине (тн.грчки) не бил атички туку Александријски двorasen јазик на Белци и Црнци- тој произлегол од дворасниот староегипетски. Бидејќи првите книги на Библијата биле на сиријскиот арамејски јазик, кој исто бил дворасен, Евреите во Александрија без тешкотии се префрлиле на дворасниот коине.

Бидејќи коине бил јазик на образованите и во трговијата тој не бил народен.

„Занимливо...А во светот од 300. година пред Христа немало ништо слично.

Александрија тек имала да ја создаде својата прва граматика и прв речник...“. [282] Следи коине бил само од 300-та г.п.н.е. Се потврдува, коине не бил атички.

„Латински јазик не располагал со доволно умна вредност, не опфаќал доволна оригинална книжевност и наука...Само средиштето на хелинизмот не била Грција туку Александрија.

[280] Како што немало ништо грчко, ништо немало еврејско- сиријски арамејски јазик бил тн.еврејски.
[281] Исто, стр. 193.
[282] Исто, стр. 195.

Менталитетот негов повеќе не одговорал на слободниот дух и говор на Аристотел и Платон...“. [283]

Херодот...Платон, Аристотел... пишеле на јонски јазик- тогаш немало коине.

„Наскоро се појавил друг голем учител, кого многу современи истражувачи го сметаат вистински основач на христијанството: Савле од Тарз или Павле. Изгледа дека Савле било еврејско, а Павле римско име...Бил добро упатен во александриското хеленско богословие, а се служел со грчкиот јазик. Некои истражувачи на класика најдуваат дека грчкиот јазик му бил доста несовршен. Тој не се служел со грчкиот јазик, како што се говорел во Атина, туку со александрискиот грчки, а со овој владеел лесно и потполно...“. [284]

Се потврдува, Александријскиот коине немал врска со Атина, ниту Атика...

Херодот, Тукидид, Платон...пишеле на јонски. Па нивните дела само во Александрија, и тоа само по 300-та г.п.н.е., биле преведени на хеленскиот јазик коине.

„Во светската историја ликот на царот Константин...Бил сразмерно слабо образован. Грчки знаел малку или никако...“. [285]

Се потврдува коине и латински биле службени, а народен само пелазгиски.

„Изгледа дека Константин...а бидејќи слабо знаел грчки, се задоволил со тоа да прати гестовите, расположението и нагласокот

[283] Исто, стр. 284.
[284] Исто, стр. 297.
[285] Исто, стр. 303.

на поедини говорници...збунет им се врти на толкувачите да ги праша од што тоа се подигнала толкава граја“. [286]

„Западноевропските писатели...обемот на источното царство во шестиот век, па ако уз тоа се има на ум дека таму најпосле грчкиот јазик постанал службен државен јазик, ќе му биде јасно дека тоа е само по име бил отцепен дел на римското царство. Всушност ова е хеленско царство, за кое некогаш сонувал Херодот, а кое Александар Велики го основал. Додуше, тоа царство се викало ‘римско’, а неговите жители се нарекувале ‘Римјани’, какогод што уште и денес новогрчки се назива ‘ромејски’. Исто така е точно дека Константин Велики не знаел грчки, и дека Јустинијан го говорел со туѓ нагласок...ова држава била хеленска...“. [287]

Службен јазик бил латински, а црковен јазик коине. Коине само потоа станал и државен јазик. Народен јазик бил варварски=пелазгиски=тн.словенски. Таков народен јазик имале и Константин...Јустинијан... Варварски пиши Приск, Прокоп...

„Додека на запад...Ќе биде дека и во Јустинијановите жили, како и во Константиновите, течела словенска крв...“.

Се потврдува, преселби на Словени на Балканот биле само едно: 100% лага.

Х.С-Вотсон [288] пиши: „Сега, значи, постоела грчка држава, ама тек валјало да се создаде грчка нација. Тој процес веќе го попречувала поделата на традоционалисти и западњаци. Понатаму комликациии искрснаа околу прашањето на јазикот.

Кораис наметувал да создаде нов јазик...“.

[286] Исто, стр. 305.
[287] Исто, стр. 314.
[288] Hugh Seton-Watson, Nacije i države, Globus / Zagreb, 1980, стр. 124.

Кораис во Парис го реформирал македонскиот коине и од него создал нов јазик катаревуса-тој во Елада станал службен од 1868 година.Па без еладски народ.

## РИМЈАНИТЕ КАКО ХЕЛЕНИТЕ И МАКЕДОНЦИТЕ БИЛЕ ПЕЛАЗГИ

Хеленизацијата била по смртта на Александар Македонски со Александрија.

Во Ларуса [289] се наведува: „Рим мора да се прилагоди на ситуацијата настаната со освојување...Меѓутоа, нарочито големо влијание на Рим врши хеленската култура и хеленистичката монархија. Хеленизмот продира во римското општество во време на војни кај градовите на Велика Грција, Сицилија и најпосле кралството Сиракуза паѓаат под римска власт. Од тој допир настанува латинска кнежевност која одма ја усвоиле книжевните родови на класичната Грција. Лив Андроник ја преведува Одисеја и трагедии; Ениј составува историја на Рим во епски стих, а Плаут ги забавува своите современици со комедии испирирани со грчкото позириште. Во тоа доба во Рим се вовлекуваат грчките богови и култ на мистерии.

И така уште пред но што тргнал во освојување на хеленистичкиот свет, Рим веќе бил прожет со хеленизам“.

„Хеленизација на римскиот свет. Резултат на римското освојување на хеленскиот свет е хелинизација на римскиот свет. Оттогаш настанува мошне богата мешавина на грчко- латинската цивилизација која создава духовна снага- темел на обединување на

---

[289] Opšta enciklopedija LAROUSSE,Paris 1967-za Jugoslavija Vuk Karadžić,Belgrad,1973,том 3,стр. 262.

медитеранските народи со Рим, покрај нивните етнички, политички, општствени, економски и културни разлики...“. [290]

„Неизбежна хеленизација. • След кризата настаната во текот на втората пунска војна сè повеќе се продлабочувува јазот измеѓу Грција и Рим. Ама, таквата ситуација не постоела и порано, како што сакаат да не уверат латинските историчари и моралисти: од самиот почеток Рим ја вдишува климата на хеленизмот- клима на класичната грчка цивилизација. Би можело да се рече дека Рим е најхеленизиран негрчки град на Италија. Негативниот став на Рим спрема хеленизацијата е предизвикан со борбата против ориенталнот град Картагина, против Ханибалд, ученикот на грчките стратези, како и одметништвото на грчките сојузници на Италија. Иако победник, Рим можел да се лути само на хеленизмот, ама не можел да се одрече.

Тој постанал престолница на хеленистичкиот свет. Го наследил Александар со тоа што го презел неговиот идеал и ги победил варварите.

• Две личности се носители на преобразбата: Катон...Со Скипион Емилијан победиле тезите на неговиот голем по очи, Скипион Африканец Стариот. Овој век навистина Скипионов век и претставува сретнување на римските аспирации и хеленистичкото сфаќање на светот оправдувајќи ја на тој начин превласта на Рим...“.

„Книжевност и уметност. Начинот на живот на старите Римјани може да се окарактерзира како мошне аристократски. Терминот улјудност (урбанитас) од зборот урбс, или како што ние кажуваме ‘цивилизираност’ или ‘цивилизација’ од зборот цивис, би бил сликовит израз за дух и начин на живот на тоа доба. Книжевноста и уметноста кои ги помагале званичните заштитници, меѓу кои бил најславниот Мецен (околу 69- 8. пред н.е.), повеќе допринесувале

[290] Исто, стр. 268.

на разубавување на градот, профинување на неговиот дух, туку што стоело во служба на императорот. Веќе ја споменавме архитектурата, вајарството и применетата уметност. До нас допрело едно име на архитект Витрувиј, ама не може да се порече дека постои царска уметност која по својот карактер е монументална и стои во служба на државата. Во обласnа на литературата, учител, како Квинтилијан (I век н.е.), предава методи на реторика кои достигнуваат врв со Плиниј Помладиот (Панегирик на Трајан, 100), или со Фронтон (II век) [Пофалба на димот и правот]. Позориштето изчезнало и е заменето со грубите видови на уметност, циркуски игри, а кога нив ги нема, тогаш со мима или пантомима. Иако филозофијата, од Сенека до Марко Аурелиј, има неколку славни имиња, романот и историјата ги надминала. Сатирикон (Петрониј, I век н.е.) или Златно магаре (Апулеј, II век), и денес се романи кои одушевуваат. Од Тит Ливиј (59. пред н.е.- 17. н.е.) до Светониј (II век), историјата во својот развој постигнува висок степен. А за време на најголемиот римски историчар Тацит (околу 55. до 120) достигнува врв. [291] Напротив, поезијата наголемо е во служба на владетелите. Тоа нарочито е случај со Вергилиј (70.- 19. пред н.е.), Хорациј (65.- 8. пред н.е.), и Овидиј (43. пред н.е.- 17. н.е.), чии дела ја подржуваат царската политика на почитување на верските и националните традиции, фалејќи ги старите легенди и римската побожност. Тоа не е случај со поезијата на општествените сатири со која во I век н.е. нарочито ја прославил Јувенал (околу 65/- 128. н.е.). Уметниците допринеле градот и градскиот живот да постанат попривлечни. Тие се столбови на таа цивилизација на угледни граѓани ама,неа ѝ била

[291] Прв кој посумњал за постоењето на Тацит бил Волтер, додека Хартиус уште 1709. година тврдел дека „Германија“ настанала во средниот век. Секоја историска литература ги споменува само царевите на Светоторимско царство на германската нација, при што треба да се заприметi дека звањето Rex Germaniae прво го прифатил Максимилјан I 1508. година (Л.Г.Гајзе). Во 18. век многу посумњале во оригиналноста на Германија, како што бил Bekker од Раценбург, додека Грим и Ебел тврделе дека ја напишале калуѓери по наредување на Фридрих II, итн.

попотребна многу поширока основа од онаа која ја создала заинтресираното малцинство. Било во империјата а нарочито во Рим, на сиромашниот свет и мошне многу робови кои не уживале благодети на оваа цивилизација. Исто така било и со пролетерите од внатрешноста, кои ги називале селани и ‘варвари’ “. [292]

Видливо е дека римската книжевност била наследство на хеленската- коине.

Наспроти граѓаните со латински,било селството со народен-варварски јазик.

Ако би имало латински јазик, за него мора да има траги пред 240 г.п.н.е. кога не Латинот и Римјанот туку само Греикот Лив Андроник од коине преведувал...

Ларуса [293]: „Латини и Римјани. Тиренците со градска цивилизација ги запонале своите соседи и вазали. Така малиот латински народ со индоевропски јазик...“.

Бидејќи Индијците биле темни, Европјаните бели, јазикот бил на Белците.

Хеленскиот јазик коине бил дворасен на Белци и Темни. Ова говори, дворасен јазик. Негов наследник бил латинскиот јазик, и затоа и тој бил дворасен јазик.

Улрих Вилкен [294] пиши: „Влијанието на Александар за ширењето на грчката култура не беше ограничено само на Исток.Победоносниот марш на елинизмот кон Запад не треба да се сфати надвор од неговото животно дело. Иако тој не ги спроведе

---

[292] Исто, стр. 273.
[293] Opšta enciklopedija LAROUSSE,Paris 1967-za Jugoslavija Vuk Karadžić,Belgrad,1973,том 3,стр. 250.
[294] Улрих Вилкен, Александар Македонски, Мисла, Скопје, 1988, стр. 340.

своите последни планови, кои беа насочени кон Запад, [295] сепак со поставувањето на основата за светското ширење на грчката култура во неговата Источна империја, Александар создаде услови за нејзината експанзија и кон Запад, надвор од политичките граници на своето кралство. Дури и пред неговото време, грчката култура направи извесна експанзија подалеку на Запад; но освојувањето на Рим од елинизмот- а тоа е она што е вредно во историјата на светот никогаш немаше да заземе место какво што го имаше, без да се создадат услови за тоа. Бидејќи во периодот на кралевите на Рим беа преземени многу елементи на грчката култура преку грчките градови во Долна Италија, прво азбуката, потоа култот на боговите, уметноста и некои законски норми- сепак тоа беше само капка во споредба на широкиот поток, со кој во голема мера од средината на третиот век пред н.е. грчката култура го засени римското општество. Почетокот на овој процес започна во 240 година, една година по победоносниот крај на Првата пунска војна, кога грчкиот слободњак Ливиус Андроник од Тарентум првпат направи латински превод на грчко уметничко дело за римските игри. Има две работи карактеристични за Рим во оваа смисла. На прво место тоа беше Сенатот по чии наредби беше изведено делото.

Многу значајно е да се одбележи дека овој чекор дојде официјално од власта. Ако се знае дека тоа беше Сенатот кој пред дваесет години ги иницира сребрените пари со кои ја воведе римската трговија во елинистичката трговска зона, многу е значајно што истиот Сенат сега го нареди изведувањето на грчкото дело. Тоа го оправдува постоењето на програмата, за културата, паралелно со еконимската програма.

Сега се бараше спојување со елинистичкиот свет преку интелектектуалната сфера.

---

[295] Александар Македонски се залагал за на Исток-на Запад кај Куртиј Руф,од 9 век, печатена 15 век.

Затоа изгледа легитимно да се каже дека елинизирањето на Рим го пресоздаде животното дело на Александар. Ако грчката култура не постигнеше широка светска позиција, Сенатот немаше да согледа и да ја воведе во Рим.

Второ, тоа беше највисок дострел кога беше направена грчка претстава на латински јазик. За идната историја на Европа тоа беше важен момент што Римјаните, откако ја презедоа грчката литература, го прифатија латинскиот, односно својот мајчин јазик.[296] Оваа независност што Римјаните ја задржаа против странската култура ги разликуваше од ориенталските народи, а одговара на нивната силна и горда национална самосвест, во што лежеше тајната на нивната извонредна моќ. Но, бидејќи од почетокот грчката поезија се задржа на латински, латинската проза сè уште не беше развиена и првите имитации на грчката прозна литература во Рим беа на грчки јазик. Првиот Римјанин кој имаше намера да напише римска историја, Фа биус Пикторримско копие на Берос и Мането- на крајот од третиот век го напиша своето дело 'Летопис' на грчки јазик, а така направија и неговите следбеници. Като постариот во вториот век беше првиот кој состави латинска историја во своето дело 'Оригиналност'. Оттогаш па наваму Римјаните ја пишуваат својата проза само на латински јазик".

Се потврдува, латински не бил народен туку само службен-тој бил нов јазик.

„Овде не е местото да се опише како оваа елинизација, свечено воведена од Сенатот, претставник на владеачката аристократија, силно се прошири во римското општество во наредните векови, особено во кругот на Скипиосите во вториот век.

Треба само да се каже дека во јазикот, како и во другите работи, а особено во уметноста, Римјаните наспроти целата елинизација,

---

[296] Римјаните говореле само варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик. Латински бил службен-мртов.

постојано го бранеа својот посебен карактер, така што резултатот беше грчко-римско мешање, чиј квалитет, иако определен од грчкиот составен дел, сепак поседуваше еден специфичен римски тон. Кај Цицерон и поетскиот круг на Август ова грчко-римско мешање на културата постигна дострел што ја издигна многу повисоко од декадентната грчка култура во тоа време. За целиот тек на подоцнежната европска историја до денешен ден, беше огромна важност што Римјаните постојано постигнуваа успех во ширењето на оваа грчко-римска култура на Запад од континентот, особено во Шпанија и Галија. Тие го поставија темелникот на романските нации и нивната култура и одлучија латинскиот да биде јазик што ќе се употребува на Запад,како што беше грчкиот на Исток.

Треба да се одбележи и тоа што грчко-римската култура која разви една грчко- римска уметност на почетокот на империјалната епоха, имаше втор ефект на Исток сега под римска власт, особено во Сирија, каде што Римјаните изградија големи згради во Балбек и Палмира. Суштествената независност и важноста на оваа грчкоримска мешана култура присилува да се прекине елинистичкиот период со Август, а со него и да почне една нова епоха на древната историја, а тоа беше Римската империја“.

Латинскиот бил наследник на коине, па до „грчко- римска мешана култура“.

Плутарх, [297] за Марко Тулиј Цицерон, под I-4, пиши: „Аполониј, кажува, не разбирал латински јазик, па Цицерон го замолил една беседа да ја одбеседи на хеленски јазик. Тој мошне радо го послушал, оти мислел дека на тој начин исправувањето ќе биде полесно. Кога беседата ја завршил, слушателите се зачудиле и застанаа меѓусебно да се надметнуваат во пофалби. Ама Аполониј, кој внимателно го слушал, после неговото предавање се замислил

[297] Плутарх, Славни ликови I, Матица српска, Нови Сад, 1990, стр. 206.

и долго време седел молчејќи, а кога Цицерон поради тоа се чуствувал готово навреден рече: ‘Тебе, Цицероне, те пофалувам и ти се дивам, ама Хелада ја жалам поради нејзината судбина, гледајќи како едината слава што преостанала ти ни ја пренесуваш на Римјаните: образованост и речитост’ “.

Се наведе: „Аполониј, кажува, не разбирал латински јазик“.

Следи латинскиот не бил народен јазик туку само службен, а и денес мртов.

Мноштво римски императори биле со балканско потекло. Такви биле Диоклецијан, Аурелијан, Максиминус Трак, Галерие, Константин Велики... Од нив многуман зборувале со нагласен ‘варварски“ акцент, а некои не можеле во потполност да исфрлат од секојдневна употреба бројни „варварски“ зборови. Се потврдува, латинскиот не било народен јазик туку само службен јазик.

Бидејќи латинскиот бил беден со зборови, нему му се додадени уште околу 10.000 зборови, за кои се говори за коинско (грчко) и латинско потекло.

Х.Џ. Велс [298] пиши: „Нерон (годината 54. до 68. после Христо)...во Британија избило востание против Римјаните...(година 61. пред Христо)...Римското население по своја нарав јасно одавало етрурска крв која струела во неговите жили...Нерон... извршил самоубиство (годината 68. после Христо)“.

„Со смртта на Марко Аурелиј...Доволно е ако од тоа доба да споменеме само неколку цара, кои изгледа, биле поспособни од останатите владетели на тоа доба, а такви цареви н. пр. биле Септимијан Север, Аурелиан и Проб. Септимиј Север бил Картагинец. Неговата сестра цел свој век не научила латински. Сред Рим управувала со својата домашна послуга на пунски јазик;

[298] Herbert George Wells, Историју света, 1929, Народно дело, Белград, стр. 261.

Катон Постариот секако во гроб се превртил. Останатите цареви на тоа доба биле пустолови...“. [299] Латинскиот не бил народен јазик туку варварски-овој бил јазик на Фениките Олга Луковиќ-Пјановиќ, [300] во насловот Franciscus Maria Appendijni…пиши:

„Така, ако ли се вратиме во овој тренуток со непрецизните Овидиеви објаснувања во неговите писма, упатени во облик на песни во Рим на неговите пријатели, познати под името ‘Тристија’, дека научил да говори, па дури и да пиши песни со јазикот на ‘Варварите’, кои тој ги назива час трачки, час дачки, час гегски, скитски, или сарматски, ние ипак и од ваквото објаснување можеме да направиме еден сигурен заклучок, а тој е: Овидие, човек од перо, не може да научил пет различни јазици, на кои пиши нови песни, туку со поедините називи се служи секогаш во еднина, те. или им испраќа вест на пријателите, дека пее на гетски, или пак се служи со некој друг назив, но секогаш во смисол, дека се работи за еден едини ‘варварски’...Според тоа, едно е сигурно: без обѕир, какво име песникот ќе употреби, секогаш се работи за еден едини јазик, оти да не било така, тој на некој начин би довил, да даде до знаење, дека пет различни имиња, означуваат пет различни говори. Значи, на брегот на Црното Море секаде одјекувал само еден јазик, а еден пак француски патописец тврди, дека исти тој јазик го слушнал секаде околу Црно Море, во Подунавјето и понатаму оттаму уште во третиот век после Христа...

